ПРЕДЛОГ

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 ГОДИНА

**Април 2022 година**
**Скопје**

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 ГОДИНА

***01.03.2021 година***
**ШЕСТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

- Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
- Статут на Стопанската комора на Северна Македонија – пречистен текст

***29.04.2021 година***
**СЕДМА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија
- Статут на Стопанската комора на Северна Македонија – пречистен текст

**ОСМА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Извештај за активностите на Стопанската комора на Северна Македонија во 2020 година
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Северна Македонија за 2020 година
- Арбитражни правила на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлуки за верификација на мандат на членови во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за избор на заменици-претседатели на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за избор на потпретседатели на Стопанската комора на Северна Македонија

***10.06.2021 година***
**ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Одлука за престанок на мандатот на м-р Антони Пешев од претседавач на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, поради поднесена оставка
- Одлука за избор на претседавач на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за избор на потпретседатели на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за разрешување на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, поради поднесени оставки
- Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија
- Декларација за лојалност и високи професионални стандарди
- Презентација на САП-системите

***24.12.2021 година***
**ДЕСЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија за 2022 година
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2022 година
- Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за утврдување на членарината на Стопанската комора на Северна Македонија
- Правилник на Судот на честа при Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлуки за верификација на мандати на членови во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***26.01.2021 година***
**ЕЛЕКТРОНСКА КОНСУЛТАЦИЈА на УО**

- Изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
- Одлука за доделување награди и специјални признанија на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за организирање и дејствување на Коморски сенат.

***17.02.2021 година***
**ЕЛЕКТРОНСКА КОНСУЛТАЦИЈА на УО**

- Изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија

***11.03.2021 година***
**ТРЕТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Информација за прашањата поврзани со Петтиот пакет на мерки за стабилна и развојна економија на Владата на РСМ, активностите на Комората за клучните прописи и други актуелни случувања од значење за бизнисот;
- Одлука за именување вршител на должноста извршен директор на Стопанската комора на Македонија;
- Организациони промени во работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Северна Македонија, во насока на реализација на Стратешките правци на дејствување во наредниот период;
- Одлука за формирање Совет за напредни технологии и унапредување на квалитетот во производството и услугите;
- Финансиски извештај преку остварувања на Стручната служба на Комората за период јануари-декември 2020 година и проекции за период јануари-март од 2021 година
- Одлука за изработка на студија на тема: „Пазарна анализа за мапирање на извозните можности на македонската економија";
- Известување за заклучоците и одлуките донесени на Вториот состанок на Комисијата за финансиски прашања при Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржан на 15.02.2021 година;

- Изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на Листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија

***15.04.2021 година***
**ЕЛЕКТРОНСКА СЕДНИЦА на УО**

- Дискусија за актуелните состојби на економски план;
- Правилник за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Северна Македонија
- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите во Стручната служба на Комората;
- Иницијатива за поведување постапка за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија
- Извештај за остварени финансиски резултати за период јануари-март 2021 година и планирања за реализација за период април-јуни 2021 година;

***19.05.2021 година***
**ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- Именување на извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија;
- Одлуки за формирање и дејствување на Совети на Стопанската комора на Северна Македонија и избор на нивното раководство:
  - Совет на унапредување на квалитетот на индустриското производство и извозот со Предлог-одлука за избор на раководство;
  - Совет за унапредување на квалитетот на високото образование со Предлог-одлука за избор на раководство;
  - Совет за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките со Предлог-одлука за избор на раководство;
- Декларација за лојалност и високи професионални стандарди;

***07.07.2021 година***
**ПЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Советот за напредни технологии;
2. Одлука за избор на членови на Коморскиот Сенат;
3. Извештај за остварени финансиски резултати на Стручната служба на Комората за периодот јануари-мај 2021 година и планирања за реализација за период јуни-август 2021 година;

***31.08.2021 година***
**ШЕСТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Донесување Одлуки за внатрешна организација на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија
2. Одлука за формирање на Комисија за административно – управни работи

***12.10.2021 година***

**СЕДМА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Информација за енергетската криза
2. Информација од искуствата на Словенија и Грција во врска со процесот на имунизација на вработените во приватниот сектор
3. Одлука за ставање во функција на средства од буџетот на СКСМ за почеток на работа на Советите
4. Програма за промоција и развој на Арбитражата како алтернативен метод за решавање на споровите меѓу деловните субјекти во периодот 2021-2026 година
5. Финансиски извештај од работењето на Комората за период јануари-септември 2021 и јуни-септември 2021.

***октомври – ноември 2022***

**ЕЛЕКТРОНСКА КОНСУЛТАЦИЈА**

- Одлука за основање на друштво со ограничена одговорност ККУ ГЛОБАЛ ДООЕЛ Скопје

***19.11.2021 година***

**ОСМА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Информација за енергетската криза и активности на Комората за премостување на истата
2. Известувањето за УО на Комора од Комисијата за финансиски прашања, за одлуките и заклучоците донесени на Третиот состанок на Комисијата
3. Одлука за купување на хартии од вредност (акции) во Македонска Берза АД Скопје од страна на Стопанска Комора на Северна Македонија
4. Програма за работа на Советот за унапредување на високото образование со план за приходи и расходи

- Одлука за промена на име на Советот за унапредување на високото образование

***21.12.2021 година***

**ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Програмата за работа на Советот за напредни технологии, со Финансиски план за 2022 година
2. Програма за работа на Советот за унапредување на индустриското производство и извоз за 2022 година
3. Програма за работа со финансиски план на Советот за унапредување на тренингот и обуките за 2022
4. Промена на членови на Комисија за финансиски прашања
5. Одлука за покренување иницијатива за одликување на Стопанската комора на Северна Македонија

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***08.02.2021 година***

**Дванаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2020 година со извештаите на пописните комисии;
- Информација за состојбата на депонираните парични средства на Комората и Предлог-Препораки за начинот на вложување на парични средства

***24.02.2021 година***

**Тринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

1. Разгледување на Ревизорскиот извештај за направената ревизија на постапката на орочување на денарски депозити на Стопанската комора на Македонија

***07.04.2021 година***

**Четиринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија**

1. Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Северна Македонија за 2020 година;
2. Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА“ ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2020 година.

***19.07.2021 година***

**Петнаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија**

1. Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Северна Македонија за период 01.01.2021 до 30.06.2021 година;
2. Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година;
3. Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година;
4. Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година;
5. Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година.

***13.12.2021 година***

**Шеснаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија**

1. Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани преку **100** настани (состаноци и расправи за компаниите, конференции, форуми) на здруженијата според дејности и преку **10** на регионалните комори, **50**- тина работни средби во компании;

2. Над **40** организирани бизнис-форуми, бизнис-средби и учество на меѓународни конференции (во рамки на меѓународна и ЕЕН мрежата);

4. Во текот на изминатата 2021 година организирани се вкупно **44** медиумски покриени настани, од кои што **31** како редовни прес конференции и **13** настани на коишто присуствувале и медиумите. Поради условите наметнати од пандемијата со вирусот Ковид-19, прес-конференциите и настаните се одржуваа со физичко присуство, он-лајн но и во хибридна форма во согласност со препораките од Владата на Република Северна Македонија.

5. Во секој број на месечниот магазин ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС се објавуваат текстови за активностите на Стопанската комора на Македонија (над **70** текста).

# РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ
# - 2021 ГОДИНА –

**01.02.2021 -** СТИМУЛИРАЊЕ НА ДОМАШНАТА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ОПСТОЈУВАЊЕ НА ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА -

**08.02.2021 -** ПРОМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА - НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ ПО СТОПАНСТВОТО И БУЏЕТОТ

**15.02.2021 -** ЗНАЧЕЊЕТО НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -

**22.02.2021 -** КАКО ДО ПОТТИК НА ИЗВОЗНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ТУРИЗМОТ -

**25.02.2021 -** Настан: 5 **-** ТАТА МАКЕДОНСКА ТУРИСТИЧКА БЕРЗА -

**02.03.2021 -** РАБОТНА СРЕДБА ЗА ИНИЦИЈАТИВИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, ПРИФАТЛИВИ ЗА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ -

**08.03.2021 -** Панел - дискусија на тема: НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН – КАКВИ ЕФЕКТИ ЌЕ ИМА ВРЗ МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

**15.03.2021 -** АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ТЕКСТИЛНАТА И КОЖАРСКАТА ИНДУСТРИЈА -

**22.03.2021 -** МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА СО ДОПОЛНИТЕЛНО БАРАЊЕ ДО ВЛАДАТА ЗА ПОМОШ НА СЕКТОРОТ -

**29.03.2021 -** ВИДЛИВОСТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА -

**05.04.2021 -** ОБЈАВЕН ПРВИОТ ПОВИК ЗА КОМПАНИИТЕ ВО РАМКИ НА НОВАТА СЕДУМГОДИШНА ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ "ХОРИЗОНТ ЕВРОПА" -

**08.04.2021 -** ПРИДОБИВКИТЕ ОД МАЛИТЕ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ КАКО ЕДЕН ОД НАЈЕФИКАСНИТЕ ИЗВОРИ И НАЈЗНАЧАЕН ОБНОВЛИВ ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА И НИВНОТО СОЦИО - ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ ВО ДРЖАВАТА

**12.04.2021 -** НАОДИТЕ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПОТРЕБАТА ОД РАБОТНА СИЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КОМПАНИИТЕ -

**19.04.2021 -** АПЕЛ ЗА НОСЕЊЕ НОВА ОДЛУКА СО КОЈА БИ СЕ СПРЕЧИЛО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА МЕСОТО И МЕСНИТЕ ПРЕРАБОТКИ -

**26.04.2021 -** СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ГРАДЕЖНИШТВОТО ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА -

**04.05.2021 -** Конференција: БИЗНИСОТ И АРБИТРАЖАТА ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ -

**10.05.2021 -** ПОДДРШКА ЗА ДОБАВУВАЧИТЕ ОД РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРЕКУ КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ, ЗА НИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ЛАНЦИ НА СНАБДУВАЊЕ -

**12.05.2021 – -** Конференција: БИЗНИСОТ И АРБИТРАЖАТА ВО ЕРА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ -

**17.05.2021 -** НАВРЕМЕНО НОСЕЊЕ НА ЗАКОНИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО КОМПАНИИТЕ -

**31.05.2021 -** БРЗА ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР ВО УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ПОСТ КОВИД ПЕРИОДОТ -

**07.06.2021 -** ЗНАЧЕЊЕТО НА "ЛАДНИОТ ЛАНЕЦ" НА ДИСТРИБУЦИЈА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВИСОКО КВАЛИТЕТНИ И БЕЗБЕДНИ МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ -

**14.06.2021 -** ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ВОВЕДУВАЊЕ НА НАПРЕДНИ ВЕШТИНИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР -

**21.06.2021 -** ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН -

**22.06.2021 -** Конференција на тема: ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И БИЗНИСОТ - ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПРИОРИТЕТИ

**28.06.2021 -** ОЧЕКУВАЊАТА ЗА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -

**30.06.2021 -** Настан: МАКЕДОНСКО - РОМАНСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ -

**05.07.2021 -** ПАРТНЕРСКИ ОДНОС ЗА ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА -

**08.07.2021 -** Конференција на тема : СИНЕРГИЈА НА ПАРТНЕРИТЕ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПАЗАРНО - ОРИЕНТИРАНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**12.07.2021 -** ИДНИНАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ТУТУН Е ВО ПРОИЗВОДСТВО СПОРЕД СТАНДАРДИ ЗА КОНКУРЕНТЕН ПРОИЗВОД СО ВИСОК КВАЛИТЕТ -

**31.08.2021 -** Конференција  на тема: КАКО ДО ВИДЛИВИ, ВАЛИДИРАНИ, ВРЕДНУВАНИ И ОДРЖЛИВИ ВЕШТИНИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО -

**13.09.2021 -** НАЈАВА ЗА ИНВЕСТИЦИСКА АКТИВНОСТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР -

**20.09.2021 -** МЕНАЏИРАЊЕ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ – КЛУЧ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПАНИИТЕ -

**29.09.2021 -** ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ВО РАМКИТЕ НА НОВОФОРМИРАНИОТ СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ -

**04.10.2021 -** НЕОПХОДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА УДАРОТ ОД РАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА СУРОВИНИТЕ ВО ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР -

**08.10.2021 -** РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РСМ И ВЛАДАТА НА РСМ ВО ВРСКА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА -

**12.11.2021 – -** Настан: СВЕЧЕНОТО ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ „ВИНЧИНИ" И АКАДЕМИЈАТА „ПРОГРЕСИВ" ВО ВИНИЦА – НОВИ ПАТИШТА ЗА УСПЕХОТ ВО РЕГИОНОТ -

**17.11.2021 -** ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТЕСТИРАЊЕ ЗА НЕВАКЦИНИРАНИТЕ ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОНИЕ КОИ ГО НЕМААТ ПРЕЛЕЖАНО ВИРУСОТ COVID - 19 ВО ПОСЛЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ

**19.11.2021 -** ЗАВРШЕН НАСТАН НА ПРОЕКТОТ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКИОТ СЕКТОР, ЕЛЕКТРО И МАШИНСКИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ И ТЕХНОЛОШКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ МСП -

**23.11.2021 -** СТАВ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТЕСТИРАЊЕ НА НЕВАКЦИНИРАНИТЕ ЛИЦА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР -

**07.12.2021 -** ПРЕС - КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД НАГРАДАТА ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН ЗА 2021 ГОДИНА И ОТВОРАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ „КОМОРА НА ИДНИНАТА"

**09.12.2021 -** НАСТАН: ОТВОРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ ВО РАМКИ НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА -

**17.12.2021 -** ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКА ТАРИФА И ДОГОВОРОТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СКСМ И ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ЕДУКАЦИЈА  НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ВО ДОМЕНОТ НА ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ -

**29.12.2021 -** ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И СУМИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА ОВАА ГОДИНА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО -

# КЛУБ 100

Новиот орган Клуб 100 својата конститутивна седница ја одржа на 8 јуни 2021 година. Членови на „Клуб 100", според член 30а од Статутот на СКСМ, секој поединечно носител на функцијата заменик-претседател на СКСМ се :

- м-р Живко Мукаетов
- Хари Костов
- Андреја Јосифовски
- Илија Гечев
- д-р Кочо Анѓушев




Тој е формиран по повод 100 годишнината од нашето постоење, брои 5 члена од редот на замениците претседатели на Стопанската комора на Северна Македонија. Клуб 100 има водечка улога во менаџирањето на Комората, тој е најрепрезентативен претставник на приватниот сектор во нашата држава и е преговарачки тим на Комората на највисоко ниво, и во домашните и во меѓународните релации. Нивните компании (бизниси) остваруваат годишен обрт од над милијарда евра, вработуваат над 5.300 вработени, остваруваат над 100 милиони евра профит и со години station наназад се во врвот на листата на најуспешните компании.

Од 8 јуни до 31.12.2021 година преку **одржани шест седници** работеа на дефинирање и утврдување на стратешки правци на работење и делување на Комората, се состануваа еднаш месечно, секој вторник по првиот понеделник во месецот.

Седниците ги одржува во **Салата "Клуб 100" која е комплетно реновирана и опремена со најмодерна опрема, мебел и технологија, на иницијатива и со донација од г-дин Андреја Јосифовски.**




8 јуни 2021 година

**Прва конститутивна седница на Клуб 100**



- Конституирање на КЛУБ 100 (Колегиум на заменик претседатели на Стопанската комора);
- Утврдување на надлежностите на заменик претседателите, како главен преговарачки тим на Комората на највисоко ниво, и во домашните и во меѓународните релации, но и во процесот на преговорите за пристапување на РС Македонија за членство во Европската Унија;
- Утврдување на методологијата на работа на КЛУБ 100;
- Расправа за Концептот на Стопанска комора на Северна Македонија за здничко делување со Владата на Република Северна Македонија во услови на излез од кризата со Ковид 19;
- Дискусија во однос на неработните денови во нашата држава утврдени согласно Законот за празници;
- Информација за Предлог - Законот за лобирање и можноста за регистрирање на Стопанската комора на Северна Македонија како лоби организација;
- Разгледување на проценката од овластен проценител на деловниот простор (недвижниот имот) на Стопанската комора на Северна Македонија во катастарска општина Коњско, Св.Стефан – Охрид;

***6 јули 2021 година***

**Втора седница на Клуб 100**



- Расправа за приоритетните потези на државата за забрзан економски раст утврдени во материјалот “Зголемување на конкурентноста на македонската економија и намалување на сивата економија и на корупцијата” со претседателот на Владата на Република Северна Македонија,  Зоран Заев

***14 септември 2021 година***

**Трета седница на Клуб 100**

- Информација за активностите на Комората во насока на реализација на врвните приоритетни потези на државата за забрзан економски раст:
- Информација за подготовка на анализа за економските трошоци и придобивки од пристапувањето на РС Македонија во "Отворен Балкан";
- Информација за Анкетата "Планирани инвестиции на компаниите членки на Комората во период септември 2021 - август 2022";
- Дискусија за здравствената криза;
- Разгледување на двете проценки од овластените проценители на деловниот простор (недвижниот имот) на Стопанската комора на Северна Македонија во катастарска општина Коњско, Св.Стефан – Охрид и проценката од овластен проценител за деловната зграда на Стопанската комора на Северна Македонија во Скопје.



***5 октомври 2021 година***

**Четврта седница на Клуб 100**

- Енергетска криза - он-лине учество на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, претседателот на Регулаторна комисија за енергетика Марко Бислимоски и Штефан Петер, претседател на УО на ЕВН Македонија.






***2 ноември 2021 година***
**Петта седница на Клуб 100**

- Анализа за законското нормирање на преземањето на акционерските друштва со акцент на контролниот праг;
- Информација со Предлог-заклучок за покренување Иницијатива за одложена примена на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза и Кодексот за корпоративно управување на акционерските дриштва котирани на Македонската берза кои стапија на сила на 26.10.2021 година;
- Информација за активностите поврзани со координативна улога на Стопанската комора на Северна Македонија во врска со енергетската криза;
- Информација од искуствата на Словенија и Грција во врска со процесот на имунизација на вработените во приватниот сектор и од спроведената електронска консултација со членовите на Управниот одбор на Комората;
- Презентација за можностите за соработка на ФИТР и Комората - Коста Петров, директор на ФИТР



***7 декември 2021 година***
**Шеста седница на Клуб 100**



Дискусија со министерот за финансии, Фатмир Бесими за предлог- иницијатива за законското нормирање на преземањето на акционерските друштва со акцент на контролниот праг и приоритетите утврдени во материјалот “Зголемување на конкурентноста на македонската економија и намалување на сивата економија и на корупцијата” кои се во надлежност на Министерството за финансии.

Континуирано на дневна основа Клуб 100 ги следеше потребите на членките, и низ континуиран и ефикасен дијалог со дизајнерите на економските политики своето делување го насочија кон реализирање на утврдени приоритетни потези за создавање можности и амбиент што ќе поттикнат зголемена економска активност на приватниот сектор, но и за надминување на предизвиците од здравствената, економска, финансиска и енергетска криза **преку низа заклучоци, иницијативи, решенија и препораки:**

- ги утврди приоритетни потези во материјалот “Зголемување на конкурентноста на македонската економија и намалување на сивата економија и на корупцијата” за создавање можности и амбиент што ќе поттикнат зголемена економска активност на приватниот сектор и со дизајнерите на економските политики своето делување го насочија кон реализирање на истите;
- покрена иницијатива за Законот за празници со која бара враќање на решението пред 2007 година;
- покрена иницијатива за регистрација на Комората како лоби организација, согласно Законот за лобирање;

- преку расправа и дискусија со претседателот на Владата на Република Северна Македонија,  Зоран Заев и економскиот тим, се усогласија приоритетните потези:
  - прв приоритет е дигитализацијата за државните институции како алатка за поквалитетни услуги и намалување на корупцијата и сива економија;
  - гасификацијата со приоритет на пуштање во употреба на веќе изградените гасоводни мрежи;
  - финансиската поддршка за компаниите да продолжи континуирано да зголемува, посебно за големите- јаки компании, кои се генератори на економскиот раст, а Владата ќе гради соодветни механизми;
  - се постигна согласност за потребата за нормирање на работата на јавните портали од ЗНМ, Советот на етика, како и од Европската унија;
  - процесот на издавање на градежните дозволи за потребите на бизнисот, ќе биде приоритет во одлучувањата на локалните власти;
  - експертизата со која располага бизнис заедницата, ќе се стави во функција за прашања од заедничи интерес при конципирање на законски решенија и решавање на предизвици во насока на одржлив економски раст;
  - нормирањето на холдингот конечно како предлог-законско решение е предмет на уредување од надлежните министерства;
- Иницираа активности за надминување на здравствената криза со цел обезбедување континуитет на деловните процеси кај компаниите и мобилизација на вработените во реалниот сектор кои не се вакцинирани;
- Први укажаа на енергетската криза и преку расправа заедно со претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, претседателот на Регулаторна комисија за енергетика Марко Бислимоски и и Штефан Петер, претседател на УО на ЕВН Македонија, донесоа низа препораки и заклучи:
  - кризата е реалност и ќе потрае подолг период, и треба да се бараат решенија кои ќе имаат и долгорочен и кракорочен карактер;
  - на сите чинители паѓа голема одговорност за да ја менаџираат ситуацијата на највисоко професионално ниво;
  - времето на ефтината енергија полека привршува и мора сите да ја прифатиме новата реалност;
  - препорача организирање на расправа помеѓу засегнатите компании и надлежните институции, со цел сублимирање на последиците од енергетската криза,  да се согледа можноста државата  да обезбеди поголемо количество на струја со пониска цена за компаниите, укажување на потребата  за инвестирање во обновливите извори на енергија итн;
  - до Регулаторната комисија за енергетика упати барање во рамки на нивните надлежности најенергично да ги санкционира сите снабдувачи кои неосновано, непрофесионално и бесправно ги откажуваат веќе склучените договори со компаниите за испорака на електрична енергија;
  - се поддржа Владината одлуката за интевентен увоз на јаглен за нашите електрани со кои ќе се подигне на максимално ниво нашето производство и да се повикуваат компаниите да учествуваат на овој јавен повик, кој ќе овозможи поевтина електрична енергија за компаниите;
- покрена иницијатива за основање на трговско друштво од СКСМ кое ќе се јави како трговец за купување на соодветна количина на мега ват часови за компаниите кои за тоа ќе пројават интерес;

- покрената иницијатива и реализирана е одложена примена од 1.1.2023 година на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза и Кодексот за корпоративно управување на акционерските дриштва котирани на Македонската берза кои стапија на сила на 26.10.2021 година;
- по спроведена анализа за законското нормирање на преземањето на акционерските друштва со акцент на контролниот праг покрената е иницијатива до Министерство за финансии за зголемување на контролниот праг за превземање на акционерските друштава од 25% на 33%;
- по спроведена презентација на можностите за соработка од страна на директорот на Фондот за иновации и технолошки развој- ФИТР, утврдени се и договорени зголемени активности за соработка во насока на зголемување на можностите за финансиска поддршка на компаниите, преку вклучување на потребите на бизнисот во нивните планирани активности за 2022 година и континиурана соработка;
- на Седница со министерот за финансии, Фатмир Бесими разговарано за нивните активности и статусот на иницијативите на СКСМ кои се во надлежност на Министерството за финансии за кои се заклучи: од 18 поднесени иницијативи од моментот кога министерот Бесими раководи со овој сектор, досега 7 се целосно прифатени, 9 се во фаза на реализација, 2 се одбиени. Овој резултат е пример дека преку дијалог и дебата врз база на аргументи, анализи и факти, може да се постигне успех.

# ОРГАНИЗАЦИОНА ЦЕЛИНА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ И ВМРЕЖУВАЊЕ

***04.1.2021***

**КОЛАПС НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО 2020-ТА, КОМПАНИИТЕ БАРААТ СПЕЦИЈАЛНИ МЕРКИ ЗА СПАС И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**



2020 година ќе заврши со преку 70 проценти пад на прометот во туризмот и угостителството. Компаниите бараат посебни мерки за поддршка од државата за да опстанат и да ги задржат вработените. Статистиката покажува намалување за 60,8 проценти на вкупниот број на туристи во споредба со истиот период лани или пад од 84,2 отсто на бројот странски туристи.

Она што е извесно е дека секторот туризам и угостителство многу брзо може да даде позитивни резултати по завршување на кризата, со отворање на границите и анкетите што во светски рамки се прават за интересот на луѓето за патување, но сепак фактот дека корона вирусот трае, а вакцинирањето е процес кој нема да заврши брзо, остава простор и можност негативните ефекти да се чувствуваат уште одреден период и во 2021 година.

***14.1.2021***

**МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА РУДАРСТВОТО АПЕЛИРА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ДА НЕ СЕ НОСАТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Македонската асоцијација на рударството (МАР) реагираше во однос на текстот за предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, доставен во собраниска процедура за усвојување по скратена постапка. Беа реализирани и работни средби со надлежните државни органи и поднесени конкретни предлози за измени/дополнувања во текстот на Законот. МАР укажува дека е потребна широка јавна расправа, а не нивно донесување по скратена постапка со еднострани измени предложени од надлежното министерство.

***18.01.2021 година***

**ДИСКУСИЈА ЗА ПРЕТСТОЈНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ**



Управниот одбор одржа седница на која дискутираше за планираните активности за Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите во текот на претстојната година, за покренатите иницијативи од компаниите и за предлозите поврзани со правната регулатива од областа на градежниот сектор на која се заклучи сите точки на дневен ред да бидат споделени и на пленарна седница и за истите да се спроведат консултации со сите компании - членки.

***22.1.2021***

**ПОЧНУВА СО РАБОТА РУДНОТО ТЕЛО СО БАКАР „БОРОВ ДОЛ“**

Официјално почнува со работа новото рудно тело со бакар „Боров дол“.  Се пушта во работа рударската трака во должина од околу 6,6 километри која се простира од новото рудно тело

„Боров Дол" до флотацијата на рудникот „Бучим" во Радовиш. Според истражувањата на новото рудно тело има рудни резерви од 48 милиони тони бакар, што ќе значи и работа на овој рудник за минимум десет години. Годишно од новото рудно тело, кое се наоѓа над селата Дамјан и Бест во општините Радовиш и Штип ќе се експлоатира руда од 4,5 милони тони.

***25.01.2021***

**НОВИОТ ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ФОКУСОТ НА ВНИМАНИЕТО НА БИЗНИС СЕКТОРОТ**



Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите на седницата одржана на 25.1.2021 година го дефинираше Планот на активности за тековната година, го усвои Извештајот за активности за 2020 година и ги разгледа предлозите за ревидирање на правната регулатива од областа на градежништвото, кои во изминатиот период беа доставени од страна на Министерството за транспорт и врски, Комората на овластени архитекти и инженери и други засегнати страни. Компаниите оценија дека претстојните активности поврзани со правната регулатива се можност да се надминат проблемите од минатото и да се подобрат состојбите во секторот, поради што истите се од приоритетно значење за градежниот сектор и фелата.

***29.1.2021***

**НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО СИРИЈА**



Во просториите на Стопанската комора на Македонија, претседателот Бранко Азески оствари работна средба со почесниот конзул на Република Северна Македонија во Сирија, г. Мазен Хамур. На состанокот беа дискутирани можностите за обновување на некогашната одлична соработка меѓу двете земји. Како земја која е на пат на целосна обнова, потребни се компании од различни сектори. Претседателот Азески истакна дека Комората, во насока на помагање на домашните компании и на отворање нови можности за соработка со компании од нови пазари, ќе биде во комуникација со домашните компании, со цел поттикнување на соработката и реализација на проектни активности што би биле од полза и за двете страни.

***02.2.2021***

**ТЕКСТИЛНИТЕ И КОЖАРСКИТЕ КОМПАНИИ ОД 1 ФЕВРУАРИ НЕМА ДА ПЛАЌААТ ЦАРИНА ЗА УВОЗ НА РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ**



Укинувањето на царините за увоз на репроматеријали во текстилната и кожарската индустрија, значат реална и вистинска помош за компаниите од овие дејности. Придобивките од одлуката со која се укинаа царинските стапки за повеќе од 40 суровини и репроматеријали кои се употребуваат во текстилната и кожарската индустрија, а со важност до крајот на 2021 година се повеќекратни за македонските компании и нудат можности за реорганизирање на нивното производство. Поради мерките за заштита од пандемијата кај најголемите трговски партнери на домашните компании и намалената потрошувачка на текстилни производи, во изминатиот период евидентна е тенденцијата на намалување и откажување на налозите од странство, а со оглед на дополнителните актуелни затворања на

европските држави, во следниот период се очекува откажување или намалување на обемот на нарачките, односно нарачки на помали серии.

***05.02.2021***

**РАЗГЛЕДАНА ПРЕДЛОГ – МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Предмет на дискусија на одржаната „online" работна средба со претставници на Министерството за транспорт и врски и Град Скопје беше новата Методологија за процена на вредност на недвижен имот, за чие ревидирање беше покрената и иницијатива од Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите со цел соодветно уредување на методите и показателите за утврдување и спроведување на процената на пазарната вредност на недвижниот имот и надминување на проблемите со кои компаниите се соочуваат при пренос на правото на сопственост на имотот.

***08.2.2021***

**ПРОМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА - НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ ПО СТОПАНСТВОТО И БУЏЕТОТ**

Согласно најавата за почеток на процесот за подготовка, односно измена и дополнување на Законот за игрите на среќа, која е објавена на електронскиот национален регистер на прописи – ЕНЕР, групацијата на спортски обложувалници при Стопанската комора, која претставува 90% од сите обложувалници во државата, иницира активен дијалог со надлежните државни институции со цел во директна комуникација да ги образложат предлози за закон по европски терк кој ќе гарантира безбедност на сите учесници во играта, поволна и фер бизнис клима и силен социо-економски придонес во земјата и вклучување на бизнис секторот во креирање на законската рамка како би придонеле кон бенефит за сите засегнати страни.




***19.2.2021***

**ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ И ДРУГИ ПРИЗНАНИЈА ЗА КОМПАНИИ ЧЛЕНКИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**




По повод одбележувањето на 99-годишнината од Стопанската комора на Македонија, традиционално доделивме награди и други признанија за 2020 година за компании членки, во согласност со одлуката што ја усвои Управниот одбор на Комората. Со цел почитување на мерките за спречување на пандемијата, кои сè уште се во сила, наградите и другите признанија ги доделивме во компаниите на добитниците.



### ГОЦЕ КАМЧЕВ, ОСНОВАЧ И СОПСТВЕНИК НА КОМПАНИЈАТА „КАМ“ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА „КАМ ХОЛДИНГ“ – НАГРАДА ЗА ДОЛГОГОДИШНАТА КОМОРСКА АКТИВНОСТ

Член е на Советот на Комората и долги години е активен во Здружението за трговија. Иницијатор е на предлози за системски прашања значајни за економскиот раст и развој на земјава, добитник е на повеќе меѓународни признанија за квалитет.

### ДРАГИ МИЛОШЕВСКИ, ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА АД „КИРО ДАНДАРО“ БИТОЛА – НАГРАДА ЗА ДОЛГОГОДИШНАТА КОМОРСКА АКТИВНОСТ



Драги Милошевски, генерален директор на АД „Киро Дандаро“ Битола е добитник на НАГРАДА ЗА ДОЛГОГОДИШНАТА КОМОРСКА АКТИВНОСТ. Драги Милошевски, генерален директор на АД „Киро Дандаро“ Битола, е активен на полето на: унапредувањето на дејноста на графичката индустрија; подобрувањето на состојбите во економијата преку континуираниот ангажман во Стопанската комора на Македонија во неколку мандатни периоди; формирањето на регионалната Комора со седиште во Битола пред 23 години, а 3 год. е заменик-претседател на РК „Битола“. ФАКТИ: 35 години прв човек на реномираната печатница-Прв добитник на сертификатот Excellent SME MACEDONIA од Стопанската комора, 150 вработени, над 60 % од производството наменето за извоз. Соработува речиси со сите големи компании од Р Северна Македонија. За да обезбеди висок квалитет, компанијата инвестира во машини со најнова технологија:2,5 милиони евра инвестира во машини со најнова технологија и 2 милиони евра планирана инвестиција во 2021 година.

### „БРАКО“ ДОО ВЕЛЕС – НАГРАДА ЗА КОМПАНИЈАТА КОЈА ВОВЕДЕ ИНОВАТИВЕН ПРОИЗВОД И КОЈА БЕЛЕЖИ КОНТИНУИРАН РАСТ И РАЗВОЈ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА



Под брендот „Green Machines“ ја произведе првата еколошка машина за одржување хигиена во урбани средини во Европа GM 500H2, која работи на хидроген (водород). Петнаесет инженери од земјава, во соработка со свои колеги од Холандија, направија еколошко возило за чистење, кое испушта вода, а не издувни гасови, кои ја загадуваат животната средина. Холандските градови Амстердам, Утрехт и Ротердам први кои ќе ги користат возилата, а интерес за новата машина има и од САД, Велика Британија, Јапонија и од скандинавските земји.

**„КОМФИ АНГЕЛ“ ДОО ПРИЛЕП – НАГРАДА ЗА КОМПАНИЈАТА КОЈА ЕФИКАСНО ГО ПРИСПОСОБИ ПРОИЗВОДСТВОТО ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА**



Во време на пандемија асортиманот го збогати со производство на заштитни маски поради потребата на домашниот и на меѓународниот пазар. На почетокот маските се произведуваа рачно, но дополнително беа набавени две машини со вкупен капацитет на производство од 60.000 парчиња во смена. Првата машина започна со работа во март 2020 година.

**„ВЕЗЕШАРИ“ ДОО С. ТРЕБОШ, ТЕТОВО – НАГРАДА ЗА УСПЕШНА КОМПАНИЈА КОЈА РЕАЛИЗИРА ПОВЕЌЕГОДИШНИ ИНВЕСТИЦИИ, КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН**



Вкупен капацитет на производство до 60.000 јарки и до 120.000 кокошки несилки. Сопствена дистрибутивна мрежа со 200 вработени и планови за драстично зголемување. Извоз во земјите од ЕУ и во воените сили на НАТО. Со инвестиција во производство на електрична енергија (отпадот се третира како обновлив извор на енергија), за производство на 1 мегават час и на 8.760.000 киловат часови годишно.

**„ХАЛКБАНКА“ АД – СПЕЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА КОМПАНИЈАТА СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ УЧЕСНИЦИ НА ЕДУКАТИВНИТЕ НАСТАНИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА**



Во 2020 година компанијата учествувала на 8 обуки организирани од Центарот за едукација, со вкупно 26 учесници. Најбрзорастечка банка на пазарот, општествено одговорна компанија, посветена на зголемување на општото добро за луѓето, природата, за средината, културата и за спортот и лидер во понудата на персонализирани банкарски услуги, како и во воведувањето нови технологии.

**ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ (ФИТР) – НАГРАДА ЗА УСПЕШНА СОРАБОТКА ПРИ ЗАЕДНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ**



Стопанската комора на Северна Македонија како координатор го спроведува проектот ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКИОТ, ЕЛЕКТРО-НА МАШИНСКИОТ СЕКТОР, ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ И НА ТЕХНОЛОШКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ МСП, со поддршка на ФИТР.„Раде Кончар“ ТЕП, „Братство“ Охрид, „Агробар“ Виница и ТМ „Штип“, преку поддршка во изготвувањето на дијагностички и на инвестициски планови, со свое сопствено кофинансирање и со финансии обезбедени преку проектот од ФИТР, реализираат набавка на опрема и на машини во вредност од 1,4 милиони евра.

Набавката ја зголемува извозната конкурентност на компаниите и овозможува создавање поквалитетни производи со додадена вредност, производи кои се барани на европските пазари и пошироко и производи кои ги задоволуваат бараните стандарди не само од технички аспект туку и од аспект на задоволување на еколошките стандарди.

**М-Р ЃОКО ТАНАСОСКИ – СПЕЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ПОСЕБЕН ПРИДОНЕС ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА СОРАБОТКАТА**



Како директор на Царинската управа, во изминатата година, но и за време на сиот свој мандат на оваа позиција, воспостави одлична соработка со Стопанската комора на Северна Македонија. Забрзаното спроведување на царинските постапки, со надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет „Табановце" и опремување на царинската лабораторија, 24-часовен слободен коридор за приоритетно движење на жива стока и на стока во свежа состојба при излез на граничните премини „Табановце" и „Богородица", со цел избегнување подолги задржувања на патници и на стока; големиот број одржани работилници со компаниите – економски оператори и редовните средби преку „Отворен ден" за разгледување и за превентивно дејствување на евентуални проблеми.

**КРИЗЕН ШТАБ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, СПЕЦИЈАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА УСПЕШНО СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КОМПАНИИТЕ**




Од средината на март 2020 година е формиран Кризен штаб на Комората кој функционира 24 часа, со наизменични дежурства од секој член за време на едно деноноќие. Кризниот штаб на Комората беше првиот контакт за бизнисите во услови кога навремената достапност од точни информации во услови на криза беше повеќе од потребна. Кризниот штаб обезбеди целосна информираност на компаниите за актулените проблеми. До крајот на 2020 година се надмина бројката од 3.500 компании кои добиле совет, информација или мислење од Комората.

---

***18.2.2021***

**УЧИ ПАМЕТНО РАБОТИ СТРУЧНО – МИНИСТЕРКАТА ЦАРОВСКА НА ТРИБИНА ВО ПРИЛЕП И БИТОЛА ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**



На 18.02.2021 година, во организација на Министерството за образование и наука со поддршка на општините од пелагонискиот плански регион и Стопанска комора на Македонија, одржаа трибини со засегнатите страни од процесот на обезбедување на квалитетно стручно образование.
Во тек е имплементирање на реформата на средното стручно образование и за таа цел, Министерството за образование и наука спроведе анализа на соодветноста на постојните профили кои ги нудат училиштата, како и потребата за нови профили на компаниите кои не се вклучени во стручното образование.

***19.2.2021***

**ВКЛУЧЕНОСТ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КРЕИРАЊЕТО НА ОБРАЗОВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**




Под слоганот „Учи паметно, работи стручно", продолжува социјалниот дијалог кој има за цел поголемо вклучување на бизнис заедницата во процесот на создавање нови квалификации и образовни профили кои ќе одговараат на барањата и потребите на реалниот сектор, истовремено зголемувајќи ја атрактивноста на средните стручни училишта како генератор на квалитетен кадар. За таа цел беа реализирани трибини во Струмица и Богданци, на кои учествуваа претставници од бизнис заедницата, средните стручни училишта и градоначалниците на општините Струмица, Радовиш, Богданци, Гевгелија и Валандово со цел беше презентирање на резултатите од спроведените анализи за потребите од образовни програми на локално ниво, како и поттикнување на вклученоста на приватниот сектор во креирањето на нови квалификациии согласно локалните потреби.

***22.2.2021***

**КАКО ДО ПОТТИК НА ИЗВОЗНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ТУРИЗМОТ?**




Здружението на угостителството и туризмот, и преку оваа прес-конференција, укажува најитно да почне со функција Комитетот за туризам, највисокото тело за туризам. „Иако беше најавено формирањето на Комитетот, реализација сѐ уште нема. Ова тело од највисок ранг треба да ги разгледува предложените мерки, студии и проекти од областа на туризмот и да има овластување за усвојување и за верификација на заклучоци и на одлуки, односно да има надлежност да ги задолжи за постапување соодветните ресорни институции, со акциски план за реализација во функција на развојот на туризмот како еден од приоритетните сектори", истакна Ана Таневска-Ѓорѓиевска, претседател на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија. Комитетот треба да дејствува како механизам за изнаоѓање решенија и за надминување на пречките за развој на туризмот, особено во кризни ситуации. Конституирањето на Комитет за туризам ќе значи потврда на заложбите за развој на туризмот и, воопшто, на економијата, доколку гоземеме предвид потенцијалот на туризмот како индустрија која може да обезбеди повеќекратно повисоки приходи во буџетот од оној во 2019 година.

*23.2.2021*

**ОДРЖАНА НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




Ни претставува особено задоволство што Стопанската комора на Македонија е домаќин на Националната конференција за претставување на Регионалниот фонд за предизвици, со што и го потврдуваме активното учество на нашата институција во напорите на општеството за образование и на учењето преку работа – истакна в.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, во своето поздравно обраќање на отворањето на Национална конференција за претставување на Регионалниот фонд за предизвици на Западен Балкан, на која, наедно, беше најавено и отворањето на првиот повик за изразување интерес.

*25.2.2021*

**РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРСКИ РЕШЕНИЈА КАКО ДВИГАТЕЛ ЗА РАЗВОЈ, ИНОВАЦИИ И ЗА КОНКУРЕНТНОСТ**

*Одржан дводневен виртуелен семинар на тема „Управување со развојот на софтвери – тестирање и пуштање во продукција*"

Во услови на пандемија, употребата на дигиталните технологии во работењето се наметна како неминовен услов за трансфер на процеси кон новото нормално функционирање. Во изминатите години развојот на софтверот ја издигна ИТ-индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и на ИКТ-услуги и надвор од границите на домашната економија. За таа цел, Стопанската комора на Македонија организираше дводневен виртуелен семинар на тема „Управување со развојот на софтвери – тестирање и пуштање во продукција",

*26.2.2021*

**ВО КИЧЕВО ОДРЖАНА СРЕДБА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО МИНИСТЕРКАТА ЦАРОВСКА И БИЗНИС СЕКТОРОТ - УЧИ ПАМЕТНО РАБОТИ СТРУЧНО**



Министерството за образование и наука во Кичево на средба за унапредување на средното стручно образование каде присуствува Министерката за образование и наука Мила Царовска, заменик министерот за образование и наука Арафат Шабани, градоначалникот на општина Кичево Фатмир Дехари, директори од средни стручни училишта, претставници на меѓународни организации и институции и компаниите од регионот.

Приближувањето на образованието и реалниот сектор преку заеднички дијалог може да понуди решенија, кои ќе придонесат образовните институции да креираат уписна политика согласно барањата на реалниот сектор и потребите на локалната средина, каде и компаниите ќе учествуваат со реализација на квалитетна практична обука за учениците. Само на таков начин ќе се овозможи да се постигне целта на стручното образование - обезбедување на компетентен и стручен кадар за компаниите, истакна Претседателот на Регионалната комора во Кичево Соколоски.

***02.3.2021***

## **СО ПАРТНЕРСКИ ОДНОС ДО ПРЕДВИДЛИВ ДЕЛОВЕН АМБИЕНТ**



*Порака од Работната средба во Стопанската комора на Македонија на претседателот Бранко Азески со заменик на претседателот на Владата на РСМ, Фатмир Битиќи и министерот за финансии, Фатмир Бисими*

Работната средба одржана во Стопанската комора на Македонија, на која присуствуваа и претставници на бизнис секторот има за цел да се согледа до каде е реализацијата на барањата на членките на Комората испорачани до Владата на РСМ. Изминатиот период се отворија многу теми со Владата, со Министрството за финансии сме на неколку фронта и отворивме стратешки прашања во рамки на Платформата за јавно-приватен дијалог, како сервис на бизнисот – посочи претседателот Азески. Меѓу другото, за бизнис секторот од особено значење е ревидирањето на Царинската тарифа, на парафискалните давачки, законско нормирање на холдингот. Мандатот на оваа Влада го почнавме со лош резултат. Од поднесените барања 10 отсто беа прифатени, сега, барањата во однос на прифаќањето се 50:50, истакна претседателот Азески.

Заокружувајќи ја работната средба, претседателот Азески упати апел до сите парламентарни партии на денешната собраниска седница која се одржува по подолго време, да се изгласаат економските закони. Иако има добра волја од страна на Владата, со кочењето се создаваат лоши импути врз економската позиција на компаниите, секое кочење на законите, напомена Азески, значи сериозен удар за стопанството.

***15.3.2021***

## **АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ТЕКСТИЛНАТА И ВО КОЖАРСКАТА ИНДУСТРИЈА**




Како резултат на пандемијата предизвикана од COVID 19 и на мерките преземени за спречување на нејзиното ширење, во светски рамки дојде до намалување на побарувачката за текстилни производи, облека и кожа, а, секако, сето тоа влијаеше врз намалување на глобалното производство. Текстилната индустрија и индустријата за облека се важни сегменти на македонската преработувачка индустрија, кои во вкупното индустриското производство на државата учествуваат со 12,82 %, вработуваат над 37.000 работници и опфаќаат околу 10 % од вкупниот извоз на земјава, беше истакнато на прес-конференцијата на Стопанската комора на Северна Македонија (15.3.2021 година). Индустриското производство на текстилот и на облеката во 2020 година е намалено за околу 14 % во однос на 2019 година. Исто е и со бројот на вработените во овие дејности, при што во јануари 2021 година имаме намалување од 5,4 % во однос на јануари 2020 година. Според најавите и проценките на сопствениците на компаниите, ќе бидат потребни повеќе од шест месеци за нормализирање на нарачките и на производството, а тоа би значело дека наредниот период би бил период на намалена економска активност, што би имало голем негативен економски ефект во однос на намалена профитабилност и ликвидност на компаниите.

***26.3.2021***

**РАСПРАВА ЗА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ И ПРЕДЛОГ – ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ**



Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите откако претходно оцени дека Предлог – законот за градење и Предлог – правилникот за класификација на градбите се од суштинско значење за работа и функционирање на реалниот градежен сектор пристапи кон анализа и коментирање на предложените акти со цел да биде партнер на Министерството за транспорт и врски во процесот на нивната подготовка, иако, според компаниите, предложените акти не ги решаваат проблемите во практиката и не обезбедуваат соодветен третман на сите сегменти во градежништвото (високоградба, нискоградба и хидроградба).

***27.3.2021***

**ВО ТЕК Е ВАКЦИНАЦИЈА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НИШ**

*10.000 вакцини обезбедени во текот на викендот за бизнисмени од регионот*

*Од отворањето на пунктовите за вакцинирање до 11.00 часот, вакцинирани се повеќе од 500 лица*



Во тек е вакцинација на бизнис заедницата, акција на Стопанската комора на Северна Македонија, која заедно со Стопанската комора на Србија, а во рамките на КИФ се реализира викендов во спортската сала „Чаир“ во Ниш, Р. Србија. Се вакцинираат вработени од Комората, како и вработени од компаниите членки на Комората чии работни места се од висок ризик од пандемијата и единствено на овој начин ќе продолжат да го задржат нивото на економска активност и да ѝ помогнат на државата и економијата во борбата против пандемијата. Благодарност до МВР на РСМ за брзото постапување по барањето на Стопанската комора за пуштање на повеќе ленти за возила на ГП Табановце, со цел брз проток на патници, поради акцијата на Комората за имунизација од КОВИД 19 на претставниците од бизнис заедницата.

***27.3.2021***

**УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРВИОТ ДЕН ОД ДВОДНЕВНАТА АКЦИЈА НА КИФ ЗА ВАКЦИНИРАЊЕ НА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД РЕГИОНОТ**

Во текот на денешниот ден, повеќе од 1.100 македонски стопанственици беа вакцинирани во рамки на акцијата која на организираше Стопанската комора заедно со Стопанската комора на Србија, во рамките на Коморскиот инвестициски форум. Тимовите на Комората, распоредени во спортската сала „Чаир“ во Ниш, Република Србија, на граничниот премин Табановце и во дежурната служба во просториите на Комората, во текот на целиот ден ги преземаа сите потребни активности за процесот да тече непречено и без застои, според дефинираниот распоред. Во рамки на акцијата координирана од Коморскиот инвестициски форум вакцинација за повеќе од 4.000 стопанственици од Босна и Херцеговина, Албанија и Црна Гора се реализираше и во просториите на Саемот во Белград. Со оваа акција, КИФ и сите стопански комори од регионот со доследна примена на мотото “Еден регион, една економија”, покажаа дека единствено со заеднички сили регионот може да успее да ги надмине последиците од пандемијата и да работи на брзо економско закрепнување.

***29.3.2021***
**ВИДЛИВОСТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**




За да се избегне нова катастрофална туристичка сезона и трајно губење на позициите на меѓународниот пазар на туризмот неопходно е да се применат безбедносни здравствени стандарди утврдени преку „Safe travels".Во услови кога е во фаза процедурата за воведување протоколи за безбедност и издавање безбедносен печат „Safe travels" на World Travel & Tourism Council (WTTC), за кое надлежност има Министерството за економија, како деловен сектор укажуваме дека за да биде функционален и да даде ефект, би било од голема корист да постои системско решение за имплементирање на т.н.safe travels стандарди кои се имплементираат во сите земји што ставаат акцент на туризмот како ПОСТКОВИД развој, во услови на се уште постојна криза во пресрет на отворање на регионите и државите за патување преку координирана акција за подигнување на туристичкиот ефект во државата.

***30.3.2021***
**АМБИЦИОЗЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР**



Македонската енергетска асоцијација (МЕА) при Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Проектот „Развој на програма за имплементација на Националната стратегија за развој на енергетиката", финансиран од Британската амбасада, денес организираа презентација на Програмата за имплементација на Стратегијата за развој на енергетиката во наредниот петгодишен период.Сигурен, ефикасен, еколошки и конкурентен енергетски систем што е способен да го поттикне одржливиот економски раст на земјата е визија на ергетската стратегија со која се предвидува намалување на потрошувачката на енергија за 27%, но при истовремено зголемување на БДП и зголемување на учеството на обновиливи извори на енергија од сегашните 18 на 45% во 2040 година. Ова ќе овозможи увозната зависност да не се зголеми во однос на нивото во 2019 година.

***31.3.2021***
**УПИСНА ПОЛИТИКА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА**

„Што се однесува до Стопанската комора на Северна Македонија, согласно потребите на бизнис секторот, за 10 години од сега ја гледам Комората како институција која ќе се занимава со образованието и кадрите потребни на стопанството", беше порака што ја упати претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, на вчерашната прес конференција во Владата на Република Северна Македонија на тема „Учи паметно, работи стручно".

***05.4.2021***

**АЗЕСКИ ДОДЕЛИ ПРИЗНАНИЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА ВО НИШ ЗА УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНАТА АКЦИЈА ЗА ВАКЦИНАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИ СТОПАНСТВЕНИЦИ**



Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и заменик претседател на Коморскиот инвестициски форум, и Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, денес во Ниш му врачија специјално признание на Александар Миличевиќ, претседател на Регионалната комора во Ниш во рамки на Стопанската комора на Србија, за одличната соработка, организација и посветеност за реализирање на акцијата за имунизација на македонските стопанственици. Во текот на два дена (27 и 28.03.2021 година), повеќе од 2.000 македонски стопанственици – претставници од над 1.000 компании-членки на Стопанската комора на Северна Македонија беа вакцинирани во рамки на акцијата која ја организираше Комората во соработка со Стопанската комора на Србија, во рамките на Коморскиот инвестициски форум. Со оваа акција, докажавме дека нашата билатерална соработка, но и соработката во рамки на Коморскиот инвестициски форум е од голема важност, не само кога станува збор за економијата, туку и за секојдневното живеење. Плакетата која ја врачувам денес е само мало одбележување на посветеноста, експедитивноста, услужливоста и професионализмот кој го покажа тимот на Стопанската комора на Србија – Регионална комора во Ниш, предводен од г-дин Миличевиќ, без чиј активен ангажман немаше да биде возможна реализацијата на толку масовна акција во толку краток рок. Ваквите активности најдиректно покажуваат зошто ни е важна регионалната соработка, и колку придобивки може да имаме во целиот регион ако заеднички работиме, посочи Азески.

***05.4.2021***

**АСОМ: СО ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА, ИЛЈАДНИЦИ ВРАБОТЕНИ НА УЛИЦА И ОТВОРАЊЕ ПАТ ЗА НЕЛЕГАЛНО ОБЛОЖУВАЊЕ**

Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија (АСОМ) реагира на Предлог измените на Законот за игрите на среќа и забавните игри поставени на Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР) и изразува жалење што и покрај многуте обиди од нивна страна за конструктивно делување во унапредување на регулативата, повторно се предлагаат измени кои водат кон затворање на цела една стопанска гранка, губење на илјадници работни места и огромни загуби за државниот буџет. Забелешките на Асоцијацијата кои во најкус можен рок ќе бидат и официјално доставени преку ЕНЕР.

***08.4.2021***

**МАЛИТЕ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ СЕ ИДНИНАТА, КАКО НАЈЕФИКАСЕН И НАЈЗНАЧАЕН ОБНОВЛИВ ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА**

Групацијата на обновливи извори на енергија (ГОИЕ) при Стопанската комора на Северна Македонија денеска одржа онлајн прес-конференција претставувајќи ги своите заложби за одржливо искористување на ресурсите и презентирајќи ги придобивките од работата на малите хидроелектрани како еден од најефикасните и најзначајни обновливи извори на енергија.

***09.4.2021***

**ОДРЖАН ДВОДНЕВЕН „ОНЛАЈН"-СЕМИНАР ЗА ИТ-БЕЗБЕДНОСТ И ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**




Во услови на сè поголема употреба на дигиталните технологии во работењето, особено за време на светската пандемија кога голем дел од организациите се одлучија да овозможат работа од дома, се појавува потребата од зголемена безбедност на мрежите и на податоците со кои располага организацијата. Стопанската комора на Македонија организираше дводневен „онлајн"-семинар на тема „ИТ-КАТАСТРОФИ И КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО", чија цел беше воведување на менаџерите за информациски технологии во креирањето планови, тестирањето и во навремената заштита од отежнато функционирање или од целосно прекинување на работењето.

***16.04.2021***

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОБЛЕМИТЕ И БАРАЊАТА НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ**



Претставници на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали одржаа виртуелна работна средба со претставници од Министерството за економија, на која дискутираа за проблемите со кои се соочуваат домашните производители на градежни материјали и иницираа активности за подобрување на состојбите поврзани со пласманот на материјалите на странските пазари. Во таа насока, беше подготвен допис и беше побарано Министерството за економија, во рамките на приоритетите на Северна Македонија во претседавањето со ЦЕФТА во 2021 година, да се заложи за отстранување на нецаринските пречки во земјите од регионот, кои ги отежнуваат извозот и слободната трговија со градежни производи, а до моментот на отстранување на пречките и до влезот на државата како полноправна земја членка на Европската Унија да преземе активности за воведување на реципрочен третман за производителите од државите во регионот.

***19.4.2021***

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ДОБИ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА „SAFE TRAVELS STAMP"**

Процесот опфаќа констатирање за имплементација на протоколи за базбедностен туризам согласно препораките на СТО (Светска туристичка организација) и имплементација на знакот за безбеден туризам согласно WTTC (Светскиот совет за туризам и патување). Идејата за имплементирање на „Safe Travels Stamp" во државата беше на инцијатива на бизнис секторот, кој во континуитет алармира дека е нужно Северна Македонија да го добие печатот на „безбедна дестинација", со што ќе стане видлива за странските туристи, како дестинација која ги почитува Протоколите дефинира во државата но и оние поставени на светско ниво за патувањата преку Светската туристичка организација.

***22.04.2021***
**Седница на Управниот одбор - КАКО ДО ПОТТИК ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ГРАДЕЖНИШТВО?**

Зголемените трошоци за репроматеријали на светските берзи и проблемите при транспортот во глобалните синџири на снабдување предизвикаа раст на цените на градежните материјали (градежно железо, адитиви за градежништво, изолациски материјали и слично), со што се доведува во прашање исплатливоста на реализацијата на одредени проекти. Намалените капацитети на централната и на локалната администрација, намалувањето на интензитетот на објавување јавни набавки за градежни работи, како и предложените измени на Законот за работните односи, со кои се предвидува недела да биде неработен ден, дополнително негативно се одразуваат врз деловниот амбиент и врз условите за работа во градежништвото, кое, наместо да биде двигател на растот, може да се соочи со постепено згаснување на домашните капацитети – беше укажано на виртуелната седница на Управниот одбор на Здружението.

***26.04.2021***
**Прес-конференција - НЕОПХОДНИ СЕ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ НАМЕНЕТИ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР**




Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа прес – конференција на која информираше дека градежништвото во јануари 2021 година оствари реален годишен пад од 16,6 %, а она што особено загрижува се зголемените трошоци за репроматеријали на светските берзи. Тој информираше дека, како резултат на глобалните движења во индустријата, состојбата на снабдување со суровини за производство е многу тешка и некои суровини можат да се набават само по многу високи цени. Имајќи ги предвид ценовните поскапувања, надополнети со другите проблеми што ги носи пандемијата, порача дека се созреани условите за креирање пакет мерки со кои ќе се ублажат негативните ефекти пред тие дополнително да се продлабочат. Серафимовски укажа дека градежните компании искажуваат загриженост и за предложените решенија во Законот за работните односи со кои недела се предвидува како неработен ден и сметаат дека тие ќе имаат сериозни негативни последици врз градежната индустрија и врз реализацијата на капиталните проекти.

***26.4.2021***
**ТЕШКА ГОДИНА ЗА ТЕКСТИЛНАТА И ЗА КОЖАРСКАТА ИНДУСТРИЈА**



Новиот бран на ширење на корона-вирусот и воведувањето строги мерки на затворање низ европските земји доведоа до дополнително намалување на продажбите на европскиот пазар, а со тоа и дополнителни проблеми за македонските текстилни компании. „Карантинот во Германија и во другите земји на ЕУ, каде што извезуваат македонските компании од овој сектор, придонесе фирмите од овој сектор да останат без традиционалните нарачки. Магацините, трговските центри и бутиците се полни со стока, па за да се добијат нови нарачки за шиење кошули, панталони и здолништа, ќе мора да се почека додека тамошните економии не заживеат и не се вратат во нормала, па во следниот период се очекува откажување или намалување на обемот на нарачките, односно нарачки на помали серии", истакнува Ангел Димитров, претседател на Здружението на текстилната и на кожарската индустрија при Стопанската комора на Северна Македонија.

***26.4.2021***

**„ТИГО ФАЈНАНС" СЕ СТЕКНА СО СЕРТИФИКАТОТ EXCELLENT SME MACEDONIA ЗА СИГУРНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ**

– Финансиското друштво „Тиго фајнанс" станува првата финтек-компанија на пазарот на небанкарски финансиски друштва која се стекна со Excellent SME MACEDONIA, електронски сертификат кој ги потврдува успешните бизнис-квалитети на малите и средни компании на пазарот.Сертификатот го издава Стопанската комора на Северна Македонија, а негова главна цел е промоција на малите и средни претпријатија во земјата, нивно осигурување и обезбедување како компании кои негуваат добри деловни практики и зголемување на пазарната транспарентност. Печатот Excellent SME, кој го добиваат компаниите со стекнување на сертификатот, им дава дополнителна сигурност на клиентите и на деловните партнери при склучување договори со одредена компанија бидејќи го потврдува нејзиниот кредибилитет.„ глобалниот пазар. Основа за сертификација на компаниите со Excellent SME е уреден кредитен извештај и континуиран мониторинг на финансиските податоци. Тиго фајнанс" е член на Стопанската комора на Северна Македонија и е дел од раководните структури на Групацијата на финансиски друштва и на Здружението на финансиски организации во рамките на Комората.

***29.4.2021***

**ИЗБРАНИ ЗАМЕНИЦИ-ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Заокружувајќи го процесот на статутарните промени на Стопанската комора на Северна Македонија кои започнаа со донесување на Стратегијата за градење на Комора на иднината во 2019 година, повикувајќи ги во органите и телата најспособните луѓе од бизнисот и науката, кои можат да ја спроведат таа Стратегија, на денешната седница на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија на највисокото место во хиерархијата се избраа најискусните и најуспешните наши бизнисмени кои во моментот ги водат најуспешните компании, кои долго време се континуирано во врвот на македонскиот бизнис. За заменици-претседатели на Стопанската комора на Северна Македонија се избраа: М-р Живко Мукаетов, Алкалоид АД Скопје, Хари Костов, Комерцијална банка АД Скопје, Андреја Јосифовски, Макпетрол АД Скопје, Илија Гечев, ИГМ Трејд ДОО Кавадарци, Д-р Кочо Анѓушев, Брако Групација. За потпретседатели на Комората се избраа:Антонио Аргир, НЛБ банка АД Скопје, Сашо Наумоски, Витаминка АД Прилеп, Сашко Самарџиоски, Прилепска пиварница АД Прилеп, Д-р Драгана Чифлиганец, Адора Инжинеринг ДООЕЛ Скопје, Виктор Мизо, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид, М-р Глигор Цветанов, Макпрогрес ДОО Виница.

***06.5.2021***

**ЕДИНАЕСЕТ МЛАДИ ДЕЛ ОД НОВИОТ ЦИКЛУС ОБУКИ НА РУДНИКОТ „САСА“**



Единаесет млади лица ќе имаат можност да ги зголемат своите знаења и да стекнат практични вештини од областа на електротехниката и машинството, преку обуката која во следните три месеци ќе ја посетуваат во Тренинг центарот на Рудник „САСА“. Во текот на траењето на обуката, учесниците ќе добиваат месечен надоместок од компанијата за покривање на нивните трошоци.Обуката се одвива со физичко присуство а ја изведуваат искусни предавачи и обучувачи од Рудник САСА и надворешни партнерски компании.

***14.5.2021***

**АЗЕСКИ И ЧАДЕЖ ДЕНЕСКА ГО ЧЕКААТ БИТИЌИ ВО БЕЛГРАД**



На седницата, претседателите на шесте стопански комори од регионот и членови на КИФ (Стопанската комора на Северна Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Надворешно-трговската Комора на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово) со вицепремиерот Битиќи ќе дискутираат за инвестициските политики во земјите од регионот на Западен Балкан, и потенцијалите како да се зголеми атрактивноста на регионот за странските инвеститори. Помеѓу останатото, ќе се дискутира за можностите за усогласување на политиките за привлекување на странски инвеститори помеѓу државите од регионот. Податоците за движењата на странските директни инвестиции во земјите од регионот покажуваат дека во периодот 2010-2019 година во економиите од регионот на Западен Балкан влегле вкупно 45 милијарди евра странски директни инвестиции. Приливите на СДИ во БДП-то на земјите од регионот учествуваат во просек се 6,1%, што е меѓу највисоките во целиот регионот на Централна и Источна Европа. Странските директни инвестиции се зголемуваат во Србија и Северна Македонија, стагнираат во Албанија и Босна и Херцеговина, а се намалуваат во Косово и Црна Гора. Најголем дел од инвестициите биле во преработувачката индустрија, финансискиот сектор и трговијата. Податоците покажуваат дека топ 5 инвеститори во земјите од Западен Балкан се Холандија, Швајцарија, Австрија, Русија и Германија.

***16.5.2021***

**ЕДЕН РЕГИОН, ЕДНА ЕКОНОМИЈА**



17-та Седница на УО на КИФ донесе одлука за формирање на посебно тело за заедничко привлекување на инвестиции, заеднички настап во Берлин, Дубаи и Шангај, отворање на канцеларија и фондација на КИФ во Скопје и договор за понатамошна соработка со ЕБРД

1.КИФ донесе одлука за формирање посебно тело за привлекување инвестиции за земјите од регионот, кое има за цел да ги вмрежи компаниите од 6-те земји на Западен Балкан (Србија, Северна Македонија, Црна Гора, Албанија, Косово и Босна и Херцеговина). Ова значајно тело ќе го предводи Данило Цицмил – клучен човек во кабинетот на српскиот претседател

Александар Вучиќ, магистрант на Хартфорт (САД), човекот во чиј мандат од 2017 година до денес, Србија има раст на странски директни инвестиции од 1,3 милијарди евра во 2014 година, на 3,8 милијарди евра во 2019 година, и има донесено над 200 фабрики од повеќе различни индустрии.Развојот на заедничкиот регионален пазар, како единствена инвестициска дестинација логично ја промовира одлуката за заеднички настап на Берлинскиот самит на 30 јуни 2021 година, Дубаи ЕКСПО на 1.10.2021 година и Кинескиот интернационален саем на 5.11.2021 година.Вчера, за прв пат, заменик претседателот на Владата, Фатмир Битиќи, ја промовираше идејата на македонската Влада и Стопанската комора на Северна Македонија за изедначување на условите за инвестирање во рамките на КИФ со што би се намалила меѓусебната конкуренција.

2.Конечно Скопје станува седиште на претставништвото на КИФ и на новата фондација за поддршка на неговите активности. Коморскиот инвестициски форум е основан 2015 година и ги застапува интересите на 350.000 компании на 6-те земјите од Западен Балкан.

3.Во рамките на активностите во Белград, претседателот Азески, имаше средба и со стариот и новиот директор на канцеларијата на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) во Белград, задолжени за цел Западен Балкан (Сузана Харгитаи и Матео Колангели).На средбата со Бранко Азески како копретседател на Коморскиот инвестициски форум и д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на КИФ стана збор за наредните активности на ЕБРД во земјите на Западен Балкан, за приоритетните проектни активности со фокус на инфраструктурата (енергија, телекомуникации и транспорт), но и на локалниот развој. ЕБРД инвестираше над 2,5 милијарди евра во земјите на Западен Балкан. Има долгогодишно и ефикасно партнерство со Европската комисија и Европската агенција за реконструкција, како и билатерални односи со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. Паралелно и заеднички се работи на поддршка на процесот на транзиција и промовирање на приватниот сектор и развој на инфраструктурата во земјите од Западен Балкан.

***17.5.2021***

**НЕНАВРЕМЕНОТО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ ОД ОБЛАСТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ НЕПОВОЛНО ЌЕ ВЛИЈАЕ ВРЗ КОМПАНИИТЕ**




„Иако изминатиот период МЖСПП работеше максимално колку што можеше на изготвување и на носење нов пакет закони од областа на животната средина, паралелно со Комората, конкретно во делот на управувањето со отпад, тие сѐ уште не се донесени. Нивното изготвување и измените се почнати во почетокот на јануари 2018 г., но сѐ уште се во сила старите закони донесени во 2010 и во 2011 година", посочи претседателот на Асоцијацијата на посебни текови на отпад при Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Филип Ивановски.

***18.5.2021***

**ОДРЖАНА ВИРТУЕЛНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТЕМА: „ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА И НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА НА ГРУПАЦИЈАТА KNESS ОД УКРАИНА“**




Стопанската комора на С. Македонија, во соработка со украинската групација „KNESS“ оддржа витруелна презентација на тема: „Иновативни решенија во областа на енергетиката и на обновливите извори на енергија“.Целта на настанот беше подетално запознавање со активностите и можностите за соработка што ги нуди групацијата, како и примена на нови технологии во компании кои се големи потрошувачи на електрична енергија и инвеститори, општини кои имаат интерес за користење на чиста (зелена) енергија и надлежни институции за спроведување проектни активности од оваа област.

***19.5.2021***

**ПРОМОВИРАНА ПЛАТФОРМАТА SAVETRAVELS.GOV.MK ЗА ПРИМЕНА НА „ЗНАК ЗА БЕЗБЕДЕН ТУРИЗАМ“**




Коморите и бизнис-здруженијата се дел од овој проект и ќе се вклучат во примената на протоколите во сите сегменти од туристичката индустрија. Во проектот е вклучена и Швајцарската амбасада во земјава, која преку проектот „Паладиум“ подготви платформа за аплицирање и видео за промоција на безбедносниот печат на Северна Македонија. Ана Таневска-Ѓоргиевска, претседател на Здружението на угостителство и туризам при Стопанската комора на Северна Македонија, на промоцијата на проектот пред присутните посочи дека бизнис-секторот ги препозна овие пораки и ги упати до надлежните државни институции, заедно со уште една серија предлози, уште во 2020 година“.

***20.05.2021***

**СО НАЈНОВАТА ИНВЕСТИЦИЈА НА „М6 АГРАР“ И „ТИКВЕШ“ ДО ПРОИЗВОДСТВО НА КВАЛИТЕТНИ МАКЕДОНСКИ ВИНА ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА СВЕТСКИТЕ ПАЗАРИ**

М6 Аграр“ и Винарската визба „Тиквеш“, минатата седмица ја промовираа новата инвестиција како дел од Групацијата М6. Двете компании заедно, преку групацијата М6 продолжија со инвестицискиот циклус во нови лозови насади на површина од 120 хектари, на локацијата Бабуна, во близината на Велес. Најновата инвестиција на „М6 Аграр“ за унапредување на квалитетот на вината на ВВ „Тиквеш“ е вредна речиси 2,5 милиони евра, а дел од средствата се обезбедени со поддршка на ИПАРД програмата.

Оваа инвестиција ги потврдува неисцрпните можности на македонското сонце и земја за развој на земјоделството, особено за развој и експанзија на нашето грозје, како и за производство на квалитетни вина.

***21.5.2021***

**РЕАЛИЗИРАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ОПАСНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА**




На иницијатива на компаниите од Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, се одржа виртуелна работна средба со министерката за одбрана, м-р Радмила Шеќеринска-Јанковска, и со претставници од Министерството, на која се дискутираше за тендерите во Министерството за одбрана од областа на муницијата, минско-експлозивните средства, вежбовните средства и на ремонтите на ракети и хеликоптери и за реализацијата на годишниот план за јавни набавки од областа на одбраната и безбедноста за 2021 година. Претседателот на Групацијата, г. Димитар Мангутов, се осврна на делот од тендерите и од јавните набавки кои се распишани или се во тек на реализација, како и за тоа таа соработка да се подобри во иднина. Новите набавки во одбраната и во безбедноста сè повеќе ќе се насочуваат кон набавки со определени референции од каталозите на НАТО, кои се критериумите на НАТО за квалитет при набавка на соодветна опрема.

***24.5.2021***

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ ПАНЕЛИСТ НА 28. КОПАОНИК БИЗНИС ФОРУМ**

*Имунизацијата и заедничкиот регионален пазар двигатели на економскиот развој и поттикнувач на економските активности*

КОПАОНИК БИЗНИС ФОРУМ годинава се одржува од 24 до 27 мај под слоганот - „Светот по Ковид-19: Нови извори на раст во промената на деловните услови".На 28. Копаоник Бизнис форум ќе учествува и Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум, како учесник во третиот панел денеска, насловен „Мини шенген зоната – ќе ја забрза ли Ковид кризата регионалната соработка".

***01.6.2021***

**ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ДО 1,5 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ТРГОВСКА РАЗМЕНА**

*Интервју на Бранко Азески претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и копрестедател на Коморскиот инвестициски форум, за Вечерни новости*



Добрите економски и билатерални односи меѓу Србија и Северна Македонија може дополнително да се унапредат со јакнење на динамиката и темпото на работа за изедначување на деловното опкружување и постигнување поголема вредност на регионот како една дестинација за инвестирање пред меѓународните пазари и институции, вели во интервју за „Вечерни Новости" (најтиражниот дневен весник во Србија и во регионот), претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија и ко-престедател на Коморскиот инвестициски форум Бранко Азески.Србија е трет трговски партнер на Северна Македонија, веднаш зад Германија и Велика Британија. Во 2020 година реализирана

е трговска размена меѓу двете во вредност од 781,4 милиони долари што е за 8,6% помалку поради Корона кризата.Постои голем потенцијал за зајакнување на соработката меѓу бизнис секторот, особено во областа на иновациите, новите технологии, подобрувањето на услугите и производите за полесен пристап до трети пазари. Традиционалните сектори во кои економските врски се добри, но исто така можат да бидат и поинтензивни, се земјоделско-прехранбената, металната и електричната индустрија, како и фармацијата.Охрабрувачки е податокот дека во првите месеци од 2021 година трговијата расте. Целта е да се удвои и да се врати на нивото од 2008 година, кога била реализирана трговска размена во вкупна вредност од 1,5 милијарди долари, констатира претседателот Азески.Ова може да се направи преку заеднички проекти и заеднички инвестиции на сродни компании од двете земји, преку унапредување и продлабочување на економската соработка.Еден од општите предуслови за поттикнување и продлабочување на трговско-економската соработка во регионот е развиената патна и железничка инфраструктура, како што е автопатот низ Грделичката клисура и изградбата на автопатот Демир Капија-Смоквица. Претстои реконструкција на железничките линии, што ќе овозможи забрзан проток на луѓе и стоки.

***02.6.2021***

**КОМОРАТА НА АЗЕСКИ, ОПШТИНА ОХРИД И ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЉУБЉАНА ПАРТНЕРИ**



Азески од 2018 година е член на Советот на Економскиот факултет Љубљана. Целта на разговорите беше да се интензивира присуството на оваа значајна високообразовна институција на просторите надвор од Словенија, во земјите на Западен Балкан од каде што доаѓаат најголем број на студенти; да се зголеми проектната активност за заеднички настап на меѓународните пазари, и да се подржи и поттикне, натамошната соработка со Економскиот институт, кој е во рамки на Љубљанскиот Факултет и кој често прави анализа за нашата најголема бизнис асоцијација, Стопанската комора на Северна Македонија.

***04.6.2021***

**ПРОДОЛЖУВААТ ЦЕНОВНИТЕ ПОСКАПУВАЊА НА ГРАДЕЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ**

*Покачувањата на цените на градежните материјали продолжуваат и се особено изразени во последните месеци што ја доведува во прашање исплатливоста на реализацијата на одредени проекти, поради што час поскоро се потребни мерки за поддршка на градежништвото со цел ублажување на ефектите од ценовните поскапувања* – беше оценето на седницата на Управниот одбор на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите. Градежниците дискутираа за предлагање сет конкретни економски мерки, приспособени на градежниот сектор кои ќе ги достават до владините институции, а наедно расправаа и за претстојните активности во врска со реализацијата на Програмата за работа 2020 – 2025.

***10.6.2021***

**СО КОРИСТЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ОД GOOGLE ПЛАТФОРМАТА ДО ПОДОБАР ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ**

Во насока на унапредување на работењето на компаниите преку користење на овие современи алатки, Стопанската комора на Северна Македонија на 10 јуни 2021 година одржа „онлајн"-семинар на тема: „КАКО ДА СЕ ИСКОРИСТАТ АЛАТКИТЕ ОД GOOGLE ПЛАТФОРМАТА ЗА ПОУСПЕШНО ОНЛАЈН ПРИСУСТВО И ПОДОБРО ОГЛАСУВАЊЕ (GOOGLE BUSINESS MANAGER, GOOGLE TAG MANAGER, GOOGLE ADS)". Освен запознавањето со трите алатки, на принципот „чекор по чекор" беа прикажани процесите на отворање на кориснички сметки, сетирање на профилите, поставување на првите тагови во Google Tag Manager и поставување на првата огласувачка кампања на Google Ads.

***16.6.2021***

**АЗЕСКИ НА СРЕДБА СО ЕВРОКОМЕСАРОТ ВАРХЕЈИ**

Ко-претседателот на КИФ и претседател на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески заедно со Европскиот комесар за добрососедска политика и проширување Оливер Вархеји денес ќе земе учество на форумот на кој официјално ќе се конституира „Бизнис платформата 3Б6-ЕУ", кој ги обединува претставниците на бизнис заедницата од регионот и Европската комисија. „Платформата 3Б6-ЕУ" ја сочинуваат членовите на Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум, советодавно тело на КИФ кое го сочинуваат 16 водечки компании од регионот, членовите на УО на КИФ, како и претставници од ЕУ, со кои на редовна основа ќе се дискутира за предизвиците и можностите за бизнис-заедницата од регионот, и ќе се овозможи олеснување на дијалогот помеѓу европските институции и бизнисите од регионот, во насока на креирање на повеќе можности за трговија, инвестиции и други форми на деловна соработка.

***17.6.2021***

**АЗЕСКИ ПОТПИША ДВЕ ВАЖНИ СПОГОДБИ СО ТУРСКИОТ И ГРЧКИОТ КОЛЕГА**




Ставање во функција на Турско-Македонски трговско-индустриски форум и Агенда за отворање нови перспективи во насока на зголемување на бизнис соработката со Грција, се прво најавените активности со кои ќе започне продлабочувањето на бизнис соработката со Република Турција и Република Грција по потпишување на Меморандумите за соработка од страна на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, со претседателот на Унијата на комори и стоковна размена на Турција, Рифат Хисарчиклиоглу и претседателот на Унијата на грчки комори и на Атинската комора за трговија и индустрии, Константинос Михалос. Меморандумите потпишани со претседателите на водечките бизнис асоцијации од овие две земји имаат за цел да поттикнат продлабочување и зајакнување на билатералната соработка меѓу Република Северна Македонија со Република Турција и со Република Грција.С топанската комора на Северна Македонија и Унијата на комори и стоковна размена на Турција, во рамките на Турско-Македонскиот трговско-индустриски форум, ќе работат на креирање заеднички иницијативи за подобрување на условите за инвестирање, на целокупната трговска соработка, како и подобрување на инфраструктурната поврзаност меѓу двете земји, што ќе иницира и

зголемување на економската соработка во пост-ковид периодот кој е пред нас, истакна претседателот Азески на виртуелното потпишување. Меморандумот што претседателот Азески го потпиша со претседателот на Унијата на грчки комори и на Атинската комора за трговија и индустрии, Константинос Михалос, само ја верификува и зајакнува досегашната долгогодишна соработка што ја имаат двете најголеми бизнис асоцијации од двете земји. Ќе се работи на креирање Агенда за отворање нови перспективи во насока на зголемување на трговската размена, зголемување на инвестициите, како и подобрување на условите за работа на бизнис заедниците од двете земји. Претседателот на Стопанската комора во рамки на он- лине верификувањето на меморандумот, посочи дека е чест да се соработува со најголемата деловна заедница од Грција. Политичката иницијатива ги покажува своите резултати, и се отвораат се повеќе можности македонските бизнисмени да бидат активни во Грција, но исто така за очекување е соработка на бизнис асоцијациите и компаниите на проекти, како и споделување на нивните искуства во нашите ЕУ активности. Вкупната трговска размена на РС Македонија со Република Грција за периодот јануари – април 2021 година изнесува 292,2 милиони САД $, со раст од 27,9% во однос на истиот период во 2020 година. Извозот евидентира раст од 17,27%, додека увозот од 31,5%. Трговски дефицит е 159,6 милиони САД $, а Грција е четврти трговски партнер на Северна Македонија.

***23.6.2021***

**АВТОБУСИТЕ ЌЕ ВОЗАТ СО 100% ИСПОЛНЕТОСТ, ПРОСЛАВИТЕ ВО РЕСТОРАНИТЕ НЕМА ОБВРСКА ДА СЕ ПРИЈАВУВААТ ВО КОМОРИТЕ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Северна Македонија, достави две Барања до владините институции. Првото на 7 јуни за измена на точка 7 од Протоколот за организирање свадби/прослави и веселби. Второто на 15 јуни 2021 година, за користење на 100% од автобусите за слободен (туристички) превоз.

***28.6.2021***

**ОЧЕКУВАЊАТА ЗА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




За добра туристичка сезона, таргет мора да биде организираното туристичко патување, потребна е и обемна медиумска кампања за поттикнување на домашниот туризам, како и зајакната промоција во европските држави кои се наши традиционални пазари, ова е констатацијата од прес конференцијата на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора. Владата, има слух за предлозите, идеите и иницијативите на туристичките работници, досега е разговарано со владини претставници, но нема примена, а уште помалку реализација. Ургентна е потребата од итна поддршка и агресивна промоција, посебно во регионот, за да се спаси барем дел од годинашната сезона и да се овозможи поповолна позиција во 2022-ра. Во периодот што следи, од клучно значење ќе биде и зајакнувањето на односите со поголемите странски тур-оператори со кои се негува традиционална соработка преку директна комуникација на сите нивоа. Истото се однесува и на односите со авионските компании кои оперираат кон и од Северна Македонија.

***30.6.2021***

**АЗЕСКИ: АКРЕДИТИРАНИТЕ ЛАБОРАТОРИИ НА МАКПЕТРОЛ И ОКТА СЛЕДНА СТАНИЦА НА НАШИТЕ ПОСЕТИ ПРЕД КЛУЧНАТА СРЕДБА СО ВЛАДАТА**



Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија предводена од претседателот Бранко Азески продолжувајќи ја теренската активност во пост Ковид периодот вчера ја посети акредитираната лабораторија на компанијата Макпетрол, а наредната недела ќе ја посети и акредитираната лабораторија во Окта АД Скопје.

Во новата стратегија на Комората најзначајно место ќе имаат токму институциите што имаат највисоки професионални стандарди, што инвестираат во напредни технологии, што создаваат производи со додадена вредност, со што ја зголемуваат конкурентноста на македонската економија. Претседателот Азески истакна дека, компаниите кои инвестираат во развој, иновативни решенија, дигитализација на процесите, со примена на меѓународно признатите стандарди мора да бидат поддржани во пост Ковид периодот и со тоа да им се одаде признание како се понесоа во една од најтешките кризи низ која што поминуваме.

***07.7.2021***

**ЗАЕВ СО ВЛАДИНИОТ ЕКОНОМСКИ ТИМ ВО СТОПАНСКА КОМОРА: ОСТАНУВАМЕ НАЈГОЛЕМ ПОДДРЖУВАЧ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**



Владата останува најголем поддржувач на домашните компании и партнер на бизнис заедницата во креирањето и спроведувањето на економски политики со цел обезбедување подобри услови и подобри закони, раст на БДП и отворање нови работни места, рече премиерот Зоран Заев на повеќечасовната работна средба во Стопанската комора на Северна Македонија реализирана на 6.7.2021 година (вторник). Заев на средбата која се реализира на покана на Комората, беше со својот економски тим: вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, министерот за финансии Фатмир Бесими, заменик-министерот за економија Зоран Маневски и директорката на Управата за јавни приходи, Сања Лукаревска.-Нашиот фокус е на домашните компании кај кои гледаме огромен потенцијал во обезбедувањето нови работни места, постојана плата и пораст на бруто домашниот производ (БДП). Ваквите средби се добредојдени, бидејќи треба заедно да ги лоцираме тешкотиите во вашето работење и да ги отстраниме, рече премиерот.На средбата се разговараше за повеќе мерки кои за Стопанската комора се приоритетни и чија имплементација, како што беше нагласено, ќе се следи. Претставниците на компаниите повторно побараа навреме да се прецизира временската рамка за измени во даночниот систем, односно измените во сферата на даночните давачки да се носат и комуницираат со јавноста најдоцна до 30 јуни тековната година. Стопанската комора предложи донесените измени да имаат одложено дејство – да почнат да важат од 1 јануари наредната календарска година. И бизнисмените и Владата се согласија дека една од клучните мерки за обезбедување зголемени инвестиции е кратењето на сите административни бариери при издавањето градежни дозволи потребни за компаниите.

***12.7.2021***

**ИДНИНАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ТУТУН Е ВО ПРОИЗВОДСТВО СПОРЕД СТАНДАРДИ ЗА КОНКУРЕНТЕН ПРОИЗВОД СО ВИСОК КВАЛИТЕТ**

Здружението на производителите на тутун и производи од тутун при Стопанската комора на Северна Македонија минатата седмица одржа состанок на кој учествуваа и претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и двете Асоцијации на тутунопроизводители. Притоа, беа анализирани состојбите со производството и откупот на тутун од реколта 2020 година како и состојбите со претстоечката берба од реколта 2021 година.
Согласно официјалните податоци, откупени беа 26.953 тони суров тутун со просечна цена од 158 ден/кг. Притоа, од типот Јака беа откупени 280 тони (1%) со просечна цена од 169 ден/кг, додека од типот Прилеп 26.673 тони (99%) по цена од 158 ден/кг. Производството не е намалевно во споредна со претходната година но просечната цена е драстично намалена, кога имавме 219 ден/кг.

***15.07.2021***

**ОЧЕКУВАЊАТА НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ ВО ВРСКА СО ИЗГРАДБАТА НА НОВИТЕ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ**

Предмет на дискусија на седницата на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите беше Предлог – законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 и коридорот 10 Д во Република Северна Македонија, по скратена постапка кој побуди интерес во медиумите и јавноста. Членките посочија дека е потребно за капиталните проекти од ваков карактер доследно да се применува Законот за јавните набавки, во чие креирање учествуваше и бизнис-заедницата, да се земат предвид досегашните искуства, но и да се води сметка за капацитетите и за потенцијалот со кои располагаат домашните градежни компании, а кои на овој начин немаат можност за „натпревар" и за конкурирање за изведбата на предвидените патни правци.

***23.7.2021***

**ЖИВКО МУКАЕТОВ, ОДЛИКУВАН СО ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ**



Во Указот од претседателот Пендаровски се наведува дека Орденот на г. Мукаетов му е доделен за континуитетот, иновативноста, визијата и за беспрекорните професионални стандарди во современото корпоративно управување во фармацевтската индустрија; за докажаниот квалитет во производството на брендовите кои се градени, одржувани и осовременувани со генерации наназад; за инвестицијата во новите технологии, во едукацијата и во експертизата на кадарот кој ги создава брендовите, како и за неговата филантропска култура и широка општествена одговорност. На свечената церемонија на примопредавањето, одржана во Вилата „Водно", г. Мукаетов се заблагодари за високата чест што му е укажана со престижното државно одличје и изјави: „Орденот го добивам во годината на 85-тиот јубилеј на Алкалоид.

***25.7.2021***

**АЗЕСКИ: БИЗНИСМЕНИТЕ СЕ ЗА ПОВЕЌЕ БИЗНИС, А ПОМАЛКУ ИСТОРИЈА НА БАЛКАНОТ**

*Пренесено интервју на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески за Танјуг*



Актуелните политички елити на Србија, Албанија и Северна Македонија имаат политичка волја да ги решат економските проблеми и затоа ги повикувам бизнисмените од регионот да го искористат тој момент и да се обединат за да го направат потребниот чекор кон успешна интеграција, вели претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, во пресрет на Економскиот форум за регионална соработка што ќе се одржи на 29 јули (четврток) во Скопје.Азески за Танјуг проценува дека секогаш има премногу историја на Балканот, и премалку заеднички бизнис , додека новите генерации бараат тоа да се промени. Говорејќи за можни теми на претстојниот форум, тој вели дека тие теми се добро познати на Балканот, но проблемот е во тоа што недостасуваше политичка волја за нивно решавање .„Целта на сите досегашни иницијативи споменати и пред самитот се четири слободи, а тоа се слободниот проток на стоки, услуги, луѓе и капитал, но суштинското прашање е нивно спроведување, односно имплеменатцијата. Одговарајќи на прашањето што предлага Стопанската комора на Северна Македонија со цел да им се олесни бизнисот на стопанственици, тој вели дека Комората не само што има предлози, туку има и конкретни резултати на тоа поле. Што рекоа за претседателот Азески, балканските бизнис лидери:1.Марко Чадеж – претседател на Стопанската комора на Србија и претседател на Коморскиот инвестициски форум -Бранко Азески според стажот и познавањето на балканските прилики е најискусен меѓу нас. Неговата отвореност за свежи идеи и за нови проекти често може да не засрами и нас помладите.Денес нашето заедништво во регионалното бизнис поврзување го уважуваат и бизнисмените и политичарите и во регионот и во Брисел, но и во Вашингтон.2.Рифат Хисарчиоглу, заменик претседатела на EUROCHAMBERS -Преку личната и институционалната поддршка на Азески, се овозможи подобро вклучување на бизнисот на европските пазари.3.Сафет Ѓерѓелиу, бивш генерален секретар на Коморскиот инвестиционен форум -Ние го нарекуваме татко и му благодариме за се` .4.Александар Влаховиќ, претседател на Сојуз на економисти на Србија -Бранко е вистински лидер, чија сила на личноста значајно ја надминува формалната позиција на која се наоѓа. Фактот дека Бранко е мој пријател го доживувам како голема привилегија и лична сатисфакција.Објавено, во книгата „Една слика 1000 зборови – една бројка остануваш без зборови", публикувана 2020 година. Тој додава дека бизнисмените ја гледаат големата слика и градат мостови помеѓу, како што наведува, феудалните концепти на исфрустрираните земји на Балканот и вели дека поради тоа доста им е од затвореност, корупција, сива економија, ефтина работна сила.„Не сакаме веќе понижувања дека сме неспособни да се интегрираме во меѓународната заедница и дека некој однадвор треба секогаш да ги решава нашите проблеми", посочува Азевски.Затоа, потенцира претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, нивната порака од собирот ќе биде јасна и ќе бара „да се отвори Балканот, да се затвори историјата, да се обедини бизнисот и да се донесат одлуки за спроведување без оглед на отпорот на конзервативни сили ".

***28.7.2021***

**АЗЕСКИ ЗА МИА: БАЛКАНОТ ДА СЕ ОТВОРИ, ИСТОРИЈАТА ДА СЕ ЗАТВОРИ, БИЗНИСОТ ДА СЕ ОБЕДИНИ**



Доста ни е од затвореност, корупција, сива економија и ефтина работна сила. Не сакаме веќе понижувања дека сме неспособни да се интегрираме во меѓународната заедница и дека некој однадвор треба секогаш да ги решава нашите проблеми. Бараме да се отвори Балканот, да се затвори историјата, да се обедини бизнисот и да се истрае во имплементацијата без оглед на отпорот на конзервативните сили, вели претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески во кусото интервју за МИА по повод утрешниот Економски форум за регионална соработка што ќе се одржи во Скопје. Азески во интервјуто оценува дека е неопходно регионот што побрзо да се апстрахира од деструктивниот процес на „балканизација". Според него, актуелните политички елити на Србија, Албанија и Северна Македонија имаат волја да ги решат економските проблеми, но бизнисмените тоа треба да го искористат и да го направат потребниот чекор за успешна интеграција. Претседателот на Комората е дециден дека пролонгирањето на преговорите со ЕУ предизвикува штети, но најголемата од нив е неизвесноста која практично го „убива" бизнисот. Европските лидери кон овој процес треба да пристапат најодговорно и професионално зашто трпението и наклонетоста на бизнисот кон европските вредности може да се доведе во прашање, подвлекува Азески во интервјуто.

***29.7.2021***

**БЛАГОДАРНИЦИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ ЗА ВУЧИЌ И ЧАДЕЖ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, му врачи благодарница на претседателот на Република Србија Александар Вучиќ  кој го направи првиот чекор во заедничкото дејствување во бизнис заедницата на Западен Балкан 6 со акцијата за вакцинирање на 27 и 28 март 2021 година.„Едно големо благодарам за сѐ што направивте за поддршка на бизнис заедницата во услови кога светската пандемија предизвикана од Ковид-19 вирусот беше во најголем ек" изјави претседателот Азески, врачувајќи ја благодарницата на претседателот Вучиќ.  Благодараница за заедничка реализација на вакцинацијата на бизнисмени од регионот во Србија, претседателот Азески му врачи и на претседателот на Стопанската комора на Србија и претседател на Коморскиот инвестициски форум, Марко Чадеж. На доделувањето на благодарниците присуствуваа и д-р Горан Свилановиќ, советник на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија за регионални прашања, Светозар Јаневски, член на Бизнис советот на КИФ и Владимир Стајиќ, стопанственик,член на Комората.

***29.7.2021***

## ОТВОРЕН БАЛКАН БЕЗ ГРАНИЦИ, СО ПРИЗНАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ДОЗВОЛИ И КВАЛИФИКАЦИИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ




*Иницијативата на „Мини Шенген", со ново име за посилна регионална соработка*

Без граници од 2023 година и со признати работни дозволи и квалификации на работниците од 2022 година помеѓу Северна Македонија, Србија и Албанија, се клучните економски придобивки за поголема регионална соработка за што тројцата политички лидери, премиерите на Северна Македонија и Албанија, Зоран Заев и Еди Рама, и претседателот на Србија, Александар Вучиќ, потпишаа договори и меморандуми за соработка на Регионалниот економски форум, што се одржа во Скопје во присуство на повеќе од 400 бизнисмени од трите земји но и пошироко. Во рамки на форумот покрај официјалниот политички дел следуваше економски панел со учество на претседателите на Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора на Србија и Унијата на трговско-индустриски комори на Албанија. Претседателот Бранко Азески упати порака дека бизнисот сака Отворен Балкан и обединување и побара од политичките лидери да се стави крај на грдите слики на граничните премини кои го фрустрираат бизнисот и конечно да исчезнат колоните камиони од граничните премини. На компаниите, вели претседателот на Комората Азески, доста им е од затвореност, сива економија и ефтина работна сила.

Благодараница за заедничка реализација на вакцинацијата на бизнисмени од регионот во Србија, претседателот Азески му врачи и на претседателот на Стопанската комора на Србија и претседател на Коморскиот инвестициски форум, Марко Чадеж. На доделувањето на благодарниците присуствуваа и д-р Горан Свилановиќ, советник на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија за регионални прашања, Светозар Јаневски, член на Бизнис советот на КИФ и Владимир Стајиќ, стопанственик,член на Комората.

***11.8.2021***

## БЛАГОДАРНИЦА ОД АЗЕСКИ И ГЕОРГИЕВА-ЈОВЕВСКА ЗА ДОЛГОГОДИШНАТА СОРАБОТКА СО Г-ДИНОТ НИКОЛАЈЧО НИКОЛОВ



Почитуван г-дине Николајчо,Во името на членките на Стопанската комора на Северна Македонија и во наше име бидејќи со вас лично соработувавме повеќе од 15 години, сакаме да Ви се заблагодариме за несебичната поддршка која ја дававте на нашата институција преку Вашето учество во работата во органите и телата на Комората, како претседател на МАР, член на Собранието и член на Управниот одбор на Комората во целиот изминат период почнувајќи од 2005-та година па се до денес.Поддршката која ја дававте целиот изминат период преку Вашата експертиза во областа, Вашиот професионализам и пристап и Вашето позиционирање како член на нашето коморско семејство за нас значи збогатување на целокупното работење и оставање позитивен печат за идните генерации.Ви посакуваме многу здравје и среќни пензионерски денови!

Македонската асоцијација на рударството е формирана на 25.11.2005 година со цел да ги обедини компаниите кои вршат експлоатација и преработка на минерални суровини во нашата држава и да овозможи заеднички настап на рударските деловни субјекти во реализација на своите бизнис интереси.Од досегашната работа на оваа Асоцијација постигнати се значителни резултати, МАР доби свое значење во коморското работење и стана препознатилив партнер на сите нивоа во работењето на Комората и државата воопшто. МАР стана легитимен, препознатилив и ценет партнер на Министерстово за економија и Секторот за минерални суровини, придонесувајќи да се подобрува Законот за минерални суровини и носат нови закони.МАР учествуваше на повеќе меѓународни настани и симпозиуми презентирајќи го македонското рударство.

***20.8.2021***

**ПОДДРШКА ЗА ОПСТАНОК НА ТУРИСТИЧКО-УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР**



До кабинетите на заменик претседателот на Владата Битиќи, министрите за економија и здравство Бектеши и Филипче доставени се нови предлог-мерки за поддршка по донесените рестриктивни мерки за ограничување на функционирање на секторот

На работната средба беа разгледувани одлуките за изменување и за дополнување на одлуките за превентивни препораки, времени мерки, за наредени мерки, наменски протоколи, планови и за алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID 19, предизвикана од вирусот SARS CoV-2, како и за случаите и за временскиот период на нивна примена. Притоа беше констатирано дека членките на Здружението на угостителството и туризмот при Комората со загриженост ја следат состојбата. Предложените мерки Здружението ги иницира како основа за работната средба што е побарана минатата недела преку официјално доставено барање за работна средба до Фатмир Битиќи, заменик-претседател на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и за инвестиции; Крешник Бектеши, министер за економија и до Венко Филипче, министер за здравство, за начините како, почитувајќи ги мерките, да се овозможи функционалност на компаниите од дејноста и да се предложат дополнителни мерки, односно проширување на постојните.

***25.8.2021***

**ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА „ОТВОРЕН БАЛКАН"**




Точно уште 176 дена од прославата на 100-годишнината на коморскиот систем во нашата земја и уште еден значаен настан во Република Северна Македонија, што е резултат на реализирање на уште една од иницијативите на Стопанската комора на Северна Македонија, што ќе ја обележи новата ера на бизнисот кај нас, и во регионот. Новата ера на регионална соработка започнува со иницијативата за „Отворен Балкан" што ќе овозможи регионално поврзување за соработка и слободен проток на патници, стока, капитал и услуги помеѓу Република Северна Мскедонија, Република Србија и Република Албанија. Помеѓу трите земји, преку непречено движење и без царини на границите, ќе се олесни трговијата, движењето на граѓаните, протокот на услугите и

развојот на економијата. Иницијативата беше официјализирана на Економскиот форум за регионална соработка што се одржа на 29 јули во хотелот „Александар Палас" во Скопје, организиран од коморите на трите земји: Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора на Србија и Унијата на трговско индустриските комори на Албанија. Форумот, беше можност, пред повеќе од 400-тина стопанственици од трите земји, од страна на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, претседателот на Владата на Република Албанија, Еди Рама, и претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ, да се потпишат меморандуми и договори: Меморандум за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки на Западен Балкан, Меморандум за слободен пристап на пазарот на трудот на Западен Балкан и Договор за соработка за заштита од катастрофи на Западен Балкан.Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, приреди вечера за најзначајните бизнис лидери од Албанија, Србија и Северна Македонија во пресрет на одржување на форумот „Отворен Балкан".

***27.8.2021***

**ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД 28МИ АВГУСТ, ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ**

Македонската асоцијација на рударството (МАР) при Стопанската комора на Северна Македонија, на сите рудари им го честита 28ми август, Денот на рударите, посакувајќи им многу здравје и успех во понатамошната работа. Македонската асоцијација на рударството како препознатлив и активен чинител во стопанството, ќе продолжи да се залага за унапредување на деловниот амбиент и заштита на интересите на своите членки пред институциите на национално и меѓународно ниво, целејќи кон динамичен, стабилен и независен раст на рударството како една од позначајните стопански гранки во нашата држава.

***14.9.2021***

**АЗЕСКИ: СО УСПЕШНИОТ КАДАР ВО КОМПАНИИТЕ КОМОРАТА ГРАДИ ИЗДРЖАНИ СТАВОВИ И РЕШЕНИЈА ЗА ОДРЕДЕНИ ПРАШАЊА КАЈ ВЛАДАТА**



Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески, продолжувајќи ја теренската активност во периодот на постковид, оствари работна средба со менаџментот на компанијата „Филип Морис – Тутунски комбинат – Прилеп", (ПМТКП) ДОО Скопје. Компанија која има стратешка цел за воведување иновативни решенија, вложувајќи во поздрава животна средина, како и во истражување и развој. Шест од најдобрите светски меѓународни 15 брендови, кои опфаќаат повеќе од 180 пазари, се на „Филип Морис", вклучувајќи го и „Марлборо", светски број еден. Но, тука не завршува нивната визија за пушачите. Во компанијата се посветени да направат нешто многу подраматичнso – производството на обични цигари да го заменат со производи без чад. Затоа, повеќе од 430 научници, инженери и техничари работат на развој на помалку штетни алтернативи на цигарите, во двата истражувачки капацитети во Швајцарија и во Сингапур. Тоа е најголемата промена во историјата на оваа компанија, како и на нивните потрошувачи, акционерите и на општеството во целина. „Во новата стратегија на Комората најзначајно место ќе имаат токму компаниите како вашата, со високи професионални стандарди, кои инвестираат во напредни технологии и кои создаваат производи со додадена вредност, со што ја зголемуваат конкурентноста на македонската економија", порача претседателот Азески на средбата со менаџментот на компанијата.

***15.9.2021***

**ИНТЕРВЈУ СО ВОИСЛАВ ГЕНИЌ, ГЕНЕРАЛЕН БИЗНИС-МЕНАЏЕР ВО SAP WEST BALKANS**



Денес SAP го користат 92 % од компаниите од редот на 2.000 најбогати компании на листата на „Форбс". Веќе четири години по ред SAP е највредниот германски бренд. Нашиот софтвер се користи во 180 земји во светот, имаме над 400.000 деловни корисници и заработуваме над 27 милијарди евра годишно.SAP има над 100.000 вработени и над 17.000 фирми партнери на сите континенти. Нашето портфолио се состои од повеќе од десет софтверски решенија, а, секако, најпознат е SAP ERP од четвртата генерација, кој е наречен SAP S / 4HANA.

Сите информации за контакт може да се најдат на нашата веб-страница www.sap.com/westbalkans, но корисниците можат директно да се јават и кај вас, во Стопанската комора на Северна Македонија.

***15.9.2021***

**Регионална конференција - „ГРАДЕЖНИШТВОТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН"**



Во име на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во рамки на проектот „EU support to the WB6 CIF",беше организирана регионална конференција и виртуелни деловни средби на тема „Градежништвото и инфраструктурата во Западен Балкан" на 15-16 септември 2021 година во Сараево, Босна и Херцеговина. Обраќање во рамки на првиот панел кој беше посветен на главните ограничувања за градежништвото во земјите од регионот излагање имаше г-дин Даниел Цеков, потпретседател за градежни материјали на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали, кој говореше за проблемите на извозно ориентираните компании на градежни материјали кои извезуваат на регионалниот пазар.



Во рамки на панелот посветен на циркуларната економија излагање имаше и г-дин Ѓорги Гошев, заменик генерален директор на Градежен институт Македонија, реномирана членка на Стопанската комора и дел од проектниот конзорциум на проектот „CINDERELA". Тој ги презентираше целите на проектот и активностите за развивање и демонстрирање нов бизнис модел на циркуларна економија.

***17.9.2021***

**АЗЕСКИ: ПОДДРШКА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ЗА ИНОВАТИВНОСТА ВО КОМПАНИИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОДУКТИВНОСТ И ЗА ИЗВОЗНА КОНКУРЕНТНОСТ**



*Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија и директорот на Фондот за иновации и технолошки развој со заеднички проектни активности за поддршка на реалниот сектор*

На работниот состанок во просториите на Комората, претседателот Азески пред раководниот тим на Фондот за иновации и технолошки развој, предводен од директорот Коста Петров, ги презентираше актуелните проекти и стратешките активности на Комората, ставајќи акцент врз поддршката на компаниите во нивните извозни активности, за кои особено значење имаше примената на нови технолошки решенија, иновации, што е и во рамките на полето на дејствување на Фондот. Во таа насока, за очекување е дека најмоќната бизнис-асоцијација, ставајќи се во функција на своите членки, во соработка со ФИТР, ќе треба да воспостави координирано институционално дејствување, за да се постигне и поголем економски раст на национално ниво. Улогата на Фондот, вели Азески, е да ги поддржи и да ги поттикне компаниите во изнаоѓањето форми на инвестиции, преку финансиска поддршка за производствените, извозните и за иновативните решенија, во насока на нивна поголема конкурентност на странските пазари.

***20.9.2021***

**ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДО 2040 ГОДИНА**



На 18ти септември, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, се одржа состанок помеѓу претставници на компанијата ПЛАНЕТ. С.А од Атина, Република Грција, која, за Владата на Република Северна Македонија, изготвува студија, финансирана од ЕУ, за состојбата во Северна Македонија при напуштањето на употребата на јаглен и за влијанието што овој процес ќе го има врз развојот на компаниите, економијата и вработувањата.

***27.9.2021***

**СРЕДБА АЗЕСКИ - ОТО ГРАФ**




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, одржа работна средба со заменик амбасадорот на Сојузната Република Германија, господинот Ото Граф. На средбата се говореше за билатералната економска соработка помеѓу Сојузната Република Германија и Република Северна Македонија, која што двете страни ја оценија дека е на многу високо ниво. Од особено значење е соработка со Унијата на германските индустриски и трговски комори –ДИХК, со која Комората во 2007 година потпиша билатерален меморандум за соработка, но и активно соработува на полето на проектни активности во рамки на Коморскиот инвестициски форум.

***28.9.2021***

**ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОВИД КРИЗАТА МОРА ДА СЕ НАДОПОЛНАТ СО ЗАБРЗАН РАСТ**

**ПЛАНОТ ЗА ЗАБРЗАН РАСТ СТИМУЛИРА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА ОДРЖУВАЈЌИ ФИСКАЛНА СТАБИЛНОСТ СО ПОДДРШКА НА ДРЖАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ КАПИТАЛ ЗАЕДНО**




Планот беше презентиран од страна на министерот за финансии д-р Фатмир Бесими, пред репрезентативен број на претставници на компаниите членки на СКСМ.

Однапред дефинирани критериуми, соодветна законска регулатива, форсирање на обновливите извори на енергија, погрешните субвенции во агросекторот, исклучително лошата состојба во градежништвото, состојбата со пазарот на работна сила, детални анализи за гранките што можат да испорачаат додадена вредност, се само дел од забелешките и мислењата кои ги истакнаа бизнисмените. Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, го поздрави континуираниот дијалог со министерството за финансии и укажа на деталното објаснување на одредени параметри од клучно значење за имплементација на планот како што се: јасно прецизирање дека нема да има зголемување на даноците; јасно прецизирање на улогата на приватниот сектор во целиот план и форсирање на петте клучни приоритети на приватниот сектор како што се: енергичната борба против сивата економија и корупцијата, забрзувањето на процесот на гасификација, поддршката на извозните компании, средување на состојбите во јавната администрација, итн.

***28.9.2021***

**МАКЕДОНСКИОТ ТУРИЗАМ СО НАЈСЛАБИ БРОЈКИ ВО РЕГИОНОТ, ЗАКРЕПНУВАЊЕ НАЈРАНО ВО 2023 ГОДИНА**

*Анализа на Здружението за угостителство и туризам при Стопанската комора на Северна Македонија*

Загрижувачко намалување на бројот домашни и странски туристи, како и ноќевања, покажуваат официјалните статистички податоци за периодот јануари – јули 2021 во однос на истиот период во 2019 година, пред корона пандемијата. Се очекува намалувањето на туристи и ноќевања за 2021 година да биде околу 60 отсто, а во 2022 година да изнесува приближно 40 проценти доколку не се променат пристапот и политиките. Обновување на пазарот и достигнување на перформансите од 2019 година се очекува најрано во 2023 година, а најдоцна до 2025 година. За секторот од особено значење е и запознавање на странските партнери со условите, мерките и политиките кои се применуваат во однос на справувањето со пандемијата, додава Здружението. Од тоа зависи каква ќе биде перцепцијата однадвор за Северна Македонија како туристичка дестинација. Потребна е промоција во земјите од регионот, во географски радиус од 600 километри, а одржувањето и зајакнувањето на односите со поголемите странски тур-оператори со кои негуваме традиционална соработка преку директна комуникација на сите нивоа, мора да биде врвен приоритет. Истото се однесува и на односите со авионските компании кои оперираат кон и од земјава.

***29.9.2021***

## ИВИЦА ТАЛЕВСКИ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО

*- по петнаесет години успешно раководење, Николајчо Николов останува почесен претседател*



Македонската асоцијација на рударството одржа седница на која се дискутираше за насоките во кои треба да се развива рударскиот сектор во земјава, потребните мерки за зголемување на конкурентноста на рударските деловни субјекти и активностите за натамошна промоција на општествено одговорното работење во областа на истражувањето и експлоатацијата на минералните суровини.

Точка на седницата беше и изборот на нов претседател на Македонската асоцијација на рударството, при што едногласно беше избран Ивица Талевски од рудникот САСА, Македонска Каменица. Заблагодарувајќи се за искажаната доверба, новиот претседател порача дека активно ќе се залага за донесување стратегија за развој на рударството во земјава како долгогодишна



потреба која се наметнува со цел за согледување на потенцијалите и можностите за развој, меѓутоа и за решавање на проблемите на оваа стопанска гранка. Во знак на признание за долгогодишниот ангажман и несебичното споделување на своето искуство и стручност во функција на подобрување на деловниот амбиент и условите за работа на компаниите – членки, присутните на седницата го избраа г-дин Николајчо Николов за почесен претседател на Асоцијацијата.

***30.9.2021***

## АСОМ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Е ЕДИНСТВЕНА ЗЕМЈА ВО РЕГИОНОТ ВО КОЈА НЕ СЕ НУДАТ ОН-ЛАЈН ИГРИ НА СРЕЌА




РСМ е единствената земја во регионот која нема он-лајн игри на среќа. Ова е заклучокот за земјата од регионалниот состанок на здруженијата за игри на среќа одржан во склоп на 13-тиот Саем на игри на среќа „BELGRADE FUTURE GAMING 2021" кој минатата недела се одржа во Белград. На саемот, помеѓу излагачите на технолошки и софтверски иновации од 10-тина европски земји, земаа учество и здруженија на приредувачите на игри на среќа од земјите од регионот, а учествуваше и Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија (АСОМ), претставена од Претседателот Васко Илијевски.

***1.10.2021***

**ПОТРЕБЕН Е СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ВО РЕШАВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМИТЕ ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО**




Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа седница на која се дискутираше за актуелните состојби во градежниот сектор, условите за работа на градежните компании за време на здравствено – економската криза и предизвиците кои го очекуваат секторот. На седницата беше истакнато дека бројките за договорените градежни работи, како и ниската реализација на капиталните инвестиции кои од планираните 29.804 милиони денари со ребалансот на Буџетот за 2021 година, во првите седум месеци се реализирани само 31,03%, говорат дека состојбата во градежништвото е на незавидно ниво и дека периодот што следи ќе биде тежок за градежниците.

***05.10.2021***

**АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И КРИЗАТА КОЈА СЕ ЧУВСТВУВА ВО ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР**

Почитувани стопанственици,Тргнувајќи од актуелните состојби и кризата која се чувствува и во енергетскиот сектор, преку драстично зголемување на цената на електричната енергија, свесни сме дека ова прашање директно многу Ве засега од аспект на редовно и навремено производство со кое ќе ја одржите својата конкурентност и профитабилност во услови кога имате и раскинување на договори на многу не коректен, не професионален и не еснафски начин.Во таа насока, за да се излезе во пресрет на овие проблеми Владата на РСМ и Стопанската комора на Северна Македонија договорија активност за интервентен увоз на 2 милиони тони високо квалитетен јаглен и тој повик ќе биде јавно објавен денеска. Стопанската комора на Северна Македонија има обврска да ги анимира своите членки да се вклучат во оваа активност под условите објавени во огласот со гарантирано плаќање со рок од 30 дена.

***05.10.2021***

**АСОМ: НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ПРЕФРЛЕНИ ПО 60.000 ДЕНАРИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ТЕТОВСКАТА БОЛНИЦА**



Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија (АСОМ) на средба со Црвениот Крст ја официјализираше донацијата за семејствата на настраданите во пожарот во модуларната болница во Тетово. Согласно договорот, на сметката на Црвениот Крст веќе се префрлени по 60.000 денари од АСОМ, кои Црвениот Крст ќе ги распредели на семејствата на настраданите.

***06.10.2021***

**ВЛАДАТА, КОМОРАТА И РЕГУЛАТОРОТ ВО АКЦИЈА**

Денеска (5.10.2021 година) во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работна средба под раководство на претседателот на Комората Бранко Азески, со единствена точка на дневен ред, состојбата настаната со енормното покачување на цените на енергенсите на светските берзи. На работната средба учествуваше и претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев и претседателот на Регулаторна комисија за енергетика Марко Бислимоски. По опсежната дискусија и размена на мислења, јасно беше дека кризата е реалност и дека ќе потрае подолг период, и ќе бара решенија кои ќе имаат и долгорочен и краткорочен карактер. За таа цел, мора да се изврши мобилизација на сите учесници во овој процес, затоа што тоа е од круцијален каратер за егзистирање и развој на македонската економија.

***08.10.2021***

**ПРЕКУ ИНТЕРВЕНТЕН УВОЗ НА ЈАГЛЕН ДО УБЛАЖУВАЊЕ НА СТРУЈНИОТ УДАР ВРЗ СТОПАНСТВОТО**



Да се формира Гарантен фонд преку државните институции како гаранција и заштита на компаниите кои набавуваат електрична енергија на слободниот пазар од лиценцирани снабдувачи во услови на драстични скокови на берзанските цени на електрична енергија каква што е сега ситуација. Ваквото барање денеска беше испорачано од бизнисмените членки на Стопанската комора на Северна Македонија на состанокот со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ м-р Марко Бислимовски и директорот на АД ЕСМ Васко Ковачевски.Состанокот беше организиран на иницијатива на Комората по реакција на повеќе компании членки кои се соочуваат со драстично зголемување на цената на електричната енергија од снабдувачите, како и најави за раскинување на договори на многу не коректен, не професионален и не еснафски начин.

***5.10.2021***

**ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ, КВАЛИТЕТНА ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА И ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА – ПРИОРИТЕТ ВО ДОМУВАЊЕТО**



Претседателот на Групацијата за домување при Стопанската комора на Северна Македонија, Васе Самараков, оствари работна средба со новиот претседател на Регулаторната комисија за домување, м-р Зоран Маџовски. Предмет на дискусијата беа актуелните проблеми на лиценцираните управители и потребата од нивно актуализирање, во делот на реализирањето на започнатиот процес на измени на Законот за домување и негово усогласување со повеќе други закони. За членките на Групацијата при Стопанската комора на Северна Македонија од особено значење е и воспоставувањето сериозен систем за контрола на работата на лиценцираните управители, во насока на елиминирање на нелојалната конкуренција на пазарот и почитување на принципите на пазарно дејствување.

***25.10.2021***

**АЗЕСКИ НА РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ОСМАНИ**




Ко-претседателот на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум со седиште во Трст и претседател на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, придружуван од д-р Горан Свилановиќ, советник на претседателот на Комората за регионални прашања, на работна средба со министерот за надворешни работи Бујар Османи. Фокусот на разговорите е регионалната соработка и можностите за нејзино продлабочување.

***28.10.2021***

**ИНТЕРВЈУ НА СПЕЦИЈАЛНИОТ СОВЕТНИК ЗА РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГОРАН СВИЛАНОВИЌ ЗА МИА: ОТВОРЕН БАЛКАН НЕ Е КОНКУРЕНЦИЈА НА КИФ, НИТУ НОВА АГЕНДА – ЦЕЛТА Е САМО ДА СЕ ДВИЖИМЕ ПОБРЗО НАПРЕД**



Скопје, 28 октомври 2021 (МИА) – Не гледам конкуренција меѓу Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и Отворен Балкан, ниту некаква поделба или отфрлање на другите земји. Работата е Северна Македонија, Србија и Албанија да не чекаат, да одат малку побрзо, а да бидат отворени за сите останати. Другите треба да согледаат дали овие три држави договорија и прават нешто вистински корисно и ако да, да речат: „па ајде и ние", вели во интервју за МИА поранешниот генерален секретар на Советот за регионална соработка и дипломат, Горан Свилановиќ. Според него, деловната заедница и луѓето од регионот воопшто, бараат конкретен бенефит и операционализација на соработката дефинирана на хартија.Свилановиќ во интервјуто зборува за бизнис потенцијалите на регионот и нивната (не)искористеност, за воспоставувањето заеднички регионален пазар и за потребата од усогласување на инвестициските политки, но се осврнува и на владеењето на правото, како и на евроинтеграцискиот процес.

***10.11.2021***

**АЗЕСКИ И КОМОРАТА ВО УСЛОВИ НА КРИЗА ОБЕЗБЕДИЈА 23 НАЈСОВРЕМЕНИ МАШИНИ ЗА 4 КОМПАНИИ ВО ВРЕДНОСТ ОД ПОЛОВИНА МИЛИОН ЕВРА ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ**

*„ТМ" Штип и „АгроБар" Виница две од 4-те компании кои со нова автоматизирана опрема станаа извозно поконкурентни во настапот на странските пазари*

Денеска (10.11.2021 година), претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, во придружба на потпретседателите на Комората, Глигор Цветанов и м-р Анета Трајковска, ќе посетат две компании во источна Македонија, за кои Стопанската комора (заедно со уште други две фирми) за прв пат обезбеди директна финансиска поддршка во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој во износ од 499.905 евра, за набавка на 23 машини

во 4-те фирми, потребни за зголемување на конкурентноста на производите.Главната цел на проектот беше зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците и раст на извозната конкурентност на компаниите преку набавка и инсталирање на нови машини и опрема.Вкупниот буџет на проектот е во вредност од 1.088.536 евра. 40% од средствата се неповратна помош преку проектот на Комората од ФИТР, додека останатите средства се ко-финансирање од страна на компаниите. Дополнителна придобивка за компаниите е што имаа можност за поврат на ДДВ, кој се плаќаше при набавка на самите машини, што значи дека неповратниот грант за компаниите изнесува околу 50%. Компанијата ТМ Штип со набавка на три автоматизирани машини во вредност од 242.000 евра го подобрува производниот капацитет, квалитетот на финалните производи и ја зголемува ефикасноста на трошоците. АгроБар Виница со нови три автоматизирани машини и компресор за производство на земјоделска механизација вредни 216.000 евра, целосно го автоматизира процесот на производство што значително ја зголемува можноста за нова производна палета на нови производи за потребите на компании од други индустрии во регионот и пошироко.Успешно реализираниот проект на Комората со кој, преку директна финансиска поддршка се поттикна поголема конкурентност на 4-те македонски компании што стимулира поголема извозна активност, е само потврда дека Фондот за иновации и технолошки развој треба и следната година да проектира финансиска поддршка на бизнисот и тоа да преставува континуирана програма за поддршка на стопанството.

***11.11.2021***

**ПРОДОЛЖУВА ПОСЕТАТА НА АЗЕСКИ НА КОМПАНИИ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН**



Денеска (11.11.2021 година) претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, во придружба на потпретседателите на Комората, Глигор Цветанов и д-р Елена Милевска-Штрбевска, ќе оствари работни средби во Виница и во Штип со компании од источниот регион, активни долгогодишни членки на Комората, кои се меѓу најуспешните компании од овој регион според годишниот промет и според приходите („Макпрогрес“ – Виница, „Амфенол технолоџи Македонија“ – Кочани, „Винербергер“ – Виница, Рудниците „Саса“ и „Бучим“, „Мебел ви“ – Виница, „Европа 92“ – Кочани, „Мода“ – Свети Николе, „Оаза“ – Штип, „Албатрос“, „Вабо“, „Кит го“ и „Зендолино“ – Штип и други).На средбите ќе се разговара за тековните прашања и предизвици со кои се соочуваат компаниите од овој регион, за енергетската ситуација во земјава и за можностите за справување со недостигот на електрична енергија на домашниот пазар во наредниот период, како и за прашањата поврзани со владеењето на правото и на правната држава. Во посета на „АгроБар“ – Виница и на „ТМ“ – Штип Стопанската комора на Северна Македонија во континуитет ги следи потребите на своите компании членки и презема конкретни решенија за соочување со големиот број предизвици. Во контекст на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, на средбите ќе се разговара за подигнување на свеста кај деловните субјекти за можноста споровите да се решаваат со арбитража, наместо преку суд, низ долгите и неефикасни судски постапки.Доста се жалевме на тешкиот пат до правдата. Време е да почнеме да ги користиме алтернативните алатки за решавање на споровите и што почесто во трговските договори да ја користиме препорачаната арбитражна клаузула на Постојаниот избран суд – Арбитража, која функционира како независна институција при Комората, за да дојдеме на полесен начин до правдата, со брза и со ефикасна постапка. Да ги промениме пристапот и начинот на размислување, да бидеме проактивни и да ја развиваме арбитражната култура и свест и кај нас!

*12.11.2021*

**АЗЕСКИ - ЗА ОДДРЖЛИВ РАЗВОЈ ПОТРЕБНИ СЕ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АНАЛИЗИ, А НЕ ПАУШАЛНИ КОНСТАТАЦИИ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, со потпретседателката д-р Елена Милевска-Штрбевска и в.д. Оперативниот директор за развој, иновации и знаења во Комората м-р Михајло Донев, денеска (12.11.2021 година) присуствуваат на свеченото отворање на „Винчини Центарот за развој и Прогресив Академија" во Виница, под слоганот – НОВИ ПАТИШТА ЗА УСПЕХОТ ВО РЕГИОНОТ.Проектот кој Макпрогрес доо Виница успешно го реализира во услови на една од најголемите светски здравствени кризи со сериозни економски импликации јасно ја покажува определбата на компанијата за континуирано инвестирање во еден од клучните предуслови за развој – стручен и соодветен кадар. Следејќи ги моделите на развиените земји со потврден квалитетен систем на образование, Макпрогрес реализира уште една во низата успешни бизнис приказни. Кон крајот на 2019 година одлучува да инвестира во развоен центар за нови производи и решенија со своите вработени, бизнис партнери, добавувачи, старт- ап компаниите, академската и научната фела, учениците од дуалното образование и младите како би одговориле на предизвиците на создавање на квалитетни производи и решенија во прехранбената индустрија, за одржлив развој на регионот.Овој концепт на работа, преку научно – истражувачки анализи да се развиваат иновативни производи, треба да бидат пример за компаниите дека само така се доаѓа до поуспешни, конкурентни фирми препознатливи и кај нас и ширум светот, а академиите кои се насочени кон професионална надградба на нивните стручни кадри, но и на извршните менаџери секако дека ќе придонесат за развојот на бизнис-секторот во овој регион, а со тоа и во државата.„ВИНЧИНИ ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРОГРЕСИВ АКАДЕМИЈА" ВО ВИНИЦА Инвестирањето во образование на кадри за потребите на бизнисот е една од клучните заложби и на Стопанската комора на Северна Македонија, за што веќе се преземаат и конкретни чекори преку секторот за развој, иновации и знаења при Комората, односно преку Советот за унапредување на високото образоавние, во насока на усогласување на понудата со побарувачката на работна сила, од една страна, како и поттикнување на инвестициите и извозот, од друга страна, како претпоставка за стабилна и развојна економија. Анализите кои ги прави Комората од областа на пазарот на трудот, покажуваат дека нам ни е потребно токму она што го прави сега Макпрогрес со овој проект, а тоа е потесно специјализирање на кадарот и насоченост кон иновации и развој имајќи го предвид податокот дека 53% од новите работни места бараат стручно образование во определена област. Истражувачките и развојните центри треба да бидат клучната основа од каде што треба да се појде при градењето на стратегиите и дефинирањето на чекорите за натамошно придвижување напред, на економски план. Научно-истражувачки анализи, а не паушални констатации е нашето мото!

***12.11.2021***

**МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ОБЈЕКТ, ЦЕНТАР ЗА АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊЕ, ЛАБАРАТОРИИ, АКАДЕМИИ – СТРАТУВА СО РАБОТА „ВИНЧИНИ ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ПРОГРЕСИВ АКАДЕМИЈА" ВО ВИНИЦА**




Макпрогрес доо Виница, еден од водечките производители на кондиторски производи во Југоисточна Европа, денес и официјално го отвори новоизградениот Винчини центар за развој и Прогресив Академија во Виница. Овој центар ќе биде двигател на иновации и развој на таленти преку подобрување на техничките и менаџерските вештини, помагање на стартапи, поддршка на млади професионалци и соработка со заедницата, приватниот сектор и академијата, за одржлив развој на регионот.

Прогресив Академија е отворена за соработка со приватниот сектор, невладините организации, средните училишта и универзитетите, како и општините, владата и меѓународната донаторска заедница.

***19.11.2021***

**ПРОМОВИРАН ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА 4 МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ ПРЕКУ СТОПАНСКАТА КОМОРА СО ПОЛОВИНА МИЛИОН ЕВРА**



Дваесет и три машини и дополнителна опрема за 4 компании („ТМ" – Штип, „АгроБар" – Виница, „Братство" – Охрид и „Раде Кончар" – Скопје) обезбеди Стопанската комора на Северна Македонија за прв пат, преку директна финансиска поддршка во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој со поддршка од Светската банка, во вредност од половина милион евра. Главната цел на проектот беше зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците и раст на извозната конкурентност на компаниите преку набавка и инсталирање на новите машини и опрема.

За соодветно презентирање на концептот на проектот насловен „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро- и машинскиот сектор, преку подобрување на производните и на технолошките способности на извозно ориентираните МСП", на настанот беше организирано видеопрезентирање на машините, опремата и на вкупната производствена активност на четирите компании вклучени во процесот („Раде Кончар ТЕП", „Братство ИНОКС" – Охрид, „АгроБар" – Виница и „ТМ" – Штип).

***23.11.2021***

**ОДРЖАН СОСТАНОК НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВНИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ЗА ПРОГРАМА ЗА ВОЕНА И ЗА ЦИВИЛНА НАМЕНА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА НБРСМ И НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ**



На иницијатива на компаниите членки на Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и за програма за воена и за цивилна намена при Стопанската комора на Северна Македонија, денеска се одржа состанок со претставници на Народната банка на РСМ и на дел од деловните банки, на кој се истакнаа проблемите околу секојдневното работење со кои се соочуваат компаниите во тековното работење со деловните банки, а кои се однесуваат на одбивањето за кредитирање, издавањето банкарски гаранции, пречките на девизен платен промет, дури и на враќањето на веќе добиени дознаки од странство. Состанокот го отвори г-ѓа Емилија Нацевска, вицегувернер на НБРСМ, која ја истакна потребата од интегриран пристап на целокупната ваква работа, да се слушнат и да се согледаат проблемите на самите компании и да се изнајде решение за оваа високоризична дејност, за да се олесни работењето на самите компаниите. Во случај да има сомневање за работењето на фирмите, детално да ги побараат сите потребни документи, а не да ги враќаат приливите без знаење на компаниите за кои се наменети.

***27.11.2021***

**БЕЗ ПОЛИТИЧКИ КОНСЕНЗУС, ДРЖАВАТА НЕМА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**СО ЕУРОНИКЕЛ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО И ИЗВОЗОТ, СО ЈАНЧЕВ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, СО НАУМОВ ЗА БИЗНИС КЛИМАТА**



„Блиската соработка и редовна комуникација меѓу бизнис секторот и Стопанската комора на Северна Македонија е клучна во обезбедување што подобри услови за работа на компаниите, земајќи предвид дека Комората е гласноговорник на бизнис заедницата. Во таа насока, денеска на средбата со претседателот на Комората Азески и делегацијата на СКСМ која ја предводеше претседателот Азески, ги презентиравме нашите досегашни и тековни активности, но и идните планови кои вклучуваат сериозни инвестициски проекти, насочени пред сè кон енергетската и еколошката ефикасност, кои истовремено значат подобрување на процесните параметри и зголемување на нашата конкурентност", изјави Герасим Кујунџиев, прв генерален директор на Еуроникел Индустри. При тоа, ја потенцира исклучително важната улога на Комората во поддршка на компаниите за постигнување на што повисок раст и профит и го убеди раководството на Еуроникел дека Комората е активно вклучена во процесите за изнаоѓање решенија за проблемите врзани со здравствената и енергетска криза. Делегацијата на стопанската комора оствари средба и со претседателот на Регионалната комора на Кавадарци при Стопанската комора Никола Наумов, сопственик на компанијата Градба Промет, градежна компанија која веќе 30 години успешно опстојува на пазарот. Посетата, претседателот Азески ја искористи да му го честита новиот мандат на градоначалникот Јанчев, долгогодишен претседател на Регионалната комора во Кавадарци и еден од сопствениците на Кожувчанка, а на средбата беше акцентирано дека за бизнис секторот на локално ниво врвен приоритет е децентрализацијата како основен предуслов за локален економски развој.

*01.12.2021*
## АЗЕСКИ И ПЕЦАКОВ – САМО ЗА ЕКОНОМИЈАТА И ЗА ТУРИЗМОТ



Денеска во Охрид се оствари средба на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, и на градоначалникот на градот Охрид, Кирил Пецаков. На средбата, на која претседателот Азески му го честиташе изборот за нов градоначалник на Охрид и му посака успех во неговата работа, се разговараше и за прашањата поврзани со децентрализацијата, со потенцијалите за заеднички проектни активности во рамките на програмите на ЕУ, како и со Коморскиот инвестициски форум и со другите меѓународни организации. Охрид, како најголем туристички центар, има одлична соработка со Здружението на угостителството и туризмот при СКСМ и затоа ќе се вложат дополнителни напори за продлабочување на соработката во оваа област. Туризмот, во заложбите на Комората, има приоритетно место за добивање статус на извозно-ориентирана дејност, со што конкретно ќе се смени и односот на државата кон гранката која има потенцијал да направи раст.Во тој контекст, посебно се разговараше за здравствениот, алтернативниот и за спортскиот туризам, кои не можат да достигнат повисоко ниво доколку не дојде до брза реализација на инфраструктурните проекти, како што е завршувањето на изградбата на автопатското решение Кичево – Охрид и на меѓународниот магистрален пат Охрид – албанска граница. По завршувањето на средбата, претседателот Азески, во својство на копретседател на КИФ, отпатува во Тирана, каде што ќе учествува на Меѓународниот саем во Тирана, како најважен саемски настан во Албанија и како еден од најважните настани од својот вид во Западен Балкан, кој нуди излагачи од повеќе земји, со просечна посетеност од 20.000 гости од издание.

*01.12.2021*
## НЕМА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ БЕЗ РЕФОРМИ И ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЦАТА

Извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија м-р Антони Пешев, реализираше работна средба со новиот генерален директор на компанијата Либерти Скопје г-н Арџун Залани. На средбата г-н Залани, ја презентираше својата визија за развој на компанијата чија цел е да произведе безбеден челик, но и да обезбеди услуга со краток рок на испорака на истиот до клиентите. Клучен проблем на оваа компанија изминатите денови беше прекинот во железничкиот транспорт во нашата држава, а на средбата се констатираше дека по серијата интензивни контакти и интервенции до надлежните институции проблемот со петдневниот прекин на транспортот е надминат, но и во иднина останува неизвесноста предизвикана од неквалитетниот железнички сообраќај во државата и во регионот.

***02.12.2021***

**СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (WTO), МЕЃУНАРОДНАТА СТОПАНСКА КОМОРА (ICC) И МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР ЗА ТРГОВИЈА (ITC) ЈА ПРОГЛАСИЈА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН ЗА 2021 ГОДИНА**




Наградата „Дигитален шампион" Комората ја доби за Проектот за дигитализација на процесите и издавање е-документи од страна на Комората, што им се потребни на македонските компании во надворешно-трговското работење

Денеска во 14:30 часот, потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Елена Милевска Штрбевска, ќе ја прими наградата ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН, на овогодишната редовна Министерска конференција на Светската трговска организација, во конкуренција на над 100 поднесени апликации од сиот свет. Процесот на дигитализација го започнавме кон крајот на 2020 година и, во соработка со нашиот партнер „Некстсенс" ДОО Скопје, во мај 2021 година успешно го завршивме, со интегрирано решение за дигитална трансформација на деловните процеси, што ќе ги замени сите хартиени процеси на подготовка и на издавање дигитални, безбедни, правно-обврзувачки и верифицирани документи. Нашата дигитална платформа е токму тоа. Наградата е потврда за постигнатиот напредок во работата и претставува поттик за сите нас и натаму да продолжиме да ги развиваме своите напредни идеи и да им служиме на своите членки. Стратешка цел на Комората е да работи во интерес на своите членки, да поттикнува постојан напредок, преку воведување иновативни форми и методи на работа, и да ги зајакне сопствените капацитети. Компанините со овој проект добија скратување на времето потребно за добивање на документи за 82%, скратување на трошоците за поднесување и подигнување на документите на 0, без трошоци за печатење, добија дигитално потпишан документ во согласност со регулативата на ЕУ и бр. 910/2014 (регулатива eIDAS) и е компатибилен со стандардот PAdES (PDF Advanced Electronic Signature) за дигитално потпишување. За нас не е изненадување што оваа награда доаѓа однадвор. Исус Христос уште пред 2000 години, според Евангелието на Матеј, кажал дека „секаде ќе добиеш признание освен дома". На тоа ние само ќе додадеме дека ја почитуваме историјата, но ја претпочитаме иднината и ова го сметаме за поттик кој ни го покажува патот по кој ќе одиме.

***03.12.2021***

**ЗА ПРВ ПАТ ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ФИРМИТЕ ОД РЕГИОНОТ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија и копретседател на Коморскиот инвестициски форум Бранко Азески во придружба на потпретседателката на Комората д-р Елена Милевска Штрбевска, учествуваа на отворањето на меѓународниот саем во Тирана. Во рамки на македонската делегација, претставниците на „Пекабеско" АД Скопје, „ИМВ" Битола, „Кораб Трница", „Агро Вардарие", „Биомарел Шитаке" „Даути Комерц" и „Центрофрута", преку Б2Б средби, промоции, дегустации,ги презентираа своите производи и потенцијалите за продлабочување на соработката на пазарите во останатите земји од Западен Балкан. Во присуство на амбасадорот на РС Македонија Н.Е. Данчо Марковски, претседателот Азески оствари разговори со бизнис делегацијата и околу можностите и програмите што ги нуди Коморскиот инвестициски форум за бизнис секторот. По паузата минатата година, Меѓународниот саем во Тирана преставува добра можност за компаниите од регионот на ЗБ6 да ги презентираат своите производи, да ги зајакнат

постојните и истражат нови можности за извоз, како и да воспостават нови деловни односи со партнери од Албанија, останатите земји од Западен Балкан или пак други земји.Во рамки на саемските активности Претседателот на Комората Бранко Азески заедно со господин Светозар Јаневски, член на бизнис советот на КИФ, оствари ја деловни средба со истакнатиот албански бизнисмен Васил Наци и најуспешните албански бизнисмени.Во текот на денешниот ден Азески заедно со заменикот на претседателот во Владата на РСМ задолжен за економски прашања и координација на економските ресори и инвестиции м-р Фатмир Битиќи во Тирана ќе остварат дополнителни деловни средби.

***9.12.2021***

**ЗГОЛЕМЕНИ ТРОШОЦИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ ВО УСЛОВИ НА НИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ**



Присутните дискутираа за состојбите во градежништвото анализирани низ призмата на економските индикатори, за предизвиците во секојдневното работење и за планираните активности за следната година. Осврт беше даден и на поднесените иницијативи со кои градежниците побараа донесување на пакет антикризни економски мерки за поддршка на секторот, отстранување на нецаринските бариери за градежните производи во земјите од регионот, како и појаснување на обврската за ангажирање на домашни капацитети при реализација на проектите за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп - Битола).

***13.12.2021***

**БЕРЗАТА ДО КОМОРАТА, ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ БЕШЕ ТРАНСПАРЕНТЕН И ВО КОНСУЛТАЦИЈА СО КОТИРАНИТЕ ДРУШТВА**

Првичната иницијатива е испратена од Стопанската комора на Северна Македонија на ден 3.11.2021 година во која покрај одложувањето на примената, се наведува дека процесот на донесување на Кодексот е спроведен без консултација на бизнис заедницата. Одговор од Македонска берза АД Скопје е добиен на 15.11.2021 година во кој наведуваат дека постојната временска рамка за почеток на примена на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза, донесена од страна на Одборот на директори на Берзата на 20.09.2021 година, и новиот Кодекс за корпоративно управување на котираните друштва на Берзата не треба да се менува и дека процесот на донесување на кодексот бил транспарентен и во консултација на котираните друштва.На овој допис, Стопанската комора на Северна Македонија повторно одговара, но овој пат, со иницијатива потпишана од страна на самите котираните друштва кои имаат обврска за негова примена. Во иницијатива самите компании своерачно потпишани апелираат, укажуваат и бараат одложување на неговата примена од пролетта 2023 година, односно со вградување на соодветната Изјава во годишните извештаи за работа за 2022 година. Компаниите со своето потпишување на заедничка иницијатива, го потврдуваат фактот дека консултација со бизнис заедницата во делот на почеток на нејзината примена не е извршена и укажуваат дека работат

во исклучително тешки услови на стопанисување, во услови на здравствената, економската и енергетската криза, која наметнува огромни активности и дејствиа насочени кон одржување на нивната деловна активност, односно насочена кон одржување и зголемување на нивната конкурентност, продуктивност, настап на странски пазари и сл. и повеќе од потребно е да им се овозможи и излезе во пресрет на оваа иницијатива.Стопанската комора на Северна Македонија, како најголема бизнис асоцијација во Република Северна Македонија во функција на застапување на интересите на членовите веќе еден месец и половина, со две иницијативи упатени до Македонска берза АД Скопје укажува, бара и посочува на неодложната потреба од одложување на примена на Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза и на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза АД Скопје кои се објавија и стапија на сила од 26.10.2021 година и нивната примена да отпочне од пролетта 2023 година со вградување на соодветната Изјава во годишните извештаи за работа за 2022 година.

***17.12.2021***

**КОМОРАТА УСПЕА ВО БАРАЊЕТО ЗАКОНСКИ ДА СЕ УКИНАТ ИЛИ НАМАЛАТ ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ ЗА 260 СУРОВИНИ И РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ**

*Со тимска работа на Стопанската комора, Министерството за финансии и Царинската управа до заедничка цел - обезбедување на поволни услови за работа на компаниите*




Трајното укинување или намалување на царинските стапки кај околу 260 суровини и репромтеријали кои се користат во производствениот процес кај компаниите кои се претежно извозно ориентирани ќе овозможи повеќе од 13 милиони евра (што досега се плаќаа на име на царински давачки) да останат во компаните, во насока на поддршка на нивната извозна конкурентност. Тоа треба да е пример како треба да се соработува и со другите владини институции и органи, вели Азески, изразувајќи благодарност до министерот за финансии. Со измените на Законот за царинска тарифа, кои неделава ги донесе Владата, на системски начин, трајно се пристапува кон усогласување на нивото на царинска заштита со актуелните потреби на домашната индустрија. Овие измени значат и хармонизација со царинските стапки кои се применуваат во ЕУ, посочи м-р Анета Димовска менаџер во стручната служба на Комората. Така, намалените царински стапки на ќе влијаат на конкурентноста на компаниите од преработувачката индустрија, пред сé на компаниите од автомобилската, електро-металната индустрија, металургијата, хемиската, како и на текстилната и кожарската индустрија.

***17.12.2021***

**ПРОФЕСОР Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ**



Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија одржа изборна седница на која за нов претседател е избран проф. д-р Дарко Лазаров, професор на Економски факултет - Штип во областа на меѓународна економија и бизнис, директор на Меѓународниот Институт за Бизнис Анализа и долгогодишен соработник на Стопанската Комора на Северна Македонија. Проф. Лазаров образложи дека согласно концептот

за работа на Клубот на извозници ќе ги продолжи своите првично поставени задачи и цели насочени кон поддршка на домашните извозно ориентирани компании преку идентификување на нови извозни можности и создавање на реални услови за освојување на нови пазари, воспоставување на нови трговски релации, пазарни врски и форми на соработка со потенцијални трговски партнери, како и надминување на различните околности и пречки кои се поврзани со пристапот до нови пазари за домашните извозно ориентирани компании.

***20.12.2021***

**ФОРМИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОДГЛЕДУВАЧИ И ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА КАНАБИС И ПРОДУКТИ ОД КАНАБИС**



На иницијатива на компании одгледувачи и производители на канабис во Стопанската комора на Северна Македонија денес беше формирана Асоцијација на одгледувачи и производители на канабис и продукти од канабис. Љупка И. Самарџиска, менаџер на Организациона целина за претставување на членките и вмрежување истакна дека Стопанската комора, согласно интересите и барањата на своите членки, како една од клучните определби го поставува и прашањето за активно вклучување на бизнис-заедницата во процесот на креирање политики, како и искажување на интересите на членките на Комората пред надлежните државни органи и институции, посебно во подготвувањето на стопанското законодавство и мерките и механизмите на стопанскиот систем. Претставници на компаниите - членки на Асоцијацијата порачаа дека мисијата на истата е да се промовира индустријата за канабис како одговорна, одржлива и инклузивна индустрија и да се работи на создавање економска и регулаторна средина за оваа индустрија во државата, претставувајќи ја како легален и сигурен бизнис, како и респектабилна и просперитетна дејност. Во оваа индустрија во Северна Македонија досега има издадено лиценци за работа на 66 компании, кои вработуваат над 1.000 вработени и се инвестирани над 500 милиони.

***22.12.2021***

**ГРАДЕЖНИЦИТЕ НА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Состојбите во високоградбата и инфраструктурата, импликациите од ценовните поскапувања на градежните материјали и производи врз трошоците за изведба, нелојалната конкуренција од увозот на градежни производи, реализацијата и администрирањето на отпочнатите капитални проекти и планираните инвестиции беа темите за кои претставници на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите разговараа со министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски. Министерот за транспорт и врски во опсежната дискусија вети дека сериозно ќе ги разгледа барањата на градежниците и дека ќе се заложи за изнаоѓање на решенија кои ќе ги ублажат ценовните шокови во делот на градежните производи, како и за доследна и воедначена примена на Законот за јавни набавки во делот на пребивањето на вишоците со кусоците што во моментот различно се толкува од страна на договорните органи и создава проблеми во практиката.

***22.12.2021***

**Прес – конференција - Итно решавање на приоритетните барања за да опстои една од клучните гранки на македонската економија**




Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали, Андреа Серафимовски и министерот за транспорт Благој Бочварски дадоа изјави за медиумите за состојбите во инфраструктурата, импликациите од ценовните поскапувања на градежните материјали и производи врз трошоците за изведба во високоградбата и нискоградбата, реализацијата и администрирањето на отпочнатите капитални проекти и планираните инвестиции. Претседателот уште еднаш ги пред јавноста ги презентираше приоритетните барања на градежниците и поднесените иницијативи до институциите.

***28.12.2021***

**ПОСЕТА НА СТУДЕНТИТЕ ОД АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН И НИВНО ЗАПОЗНАВАЊЕ СО УЛОГАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




На 28.12.2018 година (вторник), како резултат на потребата од запознавање со улогата на Стопанската комора на Северна Македонија, која е репрезент и застапник на интересите на стопанството, како и со услугите што ги обезбедува Стопанската комора на Северна Македонија за компаниите членки, во посета на Комората беа студенти од Американскиот универзитет на Европа – ФОН. Посетата беше иницирана од претседателот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, м-р Сефер Цаноски, и од проф. д-р Нада Петрушева, професорка на Економскиот факултет при АУЕ – ФОН, а со задоволство прифатена од претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, г. Бранко Азески. Имено, Американскиот универзитет на Европа – ФОН е првиот приватен универзитет во Република Северна Македонија. Започнал во 2003 година како Факултет за општествени науки, сè до април 2020 година кога Универзитетот ФОН донел одлука да го промени своето име во Американски универзитет на Европа – ФОН (American University of Europe – FON / AUE – FON). Со улогата на Стопанската комора како институција која ги застапува интересите на сите стопански субјекти членови на Комората, студентите беа запознаени од д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател во Стопанската комора на Северна Македонија. Сигурни сме дека Американскиот универзитет на Европа – ФОН, преку ваквиот современиот начин на настава и на интерактивна работа, преку кој студентите ќе се запознаат со работењето на Стопанската комора на Северна Македонија и ќе ги видат и практично реалните потреби на компаниите, успешно ќе ги оствари целите и задачите на квалитетна и на модерна високообразовна институција.

***29.12.2021***

**АЗЕСКИ ВО МАКСТИЛ, РЕПЛЕК КАЈ АЗЕСКИ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, со делегација на Комората ја посети компанијата Макстил каде разговараше со генералниот директор Иван Бановски и извршниот директор Петар Јаневски. Тема на разговорите беше снабдувањето со енергенси, транспортот и имотно правните односи кој се ограничувачки фактор за раст и развоја на компанијата.

***30.12.2021***

**СООПШТЕНИЕ ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА**



Од почетокот на месец октомври годинава Стопанската комора на Северна Македонија презема чекори и дејствија со цел поддршка на македонските компании и обезбедување на потребните количини енергенси по најдобри можни цени во услови кога вредноста на струјата на светските берзи се продава, и до пет пати поскапо, од онаа која се набавуваше пред само неколку месеци. По реакција на македонските компании дека имаат проблем со најави за зголемување на цената на електричната енергија на слободниот пазар од лиценцираните снабдувачи, реализираниот состанок на 8.10.2021 година со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, директорот на државното ЕСМ, претставници на Владата, кабинетот на премиерот во присуство на компании на состанок организиран во хибридна форма, следуваа и серија други состаноци на оваа тема на различни нивоа во изминатиот период во кој се разговараше за повеќе опции.

# КОЛУМНИ И СТАВОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА, БРАНКО АЗЕСКИ



***14.1.2021***

## НАРЕДНИОТ МЕСЕЦ ЌЕ СЕ ФОРМИРА ЗАЕДНИЧКИ БИЗНИС КОМИТЕТ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР



Денеска во работна посета на Република Грција ќе престојува министерот за надворешни работи, г. Бујар Османи. Нормално е секоја таква посета да предизвикува внимание, особено во периодот во кој се наоѓаме. Според Преспанскиот договор, предвидени се определени обврски за двете страни. Нас нè интересира економската соработка и затоа денеска ќе презентирам неколку факти.

1. Ја поздравувам иницијативата на министерот Османи да ги консултира коморите за економската соработка пред својата посета, што сметам дека треба да стане вообичаена пракса.
2. Република Грција е наш значаен економски партнер. Со неа делиме граница од 234 км. Република Грција има БДП од глава на жител од 24.588 американски долари, извоз од 92,925 милијарди американски долари и е еден од нашите пет најголеми трговски партнери. Трговската размена за периодот јануари-ноември 2020 година изнесува 639,6 милиони американски долари и оваа година таа е нашиот петти трговски партнер.
3. Со Грција имаме потпишано и еден билатерален договор, освен Преспанскиот, а тоа е Привремената спогодба од 1995 година, која овозможуваше основна, но и недоволна рамка за економска соработка. Затоа, денеска е моментот, покрај нашите десетина коморски иницијативи, конечно да се симне од дневен ред потпишувањето на договорите за одбегнување на двојното оданочување и за трговската и царинска соработка.
4. Од потпишувањето на Преспанскиот договор, 17 јуни 2018 година, реализирани се средби со мене и со претседавачот на грчката бизнис-асоцијација, кај нас, на 17 септември 2020 година, како и со генералниот секретар на МНР на Грција на 23 април 2019 година; презентирани се мастер-студиите на ИЦБС, бизнис-колеџот од Грција, на 18 јуни 2019 година; одржан е бизнис-форум во атинската Комора на 30 ноември 2018 година и голем бизнис-форум кај нас, меѓу

македонските и грчките бизнисмени на 2 април 2019 година, како и бројни средби со регионалните комори на Грција и со менаџментот на Солунското пристаниште.

5. Останува обврската за конституирање на Бизнис комитетот, која поради кризата со короната е одложена, а меѓународната група на експерти да ја заврши својата работа околу трговските марки. Со Унијата на грчките комори во моментов работиме на заеднички проект преку Програмата „Балмед".Тоа се фактите. Пред нас стојат многу обврски што треба да ги исполнат очекувањата на бизнисмените за интензивирање на соработката по потпишувањето на Преспанскиот договор. Тука, пред сè, мислам на големиот трговски дефицит од наша страна, кој изнесува 276 милиони американски долари, и на зголемувањето на грчките инвестиции и нивното враќање како наш втор трговски партнер од 2017 година. За тоа е потребно македонската бизнис-заедница да ги зголеми своите ангажирања, а нашата држава што побргу да ги склучи договорите за одбегнување на двојното оданочување и за трговска и царинска соработка.

П.С. Корона-кризата ги забави очекуваните позитивни економски поместувања и затоа денешната средба ја разбираме како почеток за надоместување на времето што е изгубено, затоа што за бизнисот се важни и стабилноста и предвидливоста на нашите односи, но и брзината како незаобиколен фактор.

***18.1.2021***

**МОСТОВИ, НОВИ УСЛУГИ И ДОБРИ ПРИМЕРИ**



Редно е новата година да ја започнеме со поголема верба во совладувањето на актуелните проблеми поврзани со здравствено-економската криза. За тоа е потребно многу мудрост, упорност, ризик и по малку среќа. Во наредните мои обраќања, малку неочекувано, ќе започнеме со претставување на најстарите и најубави македонски мостови, како симбол на бизнис-асоцијациите, чија улога е и да ги премостуваат проблемите.Мостовите не претставуваат само премин од едно кон друго место, од еден кон друг град и од еден кон друг континент. Мостовите се премин и од едно во друго време и од едно во друго размислување, верба, надеж. Мостовите спојуваат држави, народи, вери, религии, истории, времиња и периоди. Мостовите претставуваат моќ која ѝ пркоси на природата и која неможното го прави можно.Елен-скок или Елен-мост . Така се вика мостот наспроти селото Могорче, кој ја премостува Гарска Река. Изграден е кон средината на 18 век, на патот што ги поврзувал населените места од Дебарската и од Полошката Котлина, а минувал низ Галичник, Маврово и продолжувал натаму кон Гостивар. Мостот претставува редок пример на мајсторството на градителите со невообичаената градба на еленски скок, со архитектурата и со поставеноста во просторот. Изграден е од делкан камен со само еден свод, дело на архитектот Мимар Хајрудин, кој го градел и Стариот мост на реката Неретва во Мостар. Мост по кој врвел обичниот патник, но и прочуениот Дичо Зограф, кога одел да го изработува познатиот иконостас во Бигорскиот манастир.Втората работа што ќе ги обележува овие обраќања ќе бидат апсурдите, затоа што мислам дека е корисно да се споделат со вас. Првиот апсурд на нашата безидејност е светот секогаш да оди во еден правец, а ние во друг. Кога тој се обединува, ние се раздвојуваме; кога тој се реформира, ние спиеме.Дали има причини за тоа?Прво, имаме комплекс на помала вредност, особено како мала земја. Постојано зборуваме за големи проекти, а не можеме да направиме ниту мали. Постојано зборуваме за некои заговори, а 30 години не можеме да сфатиме што ни кажуваат пријателите од Запад за развивање на регионалната

соработка.Второ, многу сме еуфорични. Денес зборуваме за вселената, а утре со мотика по глава ги решаваме проблемите за меѓата. Денес дебатираме за геополитички стратегии, а вечер на песните од Цеца кршиме глави по кафеани. Другите се секогаш подобри и сите несреќи ни се случуваат нам. Тоа зборува дека мора да дојде до промена на менталитетот, а тоа е потребно за да имаме повисок стандард. За да имаме повисок стандард, треба да имаме поголеми стапки на раст. А за да имаме поголеми стапки на раст, треба да имаме консензус во однос на крупните прашања и да работиме двојно повеќе од сега.П.С. Значи, за да градиме мостови кои логистички ќе го помогнат нашиот развој, а кои ќе го променат и нашиот менталитет, потребно е во секое обраќање, секоја недела, да прикажеме по еден пример дали сме успеале во изминатата недела да направиме некаков мост за доброто на нашите членки и дали сме направиле нешто за зголемување на нивниот раст, со што ќе се зголеми стандардот и ќе се менува менталитетот. Јас сум тука да ги поттикнувам тие работи, но и да ги регистрирам.

***25.1.2021***

**ДАЛИ КОНЕЧНО ПРОФУНКЦИОНИРА ВИСТИНСКИОТ ДИЈАЛОГ ДРЖАВА -ПРИВАТЕН СЕКТОР - ПОДОБРО КОМОРАТА ДА ЈА ИМАМЕ КАКО ПАРТНЕР НА ВЛАДАТА ВО КОНЦИПИРАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ ОТКОЛКУ КАКО ОПОНЕНТ ВО НИВНАТА ПРИМЕНА – Харолд Вилсон, британски премиер во 60-тите години**




Како што најавивме во минатото обраќање годинава ќе ја започнеме со позитивни примери од праксата со кои сме успеале да направиме мост за доброто на нашите членки со што ја остваруваме основната наша функција за која постоиме веќе 99 години. Денеска ќе наведеме три такви примери.

I. Позитивни примери

1. Се укинуваат царинските стапки за 71 царинска ознака - Од Владата стигна одлуката за укинување на увозните давачки - царинските стапки за 71 одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија, а предлог листите на производи опфатени со одлуката, која е првата усвоена одлука од новиот Пакет 5 економски мерки за справување со последиците од КОВИД-19, се изготвени од страна на Стопанската комора на Македонија по извршена консултација со компаниите, членки на Стопанската комора од секторите на метало-преработувачката индустрија, металургијата, текстилната и кожарската индустрија. Со одлуката, компаниите се ослободуваат од царинските давачки за една година, кои во 2019 година изнесуваа 162,4 милиони евра, со цел да се зголеми извозната конкурентност на преработувачка индустрија. Ова е постигнато на основа на неколку годишната наша темелна активност и на зачестените средби со Премиерот и со економскиот тим на Владата во последите неколку месеци. Нашата упорност и разбирање на нашите аргументите од страна на Владата, беа пресудни за оваа значајна работа што ќе доведе до подобрување на извозната конкурентност на нашите производи.

2. Повлекување на Законот за минерални сурови - Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини е повлечен од собраниската седница на барање на Македонската асоцијација на рударството при Стопанската комора на Македонија, еден ваков комплексен закон да не се носи во скратена постапка, и поради неговата комплексност да се отвори широка јавна расправа со вклучување на сите засегнати страни.Македонската асоцијација на рударството при Стопанската комора на Македонија со својата упорност успеа да се избори за темелна расправа по еден суштински и обемен закон кој има вкупно 74 члена.

3. Донесен е Законот за попис на населението, домаќинствата и становите - Собранието на РСМ го изгласа Законот за попис, со кој од 1 до 21 април годинава, ќе се спроведе најголемата статистичка операција во државата за прибирање податоци за населението, домаќинствата и становите на територијата на нашата земја кои ќе бидат основа за креирање на макроекономски планирања и развојни политики на државата.Конечно, после 20 години, и покрај специфичниот момент во кој се наоѓаме самиот чин на осмелување да се затвори ова прашање е голем чин затоа што со тоа се испраќа јасна порака до сите дека конечно, отворените прашања што ја дискредитираат нашата држава, ќе почнат да се симнуваат од дневен ред.
II. Мостови Мостовите се симбол на големите градители. Вие го градевте мостот меѓу минатото и иднината. И градителите и мостовите се вечни...Зовичќи мост или Камен мост во с. Зовиќ, Мариовско. Уште еден пример на човековата храброст да ѝ пркоси на природата за да се премости Градешка Река заради комуникација на населението од Зовиќ и соседните села со мариовските села Бешиште и Полчиште. Изграден уште во турско време, првично бил дрвен мост, но поради преоптовареност при транспорт е уништен. Денешниот мост се вбројува меѓу најубавите архитектонски творевини во Мариово. Изграден, 1955 година, од камени блокови со сводна (газела) форма, прилагодена на конфигурацијата на теренот, дело на мајсторот Џуладин од село Лабуништа, Струшко и Трајко Секирков од месното население. Со својата вонвременската импресија, мостот станал инспирација на најпознатиот македонски режисер Милчо Манчевски , да сними дел од својот филм „ Прашина ".

***01.2.2021***

**БЕСИМИ Е ПОЗИТИВНИОТ ПРИМЕР ОВАА НЕДЕЛА**



На мојот повик од минатата колумна, на мое изненадување се јавија десетина менаџери на компании, членки на Стопанската комора на Македонија, кои инсистираа како позитивен пример да се наведе:

1. Невообичаеното однесување на актуелниот министер за финансии д-р Фатмир Бесими. Нивното позитивно изненадување се состоеше од фактот што „тивкиот и работлив" министер, лично и персонално, им се јавувал да направи консултација за прашања за кои, бизнисмените имаат големо искуство, а кои се од интерес за работењето на министерството за финансии. Не, дека и досега, тие немале комуникација со министрите, но да се јави некој и да побара професионална консултација е навистина редок пример. Г-диниот Бесими го познавам од 2005 година кога за првпат беше министер за економија. Од тогаш нашите патишта се вкрстуваа и раздвојуваа, но комуникацијата не престана. Пратејќи го развојот на неговиот професинален пат, и јас можам да потврдам дека се забележува голем напредок, кој сигурен сум ќе резултира со успех, што е од голем интерес и за државата и за бизнис заедницата. Неговите јавувања, и во доцните вечерни часови и рано наутро, се доказ дека е професионално посветен на својата работа. За мене е посебно изненадување и фактот, дека при секоја наша средба, тој забележува како оди реализацијата на нашите барања, а при нашата следна средба написмено ми ги дава одговорите на тие наши барања. Нормално се поставува прашањето каков е досегашниот резултат. Спортски кажано, сè уште во водство е министерството за финансии со негативни одговори, но следењето на нашите барања од страна на министерот, и нашата упорност, ме уверуваат дека тој резултат ќе биде променет во наша корист.
2. Позитивен пример во соработката со државните институции оваа недела имаше и Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија. Најпрво, Советот имаше средба со Претседателот на Републиката, Стево Пендаровски, околу програмата „Млади менаџери и

бизнис-лидери", преку која 20 млади лица ќе посетуваат обуки за стратешко планирање и лидерски вештини. За реализација на програмата осум компании ги ставија на располагање своите капацитети.Исто така, Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство која вообичаено одржува средба со Приемиерот и економскиот тим на Владата, оваа недела беше информирана за текот на реализацијата на активностите договорени на последната средба, одржана на крајот на декември, што значи и таму се воспоставува практика за следливост во извршувањето на заклучоците од секоја претходна средба. Едноставно кажано, некако, како да се чувствува поголема упорност и професионалност барањата на бизнис заедницата да се следат, а не по нивното поднесување да губат секаква трага во бирократските лавиринти.

3. И оваа недела мостовите кои се симбол на големите градители ќе покажеме дека се вечни. Патот не одведе во Кратово на Радин мост, мостот над Манцева Река во градот Кратово, изграден за поврзување и комуникација со Злетово, Лесново, Штип, Кочани и околните градови. Изграден од клепан камен во форма на лак на две високи кули, од кои едната е висока 28, а другата 29 метри, датира уште од 1833 година. Управувањето со градбата му било доверено на познатиот скопски големец Хавзи-паша, а финансиската помош за изградбата е обезбедена од градот Дубровник, благодарение на жителите на дубровничката колонија во Кратово. Изградбата на мостот е поврзана со една потресна приказна според која за да го зацврстат мостот кој постојано се рушел, деветте браќа, градители на мостот, жива ја ѕидале најмладата снаа Рада. П.С. Комората деновиве интензивно работи на подготовката за 99–годишнината од нејзинотот постоење. Бидејќи се наоѓаме во време на пандемија, а сè уште се на сила мерките на претпазливост, ние се одлучивме оваа година да прославиме на невообичаен начин. За првпат во својата историја, Комората наградите ќе ги додели во компаниите и кај поединците кои се годишни добитници. На скромен начин како што доликува ќе тропнеме на портите на најуспешните од минатата година во екипи од тројца претставници како би ги испочитувале мерките на претпазливост. За останатото, уште сега резервирајте си го вечерниот термин на 18-ти февруари за да погледнете што направи нашата најголема бизнис заедница во изминтиов период и што ќе прави до проставата на својата 100-годишнина.

***08.2.2021***

## МОЖНО ЛИ Е ВО ПОСТ КОВИД-19 ПЕРИОДОТ ДА НИ СЕ СЛУЧИ „ТУРИЗАМ"



*Секои нови 4 кревети во туризмот се едно ново работно место. 1000 објекти од по 15 кревети, се 4000 нови работни места*

На почетокот на пандемијата во средината на април 2020 година во една моја колумна во Фокус, насловена „Еден вирус многу прашања, малку одговори", покрај другите констатации наведов и тоа дека во економијата најголеми загуби ќе претрпат дејностите кои се врзани со движење. Туризмот и угостителството навистина претрпеа најголем пад.Ако тој до 2019 година беше во топ три најбрзо растечки индустрии во светот, денеска можеме да констатираме дека е дејност со најголем пад. Во нашата земја туризам, речиси да немаше. Но, искуството ме поучило дека за да тргнеш напред мора да го допреш дното. Заради тоа е потребна организирана акција за определување на стратегијата за развој на оваа гранка во Пост Ковид-19 периодот. Затоа што ефектите од развојот на овој сектор можат да бидат токму додадената вредност и извозниот потенцијал кој што ни е неопходно потребен. Она што ме охрабри да го напишам овој текст е широката расправа која по мерките на Владата ја отворија сите туристичките здруженија во државата. Морам да кажам дека уште пред

6 месеци во разговор со Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, истакнав дека првиот и единствен услов за да се дојде до решението е да се постигне консензус, внатре во секторот. Тоа ќе овозможи прецизно и јасно да се формулира намерата со која што треба да биде анимирана Владата како императивен Извршен орган. И на таков начин да не се води дијалог на глуви, туку веднаш да се тргне во градењето на стратегијата. Нашето Здружение кое ги претставува и најголемите субјекти во овој сектор во доменот на таа заедничка матрица игра многу позитивна улога создавајќи атмосфера на заедништво кое е преку потребно.Ако Владата и ресорните министерства, во изминатиот период се обиделе да размислуваат на ист начин како бизнисот, тогаш нема да има проблем да се усвојат следните мерки кој ќе не доведат до саканата цел.

1. Бесплатни ПЦР тестови за странски туристи и 24 часовен рок за издавање соодветен документ според директивите на Европска Унија на англиски јазик.
2. Довршување на процесот на функционирање на развојните туристички зони.
3. Развој на руралниот туризам кој може со мали вложувања да отвори значителен број на нови вработувања. Затоа што секои четири кревети во угостителски објект значат едно ново работно место.Или за инвестиции во 1000 нови објекти со просек од 15 кревети потенцијалот е 4.000 работни места . 4. Сите досегашни анализи покажаа дека клучниот проблем во развојот на оваа гранка е разногласието во постигнувањето на таргетите, затоа што за оваа област во нашата држава секој е експерт. Токму затоа, почетната точка во градење на стратегијата треба да бидеформирањето на Комитетот за туризам како врв на пирамидата кој ќе ги обедини сите напори и идеи за постигнување на основната цел, а тоа, уште еднаш ќе повторам, се извозниот потенцијал и поголемата додадена вредност.

Во таа пирамида ќе бидат омеѓени најмалку 15 стопански дејности кој се врзани за туризмот. Тоа е вистинскиот мост кој ќе ги поврзе работите и ќе ја смени перцепцијата за овој сектор дека е неперспективен, дека нема развоен концепт и сериозно учество во бруто домашниот производ.Јас сум еден од ретките луѓе којшто во овие 30 години сум водел, и индустриски капацитет, и туристички капацитет. Можам слободно да кажам дека и двата имаат девизен ефект. Но, таа девиза да легне на нашето конто во индустријата, патот е како да се качуваш на Триглав. А на рецепцијата на хотелот Александар Палас наутро има редици коишто чекаат да ги оставаат девизните средства. Е има разлики..Исто така, знам многу добро дека овој сектор е основ за развој на земјоделието, кое пак, кај нас учествува, заедно со прехранбената индустрија, со 13 до 15 % во бруто домашниот производ. Што повеќе туристички капацитети, толку поголем пазар за нашите земјоделско прехранбени производи. Ако не ја направевме грешката да ги распродадеме големиот број македонски туристички капацитети во околните земји, пласманот на тие производи ќе завршуваше во нашите објекти на Јадранот, Егејот, и другите туристички дестинации на Балканот. Да сумирам, да престанеме сите да се правиме експерти за оваа дејност, да го формираме Комитетот за туризам, да ги прецизираме таргетите, да се организираме подобро, да одвоиме средства за поддршка на овој проект (без пари бизнис не бидува) и сите да се обединиме кон таа цел. Убеден сум дека тоа мора да биде едно од позитивните изненадувања за создавање додадена вредност во нашата економија во пост Ковид-19 перидот.

II. Мостови – Мостовите  се симбол на големите градители. Вие го градите мостот меѓу минатото и иднината. Искрин мост е еден од поновите мостови, изграден пред 50 години, но затоа е еден од најдолгите и најголемите мостови во нашата земја. Мостот се протега над клисурите на реката Пчиња, со должина од 355.50 метри и 40 метри височина и ги поврзува градот Куманово со градот Свети Николе на регионалниот пат R1204. Мостот има 8 средни и два крајни столба и со својата величина го плени целиот простор.

П.С. Поранешниот хотел на македонскиот телеком помеѓу Бар и Улцињ во Црна Гора денеска е сопственост на мојот колега од Црна Гора. Да не се разбереме погрешно, по случајност, бидејќи

таа трансакција се случи пред 12 години. Денеска на таа локација има 4 пати поголем капацитет и 10 пати поголем промет. Но, таму денес не се трошат македонските производи, бидејќи предност имаат домашните и производите на околните земји. А Македонија поседуваше над 10-тица такви објекти на престижни локации на Јадранот. Ова само како пример за мостовите кој се најизразени кај големите ланци на супермаркети, кои доаѓајќи од определена земја со себе, ги носат и производите од земјата од која што доаѓаат.Во наредниот број ќе се осврнеме на македонските апсурди во туризмот – селскиот туризам, хотелот Палас во Охрид, лажните копии на охридските брендови.

***15.2.2021***

**ЗА ДА НИ СЕ СЛУЧИ ТУРИЗАМ, МОРАМЕ ДА ГИ ЕЛИМИНИРАМЕ АПСУРДИТЕ**



*Лажните охридски брендови, Хотелот „Палас" во Охрид и проектот за развој на селскиот туризам*

Во претходниот текст пишувавме за градењето стратегија и за мерките што треба да се преземат за развој на туризмот, затоа што ефектите за зголемување на додадената вредност и на извозот се отповеќе потребни. Сметам дека нелогичностите поврзани со определени појави или случувања, кои ги нарекуваме апсурди, се тема која не треба да се избегнува и за која треба отворено да се зборува. Тоа не го правам за да им наоѓам забелешки на надлежните институции или личности, туку затоа што ваквите апсурди можат да бидат надминати само доколку се зборува за нив.

1. Зошто да се толерираат лажните копии на светски познатите охридски брендови (охридската пастрмка и охридскиот бисер) на секој чекор низ охридската чаршија?Тука, пред сѐ, мислам на охридската пастрмка и на охридскиот бисер. Ендемскиот вид пастрмка е планетарно познат. Дури и делумно информираните знаат дека за нејзиниот развој се потребни години за да стаса на трпезите во елитните охридски ресторани. Но, тука имаме безброј примери за измама на туристите, при што произведената риба во рибниците се продава како охридска пастрмка. Тоа го руши имиџот на брендот и создава неверојатно лоша слика, па еве прилика за еден апел да се најде начин да се заштити брендот. Замислете ситуација во која токму пастрмката е повод туристот да дојде од најдалечните дестинации, а кога ќе седне во кафеана, добива информација дека има забрана за лов на пастрмката во последните 20 години. Тоа е исто како „Кока-кола" да фрла милијарди за реклами и за маркетинг, а кога ќе влезеш во продавница, да ја нема. За охридскиот бисер и да не зборуваме. Денес само во охридската чаршија, од чинарот до пристаништето, има преку 25 дуќани во кои доминираат бижутеријата и полудрагите камења. Во сите нив има понуда и на „охридски бисери", кои претставуваат бледа копија и кои се продаваат под брендот на охридските бисери. Има ли потреба на ваков начин да се уништуваат светски познатите брендови на Охрид?

2. Хотелот „Палас", наместо топ локација во туристичката разгледница на градот, стана пример за нашата транзициска глупостЗатворањето на хотелот „Палас" пред 25 години претставува сериозен апсурд од неколку причини: прво, самиот објект, кој е еден од најубавите архитектонски дела; второ, самата локација во епицентарот на Охрид, и трето, подемот на туристичкиот бизнис во изминатите години. Да имаш таков објект, кој зрачи со раскош, на таква локација и со толку многу содржини, а да го затвориш, е сериозен апсурд.Причината, како и секогаш, е банална – постапка за враќање денационализирани имоти во партерниот дел на хотелот, кон езерото, а како врв на апсурдот е прогласувањето на хотелот за културно-историски споменик за да не може да се реновира. И на крајот, најголемиот апсурд – да залепиш на него и

на негово земјиште да сакаш да изградиш комерцијален објект, кој го спречува погледот кон стариот дел на градот, е еклатантен пример за нашата транзициска глупост.

3. Проект за развој на селскиот туризам – наша традиција од 60-тите години или откривање „топла вода" во 21 век?Роден сум спроти главниот влез на Хотелот „Палас". Првото нешто на што се сеќавам се холандските туристи пред Хотелот „Палас" како се подготвуваат да одат на селски туризам во селото Велестово. Значи, '64-'65 година во Охрид доаѓаат холандски туристи и за нив се организира селски туризам во време кога врските со европските држави се сè уште проблематични, а селскиот туризам изгледа како вообичаена работа, бидејќи разликите меѓу селото и градот и не се толку големи. Денес да тврдиш дека си измислил „топла вода" во друго пакување и да трошиш државни пари за такви проекти е врв на апсурдите. Каде е тука нашата инвентивност да внесеме нови содржини и други алтернативи? Затоа што одењето за Велестово качен на магаре при одличен асвалтиран пат, до каде што можеш да стигнеш за 5 минути, за мене е глупост. Туристичките работници денес треба да размислуваат да понудат или хотелска тура до врвот на Галичица, од каде што се гледаат двете езера, или до островот Голем град во Преспа, од каде што се гледаат трите држави, но таму да има интернет-кафулиња, ресторани за брза храна или вегански лаунч-барови.

II. Мостови – симбол на големите градителиНаспроти апсурдите, во овој текст ќе го прикажеме Мостот на поезијата во Струга, кој на едно место обединува личности од различни земји од светот, како што треба да се обединети сите чинители во градењето на стратегијата за развој на туризмот. Тоа е едноставен дрвен мост, изграден над реката Црн Дрим, која тече низ градот Струга, но со големо значење, бидејќи секоја година, на крајот на август, на Мостот се изведува завршната манифестација на еден од најпознатите светски фестивали „Струшките вечери на поезијата". На овој мост, вечерта на завршната манифестација, поети од сиот свет читаат поезија на сопствениот јазик. Таа ноќ Мостот се претвора во најголемата поетска сцена во светот.П.С. Во наредниот текст ќе обзнаниме неколку иницијативи за подигнување на нивото на туризмот во Охрид, нашиот најголем туристички центар.

***16.2.2021***

## ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БРАНКО АЗЕСКИ ПО ПОВОД 99-ГОДИШНИНАТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Најпрвин, сакам да ви ја честитам 99-годишнината од Стопанската комора на Македонија. Не треба да повторувам дека ние сме една од најстарите институции во државава, повозрасни и од самата држава, а со тоа носиме и огромна одговорност да ги оправдаме тие епитети. Во изминатиот период вложивме огромни напори, и вие, и јас како претседател да направиме институција со највисок рејтинг. Знаете од каде почнавме 2005 година и слободно можам да кажам дека дури сега добиваме признание за сето тоа.Токму поради тоа, на една година пред нашата 100-годишнина, имаме историска шанса Комората да ја позиционираме таму каде што треба.Најголемиот испит досега, борбата со пандемијата и длабоката економска криза, беше и сè уште е Рубиковата коцка во нашето работење. Изминатата година покажавме дека имаме членки достојни за почит, добар менаџмент и средства да ги оствариме нашите цели. Во таа насока сакам да упатам и неколку пораки.

1. До членките Поминавме еден тежок период, но стекнавме нови искуства. Ве уверувам дека натамошната надградба на оваа институција е единствено можна ако ние се ориентираме целосно кон вас, но и вие кон нас. Тоа значи напуштање на досегашните практики на „надмудрување" со јавниот сектор, концентрирање со сите сили кон вашето вмрежување и проектно напредување и секојдневно консултирање со нас за вашите потреби. Тоа бара целосна доверба во Комората како заштитник на вашите интереси. Нека оваа последна година од едновековното постоење

биде година во која ќе го направиме најзначајниот исчекор во нашето работење.Ние мора да бидеме свесни дека живееме во време на големи геополитички потреси и промени, регионални превирања, но, што е најбитно, и на заостанување од нашиот развој на домашен план. Разликите во релациите јавен-приватен сектор секој ден се зголемуваат. Ние одиме напред, се едуцираме, излегуваме на светските пазари, биеме битка со конкуренцијата и со тоа секојдневно се надградуваме. Јавниот сектор плива во проблемите на партизацијата, неефикасноста и на слабата стимулација. Со тоа разликите секојдневно се зголемуваат. Ние не можеме да чекаме тие разлики да се надминат, бидејќи ќе ја изгубиме трката со конкуренцијата. Затоа и Ве повикувам да се ориентираме едни кон други и да тргнеме по патот на успехот. За таа цел, во органите и телата на Комората мора да седат најспособните и наједуцираните луѓе со кои располагаме. Тоа е голема одговорност за сите вас што седите во органите и телата на Комората и затоа Ви се обраќам со молба својата работа да ја извршувате на највисоко можно професионално ниво и со тоа да ја оправдате довербата.

2. До менаџментот на Комората За целото да има сѐ, потребно е да се направи промена и во менаџментот на Комората. Ако јас ги повикувам членките да се ориентираат кон нас, морам да бидам праведен и од менаџментот на Комората да побарам подигнување на степенот на професионалност и континуирана едукација. Денес во менаџментот на Комората сметам дека седат доволно способни луѓе за областите што ги работат. Тие мора да ја гледаат „големата слика" и да ја ставаат силната индивидуалност во функција на Комората, а не на негување на некои постојни комплекси што им одземаат време. На тој начин, на исти колосек ќе ги ставиме потенцијалите и на членките и на органите, но и на менаџментот на Комората.

Неделава ја одбележуваме 99-годишнината од нашето постоење. Бидејќи мерките за спречување на пандемијата, кои ние цело време ги почитуваме, се сѐ уште во сила, се потрудивме во еден 40-минутен телевизиски прилог да ја одбележиме оваа значајна годишнина и затоа Ве повикувам, кога ќе бидете во можност, да го погледнете проектот насловен „99 години Стопанска комора на Македонија", кој го подготвивме, а кој ќе се емитува на националниот радиодифузен сервис и на неколку национални телевизии, во повеќе различни термини, од 17.2.2021 година (среда), заклучно со 21.2.2021 година (недела) по следниот редослед.

Премиера: 1. Македонска радио-телевизија – 17.2.2021 година (среда) во 17:45 часот
2. 24 вести – 18.2.2021 година (четврток) во 20:20 часот
3. Телма – 18.2.2021 година (четврток) во 22:10 часот
4. Алфа ТВ – 20.2.2021 година (сабота) во 16:30 часот
Репризи:1. Телма – 20.2.2021 година (сабота) во 14:30 часот
2. 24 вести – 19.2.2021 година (петок) во 00:30 часот
– 20.2.2021 година (сабота) во 14:45 часот
– 21.2.2021 година (недела) во 8:45 часот

Од него ќе дознаете, на многу оригинален начин, и за историјата на нашата институција, но и за нашите планови за дигитализација, за напредни технологии и за еколошки стандарди. Свое обраќање ќе имаме јас и премиерот на Владата на Република Северна Македонија, но ќе има и инсерти од доделувањето на нашите награди, кои за првпат оваа година се доделија во компаниите на добитниците. Секако, тука доминираат и нашите ставови, настани и регионални иницијативи, како институција со голем рејтинг и кај нас и во регионот.На сите вас, со кои секојдневно соработуваме и ги делиме истите проблеми, сакам да Ви се извинам доколку имало одредени пропусти и ве уверувам дека во оваа значајна година за нас, тие нема да се повторат.

***17.2.2021***

**МОНИКА БЕЛУЧИ „ГОСТИН" НА 99-ГОДИШНИНАТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ПО 30 ГОДИНИ ОД НАШАТА НЕЗАВИСНОСТ РАЗЛИКИТЕ МЕЃУ ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР СÈ УШТЕ СЕ ПРОДЛАБОЧУВААТ**




1. Утре Стопанската комора на Македонија слави 99 години. Таа е една од нашите најстари институции. Да не беше институција, да беше „човек", ќе изгледаше како старец кој е на крајот од својот животен век. Меѓутоа, Комората денес изгледа доволно искусно и мудро и сè уште може да привлекува членки, па затоа решивме на нашата прослава да ја „поканиме" големата филмска ѕвезда Моника Белучи, бидејќи исто како нас таа изгледа преубаво за своите години и сè уште привлекува внимание.На прославата ќе бидат присутни австрискиот канцелар Себастијан Курц, претседателот на Србија Александар Вучиќ, премиерот на Хрватска Андреј Пленковиќ, бившиот премиер на Грција Алексис Ципрас, бившиот претседател на Хрватска Стипе Месиќ, милијардерите Бранко Роглиќ („Орбико"), Миодраг Мишковиќ („Делта холдинг") и Рифат Хисарчиоглу од Турција, претседателот Стево Пендаровски, премиерот Зоран Заев, гувернерката Анита Ангеловска-Бежовска и повеќе стотици други бизнисмени, министри, соработници и пријатели на Стопанската комора на Македонија.Претпоставувате – тие ќе бидат дел од специјалната емисија насловена „99 години Стопанска комора на Македонија", која ќе се емитува на нашите телевизиски куќи, поради една и единствена причина – мерките што се во сила за заштита од актуелната пандемија предизвикана од вирусот корона. Од истите причини, за првпат во својата историја, Стопанската комора на Македонија и традиционалните награди ги додели во компаниите, а не во своето седиште, во куќата на бизнисот, на „Димитрие Чуповски" бр.13.Се надевам дека сите овие личности кои ќе ги гледате на телевизиските екрани овие денови ќе бидат присутни во живо на 18 февруари 2022 година, кога ќе ја славиме 100-годишнината на Комората.

2.Можете да претпоставите што сè поминала една институција во изминатите 99 години. На Балканот, за кој многумина тврдат дека не е географски поим, туку правец во психологијата, тоа значи војни, блокади, ембарга, кризи и што ли уште не. Да се опстане во таков амбиент е вистинско чудо. Комората во тој период доживеа и подеми и падови, но никогаш не исчезна затоа што таа претставува реална потреба на компаниите, која ги обединува за остварување на нивните цели, а тоа се создавање профит, отворање нови работни места и нормално функционирање на целата држава.3.Во оваа прилика сакам да напоменам неколку факти. Денес Стопанската комора на Македонија претставува моќна организација, со признато реноме и дома и во регионот. Членките на Комората создаваат половина од вкупниот приход во приватниот сектор, односно 50,3 %; речиси половина од профитот во приватниот сектор, односно 47,6 % и секој трет вработен во приватниот сектор е вработен во компанија членка на нашата комора, односно 33,7 %.Во апаратот на Стопанската комора на Македонија има тројца доктори на наука, 15 магистри и повеќе од 10-тина експерти. Но тие бројки се многу поголеми во членките, каде што има повеќе од илјада инженери, правници, економисти, меѓународно признати експерти, академици и луѓе со високи научни титули. Таква концентрација на умствен капитал нема ниту една друга институција. Сето тоа се остварува во услови на коморски плурализам и на доброволно членство. Коморскиот плурализам и доброволното членство се вистински доказ за нашата успешност, која на најпрофесионален начин е во функција на приватниот сектор во нашата држава.Регионално, Комората во последните години двапати претседаваше со Асоцијацијата на балканските комори (асоцијација на 11 држави на Југоисточна Европа), а денес

е успешен предводник на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) со седиште во Трст, кој настана во 2016 година во рамките на Берлинскиот процес на германскиот канцелар Ангела Меркел. Можам да потврдам дека Комората е подготвена за новите предизвици, како што се дигитализацијата, зелената енергија, енергетската ефикасност, борбата против пандемиите и другите општествени зла и подготвени сме да се фатиме во костец со најгорливите проблеми на економијата.4.Затоа, сиот наш ангажман до 100-годишниот јубилеј ќе биде насочен кон тоа да ја потврдиме сегашната позиција на лидери во приватниот сектор кај нас и во регионот.Она што ме загрижува е сè поголемиот јаз што настанува и што се продлабочува меѓу јавниот и приватниот сектор, затоа што напредокот на една земја е можен само ако тие релации се обострани.Во реалноста имаме состојба во која компаниите одат побргу напред отколку државните институции. Кадарот на компаниите темелно се едуцира, се надградува, стекнува искуства на меѓународните пазари и секојдневно се бори со конкуренцијата. Од друга страна, јавниот сектор, и покрај желбата на поединци, сè уште плива во неефикасност, партизација, прекубројност и во слаба стимулација, а може да се заштити единствено со привилегирана позиција во односите со приватниот сектор на планот на меѓусебните плаќања, донесувањето закони по скратена постапка и на претераната регулација. Таа подвоеност, ако не се преземе нешто, ќе резултира со уште поголеми поделби и тогаш меѓусебната соработка ќе стане неможна.

***22.2.2021***

**ЗА ДА НИ СЕ СЛУЧИ ТУРИЗАМ,  ПОТРЕБНИ СЕ ИНИЦИЈАТИВИ**



*Претседателската резиденција, Длабокорезбарската школа и здравствениот туризам во Охрид*

Сакаме да имаме туризам, а енергијата ја насочуваме на погрешна страна. Затоа во претходниот текст зборував за апсурдите кои сериозно влијаат врз туризмот и кои ја уништуваат неговата додадена вредност. За да имаме туризам, потребни се дијалог, визија и стратегија за реализирање на визијата; време за посериозни подготовки на квалитетен и на професионален настап; иницијативи и брзо дејствување. Но најважно од сè е тоа да го спакуваме во убава приказна за македонската туристичка атракција и успешно да ја продаваме на пазарот. Денес иницијативи има, но, сепак, недостига примена и реализација на активностите.

1. Иницијатива за нов, попрактичен предлог за претседателската резиденција во Охрид Во срцето на Охрид се наоѓа охридската Гимназија. Нејзината изградба започнала во 1908 година, според фотографија од француска зграда во неокласицистички стил, а била инвестирана од Ејуп Сабри од Охрид, и сè до 1944 година имала различна намена: турска управа, војничка касарна, општина, училиште со интернат... Но, за жал, во 1939 година двата потпокривни ката биле опожарени и ова здание засекогаш ја загубило вистинската вредност. Во 2006 година, со донација на Светска банка и со логистика на Локалната самоуправа, е извршена реконструкција на зградата, со која е вратен нејзиниот оригинален лик.  Токму тоа е мојата иницијатива – ова прекрасно здание да стане претседателска резиденција, која ќе овозможи поголема пристапност и која ќе може да се вклучи во туристичките претставувања на градот, како што е во секој значаен центар, чии резиденции се наоѓаат на централните локации. Туристите дојдени да уживаат во убавините што ги нуди Езерото ќе можат да уживаат во атрактивноста на претседателската резиденција. Дополнително, посебна атракција би била гардата на претседателот, која ќе ја чува резиденцијата, и менувањето на стражата на припадниците на гардата, која секојдневно, на ритуален начин, како да изведува претстава, би се менувала во

исто време. Денешната претседателска резиденција се наоѓа далеку од центарот на градот, скриена од јавноста, непристапна за заинтересираните туристи кои сакаат да ја видат, чувана од голем број лица, а толку малку користена за целта за која е изградена.

2. Да се вратиме кон старите занаети – да се обнови Длабокорезбарската школа во ОхридВо рамките на постојаните залагања за афирмирање на занаетите и за унапредување на практичните знаења и вештини во стручното образование, треба да им дадеме живот на старите занаети – да ја обновиме и повторно да ја отвориме Длабокорезбарската школа. Ова значи можност за афирмирање на македонската резбарска школа, но и можност за афирмирање на подзаборавените занаети, кои и за резбарите, кои во своите резби оставаат парче од својата душа, и за градот, значат дополнителна економска придобивка, а истовремено ќе бидат вистинска атракција за туристите. Длабокорезбарската школа, од друга страна, би ја поттикнала можноста за финансиска поддршка и за донации на многубројни домашни и меѓународни институции и организации, кои сакаат да вложуваат во занаетот, уметноста, талентот и во љубовта кон убавото.

3. Здравствениот туризам во Охрид – неискористен потенцијал, но и потреба за развојОхрид во осумдесеттите години можеше да се гордее со неколку специјализирани болници, кои беа почетокот на здравствениот туризам. Покрај општата болница, постоеше и специјализирана болница за ортопедија и трауматологија, во која оперираа неколку врвни здравствени авторитети од светот, предводени од нобеловецот д-р Илизаров, најпознат во светот по методот за продолжување на екстремитетите кај децата. Неговиот ангажман во оваа болница привлекуваше повеќе од илјада пациенти од странство годишно, што беше врв на здравствената институција. Постоеше и Завод за рехабилитација за срцеви заболувања, како и Специјализирана установа за детски заболувања. Ако на тоа му се додадат и Центарот за нефрологија, на 10 минути од Охрид, и Болницата за белодробни заболувања во Отешево, на 30 минути од Охрид, слободно можам да кажам дека таква концентрација на специјализирани здравствени установи немаше никаде на просторите во СФРЈ. Денес, дел од нив, егзистираат на работ на рентабилноста. Немаат врвни светски имиња, немаат странски пациенти и, нормално, немаат девизи. Но, има пример што може да се обнови. Охрид се наоѓа на границата на две држави кои претендираат за влез во Европската Унија и ако се отворат границите, тоа може да биде потенцијал за привлекување странски пациенти, што ќе биде додадена вредност за економски развој на државата. Тоа е и суштината на оваа иницијатива!Овие иницијативи нека бидат поттик за сите добронамерни луѓе да ги изнесат своите, бидејќи во последните 30 години има дефицит на иницијативи.Иницијативите постојат откога постои и човештвото, како израз на неговото постоење и премостување од едно до друго место, од едно во друго време. Денес нашата иницијатива, како туристичка атракција, е да го прикажеме стариот Римски мост или Камен мост, кој  се наоѓа на влезот на село Богомила, на реката Бабуна. Самото име на мостот укажува дека потекнува од римскиот период, граден од камен со лачна форма и спаѓа во групата на рустични мостови. Денес се користи како главен и како единствен премин преку реката во селото, како за неговите жители така и за жителите и за посетителите на с. Нежилово, с. Папрадиште, с. Ореше, с. Капиново и на планинарските домови во Папрадиште, Чеплес и на Солунска Глава. П. С. Еклатантен пример за нашето неодговорно и непрофесионално однесување е меѓународниот пат Охрид – Свети Наум, кој поврзува две држави кои претендираат да бидат членки на Европската Унија. Изграден кон крајот на шеесеттите години, и денес претставува сериозна опасност за секој патник, за секое возило и пример за човековата негрижа, за што никој не одговара. Целината на трасата не е променета 50 години, освен со два исклучока, со кои, практично, е задржан костурот на неговата почетна градба. Широк само 5,5 метри, подјаден од сите страни, со што неговата ширина не изнесува ни 4 метри, со неколку свои нерамнини, бил причина за смртта на многу невини луѓе, за уште поголем број повреди и за огромни материјални штети. Нема поголема

негрижа од тоа непрегледноста на патот да може да биде решена со получасовна интервенција на една обична градежна машина, а да не се направи тоа.

***01.3.2021***

**ТРИ ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ ВО РАЗБРАНУВАНОТО МОРЕ НА НЕИЗВЕСНОСТИ**




*Конечно нешто конкретно околу холдингот, Фондот за поддршка на иновации и околу регионалната соработка*

Утре во Стопанската комора на Македонија ќе има еден несекојдневен настан, на кој на една маса, во согласност со мерките за заштита од пандемијата, заедно ќе седнат заменик-претседателот на Владата задолжен за економските ресори и за инвестициите, Фатмир Битиќи; министерот за финансии, Фатмир Бесими, и претставници на неколку наши компании, кои во изминатите години упорно бараа воведување определени мерки и донесување неколку законски решенија, но секогаш наидуваа на ѕидот на неодобрувањето. Бидејќи нашата упорност вроди плод, високите претставници на власта, пред фирмите и пред медиумите, ќе соопштат дека дел од нашите барања се прифатливи за нив и дека ќе влезат во редовна процедура. Тука, пред сè, мислам на прашањето за воведувањето на холдингот, царинскиот тарифник, парафискалните давачки, навременото сервисирање на обврските кон компаниите од страна на државата, намалувањето на бирократските процедури и поголема ефикасност на јавната администрација и за поддршката на инвестициите и на извозно ориентираните компании. Посебно место зазема владиниот предлог да се формира Фонд за поддршка на извозот, како едно од нашите клучни барања, во кој ќе се слеваат средствата од Владата, ЕУ-фондовите и од Коморскиот инвестициски форум. Да заклучам: позитивниот пример е во тоа што макотрпните преговори вродија плод и дека нашата упорност е единствениот начин да се успее на тој пат. Во продолжение имаме уште два позитивни примери.Паралелно, мора да работиме на исполнување на стандардите на Европската Унија за да го забрзаме процесот кон ЕУ, но, пред сè, за да се подобриме ние самите. На крај, важно е да ги поттикнуваме фирмите да ги користат фондовите на ЕУ и другите фондови што се на располагање. Тука како Комора сме јасни и целосно работиме на обезбедување директна поддршка за компаниите за користење на инструментот за поддршка (кофинансирани грантови) за технолошка екстензија на Фондот за иновации и технолошки развој, за да помогнеме во унапредувањето на производниот процес, зголемувањето на конкурентноста на домашните производи и во порастот на извозот. Метало-преработувачкиот, електро- и машинскиот сектор се индустриски гранки со силен развоен потенцијал за македонската економија и доколку им овозможиме силна поддршка, овие сектори ќе имаат потенцијал за зголемена извозна конкурентност и за создавање производи со висока додадена вредност. „Раде Кончар-ТЕП‟ (Скопје), ТМ „Штип‟ (Штип), „Братство инокс‟ (Охрид) и „Агро бар‟ (Виница) се позитивни примери за искористеност на грантовите за технолошка екстензија на Фондот за иновации и технолошки развој.Но без јакнење на регионалната соработка и без настап на еден заеднички пазар не би имале целосен успех. Затоа, како позитивен пример ќе го истакнам и проектот за регионална соработка и заеднички настап на компаниите од регионот на пазарите од трети земји и за соработка со компании од тие земји, за кој Европската Унија издвои 2,5 милиони евра. Според анализите, овој проект во 2022 година ќе придонесе БДП од глава на жител во регионот да порасне од сегашното ниво од една третина од просекот на ЕУ до 40 % од просекот на Унијата. Притоа, проектираните цели на проектот се увозот и извозот на стоки и на услуги да пораснат на 57 %, односно на 70 % од регионалниот БДП, а меѓусебната размена во рамките на регионот

да порасне од постојните 4,5 милијарди на 6,6 милијарди евра. Можноста што ја нуди проектот треба да ја искористиме и преку билатерална соработка да поврземе околу 200 компании од регионот и да им понудиме подобрени услуги и полесен пристап до пазарите на Европската Унија. Истовремено, на 60 компании да им го отвориме патот да влезат во меѓународните синџири за снабдување, со што ќе придонесеме за нивниот раст и развој и за конкурентност на пазарите.Денеска патот нè одведе кон стариот Камен мост на реката Вардар, симбол на поврзувањето епохи и народи, како што се поврзуваат компаниите од нашата земја и од регионот со компании од трети земји во ЕУ и во светот на заедничките пазари. За изградбата на Мостот, кој ги поврзува Плоштадот Македонија и Старата скопска чаршија, постојат две мислења. Според првото, изграден е во VI век, за време на владеењето на императоротот Јустинијан I, а според второто, во втората половина на XV век, меѓу 1451 и 1469 година, во време кога на чело на Отоманската Империја бил султанот Мехмед II Освојувачот. Низ вековите бил доградуван и за време на султанот Сулејман Величествениот и на српскиот цар Душан.Изграден од травертински блокови наредени со големо мајсторство, во својата првобитна форма мостот имал 13 сводови, со вкупна должина од 213,85 м и со ширина од 6,33 м. Во минатото Мостот имал украсна ниша (стражарница), а во својата внатрешност и простории кои служеле како пушкарници. П.С. Случувањата во екот на здравствено-економската криза се одвиваат како на филмска лента. Компаниите, видно вознемирени, и натаму коментираат околу донесувањето на Законот за работни односи, во врска со прашањето за неработната недела, но и околу вакцинирањето, пописот, реформите во образовниот систем и околу најновото решение на гувернерот за одложување на исплатата на дивиденда до септември. Тоа ќе биде фокус на моите пишувања во наредниот период.

***03.3.2021***

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ СО АПЕЛ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УНИЈАТА НА ГРЧКИТЕ КОМОРИ МИХАЛОС И ДО ПРЕМИЕРОТ ЗАЕВ: НЕПРЕЧЕНИОТ ТРАНСПОРТ КОН СОЛУНСКОТО ПРИСТАНИШТЕ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО**



Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, со писма се обрати до претседателот на Унијата на грчките комори, Константинос Михалос, и до претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев, со апел врвен приоритет да остане прашањето за обезбедување непречено движење на транспортните работници, независно од мерките што се воведуваат за спречување на ширењето на вирусот корона. „Воведените мерки, кои од 1.3.2021 година се применуваат на граничниот премин ’Мала Богородица – Евзони’, значително го отежнуваат нормалното функционирање на македонското стопанство, имајќи во вид дека солунското пристаниште е една од главните транзитни дестинации за македонскиот извоз", посочува Азески. Годишно, преку солунското пристаниште минуваат речиси 1 милион тони стока наменети за РСМ или од неа и транзитираат најмалку 25.000 контејнери изразени во TEU-единици. Изминатите денови воведените мерки од грчките власти (кои вклучуваат: максимален проток на 400 лица дневно, бројка која ги вклучува и лицата кои транзитираат преку територијата на РСМ; скратување на работните часови од 7 до 19 часот, како и воведување задолжителна обврска за брзи тестови, вклучувајќи ги и возачите на камионите) доведоа до исклучително комплицирани ситуации и до големи одложувања во транспортот на стоки. „Од исклучителна важност за стопанството од двете страни на границата е да се обезбедат услови за

непречено одвивање на товарниот сообраќај“. Бројното ограничување на вкупниот број лица на кои им е дозволено да ја поминат границата на 400, во кое се вбројани и професионалните возачи, ќе значи целосно запирање на размената меѓу двете држави во следните 15 дена. Податоците од теренот укажуваат дека веќе се резервирани дневните ограничувања за влез во Грција речиси до крајот на март, што ќе предизвика несогледливи последици за нашите економии. Транспортот на стоки, како крвоток на секоја економија, не смее да запре и мора да се одвива во сите услови. За времетраење на пандемијата, почнувајќи од март 2020 година, професионалните возачи беа иземени од сите ограничувачки мерки и таков пристап треба да продолжи да се применува спрема оваа категорија и во иднина“, посочи Азески и упати повик до македонските власти, како и до грчките колеги, да се заложат кај грчките власти за што побрзо надминување на овој проблем и за обезбедување непречен проток на товарниот сообраќај.

***08.3.2021***

**ОБРАЗОВАНИЕТО – ТЕМЕЛ НА ПРОМЕНИТЕ – 5 %, НАМЕСТО 3,5 %**



*Клучот е тоа. Сето друго се нијанси. Една одлука – илјада промени*

Сите зборуваме дека сакаме да живееме во развиена и богата држава, но неизбежен е фактот дека клучот за економски развој на земјата се вложувањата во квалитетно образование. Тоа значи зголемување на финансиските средства што ќе одат за образование.Јас не сум проучувал и не сум истражувал за стандардот на наставниот кадар за време на моето учење во 70-тите години на минатиот век, но добро се сеќавам на неколку работи. Моите професори во Гимназијата „Климент Охридски“ во Охрид ги возеа едни од подобрите автомобили од тоа време, а професорките беа пример за угледни госпоѓи, кои зрачеа со стабилност и со сериозност, што значи дека уживале ниво на стандард кој го овозможувал тоа. Токму поради тоа и односот на нашите родители кон нив бил исполнет со почит. Точно се знаеше кој е ученик, а кој наставник. Јас не знам дали денес е така, но знам дека бизнисот страда за добар кадар, кој треба да биде конечен производ на образовниот систем, а дека економијата мора да се потпира на знаење и на стручност. Наставникот мора да биде мотивиран преку солидна плата и преку солидни услови за работа.И доколку не беше пандемијата, клучен проблем за реалниот сектор и натаму ќе беше недостигот од стручен кадар, кој поседува релевантни вештини и компетенции и кој би можел веднаш да се вклучи во работните процеси во компанијата. Тоа е и причина Стопанската комора на Северна Македонија сериозно да го третира сегментот образование и да продолжи со претходно започнатите активности, кои од почетокот на 2021 год. се однесуваат на:I. Изработка на нов закон за стручно образование и обукаКрајно време е да го оставиме општото знаење и да се ориентираме кон вештините и компетенциите, а тоа ќе го поткрепи практичната обука. Затоа во Законот се дефинираат и се операционализираат видовите практична обука за стекнување квалификации: учење преку работа и дуален модел на образование. Она што ќе го добиеме како готов производ ќе биде резултат на нашиот однос кон образованието.II. Кампања „Учи паметно, работи стручно“ за унапредување на стручното образование и обука и за креирање уписна политика по мерка на бизнис-заедницатаНа настаните им претходеше анализа во која учествуваа 450 компании и 75 училишта во кои се нуди стручно образование и обука. Добиените резултати покажаа дека 85 % од компаниите се подготвени да примат ученици за практична настава. Компаниите ги искажаа потребите за видот на кадар што им е потребен, што се совпаѓа со

анализите што ги прави Стопанската комора. Средбите се реализираа во 16 региони, а беа опфатени 32 града од целата држава. Добиените сознанија од средбите ќе бидат основа за подготовка на конкурсот за уписи за идната учебна година, креиран според потребите на реалниот сектор на локално ниво. Креирање релевантна уписна политика според потребите на компаниите на локално и на регионално ниво Модернизирање на стручното образование и обука преку процес на идентификување на потребите на компаниитеКвалитетна реализација на практичната обука во компаниите Зајакнување на социјалниот дијалог . Секој треба да знае дека е одговорен за креирање компетентен кадар со релевантни вештини. Образованието како процес било предмет на интерес низ вековите. Еве што рекле за него попаментите од нас.П.С. Сето ова што го зборуваме не може да се реализира ако една влада не е подготвена на радикален чекор, а тој чекор е многу едноставен – учеството на образованието во буџетот од 3,5 % да се зголеми на 5 % сега и веднаш, се разбира, во мандат од 4 години, секоја година по 0,30 %, но однапред декларирано и без измени.

***15.3.2021***

**АКО СЕ ПОДОБРИ ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ, ЌЕ СЕ НАМАЛИ БРОЈОТ НА ЗАКОНИТЕ**




*Моментално функционираат 28 инспекциски служби и преку 1.000 вработени инспектори*

После трите седници на Управниот одбор на Комората, кои што поради пандемијата се одржаа по електронски пат, највисокиот наш извршен орган се состана со лично присуство, нормално во согласност со правилата за заштита и превенција од ширењето на Covid-19 вирусот. Таа седница беше полн погодок, бидејќи ретко може да се сретне таква концентрација на релевантни информации на едно место.

I. Неспорно, според кажувањето на сите присутни бизнисмени, прашањето за имунизација избива во прв план и тоа од два аспекта:

1. Поради доцнењето на вакцинирањето и

2. Поради негативната кампања против вакцинирањето, што може да направи сериозни проблеми во работењето на компаниите.

II. Втор проблем, кој полека, но сигурно се наметнува и може да има влијание врз нашите определби за забрзана инвестициона активност, е силниот медиумски притисок на невладиниот сектор од областа на екологијата, кој на терен создава проблеми при реализирањето на проектите. Членовите на Управниот одбор сметаат дека е потребно Комората да отвори суштински дијалог во кој ќе се искристализираат приоритетните цели на нашиот натамошен развој. Во моментот оваа појава е најмногу присутна во изградбата на малите хидроцентрали, но има и случаи во другите сектори.

III. Јавното-приватно партнерство се чини добива се поголемо значење . Тоа е многу сериозна алатка за излез од економската криза во која се наоѓаме. Управниот одбор на Комората укажува и на можноста од злоупотреба, која може да го искомпромитира целиот процес. Најкратко се расправаше околу предложените промени на Законот за работни односи-недела да биде неработен ден, затоа што 90% од нашите членки се со став дека таа иницијатива треба да се повлече. Системското регулирање на филантропијата и корпоративната општествена одговорност во рамките на Комората, беше исто така сериозно разгледувана.

IV. Безрезервна поддршка добија активностите поврзани со парафискалните давачки, Царинскиот тарифник и средувањето на корпусот прашања поврзани со престојот на странците за бизнис- потреби. Но, разгледувајќи ги сите овие прашања Управниот одбор констатираше дека доколку инспекциските служби професионално ја вршат својата работа, немаше да дојде до поднесување на предлози за сите овие законски решенија и со тоа во преден план го исфрли актуелизирањето на прашањето за инспекцискиот надзор.
V. Ова прашање Комората го разгледувала во октомври 2017 година, во функција на создавање поволно деловно опкружување. Од таа расправа ќе презентирам податоци за 2016 година. Во Република Северна Македонија во тој момент инспекциски надзор вршеле 28 инспекциски служби, од кои 14 биле организирани како инспекторати и 14 како организациони единици во други органи на државната управа, при што во инспекциските служби имало вкупно 900 инспектори. Во таа година биле спроведени 201.000 инспекциски надзори. Во Управата за јавни приходи имало 246 инспектори, кои спровеле 7.048 контроли.
П.С: Управниот одбор на Комората ја подржа досегашната активност на нашиот тим, кој преговара со Владата околу воспоставувањето на систем за маркирање и следење на акцизните стоки и заклучи да и препорача на Владата, многу внимателно да ги согледа укажувањата на засегнатите компании, кои сметаат дека е потребна нова физибилити студија и компаративна анализа за функционирањето на овие системи во ЕУ. Засегнатите компании укажаа и на тоа дека се изложени на сериозни финансиски трошоци, кои што сега треба да се стават по страна и да се платат нови, за систем кој што е проблематичен, во однос на Директивите на ЕУ.

***22.3.2021***

***ЕДЕН РЕГИОН – ЕДНА ЕКОНОМИЈА***

**КИФ ИМА ЕДНА ЦЕЛ – СОЗДАВАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР**



Салата за седници во Градската куќа во Трст, Република Италија, на плоштадот „Борса", каде што е сместено седиштето на КИФ. Тоа е седиште и на Стопанската комора во Трст, институција која постои повеќе од 3 века.

Многупати од 2015 година досега сум пишувал за Коморскиот инвестициски форум – дека тоа е асоцијација на шесте комори на Западен Балкан, дека настанал во рамките на Берлинскиот процес како дипломатска иницијатива на канцеларката Ангела Меркел и дека претставува 350.000 компании во регионот, но никогаш досега на едно место не сум елаборирал зошто е тој толку значајна институција. Ќе се обидам да го направам тоа во 5 точки.
1. Во примената на Акцискиот план за Заеднички регионален пазар КИФ е признат како клучен актер за две работи:а) обезбедување континуиран дијалог со деловната заедница за нејзините клучни потреби, пречки и можности и б) обезбедување клучни информации од реалниот сектор (компаниите) дали овој план се остварува.
2. Клучна улога за остварување на оваа цел има Бизнис-советот, кој го сочинуваат претставници на 16-те водечки компании од Западен Балкан. Бизнис-советот, врз основа на мерливи критериуми, го следи напредокот во спроведувањето на конечната цел – создавање заеднички регионален пазар – и за тоа редовно ги информира владите на земјите од Западен Балкан, како и ЕУ , што значи дека за првпат оцена за примената ќе даваат компаниите, а не форумите.

3. КИФ, со поддршка од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), ја основа регионалната инвестициска платформа, го издава билтенот „Сигнал" и работи на формирање заеднички институции, како на пример арбитражен центар, кредитни бироа и давање консултантски услуги за компаниите кои работат прекугранично.
4. Проектот „ЕУ поддршка за КИФ", кој е поддржан со 2,5 милиони евра од ЕУ, ќе придонесе до 2022 година БДП од глава на жител во регионот да порасне од една третина од просекот на ЕУ до 40 %; увозот и извозот да пораснат на 57 %, а меѓусебната размена во рамките на регионот од 4,5 милијади да се зголеми на 6,6 милијарди евра.
5. Преку проектот за дуално образование и за учење преку работа, финансиран од Германската инвестициска бакна (KFW), ќе се зајакне важноста на пазарот на трудот со развивање на Регионалниот фонд на предизвици. Стопанската комора на Северна Македонија е основач на оваа значајна институција и има активна улога во сиот процес, а од 1 април главен оперативец на сите овие активности ќе биде нашата соработничка д-р Татјана Штерјова-Душковска (34), досегашен национален координатор за активностите на КИФ. Господата Живко Мукаетов и Светозар Јаневски се членови на Бизнис-советот, како дел од 16-те избрани водечки стопанственици, ја имаат улогата на контролори на сиот процес и за тоа редовно ќе ги известуваат ЕУ и владите на земјите од Западен Балкан. Мислам дека на краток и на концизен начин успеав да ја доловам суштината, која може да се сведе во еден слоган – „ЕДЕН РЕГИОН – ЕДНА ЕКОНОМИЈА"
П.С. За целото да има сè, ќе набројам и дел од другите членови на Бизнис-советот: Самир Мане, „Балфин Груп" (BALFIN Group); Васил Наци, „Агна Груп"; Шчечим Деволи, „Деволи Корпорејшн"; Драган Бокан, „Воли Корпорејшн"; Небојша Шапоњиќ, „Нелт Груп" и Станко Поповиќ, „Еликсир Груп".

***29.3.2021***

**ИЗЈАВА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ ЗА ФАКТОР: ЕДЕН ВИРУС, МНОГУ ПРАШАЊА, МАЛКУ ОДГОВОРИ - АНАТОМИЈА НА ЕДНА ИЗЈАВА**




„Можам да Ви гарантирам дека ќе бидеме навистина сервис на компаниите, а убеден сум дека на крајот на мандатот Комората ќе биде институција со 5 ѕвезди". Оваа изјава е дадена на 10 март 2005 година на изборното Собрание на Комората и предизвика вистинско вчудоневидување кај присутните бизнисмени. 1. Да видиме како Комората работеше од тогаш до денес: Комората денес е најголемиот кадровски расадник во државата: илјадници доктори на наука, магистри, експерти, инжењери работат во нејзините членки;- Комората е член на најеминентните коморски здружувања во регионот, Европа и светот;- Комората е асоцијација на 104, од вкупно 200-те, најуспешни компании кај нас;- Комората организирала 8.000 настани, презентации, семинари, едукации, бизнис-форуми, посета на саеми и презентации на кои учествувале 270.000 претставници на нејзините членки;- Комората издала 170.000 документи за потребите на компаниите;- Комората решила преку 150 арбитражни спорови;- Комората има најдобар сајт во категорија „најдобар бизнис сајт во РСМ за 2020 година";- Комората дневно ја посетуваат, во просек 110 претставници на компаниите, за разни потреби.2. Во првата недела на кризата, во март 2020 година, незаменлива беше улогата на Комората во деблокирање на транспортот наменет за потребите на нашите компании. Но, незменлива беше и улогата на Кризниот штаб кој даде најголема помош на комапниите во првите месеци на кризата. Незаменлива беше и улогата

во Економскиот совет за време на „Пржинската влада" и конципирањето на пакет мерките.3. Но она што се случи изминатиов викенд со акцијата на Коморскиот инвестициски форум ќе остави белег во нашето работење, а потврда за тоа се добиените мејлови од нашите членки.- Да не беше Стопанската комора требаше да ја измислиме - ФИЛИП МОРИС.- Секоја чест за беспрекорната организација - СТОПАНСКА БАНКА; КАМ ДОЕЛ; КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА; МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ; ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ; ХАЛК БАНКА; ФАРМАХЕМ.- Вие сте цареви, го правите невозможното. Може да платиме дупла членарина? - ААГ.- Ве бива за сè- СИВУС; БИМИЛК; ЕЛЕКТРОДИСТИБУЦИЈА ДООЕЛ, СКОПЈЕ.- Да се заблагодариме што секогаш изнаоѓате решенија и се грижите за бизнис заедницата – ВИЕНЕРБЕРГЕР, ДООЕЛ, ВИНИЦА.4. Сето ова е остварено во услови на доброволно членство и коморски плурализам. Затоа е значајно да се одговори на прашањето: Се оствари ли изјавата од март 2005 година? Одговорот е секако не, зашто тогаш на 43 години не бев свесен дека за да направиш институција со 5 ѕвезди треба да имаш и меѓународен поредок, и регион, но и држава со 5 ѕвезди.

***29.3.2021***

**Д-Р ЕЛЕНА МИЛЕВСКА ШТРБЕВСКА – НОВ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СКСМ**




*Бидејќи на сите ни стана јасно дека без владеење на правото нема никаков економски напредок, таа ќе ги координира сите активности поврзани на тој план во односите на јавниот сектор*

После изборот на д-р Татјана Штерјова Душковска за генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум со што ја зацврстивме нашата регионална позиција како лидери на коморскиот систем на Западен Балкан, продолжуваме со кадровски екипирања во Стопанската комора на Северна Македонија како „КОМОРА НА ИДНИНАТА". Денеска јавно ќе го изнесам мојот предлог, дека покрај д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, која израсна во службите на Комората и е нејзин потпретседател, ја предлагам и д-р Елена Милевска Штрбевска за истата позиција. Со тоа стручната служба може да биде горда дека две нејзини членки достигнаа високи позиции во Комората. Многупати досега сум пишувал дека нема економски развој без владеење на правото. Но, сега за првпат, Комората ќе има задолжен човек кој професионално ќе се посвети на тој темелен принцип. Дојде како приправник и за 16 години магистрира (2011), докторира (2019) и положи правосуден испит (2016). Промени (12) работни места, учествуваше во (9) работни групи на државните институции, работеше на (4) проекти, беше панелист или говорник на (15) стручни научни собири, учесник на (12) обуки и професионални надградби, (5) истражувања, (16) стручни трудови и издаде неколку публикации.Измените во Буџетот на ЕУ и меѓународната соработка во кривичната материја се темите на градењето на нејзината научна кариера. Во пракса, таа беше посветена на интересите на Комората, и слободно можам да кажам дека нема човек што променил повеќе работни места и човек кој учествувал низ сите крупни реорганизации што доведоа, од пропаднатa Комора (2005), да го достигнеме ова ниво, во услови на коморски плурализам и доброволно членство.Градењето кадар е еден од најголемите предизвици за еден менаџер на процеси. Колку е тоа сложено може да се види од нејзиниот пример. Таа никогаш не ја виде смислата на сите тие кадровски ротации и секогаш се „бунтуваше" на моите одлуки. Со тоа го заслужи епитетот постојан бунтовник. Но денес, мислам е јасно дека сето тоа не било

„истресено“ од ракав, туку смислена кадровска операција. Но, што да речам јас кој цел живот го поминав во „задоцнети признанија“ за визиите и секојдневни „неразбирања“ за потезите. Тоа треба да се издржи. Конечно, јас сум сигурен дека „пијанистката од Ѓорче Петров“ после 16 години ја добива својата шанса да покаже што научила и да докаже на себе колку вреди. Ете така, дојде време да го врати долгот на Комората која и помогна во 2005-тата година.

***05.4.2021***

**ВАКЦИНИТЕ НА ВУЧИЌ ГО ОБЕДИНИЈА ЗАПАДНОБАЛКАНСКИОТ БИЗНИС**



Со Србија патиштата ми се вкрстија во јуни 1988 година. Дотогаш низ неа само транзитирав. За да запознаеш една земја, треба да имаш контакт со обичните луѓе. Нормално, првиот обичен српски човек беше мојот возач Душко Јеловац, еден 50-годишен господин, кој ги возел сите претседатели на Младината на Југославија од 60-тите години. Историскиот фудбалски натпревар меѓу „Милан“ и „Црвена ѕвезда“, кој беше прекинат поради магла, беше првата српска лекција за мене. Јас 25-годишно момче, облечено спортски, а тој 50-годишен господин, облечен во одело и вратоврска. Јас скромно му велам: „Дојди и ти во централната ложа“. А тој вика: „Не сум луд, претседателе, при 110 илјади сами жени во Белград да гледам некои како трчаат по топка“. Тоа е обичниот српски граѓанин – остроумен, работлив, досетлив и забавен.Во Србија тогаш имаше и друга структура. Тоа беше време на рестрикции со струја, па кога ќе одевме по некој повод во Француската амбасада, ќе поминевме и на Калемегдан. На клупите во паркот седеа стари господа, буржуи, противници на тогашниот режим, кои ќе станеа и ќе ме поздравеа: „Господине Азески, струја имаше секогаш, па и за времето на СХС“.Меѓу тие две крајности, на обичниот човек и на високата интелигенција, ја доживувам Србија сиве овие 33 години. Во тој период ги запознав и обичните луѓе, но и сите српски претседатели. Со претседателот Милошевиќ работевме во иста зграда. На претседателот Коштуница му бев домаќин во „Александар палас“ на неговиот прв работен ден како претседател, на средбата со американскиот летечки дипломат Ричард Холбрук. Претседателот Тадиќ беше трипати гостин во Комората, а претседателот Николиќ по сите средби честеше од својата ракија. И морам да кажам дека сите тие личности беа пријателски расположени кон бизнисот.Копретседателите на КИФ – Бранко Азески и Марко ЧадежНо, претседателот Вучиќ со минатонеделниот потег стави печат на позитивниот однос кон бизнис-заедницата на Западен Балкан и сврти нова страница во нашата соработка. По сето тоа конечно сфативме што ни зборуваат западните сојузници 30 години: „Насочете се кон регионот и развивајте го бизнисот!“ Ние цело време се правиме дека не разбираме англиски, а ги сонувавме Брисел и Вашингтон, прескокнувајќи ги нашите соседи, па бележевме пад во трговската размена, меѓусебен визен режим (Босна и Херцеговина и Косово), кршење на договорот ЦЕФТА (Босна и Херцеговина и Србија) и секојдневни тензии и пречки. Во таква ситуација, потегот на претседателот Вучиќ да им подари 10.000 вакцини на бизнис-заедниците од шесте западнобалкански држави, организирани во Коморскиот инвестициски форум, дојде како вест за конечно разбирање на евроатлантските пораки: „Да, ние конечно разбравме што мислите кога зборувате за регионот и за бизнисот“. Токму затоа, раководството на Србија заслужува посебна почит. Можеби чинот е симболичен, можеби е пресметан, но зошто да не веруваме во тоа дека е искрен и човечен? Токму тука треба да се прекрши балканскиот менталитет и да се ослободиме од постојаните сомнежи и од барањето заднини и непријатели. Курц до Азески: „Врати се во регионот и терајте бизнис, а не историја“Нашиот народ добро рекол: „На подарен коњ забите не му се гледаат“, на што Грците веднаш би рекле: „Не верувајте им на Данајците и кога дарови ви носат“. Меѓу тие две изреки треба да се смести балканското минато,

а иднината да се гледа во двата волшебни збора: РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И БИЗНИС. Коморскиот инвестициски форум мора да стане предводник на новите процеси и мора да иницира модерни алатки, кои ќе ја надградат минатонеделната акција, која беше поздравена од сите добронамерни луѓе. П.С. Изјавата на македонскиот премиер Зоран Заев дека на некој начин треба да ѝ се оддолжиме на Србија за ваквиот потег е, исто така, за поздравување, што ја потврдува тезата дека подадената рака во критични моменти побудува позитивни чувства, кои нам ни се прекупотребни, па макар биле и симболични.

***09.4.2021***

## ВОДЕЧКАТА ПЕТОРКА БИЗНИСМЕНИ ВО РАКОВОДСТВОТО НА КОМОРАТА

*М-р Живко Мукаетов, Хари Костов, Андреја Јосифовски, Илија Гечев и проф. д-р Кочо Анѓушев ги предводат компаниите кои прават годишен обрт над милијарда евра, вработуваат над 5.300 лица и со години се во врвот на листата на најуспешни компании.*




Актуелната пандемија го помести кадровското доекипирање на Комората за една година. Едногодишното искуство покажа дека здравствено-економската криза е многу потежок проблем отколку што претпоставуваме во март минатата година. Иако нашите членки покажаа висок степен на цврстина и издржливост, сепак предизвиците пред нас се огромни. Комората како најголема и најзначајна бизнис асоцијација во нашата држава мора да ги збие своите редови во пресрет на стогодишнината од своето постоење и во пресрет на големите предизвици во битката со коронавирусот, која што полека, но сигурно добива атрибути на вистинска војна со невидлив непријател.Тоа од мене бара да ги повикам најспособните македонски бизнисмени да ни се приклучат во овие тешки моменти во првите редови на Комората и со своето оперативно и искуствено знаење да и помогнат и на Комората, и на државата кога им е најтешко и најпотребно.Покрај постојниот кадровски состав, можам да објавам дека ќе ни се приклучат и двајца исклучителни бизнисмени кои долги години ги предводат најголемата банка и најголемата компанија кај нас со домашен капитал, господата Хари Костов и Андреја Јосифовски. Со тоа практично во врвот на Комората ќе бидат водечката петорка бизнисмени, заедно со актуелните потпретседатели Минчо Јорданов, Страшо Милковски, проф. д-р Глигор Бишев, Антонио Аргир и Сашо Наумоски.Овие личности долги години активно се вклучени и во органите и телата на Комората. Еден од нив ја извршувал и функцијата Претседател на Владата на Република Северна Македонија, а двајца од нив функцијата Заменик-претседател на Владата задолжен за координација на економските ресори.Во раководството на органите и телата на Комората ќе ни се придружат и д-р Драгана Чифлиганец, проф. д-р Никица Мојсовска Блажевски, Боријан Борозанов, Сашко Самарџиоски, Виктор Мизо, Глигор Цветанов, Марта Наумовска Грнарова, Ана Таневска Ѓорѓиевска, Анатол Кутревски.Комората која во своите органи и тела има 195 успешни македонски бизнисмени, во своето кадровско доекипирање ќе ги вклучи овие личности, кои што ќе ги водат новите облици на организирање кои ќе овозможат континуитет и напредок во нашето работење. Такви се новоформираниот Совет за напредни технологии и унапредување на квалитетот во производството и услугите, Институтот за кадри во областа на извозот, Центарот за анализи, анкети и истражувања и Центарот за проектни активности, но новина во своето организирање ќе имаат и Советот на странски инвеститорите, Арбитражата, Судот на честа, Бизнис-Центарот за тренинг и обука, а Комората за првпат ќе добие и свој портпарол.п.с. До крајот на месецот ќе го ставиме во функција новиот електронски систем за издавање документи и сертификати за потекло, со што целосно ја дигитализираме оваа процедура во Комората. Во меѓувреме, додека пандемијата трае, сите наши активности и

состаноци продолжуваат без запирање, во онлајн формат. Имаме капацитети во електронска форма непречено да се одвиваат седниците на Собранието, големи меѓународни настани, секојдневните семинари и обуки, со капацитети до 1.000 лица.

***13.4.2021***

**НИКОЛА ЉУШЕВ ЌЕ ГО ПРЕДВОДИ СОВЕТОТ ЗА НАПРЕДНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО КОМОРАТА ПЕТАР ШТЕФАН - СОВЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ, ПРОФ. ДР. ГЛИГОР БИШЕВ - ИНСТИТУТОТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО, А М-Р ВИКТОР ВЛАШКИ - БИЗНИС ЦЕНТАРОТ ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА**




1. Продолжува кадровското доекипирање во Комората, кои ќе го диктираат нејзиниот развој во наредниот период. Овие совети ќе бидат моторната сила за целата бизнис заедница и ќе ги отворат перспективите за развој на бизнисот во наредните години како што се дигитализацијата, ИТ технологијата, изградба на нов модерен систем на образование и пренесување на новите технологии на странските инвеститори на домашните компании. а) Советот за напредни технологии ќе го предводи г-динот Никола Љушев, главен извршен директор на „Македонски Телеком", човек со докажано реноме во телекомуникацискиот бизнис во регионот, кој долги години е во органите и во телата на Комората. Неговиот професионализам и неговите карактерни особини се доволна гаранција дека ќе го покаже патот на напредокот на македонскиот бизнис во наредниот период. За таа цел, ќе му помага истакнатата група на личности од областа на дигитализацијата, информатичката технологија, телекомуникациите, индустрискиот дизајн и др.б) Петар Штефан, претседател на Управниот одбор на „ЕВН Македонија" АД, ќе продолжи да го води Советот за странски инвестиции, една од нашите најзначајни институции, која ги обединува сите странски инвеститори во земјата. Неговата репутација во областа на енергетиката и неговиот професионализам, го прават да биде човек на кој може да му се верува и кој може, да го унапреди работењето на Советот. Овој Австриец, кој ги пренесува знаењата и новите технологии на домашниот бизнис, со своето искуство ќе придонесе за уште подобра соработка меѓу странските и домашните компании.в) Проф. д-р. Глигор Бишев, универзитетски професор и претседател на Управниот одбор на „Шпаркасе Банка Македонија" АД, Скопје, ќе има задача одлично разработениот Клуб на менаџери претприемачи, да го подигне на едно повисоко ниво претворајќи го во Институт. Неговото долгогодишно искуство е доволна гаранција дека ќе ги обедини на едно место сите наши бизнисмени кои во исто време предаваат и на универзитетите.г) м-р Виктор Влашки, доаѓа од Сојузна Република Германија, каде живее и работи од 1992 година. Сениор менаџер е во една од најреспектираните фирми „Макс ајчер инженеринг (Max Aicher Engineering) во Сојузна Република Германија и ги има поминато сите степени во образовниот процес и бизнисот во најголемата економија во Европа - Германија. Неговата согласност да дојде и да им помогне на Комората и на државата, треба да се смета како високо морален чин кој треба да го следат и други наши истакнати кадри кои живеат и работат во европските развиени земји.Сè на сè, ќе имаме четворица ударни кадри кои имаат огромно искуство и можат да ги отворат вратите за преструктуирање на нашата економија и создавање на додадена вредност која е преку потребна.

2. Најсериозната новина во работењето на Коморско инвестицискиот форум е формирањето на Бизнис-советот во којшто членуваат 16 водечки бизнисмени од регионот на Западен Балкан. Нивната улога ќе биде конторола на работата на КИФ од аспект на тоа, дали политиките за поддршка на компаниите се во согласност со нивните потреби. Што значи, за првпат се воведува

контролен механизам дали парите на Европската Унија, Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), Германската развојна банка (KFW), Австриска агенција за развој (АДА), Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и останатите донатори, се користат во интерес на компаниите за кои се наменети. Овој механизам, мислам треба да стане образец и за сите други проектни активности. Во составот на Бизнис-советот од наша страна ќе бидат двајца водечки бизнисмени: Светозар Јаневски и м-р Живко Мукаетов. Со тоа, Стопанската комора на Северна Македонија, во врвот на КИФ ќе има копретседател, генерален секретар и двајца членови на Бизнис-советот, со што ќе се засили нашето регионално влијание. П.С. Нешто и за тековната работа. Презентација на Јован Деспотовски и консултации околу отворање можност и домашните компании да ги користат поволностите на технолошки индустриски развојни зони, сѐ со цел да се поттикне инвестициската активност во целата бизнис заедница. Данокот на реинвестирана добивка, можам да кажам, дека е, исто така, предмет на сериозни разговори. Овој месец, ќе завршат и темелните анализи за потребната промена на царинскиот тарифник, а се работи со предвиденото темпо и на парафискалните давачки и на воведувањето на холдинг-друштва.

***26.4.2021***
**ЕНЕРОТ КОНЕЧНО ВО ФУНКЦИЈА НА ЈАВНО-ПРИВАТНИОТ ДИЈАЛОГ**

*Измените на Законот за игри на среќа, но и на Законот за работни односи, кој моментално е поставен на ЕНЕРОТ со огромен број коментари, конечно докажаа дека е тој вистинската алатка што веќе ја препознаат компаниите и бизнис-заедницата.*

Сигурно на јавноста не ѝ е познато што е тоа ЕНЕР. Меѓутоа, за нас има огромно значење бидејќи тоа беше барање на бизнисот, во функција на подобрување на јавно-приватниот дијалог. Помина многу време на падови и подеми на неговото користење, но деновиве доживува експанзија.ЕНЕРОТ е воведен во 2009 година, но поради проблеми во функционирањето, во меѓувреме, се спроведени неколку надградба, со цел засегнатите страни да добијат корисна и практична алатка за нивно континуирано учество во процесите на донесување на регулативата.Можност да го користат Единствениот национален електронски регистар на прописи имаа сите правни, но и физички лица, со цел поттикнување дискусии, предлози и содржини, кои квалитативно може да влијаат врз донесувањето на законските решенија.Изминатата недела имав разговори со Групацијата на спортски обложувалници во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија и со Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија, по што почувствував потреба да ја информирам јавноста.Прво, во услови на пазарна економија и на активни лиценци за работа, издадени од Министерството за финансии, измените на Законот кои водат кон ограничувања на работата на компаниите и до затворање на над 90 % од продажните места на спортските обложувалници, се порака за правна несигурност, т. е. за менување на правилата на игра во средина на натпреварот.Затворање на објектите ќе значи сериозен пад на приходите во буџетот, по сите основи според кои спортските обложувалници придонесуваат во државната каса. Со овој закон свесно или несвесно се отвора пат за црн пазар, диви обложувалници, небезбедно играње и за сива економија.Во услови на економска криза, кога стопанството работи со преполовени капацитети и со скратено работно време поради мерките за COVID, ваквите експерименти се недозволиви и може да бидат многу опасни за домашната економија и за вработувањата, особено што станува збор за дејност во која компаниите редовно ги плаќаат давачките, а немаат проблеми ниту со почитувањето на

законот.Второ, во Европската Унија каде што постои вакво законско решение не постои физичко растојание меѓу објектите на спортските обложувалнци и образовните институции, а ниту една студија не докажала дека таа има некаков ефект врз навиките на играње.Спортските обложувалници се за разумно покачување на даноците, заштита на играчите, зголемување на казните и за голем број други измени, со кои може да се унапреди Законот за игрите на среќа по европски терк и според докажано ефикасни модели на регулација.Трето, со измените на Законот треба да се изедначи рокот на издавање лиценци на сите приредувачи на игри на среќа на 6 години. Ако се прифати тоа, не е спорен предложениот износ (5.000 евра) како нова давачка што ќе треба да се плаќа за секое ново отворено уплатно место (над предвидените 25 со лиценцата). Така ќе се има и поголема видливост и планирање на буџетските средства најмалку на среден рок.Четврто, се поздравува предлогот за виртуелно обложување, кој е прифатлив, со забелешка за намалување на предвидените 300 на 100 вработени и со дообјаснување на износот од 10 милиони евра приход како услов за лиценцата.Аргументите на бизнисот контра предлогот на Владата се во насока на продолжување со работа на дејноста од која директно живеат околу 3.500 вработени во спортските обложувалници. Овие компании покажаа и дека знаат и можат да работат во согласност со сите поставени протоколи и препораки во услови на кризата со COVID 19, а континуиран со години наназад се потврдени како општествено одговорни деловни субјекти со донации во опрема, средства, а во услови на Корона кризата и во помош за болниците и за објектите на кои им е потребна.П.С. Ги повикувам сите компании, наши членки, активно и слободно да ги изразуваат своите мислења на ЕНЕРОТ, затоа што тој е создаден за тоа, а денес е повеќе од потребно, во услови на криза, да се користи на максимален начин. Доколку на компаниите им треба помош, Стопанската комора на Северна Македонија ќе им помогне во методологијата на неговата примена. Стручната служба на Комората ќе организира едукации за корисноста и за користењето на ЕНЕРОТ за да се зголеми неговата функција.

***04.5.2021***

**АПСУРД НАД СИТЕ АПСУРДИ - НЕКОГАШ ДА ГРАДИШ НА ТРИ КОНТИНЕНТИ, А ДЕНЕС ДА НЕ ЈА ГРАДИШ СОПСТВЕНАТА ДРЖАВА**



Нелогичностите поврзани со определени појави кои ги нарекуваме „апсурди" е тема која се избегнува, затоа што е врзана за непријатни случувања во минатото, но и денес. Сметам дека за нив мора отворено да се зборува, не за некој да се најде навреден или нападнат туку за да се најде решение за нив. Како и за сѐ друго, и за „апсурдите" мора да постои основа. Основата на сите наши „апсурди" е секогаш да бидеме „наопаку". Светот во еден правец – ние во друг. Кога сите се здружуваа во деведесеттите, ние се раздружувавме. Денес кога пандемијата доведе до ориентирање кон националните држави, ние се обединуваме. Наутро зборуваме за напредни технологии, попладне работите ги решаваме со мотика по глава, а навечер на песните од Цеца заборавaме на сѐ. Во меѓувреме времето се пополнува со дискусии дека никој не ни чини, дека другите се подобри од нас и дека само нам ни се случуваат лоши работи. Градежништвото е врв на сите наши „апсурди". Да имаш градежна оператива која градела на три конт иненти, а денес да не може да гради во сопствената држава е сериозен „апсурд". Зборуваме за градба на инфраструктурни објекти. Деновиве претседателот на Здружението на градежништвото, Андреа Серафимовски, ме извести дека постои сериозна загриженост за состојбите во оваа гранка, која опфаќа 7,2 % од вкупните деловни субјекти и вработува 6,9 % од вкупно вработените лица во државата. Од раст од 8,9 % во третиот квартал на 2019 година, во јануари 2021 година градежништвото бележи пад од 16,7 %.Тие сметаат дека

е тоа резултат на неколку фактори.1. Немање државен амбиент за развој на градежниот сектор, кој како и секоја сериозна стопанска гранка бара време, одрекувања и многу работа за да се обезбеди напредок. Сигурно е дека ни врвот кој го постигнавме во осумдесеттите години не беше постигнат бргу, туку беше осмислен процес на државата за негова експанзија.
2. Во моментов, од 7 експресни патишта, кои се изведуваат, само 1 го изведуваат домашни компании. Другите ги изведуваат странски компании. Дополнителен проблем е и тендерската процедура, која, прво, ги прави неконкурентни домашните компании во поглед на бараната висина на годишниот обрт на компанијата (пример, минимум 200 милиони евра обрт за објект кој вреди 35 милиони евра) и, второ, цената како приоритетен услов за добивање на работата (пример, во моментов се раскинати 3 договори со странски компании кои понудиле најниски услови, но не можат да ја завршат работата). Со домашните компании не е раскинат ниту еден договор. „Апсурдот", исто така, е и во тоа што ние, во областа на инфраструктурата, бројот на домашните компании го сведовме на едноцифрена бројка.3. Порастот на цената на градежните материјали има огромно влијание врз денешните состојби во градежниот сектор, затоа што цените на лимот и на цевките за челични конструкции пораснаа до 80 %, на геокомпозитот и на термоизолацијата до 50 %, на арматурното железо до 40 % итн. Бидејќи ние се определивме да градиме Комора на иднината, нема веќе да бараме државата да конципира мерки. Ние ќе ги конципираме тие мерки на професионален начин, во рамките на Здружението, и, ако треба, со надворешни соработници, со експерти и со компаративни анализи од другите држави и силно ќе лобираме и како институција и како поединци работите да тргнат напред, затоа што со силата на аргументите сме убедени дека градежниот сектор во делот на инфраструктурата ѝ е потребен на нашата економија.Браната Асуан во Египет, аеродромот во Багдад, автопатиштата во Полска, Украина, Русија, во Хрватска, Босна и Херцеговина и во Албанија и повеќе од сто моста, тунели и сложени воени комплекси и ден-денес ги носат обележјата на градежните претпријатија „Пелагонија", „Гранит", „Маврово" и „Бетон". Преку 100.000 работници, инженери и архитекти ја остваруваа егзистенцијата во градежниот сектор и во придружните дејности поврзани со него. Тоа значеше огромен девизен прилив, но и сериозна репутација на државата. Јас не велам дека е тоа правецот во кој треба да одиме, но мислам дека мора да отвориме сериозна расправа.

***10.5.2021***

## ТРИ Б - БИТИЌИ, БЕСИМИ И БЕКТЕШИ ГО ПРЕСЕКОА ГОРДИЕВИОТ ЈАЗОЛ НА БИЗНИСОТ

*После десетици години се решава холдингот, неданочните давачки и царинските тарифи значајни за бизнисот!*




Да не избиеше кризата со коронавирусот, готово сигурно беше дека Комората ќе организираше комеморативен собир на 10-годишнината од поднесувањето на првата иницијатива за формирање на холдинг друштва во Северна Македонија. Тоа ќе беше пародија на изгубеното време, на изгубениот профит и на бавноста на администрацијата. При концептирањето на тој настан, во главата ми се вртеше мислата дека повторувањето е мајка на знаењето, но веројатно упорноста е мајка на остварувањето! Целта, со тој настан, ми беше да ја алармирам јавноста дека создавањето на поволно бизнис опкружување за балкански прилики, е многу тешка работа. Ние знаеме дека нашите убедувања за определени решенија во корист на бизнисот траат со години. Но, прашањето за холдингот, за неданочните давачки и за царинските тарифи траат навистина предолго. Се разбира, почетокот на пандемија не беше време за тоа. Неверојатно, но вистинито,

Владата на РСМ собра храброст и во најтешките моменти на кризата одлучи да ја прекине негативната пракса на повеќегодишни процедури и заедно со учесниците на платформата за јавно-приватниот дијалог, реши да ги симне овие прашања од дневен ред. Во моментот, реалната состојба е, дека заеднички работни групи на Владата, надлежните министерства и надлежните комори ги привршуваат последните подготовки, овие три решенија, да влезат во владина процедура. Знам дека буквата Б има посебно значење (Бранко, безбедност, бизнис), ама неверојатно е дека тројцата клучни членови на Владата кој го туркаат процесот се презиваат Битиќи , Бесими и Бектеши.Еве неколку примери како доказ за нашата упорност да имаме активна улога во донесувањето или измената на прописите сè со цел, да се отстранат определени правни празнини или недоречености, кои се од значење за подобрување на деловната клима.

1. Иницијатива на СКСМ за законско нормирање на холдингот;
2. Иницијатива на СКСМ за ревидирање на парафискалните и неданочни давачки;
3. Иницијатива на СКСМ за ревидирање на царинските стапки и нивно усогласување со царинските стапки на Европската Унија;
4. Иницијатива на СКСМ за воспоставување на даночен календар;
5. Иницијатива на СКСМ за практична примена на електронската фактура во државата;
6. Иницијатива на СКСМ поврзана со член на 218 од Законот за извршување,.

Во минатите мои колумни стана збор и за работењето на ЕНЕР-от како сериозна алатка за дијалог помеѓу државата и бизнисот. Во исто време, се зацврстува и внатрешната кохезија внатре во Комората во која еснафските здруженија стануваат секој ден се поактивни. Оваа недела се договара втората фаза на вакцинирањето на бизнисот. Истовремено, во Трст, комориte на земјите на Западен Балкан се договараат за продолжување на започнатата постапка за имунизација на регионално ниво. Исто така, не очекува и средба со најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, на која ќе разговараме како одговорни чинители за прашањата од наша надлежност. Сè на сè, во бизнис заедницата врие како во кошница во пресрет на случувањата кои ќе ја определат нашата перспектива да излеземе од кризата помудри или ќе заглавиме во балканската неперспектива.

П.С. Во петок, на седницата на Управниот Одбор на Коморскиот инвестициски форум што ќе се одржи во Белград, заменик премиерот на Владата, Фатмир Битиќи, ќе поднесе иницијатива во име на Владата на Република Северна Македонија за изедначување на условите за привлекување на странските инвестиции во регионот на Западен Балкан. Со тоа ќе се овозможи да се изедначат условите и ќе се спречи меѓусебната конкуренција што им дава предност на странските компании во преговарањето.

***13.5.2021***

**СКОПЈЕ, БЕЛГРАД ВИА ТРСТ**


Со Свето Јаневски, член на Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум

Економската соработка во регионот нема граници, и потенцијалите треба максимално да се искористат, а моите средби во овие неколку денови се најдобар доказ за тоа.Синоќа во Белград имав работна средба со оперативниот тим на Тиквеш за српскиот пазар предводен од Свето Јаневски, кој е и член на Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум, на кој се разговараше за стратегијата Тиквеш да премине од втората на првата позиција во учеството во српскиот вински пазар, што е огромен резултат и признание за нашата најголема и најетаблирана компанија за производство на вино.Активностите продолжуваат денес, со работна посета во Секретаријатот на Коморскиот инвестициски форум

во Трст. Во својство на копретседавач на КИФ, заедно со копретседавачот на КИФ и претседател на Стопанската комора на Србија Марко Чадеж и Генералниот секретар на КИФ д-р Татјана Штерјова Душковска, ќе реализираме повеќе средби со италијанските партнери, клучни за идните планирани активности на КИФ.п.с. На сите наши членки кои денеска го прославуваат Рамазан Бајрам им упатувам честитка, со желби за добро здравје за нив и нивните семејства, напредок и просперитет.

***16.5.2021***

**ЕДЕН РЕГИОН, ЕДНА ЕКОНОМИЈА**



17-та Седница на УО на КИФ донесе одлука за формирање на посебно тело за заедничко привлекување на инвестиции, заеднички настап во Берлин, Дубаи и Шангај, отворање на канцеларија и фондација на КИФ во Скопје и договор за понатамошна соработка со ЕБРД

1.КИФ донесе одлука за формирање посебно тело за привлекување инвестиции за земјите од регионот, кое има за цел да ги вмрежи компаниите од 6-те земји на Западен Балкан (Србија, Северна Македонија, Црна Гора, Албанија, Косово и Босна и Херцеговина). Ова значајно тело ќе го предводи Данило Цицмил – клучен човек во кабинетот на српскиот претседател Александар Вучиќ, магистрант на Хартфорт (САД), човекот во чиј мандат од 2017 година до денес, Србија има раст на странски директни инвестиции од 1,3 милијарди евра во 2014 година, на 3,8 милијарди евра во 2019 година, и има донесено над 200 фабрики од повеќе различни индустрии.Развојот на заедничкиот регионален пазар, како единствена инвестициска дестинација  логично ја промовира одлуката за заеднички настап на Берлинскиот самит на 30 јуни 2021 година, Дубаи ЕКСПО на 1.10.2021 година и Кинескиот интернационален саем на 5.11.2021 година.Вчера, за прв пат, заменик претседателот на Владата, Фатмир Битиќи, ја промовираше идејата на македонската Влада и Стопанската комора на Северна Македонија за изедначување на условите за инвестирање во рамките на КИФ со што би се намалила меѓусебната конкуренција.

2.Конечно Скопје станува седиште на претставништвото на КИФ и на новата фондација за поддршка на неговите активности.  Коморскиот инвестициски форум е основан 2015 година и ги застапува интересите на 350.000 компании на 6-те земјите од Западен Балкан.

3.Во рамките на активностите во Белград, претседателот Азески, имаше средба и со стариот и новиот директор на канцеларијата на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) во Белград, задолжени за цел Западен Балкан (Сузана Харгитаи и Матео Колангели).На средбата со Бранко Азески како копретседател на Коморскиот инвестициски форум и д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на КИФ стана збор за наредните активности на ЕБРД во земјите на Западен Балкан, за приоритетните проектни активности со фокус на инфраструктурата (енергија, телекомуникации и транспорт), но и на локалниот развој.  ЕБРД инвестираше над 2,5 милијарди евра во земјите на Западен Балкан. Има долгогодишно и ефикасно партнерство со Европската комисија и Европската агенција за реконструкција, како и билатерални односи со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. Паралелно и заеднички се работи на поддршка на процесот на транзиција и промовирање на приватниот сектор и развој на инфраструктурата во земјите од Западен Балкан.

***17.5.2021***

## РУСИЈА ГИ ПРИФАТИ ПРВИТЕ НАШИ ЕЛЕКТРОНСКИ СЕРТИФИКАТИ

*СКСМ - Комора на иднината – САП системите - иднина на македонскиот бизнис*

| | | |
|---|---|---|
| СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | КОМОРА НА ИДНИНАТА | 99 ГОД. |
| GS1 МАКЕДОНИЈА | ГЛОБАЛЕН ЈАЗИК НА БИЗНИСОТ | 27 ГОД. |
| СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ | НАПРЕДНИ ТЕХНОЛОГИИ | 14 ГОД. |
| КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ | ЕДЕН РЕГИОН, ЕДНА ЕКОНОМИЈА | 6 ГОД. |

I. Полека, но сигурно, Стопанската комора на Северна Македонија се претвора во Комора на иднината. После стратегијата за понатамошен развој, донесена во 2019 година, промената на Статутот, утврдените приоритети и новите кадровски решенија, јасно е дека Комората на иднината ќе почива на дигитализација, напредни технологии, вмрежување, проектни активности и создавање кадар за потребите на бизнисот. Отттука, не случајно, обележјата на трите наши асоцијации зборуваат за глобалниот јазик на бизнисот, напредните технологии и регионот како една економија.Стопанската комора на Северна Македонија, како одговор на кризата во декември 2020 година, започна со реализација на проектот кој ќе овозможи да биде прва комора во регионот која целосно ќе го дигитализира издавањето на надворешно-трговските документи со користење на електронски сертификати за дигитално потпишување, гарантирајќи дека електронскиот документ е валиден и признат, како од Царинската управа на РСМ, така и од Светската царинска организација.Минатата недела првите пратки со електронски издадени и потпишани сертификати за потекло преку нашиот систем се царинети и прифатени од повеќе царински служби на различни држави во светот. Тест фазата ќе продолжи и во следните две недели, а од 1 јуни 2021 година овој систем ќе биде достапен за сите компании.Во оваа прилика сакам да изразам голема благодарност до Алкалоид АД, Скопје; ИГМ Трејд АД, Кавадарци; Макстил АД, Скопје и Витамика АД, Прилеп за нивниот активен придонес и вклученост во тестирањето на нашиот системот, со што станаа првите компании, корисници на извозните документи, кои ги издава Комората во дигитална форма.Голема благодарност до Некстсенс ДОО од Скопје кој нашата идеја ја преточи во конкретен, модерен и иновативен производ. II. Ако ние сме Комора на иднината, САП системите се иднина на македонскиот бизнис. Во контекст на нашите определби во среда, 19.5.2021 година, пред највисоките органи на Комората ќе биде извршена професионална презентација на можноста за воведување на САП системите во нашите компании, иако дел од нив веќе го имаат имплементирано. САП е еден од лидерите во индустријата за дигитализацијата и нивниот концепт за “Intelligent Enterprise” (Intelligent Enterprise) е решение кое ги следи најновите трендови за компаниите од сите дејности и е светилник во ерата на дигитализацијата.Затоа мислиме дека поддршката што би ја добиле македонските компании од Коморскиот инвестициски форум, Владата на РСМ и Стопанската комора на Северна Македонија, би била голем импулс за неговата поширока имплеметација во македонскиот бизнис.Алкалоид АД, Скопје преку своја презентација во среда пред органите на Комората ќе ги прикаже корпоративните придобивки од користењето на САП решенијата кои силно се одразуваат на зголемена продуктивност и иновативност во нивното работење.Стопанската комора на Северна Македонија со оваа активност отвара широка акција за имплементација на овој систем меѓу своите компании, со што ја потврдува својата максима дека им помага на македонските бизниси во иднина да бидат што поуспешни и да создаваат што поголем профит.

П.С. Во моментот, Комората работи на низа проекти кој значат нови и иновативни дигитални решенија: изработката на дигитален регистар на верифицирани компании и сертифицирани ментори кој ги поврзува компаниите и средните стручни училишта; нова посовремена серверска

соба; платформа за пријава за вакцинација за бизнис заедницата; дигитализација на сите документи кои ги издава Комората кон компаниите, но и дигитализирање на внатрешните процедури кои ќе водат кон безхартиено работење ....

***01.6.2021***

## ГИМ И ФИНКИ ГО ВИДОА БРАНКО, КОПАОНИК СТАНА РЕКА, НОВА ИЗМИСИЦА НА БИРОКРАТИЈАТА „НЕ ПОТПИШУВАМ НИШТО, ДА НЕ ОДАМ ВО ЗАТВОР

*ФИНКИ го виде Бранко, но за новата зграда ќе причека веројатно подолго време. ГИМ потврди дека се прошири низ целиот Западен Балкан и достигна 350 вработени, а Копаоник за прв пат, наместо на планина, се одржа покрај две реки*




Неделава што измина како да не врати во нормалниот живот пред пандемијата, иако мислам дека е тоа прерано. Па така некако, и мојата недела започна со учество на 28. издание на „Балканскиот Давос", Копаоник Бизнис Форум, заедно со моите колешки Наташа Јаневска и Даниела Михајловска Василевска. Иако за прв пат се одржа он-лајн, панелистите беа во живо и како и секогаш, одлични. Крајот на неделата го одбележавме со две значајни посети, на водечкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со преку 1.000 запишани студенти годишно, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и на Градежниот институт Македонија, една од нашите најдобри членки, на која бев да проверам неколку факти, значајни за нашето понатамошно работење. Значи, повторно меѓу членките во живо и морам да кажам дека тука се чувствувам најпријатно, затоа што таквата непосредна комуникација не може да се замени со ништо. Во меѓувреме, беа одржани средби со повеќемина личности, кои исто така се приклучија на новиот концепт на „Комора на иднината" која деновите доживува кадровско заокружување. Можам слободно да најавам дека многу брзо, покрај соопштенијата од Управниот одбор, од Собранието и од другите органи, во јавноста свои ставови ќе почнат да соопштуваат и Советите за напредни технологии, за развој на индустријата и извозот, за новите вештини на кадровските решенија кои му се потребни на бизнисот, за Судот на честа итн. Но, и за почетокот на втората фаза на вакцинацијата на бизнис заедницата која што минатата недела започна заедно со министерството за здравство. Но да појдеме по ред. Нормално Коморскиот инвестициски форум како секогаш имаше централно место на отворањето на Балканскиот Давос што се одржуваше под слоганот: „Светот по Ковид-19: Нови извори на раст во промената на деловните услови". Три клучни компоненти се содржат во моите пораки упатени од овој незаобиколен бизнис настан:1. Министерство за регионален развој; 2. Приоритет на здравството и образованието и 3. Автопатишта без границиОчигледно е дека нашите членки бараат конкретност, а  во пораките има конкретност колку сакаш. Ø Ако сакаме остварување на приоритетот, тоа се вика регионален пристап, а алатката за неговото остварување е формирање на Министерства за регионален развој во сите 6 земји на Западен Балкан. Ø Ако пак сакаме промена во менталитетот, тогаш мораме здравството и образованието да ги ставиме на врвот на пиедесталот.Ø И, ако сакаме да ги оправдаме големите инвестиции во автопатиштата, тогаш мора да ги елиминираме границите, зашто предноста што ја добивме со автопатиштата во брзината на движење, ја губиме во чекање по границите.  Овие мои пораки ги прифатија и д-р Горан Свилановиќ, поранешен министер за надворешни работи на СР Југославија, кој ќе ни помогне во подигањето на повисок степен на соработка на регионално ниво и на односите со Европската унија, особено за проектните активности; д-р Иван Чорбев; деканот на ФИНКИ; Марјан Николов од Центарот за економски анализи; проф, д-р Горан Петрески од Економскиот факултет; Тони

Стојановски директор во Стопанска Банка АД Скопје; Васко Кроневски, сопственик на Нексенс, кои се придружија во значајните форми на нашето организирање. Во вториот дел од неделата реализиравме средби со две значајни институции од кои испорачуваме и конкретни резултати. Д-р Иван Чорбев, деканот на ФИНКИ, се придружи на тимот експерти во Советот на напредни технологии, а факултетот за ИТ и Стопанската комора, договорија заедничка проектна активност со Европската Унија во наредниот период. Во посета на ФИНКИ Градежниот институт Македонија, кој цели 40 години доставува одржливи и градежни услуги со високи перформанси, со своето високо реноме, потврди дека клучен проблем што ги забавува градежните активности во нашата земја, а со тоа и инвестициите, е фукционирањето на државната администрација која почнува и завршува со ново воспоставено мото „Не потпишувам ништо, да не одам во затвор"П.С. Оваа недела активностите се префрлаат во Охрид. Економскиот факултет од Љубљана, еден од најдобрите европски факултети според Шангајската листа, и охридските бизнисмени и водечките македонски економисти ќе бидат целни групи со кои ќе разменам мислења за клучни економски прашања, значајни во период за излез од ковид кризата.

***14.6.2021***

**ЈАГОДА ЈА ДОБИ НЕРАБОТНАТА НЕДЕЛА, МИЛА ЈА ЗАСИЛУВА АКТИВНОСТА, ВЕНКО ДОБИ ПАУЗА, БИЗНИСОТ СЕ ПРЕСТРУКТУИРА**

*Паузата во борбата против корона вирусот, бизнисот ја користи за свое преструктуирање и за непосредни контакти со компаниите кои беа запоставени во изминатиот период*



Раде Кончар Сервис, беше првата членка што во март 2005 година ја стави стаклената плочка со обележјето на Стопанската комора на Македонија на својата влезна врата. Во услови кога Комората беше на најниското ниво тоа беше акт за почит и поздравување. Плочката сè уште е таму, но Раде Кончар се прошири и напредна како една од нашите најуспешни членки. На сликата сме со сопствениците кој успешно го продолжуваат делото на Аце Антевски.Учесник сум во многу битки помеѓу Владата и бизнисот како што беа: воведувањето на новиот концепт на коморски систем; воведувањето на системот на бруто плата; битката околу поврат на ДДВ-то; воведувањето на даночниот систем; царинскиот тарифник; воведувањето на проценката на влијанието на новите законски решенија - РИА системот (Regulatory Impact Assessment); регулаторната гилотиња и слично. Дел од нив добивме, дел изгубивме. Но оваа битка, која сè уште трае, не беше обична. Се дискутираше најдолго, и морам да кажам упорно, но бизнисот не сфати зошто ова прашање му е толку важно. Згора на тоа, Владата ќе добие законско решение со преку 50 исклучоци што доволно зборува дека имало многу сериозна расправа. Ние сметаме дека таква расправа е потребна и за претстојната агенда во која ќе се отворат суштинските прашања, без кои не може да се замисли излезот од кризата низ која поминуваме. И тука, како на трака се редат прашањата за гасификацијата, која никако да стигне до компаниите; изедначување на условите за инвестирање на странските и на домашните компании; зголемување на средставата во Буџетот за Програмата Д4; проблемите со издавање на одобренијата за градба; парафискалните давачки; холдингот; решителна битка со сивата економија; отворен разговор со невладиниот сектор околу еколошките прашања; со медиумите околу сериозните напади врз бизнисот и големиот број празници кои значат само не работа во услови кога ни претстои општа мобилизација. Но бизнисот, покрај што бара, нуди и експертска помош за надминување на овие проблеми, и сериозно учество во инвестициските активности, со

отворање на голем број работни места. За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, спроведе мини анкета меѓу своите членки. Податоците од анкетата покажаа дека 91,1% од анкетираните компании планираат инвестиции во следните 12 месеци. Реализацијата на планираните инвестиции најмногу ќе придонесе за зголемена профитабилност (77,8%); зголемен промет (75,6%); отварање нови работни места (73,3%); зголемен извоз (55,6%) и зголемено производство (51,1%).Планирани се две конференции во областа на образованието „Високото образование и бизнисот-заеднички предизвици и приоритети" и „Синергија на партнерите во обезбедување пазарно - ориентирано стручно образование и обука", сè во функција на вкупните активности меѓу бизнисот и министерството за образование и наука, а претстои и ревакцинација на бизнис заедницата во Србија, наредниот викенд. Намалувањето на интензитетот на здравствената криза овозможи простор за непосредни контакти со компаниите, наши членки, на нивен терен. Минатиот петок, такви посети имав на компаниите „Раде Кончар ТЕП" и „Раде Кончар Контактори и релеи" и можам да кажам дека бев изненаден од напредокот на овие компании во услови на криза, бидејќи видов обезбедена работа, нови менаџерски тимови, проекции за развој и сериозни бројки кои зборуваат за успешноста на нивното работење. Не, дека нема проблеми, но тие се во рамките на барањата кои Стопанската комора на Северна Македонија, во моментов, ги разговара со Владата. Новиот менаџмент на Раде Кончар Контактори и релеи во кој има спој на младост и искуство, но во кој има и завидни финансиски резултати, и во услови на криза. Една од нашите најстари членки, со која успешно ја продолжуваме соработката.Утре, ќе ја посетам, една од најдобрите наши фирми, „Актива" во Штип, иако од мојата последна посета не е поминато многу време. П.С. Посебно изненадување за мене, е фактот дека нашите членки конечно се осмелуваат да ми предадат и документи за нивните апсурдни случувања со администрацијата, кои после деталните проверки, ќе ги изнесам во јавност.

***26.7.2021***

**АЗЕСКИ ЗА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА - ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ**




Заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, кој го предвидува концептот на четирите слободи врз кои се заснова единствениот пазар на ЕУ - слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал – со засилена соработка во областите на дигитализација, инвестиции, иновации и индустрија може да биде движечка сила која ќе даде нов поттик за унапредување на конкурентноста на компаниите во регионот по пандемијата. Заради запознавање на пошироката јавност го објавуваме скратеното излагање на претседателот Азески (кликнете тука). Преживеавме година со каква со децении не сме се соочиле. Сите основни постулати на бизнисот пред пандемија - неограничена поврзаност, глобализација на пазарите и отвореноста кон светот - за кратко време станаа најголемите пречки во борбата за запирање на ширењето на пандемијата на корона вирусот. Бизнисмените од целиот регион мораа да го прилагодат својот бизнис и да дејствуваат брзо за да се вклопат во новата реалност. Многу компании мораа да ги променат или изменат своите деловни модели, а кај некои од нив промените воведени во последните неколку месеци, предизвикаа дури и долгорочни ефекти во однос на визијата и стратешката позиција на компанијата.Не постои едноставен одговор на прашањето што може да го забрза процесот на економско закрепнување во регионот по кризата - но регионалната соработка секако може да придонесе за овие напори. Изминатата

година најдобро покажа дека во тешки времиња, земјите од регионот се фокусирани едни на други како најблиски соседи.Европската унија е најдобар доказ дека синергијата, економската соработка и комплементарноста носат забрзан раст и развој, дека отстранувањето на бариерите во меѓусебната соработка носи придобивки за обете страни на секоја граница. Значи, заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, кој предвидува концепт на четири слободи врз кои се заснова единствениот пазар на ЕУ (слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал) со засилена соработка во областите на дигитализација, инвестиции, иновации и индустрија може да биде движечка сила која ќе даде нов поттик за унапредување на конкурентноста на компаниите во регионот по пандемијата. За да го постигнеме тоа, ќе биде потребно што побрзо да се апстрахираме од деструктивниот процес на „балканизација" со кој на различни нивоа се занимаваа различни чинители во регионот (термин што веќе се удоми во професионалната терминологија и се користи за означување на процес на атомизација на помалите единици, кои честопати се непријателски настроени едни на други). Коморскиот инвестиционен форум ќе има клучна улога во овој процес. Приказната за развој на Коморскиот инвестиционен форум, како здружение на Стопанските комори од регионот на Западен Балкан, вклучително и Стопанската комора на Северна Македонија, започна во 2015 година, во рамките на Берлинскиот процес, под покровителство на германската канцеларка Ангела Меркел, со единствена цел да помогне во поврзување на бизнисот преку границите во регионот. Денес, КИФ претставува можеби најважното средство за зајакнување на регионалната економска соработка и еден од најуспешните резултати на Берлинскиот процес. Соработката во рамките на КИФ се заснова на премисата дека деловните заедници во регионот заедно можат да направат многу повеќе во смисла на економски развој на секоја од земјите, но и на целиот регион, отколку што некогаш може да направат поединечно. Клучен интерес на КИФ е процесот на воспоставување на заеднички регионален пазар што ќе резултира со конкретни подобрувања во работењето на компаниите, што ќе значи намалување на трошоците за нив, поедноставување на прекуграничното работење од сите аспекти, но и заедничко освојување на пазарите во трети земји. Намалените бариери ќе значат поголема доверба, отворени врати за поголема соработка, повеќе заеднички вложувања и проекти.

***09.8.2021***

***ГРЧКОТО БИЗНИС ЛИДЕРСТВО И „ОГНЕНО КРШТЕВАЊЕ" НА ОТВОРЕНИОТ БАЛКАН***

## КАКВА Е ВРСКАТА ПОМЕЃУ СТАВОВИТЕ НА ДВАЈЦАТА МОИ ГРЧКИ КОЛЕГИ И „РАЃАЊАТО" НА ОТВОРЕНИОТ БАЛКАН



Моето коморско патешествие по Балканот започна во декември 2005 година во Атина. Тоа беше редовна седница на Асоцијацијата на Балканските комори чие претседателствување од Грција го презеде Македонија. Џорџ Касиматис, претседателот на Унијата на грчките комори и претседател на Комората на Пиреа, во присуство на половина грчка влада, им порача на присутните грчки новинари, кои реагираа на нашата маркетиншка презентација на која пишуваше Македонија: „Ова е бизнис, не политика и ако нешто не се согласувате можете да излезете", што го обележа моето пријателство со него, и на билатерален, и мултилатерален план

во рамките на Еурочембрс (Eurochambers), каде ја извршуваше функцијата - потпретседател. Токму таа реченица, изговорена во услови на големи политички проблеми околу името, го постави темелот на моето уверување дека и на Балканот постојат бизнис-лидери кои можат да бидат кохезионен фактор на регионална соработка и ме натера да се посветам на создавањето мрежа токму на такви личности.Република Грција е наш значаен економски партнер. Со неа делиме граница од 234 км. Република Грција има БДП од глава на жител од 24.588 американски долари, извоз од 92,925 милијарди американски долари и е еден од нашите пет најголеми трговски партнери. Вкупната трговска размена со Грција за периодот јануари – април годинава, изнесува 292,2 милиони американски долари со раст од 27,9 проценти во однос на истиот период минатата година. Извозот евидентира раст од 17,27 проценти, додека увозот од 31,5 проценти. Трговски дефицит е 159,6 милиони американски долари, а Грција е четвртиот трговски партнер на Северна Македонија. Да не зборуваме за огромното значење на солунското пристаниште низ кое поминуваат, речиси 1 милион тони стока, наменети за нашата земја или од неа и транзитираат најмалку 25.000 контејнери.Пандемијата на корона вирусот ги забави нашите планови, после решавањето на прашањето со името, да ги засилиме економски релации. Затоа, за да ја верификуваме долгогодишната соработка што ја имаат двете најголеми бизнис асоцијации од Грција и нашата земја, на 17 јуни 2021 година, со претседателот на Унијата на грчките комори и на Атинската комора за трговија и индустрии, Константинос Михалос, потпишавме  Меморандум за соработка. Потпишувањето на Меморандумот со Антинската комора и договорената средба со претседателот Михалос, беше конкретно прецизирање на новата Агенда на нашата соработка за отворање нови перспективи во насока на зголемување на трговската размена, зголемување на инвестициите, како и подобрување на условите за работа на бизнис заедниците од двете земји. Токму затоа, веста за смртта на Константин Михалос, е тешка загуба за реализација на идејата, Грција  да се врати на позициите од пред кризата во 2008 година и да биде наш најзначаен економски партнер. Студентот од Универзитетот во Есекс во Обединетото Кралство и постдипломецот на Лондонската школа за економија, докажаниот бизнис и коморски лидер, со својата смрт ни создаде уште поголема обврска да ја реализираме нашата идеја, без никаков исклучок. Пожарите кои деновите беснеат на Балканот како да ја ставија на проба минатонеделната иницијатива за создавање нова регоинална платформа во која бизнисмените од трите земји- основачи, вложуваат голема надеж. Но, тоа може да се направи само со личности како моите грчки колеги, коишто во целиот период на соработка, политиката ја имаат ставено на страна. Ако политиката беше пречка за целосно остварување на ЦЕФТА, тогаш јасно е дека отворениот Балкан мора на старт да го расчити тоа прашање. Пораките на политичките лидери на Северна Македонија, Албанија и Србија го најавија тоа, но за секој случај бизнисот јасно пред нив, ги истакна своите заложби да не се повторат грешките од минатото. Сѐ на сѐ, изминативе две недели донесоа нови предизвици во нашата Комора, која е најголемата и најбројната бизнис заедница кај нас, но и институција со голем авторитет меѓу регионалните комори. Ние одиме понатаму и веднаш преземедовме две активности: нарачавме меѓународна студија за позитивните и негативните импликации за бизнисот во отворениот Балкан, но испративме и писмо до сите наши членки за нивните позиции во рамките на новата платформа. Со тоа докажавме како професионално и одговорно да се поставиме во остварувањето на нашата основна цел: да им служиме на интересите на нашите членки!

*16.8.2021*
**ЗА КОГО СЕ МЕКИЦИТЕ ОД СТРАЖА**




Сметам дека нелогичностите поврзани со определени појави или случувања кои ги нарекуваме апсурди се често тема која сите ја одбегнуваат затоа што се врзани за непријатни или несакани случувања во минатото или денес. Јас сметам дека за таквите апсурди треба отворено да се зборува, не за да се наоѓаат мани или забелешки на надлежните инситуции или лица кои не посветиле доволно внимание за таквите појави да станат апсурди, туку затоа што можеби ваквите апсурдни ситуации би можеле да бидат надминати доколку за нив сѐ почесто се зборува и се истакнуваат како проблем за кој конечно треба да се најде решение.Деновиве кога ќе го поминеш преминот Стража, се чувствуваш како да си на пазар. Сите застанале со една цел – да купат мекици. Прекрасно, вкусно тесто кое е синоним за новороденчињата. Но, јас мислам дека мекиците што деновиве се трошат во неограничени количини, ќе одбележат раѓање на нешто друго.Во 1990 година, само што ја поминавме Стража, на пат за Западна Европа со крајна дестинација Амстердам, службениот мерцедес на АД „Слобода" Охрид на подмрзнатиот пат се заврте за 180 степени. Практично, беше невозможно да се вози по таков пат. Колегите во возилото прокоментираа дека Господ ни го покажал патот да се вратиме назад. Јас бев уверен дека треба внимателно да се симнеме кон Гостивар, бидејќи ако ја поминеме Стража, до Амстердам патот нема таков опасен превој и нема да имаме никаков проблем. Така и бидна.Тој превој сум го поминал илјада пати. Ги знам сите опасности, но знам и колку пари се трошат за негово зимско одржување. Затоа, и при отворањето на нашата регионална комора во Кичево пред десет години, јавно кажав дека Охрид и Кичево имаат заеднички непријател кој се вика Стража и дека не смееме да дозволиме, нашите предци пред педесет години да го решат прашањето на железничката пруга со пробивање тунел од Стража, а ние тоа да не го направиме до денес. Од тогаш поминаа десет години. Не само што тоа прашање не се реши, туку не се доврши ниту автопатот од Кичево до Охрид, којшто и понатаму Охрид, како најголем туристички центар, и целиот регион го држи во економско заробеништво. Ако тргнеш преку Дебар ќе те пречека Маврово, ако тргнеш преку Битола ќе те пречекаат Ѓавато и Плетвар, а кон Стража има и уште еден планински превој, некогаш поопасен и од Стража, наречен Пресека.Значи, логично се поставува прашањето за излез на тој регион од една географска блокада која го отсекува од комуникациите со главниот центар во државата, но и главните комуникации кон север, кои се значајни за нашиот бизнис.Според расположливите податоци од ЈП „Македонија пат", кои се од постар датум (периодот помеѓу 2010 и 2015 година), потрошените средства за зимско одржување на патиштата во државава во текот на една година, во просек изнесувало околу 400 милиони денари, од кои просечниот износ за одржување само на автопатите во зимскиот период изнесува 65.870 денари по километар, а да не зборуваме за планинските превои, за кои само може да се претпостави колку средства се потребни, во недостиг на официјални податоци.Сигурен сум дека во овие педесет години, потрошените пари за одржување на планинските превои во западна Македонија, ќе исфинансираа тунел на релација Скопје - Охрид. Да не зборувам за тешкотиите на камионџиите кои ја превезуваат стоката во зимски услови, бидејќи нема пруга, како и за жртвите и опасностите кои демнат на секој чекор.Значи, најмалку три аспекти ја оправдуваат идејата за изградба на тунел, а тоа се економичноста, брзината, бидејќи побрзо ќе се стигнува до планираната дестинација и одржувањето, кое ќе биде, и полесно, и поевтино. И по сто пати поставеното прашање: како можеше една од најголемите градежни оперативи да не го реши прашањето до денес и дали за тоа постои одговорност?Студиите на Градежниот факултет од

Скопје, исто така, ја потврдуваат тезата за оправданоста за изградба на тунел на овој правец. Недостасува само желба и упорност за реализација на целта.Но, сега да се вратиме на мекиците. Бидејќи проблемот не е решен, мекиците сигурно ќе бидат дадени за раѓањето на новата платформа наречена „Отворен Балкан", затоа што бизнисот мора да бара чаре и кога државата не ги решава инфраструктурните проблеми. Природно е тој да се сврти кон Албанија и Грција затоа што на тие правци нема „стражи", „пресеки", „ѓавата" итн.Најпросто кажано, бизнисмените од овој регион ја поддржуваат таа платформа затоа што гледаат излез во отворањето нови пазари, побрза проодност на капиталот, стоките, идеите, ставовите и луѓето, а со тоа и поголема конкурентност и подобра заработувачка. Географските пречки, ете така и со мекици, и без мекици, можат да ја сменат и економската, но и човечката конфигурација затоа што тоа е природно и решение мора да се бара во новите и реални опции.П.С. „Како што беше и предвидено", вирусот повторно нападна и тоа на 15 август. Стража, нормално не го спречи. Но, дали можеме да го пропуштиме низ „отворениот Балкан" до морето и таму да исчезне? Можеме, ако не ги повториме грешките од првиот бран. И ако се вакцинираме. Особено лицата кои работат во компаниите.

***26.8.2021***

**ВЛАДАТА И КОМОРАТА КОНЕЧНО УСПЕАЈА – 211 ФИРМИ ЌЕ ГО ВОВЕДУВААТ МОДЕЛОТ НА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ**

*ОГРОМЕН НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МОДЕЛОТ НА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ОД 11 ДО 211 НОВИ ФИРМИ*



Деновиве вниманието ми го привлече еден билборд на кој три наши фирми, истакнати членки на Стопанската комора на Северна Македонија „Костал", „ЛТХ Леарница" и „ОДВ Електроник" повикуваат на упис на четврта генерација на ученици за техничар за производно машинство и за техничар за индустриска мехатроника. Се разбира, со огромни букви беше назначено дека дуалното образование претставува инвестиција за иднината, и нормално веднаш беше побарана м-р Наташа Јаневска, нашиот образовен експерт да ја објасни моменталната состојба и бројките.Следуваше второто мое изненадување за што Наташа прецизно ме информира дека оваа учебна година вкупно 211 нови фирми се вклучуваат во процесот кој беше „баук" до 2017 година.Меѓутоа на изненадувањата им немаше крај. Наташа повторно ме информира дека структурата на тие 211 фирми е следна: 188 фирми се приватни фирми (мали, средни и големи), 23 фирми се јавни и државни претпријатија и здравствени установи и 10 се занаетчиски дуќани.Зарем е можно кај нас, нештата да се имплементираат на вистински начин, без големо бранување на јавноста.Да, можно е, ако моделот е западно европски и ако тој кадар вистински е потребен на бизнисот, кој со себе ги носи карактеристиките – ненаметливост, упорност и истрајност.Присуството на „Костал" на билбордот, ми ги врати спомените во далечната 1976 година на охридскиот гигант „ЕМО", сместен на истата локација каде денеска е „Костал", прв кој го примени моделот што тогаш се нарекуваше средно стручно образование и беше со истиот партнер -Електро-машинскиот училишен центар.Но уште поинтересно е, дека тој истиот „ЕМО" настана 10-тина години порано, на локацијата на градската депонија. Значи, луѓето од депонија можат да направат фабрика со 150 милиони долари извоз и 4 илјади вработени која работела по највисоките светски стандарди, и исто луѓето можат да ја урнисаат како што тоа го направија во 90-тите години со „ЕМО", и после 25 години, повторно да ја издигнат со најсовремени производни

програми и со имплементација на моделот на дуално образование.Е па драги мои пријатели, за да го промениме нашиот менталитет (кои нели е причина за сите наши проблеми), треба со име и презиме да кажеме дека депонијата во фабрика ја претвори Никола Матлиески – Пашата, а разурнатата, опустошена и разграбана фабрика ја возобнови Виктор Мизо, нашиот потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија и творец на Асоцијацијата на напредни технологии.Само ако ги истакнуваме позитивните примери, а јавно ги критикуваме негативните, ќе го смениме нашиот менталитет.Меѓутоа, 2013 година е исто така важна за промена на менталитетот, бидејќи тогаш за првпат Стопанската комора на Северна Македонија започна со активности за воведување на дуалното образование. Додека некој „јаде бурек", некој имплементира. Кој е тоа? - тоа е Стопанската комора на Северна Македонија. Но, имплементира и други работи за кои ќе пишуваме во наредниот број.
П.С. Многу луѓе ме прашуваат како да се смени менталитетот кој е нашиот најголем противник. Јас би кажал само едно: „Секој од нас, да прави нешто што е поразлично од тоа што го правел досега. На пример, Ана која е дипломиран инженер, наместо од Охрид да оди во Скопје, таа од Скопје дојде во Охрид; Наташа наместо да остане во Министерството за образование и наука, дојде да работи во Комората, Мизо наместо „стечајна руина" направи модерна фабрика.... Промената значи мотив, но и пример за другите како реалноста може да изгледа и поинаку"

***29.9.2021***

## МАЛ ШЕНГЕН, ОТВОРЕН БАЛКАН, ЗАТВОРЕНИ НАДЕЖИ – ТОГАШ НИШТО ОД БИЗНИСОТ

*Не знам дали насловот е доволно јасен, но преку текстот ќе ви стане совршено јасно колку сме далеку од посакуваните цели.*

*Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и копретседател на Коморскиот инвестициски форум*

Еве еден позитивен пример што требаше да направиме –ВИШЕГРАДСКА ГРУПА – ПОЛСКА, ЧЕШКА, УНГАРИЈА И СЛОВАЧКА* Регионална економска групација основана во 1991 година* Поранешни комунистички земји со скромни економски перформанси* 2021 година – кумулативниот БДП надминува 1 трилион евра* БДП од глава на жител – 24.000 евра* Зголемувањето е повеќе од 350 % во споредба со деведесеттите* Извоз над 100 милијарди американски долари* Самоиницијативно здружување* Регионална соработка заснована на добра волја Значи има позитивни примери!Балканот треба да престане да ја имитира ЕУ и да создаде сопствена приказна заснована на реалноста на Балканот и тоа да биде направено самоиницијативно.Називот „Отворен Балкан" е од пред неполни два месеци, но почетоците се протегаат од поодамна, само под друго име. Пред две години во Нови Сад се одржа првата средба во форматот кој го доби колоквијалниот назив „Мини шенген", означувајќи го почетокот на зајакнатата соработка.Србија, Северна Македонија и Албанија, со потпишувањето на документот „Декларација за спроведување на четирите 'слободи' (слободен проток на стоки, услуги, луѓе и на капитал)", едногласно се обврзаа да работат на отстранување на сите пречки што го оневозможуваат слободното движење во регионот.Уште од самите почетоци, па и пред одржувањето на средбата во рамките на оваа иницијатива во Скопје во јули годинава, постоеја неколку дилеми – дали оваа иницијатива е само замена за недостигот од посветеност на ЕУ; дали е алатка за создавање нова Југославија или, пак, станува збор само за пренасочување на фокусот кон разочарувањето предизвикано од одложувањето на отворањето на преговорите за пристапување во ЕУ со Албанија и со Северна Македонија. Можеби затоа и целиот тек на оваа иницијатива го следеше прашањето дали сето ова е само евтин политички трик што ќе изгледа добро само на хартија.Неспорна е констатацијата дека самите дружења во тие два дена во Скопје како да внесоа нов оптимизам, кој требаше да добие свое продолжение на Форумот во Белград

закажан за почетокот на ноември. Попатна станица требаше да биде собирот во Нови Сад организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер‟. И наеднаш „тонч‟, конфликт на административниот премин Јариње помеѓу Србија и Косово.Во 2019 година по повод 97 години коморско постоење Стопанската комора на Македонија им додели Специјално признание за унапредување на регионалната економска соработка и работењето на Коморскиот инвестициски форум (Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија и претседател на КИФ; Андреј Јовановиќ, генерален директор на холдинг компанијата „МОИ БРЕНДОВИ‟, Сафет Ѓергалиу, поранешен претседател на Комората на Косово и поранешен генерален секретар на КИФ) Значи, напорите што ги направи бизнисот во 2015 година, кога претседателот на Комората на Србија се одважи и отиде во посетата на Комората на Косово, па заедно отидоа во Брисел за да бидат мост меѓу бизнисмените, по што се изроди идејата за Коморскиот инвестициски форум, па за Мини шенген и за Отворен Балкан, за еден ден паднаа во вода.Џабе беа сите понижувања и плукања дека тој тандем се новите Боро и Рамиз; сите закани по нив и сите активности кои следуваа потоа, зашто сега е совршено јасно дека не може да се развива идејата за Отворен Балкан со трупање оружје, затегнати ситуации и со закани. П.С. Денес во Комората, со прес конференцијата на г-динот Глигор Бишев, претседателот на Советот за унапредување на високото образование и потпретседателката на Комората д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска и вчерашното конституирање на Совет за унапредување на индустриското производство и извозот, завршува еден процес на суштинска трансформација на Комората наречен „Комора на иднината‟ во пресрет на 100 годишнината од нејзиното постоење, кој започна во 2019-тата година. Низ тој долг и сложен процес се донесоа најзначајните акти: Стратегијата за развој, промените на Статутот, изборите во 2020-та и приоритетите за наредниот мандатен период. Со конституирањето на Советот за унапредување на индустриското производство и извоз; Советот за унапредување на високото образование; Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките и Советот за напредни технологии се анимираа неколку 100-тини нови бизнисмени научни работници кој што треба да го спроведат до крај новиот концепт. Сите тие личности со интегритет, без никакви забелешки, ја прифатија нашата понуда да ни се придружат и на тој начин да ни помогнат и себеси, и на Комората, и на Државата во градење на иднината. Крајниот резултат треба да биде сосема нов концепт на високото и средното образование кое ќе формира кадри, навистина потребни на бизнисот, кои ќе ги отворат процесите на дигитализација, роботизација, индустриски дизајн, телекомуникации како и формирање на берза на трудот, доследно имплементирање на системот на дуално образование, и подигање на капацитетите на арбитражата, медијацијата и судот на честа. Советите ќе ги предводат Никола Љушев, главен извршен директор на „Македонски Телеком‟, проф. д-р. Глигор Бишев, претседател на Управниот одбор и генерален извршен директор на „Шпаркасе Банка Македонија‟ АД, Скопје, м-р Виктор Влашки, претседател на одбор на директори во „Осигурителна Полиса‟ АД, Скопје и м-р Виктор Мизо генерален менаџер на „Костал Македонија‟ ДОО Охрид и потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија. На сите нив им посакувам успех во работата, реализирање на зацртаните заложби и афирмација на новите вредности кои имаат една цел – да се креираат нови услуги за потребите на компаниите и целосно свртување кон нив.Посебна благодарност сакам да му изразам и на Зоран Јовановски, потпретседател на Комората, кој во целиот овој процес ми помагаше целосно, професионално и човечки.

*15.10.2021*

**ТАНДЕМ ЗА НАПРЕДОК**

*Позитивен пример кој треба да влијае на промената на нашиот менталитет, што е основ за напредок на нашата држава.*




Менталитетот на луѓето го одразува нивниот карактер, нивната личност, а менталитетот на народот се одразува на состојбите во општеството во целост. Она што е сигурно е дека менталитетот е делот од луѓето кој најтешко се менува. Да се влијае на промена на менталитетот на луѓето кон подобро значи да се прават напори и за промени на состојбите во државата.А за тоа треба позитивни примери. Ние во Комората имаме такви.Има еден тандем во Стопанската комора којшто незабележително остава длабоки траги во нејзиното функционирање. Тоа е еден фокусиран тандем кој нормално не го губи времето, туку е сто процентно посветен на својата работа и според мене, треба да биде потенциран како тандем на кој треба да се огледаат сите други. Андреа Серафимовски и м-р Нена Николовска се тандемот кој заслужува да биде потенциран, а посебно гранката која ја опслужуваат и која е од големо значење за македонската економија. Станува збор за Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, во кое членуваат сто и осумдесет компании, од кои, сто и дваесет, имаат континуирана комуникација и коишто опфаќаат 7,2% од вкупниот број на активните деловни субјекти во државата. Постои нагорен тренд во нивниот број, така што ако во 2010 година активни биле 4.368 компании, десет години подоцна, активни се 5.263 компании. Најголем дел од нив, односно речиси 85 % се микро претпријатија со 1-9 вработени. Малите компании до 20 вработени учествуваат со 6,2%, а најголемите компании кои вработуваат над 250 вработени имаат учество од само 0,2%.Градежништвото е од витално значење за домашната економија, бидејќи покрај неговото процентуално учество во БДП-то кое во просек изнесува 6%, повлекува ангажман и на околу дваесет и пет други стопански гранки. Нормално дека градежништвото ги следи растот и падовите на македонската економија, меѓутоа за нас, тоа е значајна гранка .Вредноста на извршените градежни работи во последните десет години изнесува 400,9 милијарди денари со раст од 61,7%. Во периодот 2010 – 2020 година биле издадени вкупно 31.634 одобренија за градба. Од нив 3.828 се во делот на нискоградбата, додека 20.736 во делот на високоградбата.Во структурата на вработените 93,8 % се мажи, а само 6,2% се жени од 53.376 лица кои работат во овој сектор. Младите лица на возраст од 15 – 29 години се најмалку застапени како работници во оваа стопанска гранка со само 17,6%.Просечната нето плата по вработен изнесува 25.375 денари.Што се однесува до запишаните и дипломираните студенти на Градежниот и Архитектонскиот факултет се забележува пад по 2015 година.Домашните градежни претпријатија изведуваа инвестициони работи на Блискиот Исток, Русија, Украина, Албанија, Бугарија, Чешка, но во последните години македонската оператива е сѐ помалку присутна на странскиот пазар. Во 2010 година вредноста на извршените градежни работи во странство изнесувала 2,4 милијарди денари, додека во 2020 година само 162,7 милиони денари. Интересно е што домашната оператива речиси и да не е присутна на некогашниот југословенски пазар.Сето ова што претходно го кажав можете да го најдете во новата Брошура што ја издаде нивното Здружение под наслов „Бројки што треба да ги знае секој градежник". Најискрено и добронамерно им сугерирам на сите облици на организирање на Стопанската комора да го направат истото, а раководството на СКСМ да издаде една Брошура под наслов „Бројки што треба да ги знае секој вработен во Комората", а се однесуваат на

вкупните потенцијали и реалната економија на сите оние што ги застапуваат.На крајот во пресрет на стогодишнината на коморскиот систем на РСМ сакам да кажам едно - Мојата сугестија е дека Стопанската комора во годината во која слави 100 години од своето постоење мора да го покрене клучното прашање за развој на оваа гранка, а тоа е донесување на државна стратегија за развој на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите. Без таква стратегија овие бројки нема да одат напред, а последици од тоа ќе има и вкупниот бизнис. Андреа и Нена мора да се наметнат посериозно во самата структура на Комората, а Комората мора да се наметне со аргументиран пристап пред надлежните државни институции. Со тоа ќе се обезбеди рамка на натамошното дејствување кое ќе резултира со поголеми бројки и поголемо учество во вкупната економија. Ако сме кажале дека извозот е клучниот приоритет за развој на нашата држава, тогаш е јасно дека градежништвото не смее да остане на страна.П.С. Не знам зошто, но секогаш кога сум пишувал на оваа тема, одзивот и коментарите биле на највисоко можно ниво. Мислам дека оваа гранка е длабоко вкоренета во нашето минато и сегашност, и затоа, наша обврска е така да остане и во иднина.

***18.10.2021***

## ИН ВИНО ВЕРИТАС

Насловот асоцира и на резултатите од изборите, кои, кога ќе излезе оваа колумна, ќе бидат познати, иако најретко споменуван збор во кампањата беше зборот ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА, кој е единствен начин за остварување на сите „големи" ветувања што ги слушнавме изминативе две недели. Минатиот број пишувавме за струјата. Денеска ќе пишуваме за виното бидејќи минатата недела на мојата работна маса пристигна едно убаво спакувано шише вино, со уште поубава порака од Светозар Јаневски. Во неа Јаневски пишува:Шишето вино, кое е навистина посебно, е наменето за посебни пријатели. Тоа е премиум виното TERRASSE À L'OMBRE. Оваа вистинска француска креација е создадена во моето Chateau de Gourdon. Ова вино ги освои судиите на пролетната дегустација на натпреварот „Мундус вини 2021 година" и е добитник на наградата „Најдоброто вино од долината на реката Рона во Франција", со освоени повеќе од 95 поени. Тоа е едно од најдобрите вина во светот и е резултат на инвестицијата на „Тиквеш" во францускиот посед. Со тоа се зголемуваат амбициите на „Тиквеш" во винскиот бизнис.  Во изминативе 15 години сум примил многу вакви пораки, но оваа некако посебно ме инспирира, бидејќи мислам дека има врска со промената на нашиот менталитет, кој е основа на сите наши проблеми, а за негова промена мораме јавно да ги истакнуваме добрите примери, а лошите да ги санкционираме. Во овој момент, кога се соочуваме со најтешките кризи досега – економската, здравствената и енергетската – како никогаш досега ни е потребно да ги вратиме оптимизмот и ентузијазмот и сите заедно да успееме да го преживееме овој период. Ако досега за сè нешто се обидувавме да најдеме оправдување дека не можеме да одиме напред затоа што немаме јасно определена цел, овде целта е видлива и остварлива, но бара поинаков пристап во работењето. Да направиш вино во вакви услови, и тоа токму во земјата на виното, Франција, и тоа да го препознаат реномирани авторитети од таа област, за мене е пример за тоа каде треба да одиме и кон која цел да се движиме. Знам дека многу луѓе песимисти различно од мене ќе го коментираат ова, но јас зборувам за обични нешта, за обично шато, за обично вино, за обичен пример кој во услови на големи кризи изгледа некако нестварно.Можеби тоа е патоказот за излегување од песимизмот и од летаргијата кога се наоѓаш пред големи тешкотии и кога мислиш дека се тие несовладливи.Точно пред 10 години, со наша бизнис-делегација, присуствував на Светскиот коморски конгрес во Мексико Сити. На свеченото отворање на Конгресот, во присуство на 5.000 бизнисмени од светот, нашата делегација седеше на посебна маса во средината на салата, обележана со нашето државно знаме. Одненадеж тука се појави мојот драг пријател

Рифат Хисарчиоглу, претседател на Унијата на турските комори и стокови берзи и еден од најголемите коморски авторитети во светот, кој учтиво се поздрави со целата делегација и ме повика да му се придружам на централната маса, на која беа претседателот на Мексико, Калдерон, и тројцата главни спонзори на Конгресот од „Кока-кола" (Coca-Cola), „Проктер и Гембл" (Procter & Gamble - P&G) и од „Филип Морис" (Philip Morris International Inc). Откако ме претстави, праша дали некој ја знае Македонија. Мухтар Кент Главем, извршен директор на „Кока-кола" (Coca-Cola), рече дека двапати бил во Македонија и дека има пријател кој се вика Светозар Јаневски. Нормално, објасни дека претходно раководел со „Ефес Пилсен" (Efes Pilsen), од кога и датира нивното пријателство. На голема далечина и на толку значаен собир тоа те прави особено горд, кога ќе слушнеш нешто убаво за својата држава и за нејзините луѓе.П.С. Виното е вино, без него и ќе преживееме, но струјата во изминатите 10 дена беше алфа и омега на нашето работење. Одамна за толку кратко време не сме презеле толку многу активности и ги уверувам нашите компании дека ќе направиме сѐ за да им помогнеме во ваква ситуација. Формиравме кризен штаб, во постојан контакт сме со Владата, ги консултиравме сите релевантни адреси и подготвени сме да учествуваме во изнаоѓањето решенија.

***25.10.2021***
**ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА**

Можно ли е стотици кандидати за градоначалници три недели да ветуваат, а никој да не каже од каде средства за таа намена т.е. никој да не го спомене зборот децентрализација кој претставува клуч за било какво ветување? А реалноста е следна: нашата локална самоуправа има само 5% од БДП, за разлика од просекот во ЕУ кој изнесува 15,6% од БДП.Има една песна на групата „Студени нозе" во која се опишува дека „нивното куче е поголемо од кифла, а помало од југо" што алегорично претставува олицетворение на нашава кампања за локалните избори, во која, ако се соберат сите ветувања за разни проекти во општините и се претворат во бројки ќе се добие цифра поголема од бруто домашниот производ, а во стварноста реалните средства што се однесуваат на локалната самоуправа, изнесуваат само 5% од него. Тоа значи дека ветувањата се како југо, а расположливите средства како кифла.Од друга страна, зачудувачки е фактот што во настапот на стотиците кандидати за советници и градоначалници, зборот децентрализација не се споменува воопшто, а и врапчињата во Македонија знаат дека инвестициската активност на општините надвор од трансферираните средства од државниот буџет се доволни само за правење тротоари. Така, со доаѓањето на секоја нова власт, имаме прекопување на тротоарите, затоа што сите знаат дека со тие пари, тоа единствено е можно. Вкупните расходи на единиците на локална самоуправа во Македонија изнесуваат околу 5% од БДП, наспроти ЕУ просекот од 15,6%, а кај земјите од регионот на Западен Балкан се околу 6%. Дополнително, наследените и изострени проблеми поврзани со нерамномерниот регионален развој, лимитирачки влијаат врз рационалното користење на расположливите производствени ресурси и на развојот, не само на регионите, туку и на земјата во целост, а овластувањата кои локалните власти ги имаат во моментот не оставаат простор за подобрување на состојбите.Во вакви услови, кога општините немаат доволни овластувања, финансиски средства, ниту квалификуван кадар за спроведување на нивните основни овластувања, речиси е невозможно да се размислува за зајакнување на активностите кои општините би можеле да ги преземаат за унапредување на локалниот економски развој, а со тоа и постигнување економски раст и развој на државата. Од овие причини, потребно е целосно да се спроведе процесот на сеопфатна реформа на локалната самоуправа, кој ги вклучува



прашањата за децентрализација на власта, фискална децентрализација, територијална организација, но и јакнење на капацитетите на општините. Иако бизнис заедницата е свесна за состојбите и ризиците кои би можел да ги покрене ваквиот процес, неопходно е да се изнајде соодветно решение за ова прашање, на начин, што ќе обезбеди забрзан локален економски развој и тоа веќе не смее да трпи одлагање. А избраните градоначалници уште во првата недела на својот мандат ќе се соочат со претходно кажаното.Што се однесува до новиот економски модел којшто Комората го предложи во 2010 година, според кој требаше да обезбедиме повисок економски раст, потребни беа коренити реформи за отстранување на неколку пречки и кочници за развој кои имаат директна импликација врз работењето на приватниот сектор. Меѓу нив беше и прашањето на децентрализација на власта. Надвор од Скопје имаме катастрофална економска ситуација. Со вакви мали буџети на општините залудно е да очекуваме поголема инвестициска активност, а без инвестициска активност на општините, не може да има ни поголем пораст на БДП. Сега, откако конечно го симнавме од дневен ред прашањето за пописот, кој 20 години ни нанесуваше срам, не смееме да дозволиме тоа да ни се случува и со децентрализацијата. Не е мал бројот на граѓани во нашата држава коишто знаат дека до 1990 година имаше само 35 општини кои имаа и изворни приходи на финансирање и локални влади (извршни совети), но и многу повисоко ниво на инвестиции, развој и животен стандард. Затоа, денеска пред да го поставиме клучното прашање: зошто ни се иселуваат младите во странство?, треба да го поставиме посуштинското прашање: зошто сите млади од внатрешноста се иселија во Скопје? И зошто во општините останаа само старите, изнемоштените да ги чуваат огромните индивидуални згради коишто личат на „страшила" и навечер е осветлена само една соба каде се евоцираат спомени за времињата во кои општините беа значаен фактор во животот на граѓаните?И на вакви факти, зачудувачки е, што ниеден човек кој утре претендира да ја води локалната власт во Македонија јавно да не прозбори за децентрализацијата која е клуч за било каков напредок на општините.П.с. Лично сметам дека должност ми е, после десетиците иницијативи на најголемата и најбројна бизнис-заедница околу процесот на децентрализација, да го изнесам ова во јавност и да поттикнам дебата, барем во последната недела од кампањата, за едно прашање без чие реализирање, ветувањата коишто секојдневно ги слушаме ќе бидат обична весела математика, односно што би рекол нашиот народ „сметка без крчмар". А за енергетската криза веројатно бизнисот ќе причека да заврши кампањата за локалните избори, како и секогаш до сега.

***01.11.2021***

**ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА 2**

*ЕУ И НИЕ - НЕ СЕ ЗНАЕ КОЈ КОГО „МАФЛОСУВА", ТИЕ НАС ИЛИ НИЕ НИВ. ЧЕКОР НАПРЕД, ТРИ НАЗАД, КАКО РАКОВИТЕ ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД МОЕТО ДЕТСТВО КОИ ИСЧЕЗНАА ВО НАЛЕТОТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ НАПРЕДОК И УНИШТУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*



Веселата математика од предизборната кампања опишана во претходната колумна продолжува. Бројките варираат како на нишалка, исто како и фасктите. Некако во сенка на локалните избори, помина самитот на Европската Унија и Западен Балкан на Брдо кај Крањ и годишниот извештај на Европската унија на земјите кандидати за членство. Во декларацијата од Брдо и во извештајот најупотребуван збор е „УМЕРЕНИ" а тоа на европскиот бирократски јазик значи стагнација или слаб напредок. Слабиот капацитет на нашата администрација во овие документи претставува главна закана дури и за започнување на преговорите и се рангира пред владеењето на правото и

корупцијата.Насоките на ЕУ се, создавање регионален пазар на Западен Балкан, кој ИНТЕГРИРАНО треба да се поврзе со Европската унија преку Европската Економска Заедница - ЕЕЗ (инструмент за економско поврзување на земји од интерес на ЕУ кои не се, и веројатно нема да бидат нејзини членки). Иако ние, како држава, ги имаме исполнето минималните копенхашки критериуми кои се основ за било каков почеток на преговорите ЕУ, очигледно се плаши да не интегрира (внимавајте), поради слабите капацитети на бриселската администрација во која е заглавена, што значи не блокира поради капацитетите на нашата администрација, а признава дека е заглавена од нејзината администрација. Весела математика, пар екселанс „par ekselans".А зошто навистина заглави бриселската администрација.1. Блокиран е буџетот за финансирање на рамковните програми за иновации и конкурентност.2. Доцнат програмите „ХОРИЗОНТ", „ИПА 3" и пограничните програми кои требаше да почнат во 2021 година.3. Унитарното владеење во одредени сегменти на ЕУ создаде отпор кај поедини земји, како што се Полска и Чешка.4. Сѐ потешко се носат одлуки со консензус.Сѐ на сѐ, причините дека ние треба да ги решиме најпрво билатералните спорови се само изговор за пролонгирање на процесите.Она што ние треба да направиме е, највнимателно да ги прочитаме пораките и ги прифатиме забелешките забрзувајќи ги процесите посочени во извештајот, затоа што е очигледно дека сами не можеме да се справиме со овие предизвици и тој дел од патот мора да го поминеме под менторство на Европската комисија, без разлика дали ќе станеме нивна членка или не.Им честитам на сите за успешно завршените локални избори, а посебно на избраните градоначалници кои преземаат многу голема одговорност во наредните 4 години. Во пресрет на нашиот 100 годишен јубилеј ќе ги поканиме сите нив во Комората да ги слушнат нашите ставови околу децентрализацијата, тоа е клуч за нивниот, но и за нашиот напредок. Со тоа ќе добиеме силен сојузник после пописот, да симнеме од дневен ред уште едно приоритетно прашање кое го кочи нашиот развој. ЗЕЛС, Владата и бизнисот мора да бидат партнери и да го забрзуваат процесот на децентрализација. П.С. Иако можеби досадно морам да потсетам дека оваа недела не очекуваат два важни настани на регионално ниво. На 3-ти ноември во Будимпешта, состанок на претседателите на Коморите од Западен Балкан и Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка, Унгарија), број еден групација во регионалното поврзување со фантастичен економски резултат. Следниот ден во Белград, редовен состанок на иницијативата Отворен Балкан. Нормално, Комората ќе биде присутна на лице место, со претставници на реалниот сектор кој најдобро ги познаваат проблемите и маките при остварувањето на четирите слободи на движење (стоките, капиталот, услугите и луѓето).

***08.11.2021***

### „АДОРА", „ПЕКАБЕСКО" И „МАКПРОГРЕС" ИМ ЈА КАЖАА ВИСТИНАТА НА БАЛКАНСКИТЕ ЛИДЕРИ

*Фактите за пречките во меѓусебната размена беа пресудни претседателот Вучиќ да изјави: „Фрустрирачки е она што ќе го договориме да не можеме до крај да го исполниме"*



Белград, 4.11.2021 година. Палата „Србија", состанок Вучиќ-Рама-Димитров, наспроти 15 бизнисмени од Србија, Северна Македонија и од Албанија. По отворената дискусија за проблемите при протокот на стоки и на услуги, со кои секојдневно се среќаваат бизнисмените, се слушна фрустрирачка констатација дека она што го слушнале политичките лидери е за неверување и дека, ако сакаме отворен Балкан, мора под итно да се реагира. Наместо 60, состанокот се протегна на 100 минути, во кои реалноста стана пречка која или ќе се надмине

или и оваа ќе заврши како сите други иницијативи.За да не останеме на меморандуми и на спогодби, потребно е да се преземе ризик и да се забрзаат процесите – тоа е голем предизвик со уште поголеми очекувања, но сигурно подобро отколку да не се преземе ништо. Некои луѓе се познати по своите знаења, вештини и искуства, додека, пак, други по својата храброст и решителност да влијаат врз општествениот развој. Тоа се вика ризик. Во свет кој се менува со огромна брзина единствена стратегија што е гарант за неуспех е воопшто да не се ризикува. Ние бизнисмените решивме да ризикуваме и го поддржавме „Отворен Балкан", па затоа со целосно морално право бараме тоа да го направат и политичките лидери. Политичките лидери мора да ризикуваат затоа што досегашната пракса покажува дека најмногу грешат во примената. Политичарите и административците сметаат дека некое прашање е разрешено кога ќе се потпише меморандум или меѓународен договор за тоа, а бизнисмените сметаат дека тоа прашање е решено само кога видно ќе почувствуваат дека бирократските чекори, времето или трошокот за да завршат некоја работа им се скратени за пола. И тоа е јаз кој сѐ повеќе се зголемува меѓу нив и нас, и покрај тоа што упорно велиме дека работиме на јавно-приватниот дијалог во државата, но и во регионот. Просто како двете страни да гледаат некој различен филм. И просто е неверојатно дека во 2021 година политичките лидери сѐ уште констатираат дека се вчудовидени од (не)соработката на граничните служби.Какви се состојбите? Досега имавме 72 иницијативи и обиди за регионално подобрување на соработката. Што е економскиот ефект од сето тоа? Во периодот 2014 – 2020 година БДП на регионот пораснал за само 28 %, БДП од глава на жител за 30,8 %, а извозот од 32 пораснал на 43,9 милијарди евра. Но во тие бројки на интрарегоналната размена отпаѓаат само 16,7 %. Во 2020 година размената со земјите од Западен Балкан, на пример кај нас, учествува со 10,2 % од вкупната размена на нашата држава.Едно е неспорно – сите сме согласни дека долгорочна визија за стабилен и за победнички Балкан е креирањето регион каде што границите се од помало значење, а протокот на луѓе, стоки и на капитал е слободен. Иницијативата „Отворен Балкан" постави заложби конечно да се разрешат многу од прашањата што со години ги измачуваат регионалните бизниси. И лидерите на трите држави кои се засега вклучени во иницијативата изразија силна поддршка да се спроведе тоа. Она што е уште поважно е фактот дека ова е автентична регионална иницијатива, која потекнува изворно од регионот, а не форсирана од некого отстрана. За ова да профункционира, потребно е да се влезе во ризик. П.С. Имаше една емисија „Врти-сучи тоа ти е Скопје", ама има една сегашност – врти-сучи повторно кај нас внатрешни проблеми, кои сигурно ќе имаат рефлексија и врз состојбите во бизнисот кај нас, но и врз нашата улога во регионалните процеси. Затоа, не е на одмет уште еднаш да се повтори дека при концепирањето на излезните решенија мора да се калкулира со нивното влијание врз бизнисот, кој е основа на нашето постоење.

***15.11.2021***

АЗЕСКИ ДО ЧАДЕЖ – ОТВОРЕН БАЛКАН ПОДРАЗБИРА СЛОБОДЕН ПРОТОК ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10

**ЗА ДА НЕ ТРПИ БИЗНИСОТ И РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА, ПРЕКИНИТЕ НА КОРИДОР 10 ПОРАДИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА МРЕЖА ВО СРБИЈА НАМЕСТО 36 ДА ТРААТ МАКСИМУМ 24 ЧАСА**

Претседателот на Стопанската комора на Северена Македонија и копретседател на Коморискиот Инвестициски Форум – КИФ Бранко Азески упати писмо до претседателот на Стопанската комора на Србија и претседател на КИФ Марко Чадеж, во кое иницира, тој да се заложи кај надлежните институции да ја разгледаат можноста за скратување на времетраењето на затворање на железничката мрежа во Србија поради реконструкција од сегашните 36 на максимум 24 часа, како и да се преземат дозволени мерки со соседните администрации за координирање на

организацијата на транспортот за да се постигне максимален проток на возови во одредена временска рамка.Во писмото Азески до Чадеж пишува – „меѓу бизнис заедницата во Северна Македонија постои задоволство за веќе отпочнатиот циклус на инвестиции во обнова и модернизација на железничката мрежа на Република Србија, и дека веќе се започнати првичните работи за модернизација и рехабилитација на пругата Ниш-Брестовац, долж меѓународниот железнички Коридор 10. Овие инвестиции се од големо значење за целата економија во регионот и веруваме дека ќе придонесат за побрз транспорт на стоки со железница, со помалку задржување на робата, поврзување на регионалните економии од југ на север, а се од особено значење и од аспект на поврзувањето на пристаништата (особено Пиреја) за главниот проток на стоки од Далечниот Исток кон земјите од Централна и Западна Европа. Јасно е дека овие зафати на железничката мрежа се од исклучително значење и бараат голема посветеност, бидејќи се предвидува дека реконструкцијата на пругата Ниш-Прешево ќе трае до 2024 година". Во таа насока претседателот на Комората и копретседател на КИФ Азески вели – „постои загриженост кај дел од нашите компании дека инвестициските работи од ваква големина силно ќе влијаат на постојниот комерцијален проток на стоки на овој коридор. Покрај сите неприлики со кои тие се соочуваат во моментов, како справувањето со пандемијата, промените во економските текови на глобално ниво, светската енергетска криза, затворањето на коридорот поради реконструкција дополнително предизвикува проблеми и застои во транспортот и доставата на роба. И покрај тековните реконструкции, Србија- Србија Карго сè уште опстојува на економска основа преку превоз на стока на својата мрежа.Согласно наведеното, неопходно е тековното работење на железницата да се усогласи со потребите на бизнис заедницата. Во моментов има целосен прекин на транспортот на Коридорот 10 и огромен застој и метеж кај сите железнички оператори, намален проток на возови во одреден период, недоволно пропуштање возови на граничните железнички станици, недоволен број влечна опрема, персонал и слично. Имено, од 18.10.2021 година, поради реконструкција на железницата, мрежата е затворена во интервали од 36 часа (отворање/затворање). Во периодот на отворање, превозниците практично не можат да го надокнадат протокот на стока со своите технички или човечки ресурси (дополнителни локомотиви и дополнителен технички персонал), а мора да се нагласи и неможноста за пренос на стоки преку граничниот премин Табановце, бидејќи тој нема доволно капацитет за да прими повеќе од неколку возови".

***18.11.2021***

**ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – БРАНКО АЗЕСКИ**

Почитувани,
И покрај тешките кризи кои не опкружуваат во моментот, концептот за „Комора на иднината" се остварува со забрзано темпо. Водечкиот приоритет да се свртиме кон компаниите почна да ги дава своите резултати. Само да наброиме:Прво, акцијата за вакцинација во Србија, со која, во еден критичен момент излеговме во пресрет на нашите членки и успешно вакциниравме 2.500 вработени во нашите компании;Второ, реализиравме проект со кој се обезбеди финансиски грант од 500.000 евра за набавка на 23 машини и друга опрема и алати за 4 компании, во рамките на проектот за зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот сектор, електро и машинскиот сектор, преку подобрување на технолошките и производствените способности на извозно-ориентираните МСП.Трето, ние сме прва комора во регионот и пошироко, која со сопствено дигитално решение целосно го дигитализираше издавањето на документите за надворешно-трговско работење. На тој начин се елиминира потребата од физичко доставување на документите – пракса на која компаниите трошеа дополнително време и пари.Четврто, станавме претставници за имплементација на САП системите и нивната промоција и обезбедивме директна

партиципација за компаниите кои се одлучија да го воведат, заедно со Швајцарската амбасада и Владата на Република Северна Македонија.Петто, на самиот почеток на пандемијата, Комората набави најсофистициран систем за онлајн (видео-конференциски) врски што обезбедува стабилна конекција за огромен број учесници и настани, со што во овој вонреден период целосно се прилагодивме на дигитално-технолошките решенија, со кои се продолжија нашите редовни активности.Шесто, опремивме најмодерна судница за Постојаниот избран суд – Арбитража и нејзино дигитално поврзување за спроведување на онлајн меѓународни спорови, што во изминатите неколку денови го положија својот прв испит со завршено рочиште на еден многу сложен меѓународен арбитражен спор.Седмо, сите сали во Стопанската комора на Северна Македонија се дигитализирани и опремени за онлајн работење.Осмо, со Фондот за иновации и технолошки развој договоривме продолжување на проектот од т.2 и во наредната година, како и формирање на Центар за старт-ап компании во рамките на Комората, наше учество во органите на Инвестицискиот фонд, Технолошкиот парк и Зелената економија.Деветто, направивме и конкретен резултат во дуалното образование, каде минатата година имавме само 11, оваа година 211 компании се вклучија во процесот на дуално образовниае, а следната година очекуваме 500 компании. Десетто, изработивме дигитален регистар на сертифицирани ментори и верифицирани компании со што Комората стана центар кој ги вмрежува сите активни чинители во процесот на средно стручно образование.Единаесетто, нарачавме две меѓународни студии од Виенскиот институт и Економскиот институт во Љубљана за две наши значајни прашања: извозот и нашето пристапување кон платформата „Отворен балкан" со што спроведовме определба на раководството од Комората да користиме услуги на врвни меѓународни институции од областа на економијата.Дванаесетто, покренавме иницијатива за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва за подигнување на контролниот праг за преземање на акционеркси друштва од 25 на 33% од хартиите од вредност со право на глас и соодветна измена во носењето на одлуките со двотретинско мнозинство од постојниот закон.Тринаесетто, на седницата на Управниот одбор ќе донесеме одлука за влегување во акционерската структура на Македонската берза АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност, бидејќи раководството на Комората процени дека нашите компании во најголем дел ги користат овие две институции како темел за нивното работење. И токму заради тоа, СКСМ како нивен претставник, треба да има влијание во одлуките што се носат од овие две сериозни институции.Четиринаесетто, започна со работа Советот за развој на високото образование и истражувања со кој го отвораме процесот за привлекување мали и средни компании кон Комората, а со формирањето на Центарот за старт-ап компаниите ќе го заокружиме процесот на опфат на сите компании во Македонија, а не само на големите.Петнаесетто, можам да го известам Управниот одбор дека се активирани сите Совети, со што додатно привлековме околу стотина истакнати бизнисмени, научни работници и меѓународни експерти во нашите органи и тела, што е за исклучителна почит, а дополнително со Владата на Република Северна Македонија изработивме список на 76 експерти вработени во нашите компании коишто ќе го дадат својот придонес и помош во работењето на државната администрација, која, констатирано, е во многу лоша сосојба и претставува пречка за нашето работење.Шеснаесетто, се наоѓаме пред финална разрешница на 4 наши клучни барања усогласувањето на Царинскиот тарифник со царинските стапки на ЕУ, со што ќе помогнеме директно на нашите компании (и домашни и странски), во процедура е промена на законските решенија за можноста за формирање холдинг-друштва, проблемот со парафискалните давачки, забрзување на процесот на гасификација, мерките за борба против сивата економија, регистрирањето на електронските медиуми како трговски друштва, со што ќе можеме да ги тужиме во изнесувањето на нивните квалификации коишто директно му штетат на бизнисот. Со сите овие иницијативи повторно им помагаме на компаните.На крај, тука би ги ставил и погодностите што нашите компании ги уживаат преку Коморскиот инвестиционен форум кој со

неколку проекти на ЕБРД, ЕУ и KFW секојдневно убризгуваат средства во нивното работење.Мораме да признаеме дека во условите во кои работиме, ова е значаен успех. Тоа го чувствуваме и со повратната информација од страна на компаниите. Приходите се стабилни, зголемено е и нашето присуство во медиумите, а морам да кажам и дека секојдневно пристигнуваат пораки преку електронската пошта со благодарност до Комората што се грижи за своите членки. Се на се, „Комората на иднината" оди напред и во вакви услови.Денес го најавувам следниот наш чекор: Ако досега во соработката со Владата имавме состојба на наше консултирање откако законското решение ќе беше веќе конципирано, сега одиме чекор напред бидејќи ќе учествуваме во нивното директно креирање, преку заедничко тело на Владата и Комората кое ќе учествува во конципирањето на секој законски проект што е од интерес за компаниите. Тоа ќе биде тема на нашата следна седница на Управниот одбор.Затоа е потребно наше прилагодување и посветување, како би се зголемила улогата на компаниите во фаза на креирање на законите. Нормално е тој тим од наша страна да го предводи д-р Анита Блажевска, која има искуство на тој план и се надевам дека ќе го надгради во интерес на сите нас.Г-дин Никола Љушев, претседател на нашиот Совет за напредни технологии во наредниот период ќе биде приклучен на тимот кој работи на регионалното поврзување, за кое има искуство и знаење, и предводи компанија која има операции низ сите земји на Западен Балкан.Г-дин Зоран Мартиновски поактивно ќе се вклучи на изнаоѓање регионални проекти од кои бенефит ќе имаат нашите членки. Со тоа Управниот одбор на СКСМ ќе ја забрза својата работа уште повеќе да помогне на компаниите.Исто така, сакам да ве информирам дека ќе го номинирам д-р Горан Рафајловски, досегашен наш претседател на Постојаниот избран суд – Арбитража и поранешен потпретседател на Комората за функција којашто ќе одговара на неговите професионални квалитети, што ќе биде во интерес на Комората.Принципот на работа на поединечна одговорност на членовите на сите органи и тела и на стручната служба во Комората при спроведување на клучните приоритети во еден сложен систем како нашиот ќе продолжи и понатаму, затоа што е силен мотивационен фактор на нашите членови кои се силни брендови во македонската економија.Со почит,Претседател,Бранко Азески П.с. За да не се заборави, а и да се потсетиме кој кога во оваа држава покренува иницијативи, предлага решенија и алармира, треба да се вратиме на 16 март 2018 година кога ја прославуваме нашата 96-годишнина во амфитеатарот на Клиниката „Жан Митрев" и да прочитаме кој зборуваше за дигитализација, нанотехнологии, автоматики и роботики, кој ги најавуваше гостите од Европската унија (докажани млади луѓе во оваа сфера) кои го покренаа ова прашање во рамките на нашата иницијатива за поврзување на претприемачите од малите земји и организацијата на Самитот на мали земји - нови трендови во бизнисот. Прилог: Брошура за организираниот настан.

***29.11.2021***

**КАКО СО „МАЛАТА" ТАЊА СОЗДАВАМЕ „ГОЛЕМ БИЗНИС ПАЗАР"**



Неделава во Тирана за прв пат 31 прехранбена и 6 дистрибутивни компании од Регионов заеднички ќе настапат на саемот во организација на Коморскиот Инвестициски форум кој го предводиме ние.

Пред речиси 5 години, на големата прослава по повод 95-та годишнина од работењето на Стопанската комора, многумина останаа зачудени кога во делот од програмата каде беше предвидено моето обраќање, во салата полна со над 1000 водечки стопанственици од земјата и регионот, политичкиот врв и дипломатскиот кор во земјата, надвор од планираното сценарио, на сцената ја поканив Татјана Штерјова (сега со додадено и Душковска), во тоа време соработник во Арбитражата во Комората, како млад кадар од Комората

со големи перспективи, да поразговараме за прашањата како ја гледа Комората во пресрет на стотата годишнина – времето покажа зошто.Во годините кои следеа, Тања одлучи да го прекине дотогашниот ангажман на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде речиси 5 години беше ангажирана како соработник во настава за предметите од областа на граѓанското процесно право, и целосно да се префрли со работниот ангажман во Комората, каде низ годините беше ангажирана на различни позиции (преку советник за правна регулатива, секретар на Арбитражата, советник на Управниот одбор на Комората, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори), вклучена во стотици активности кои ги реализиравме во Комората, подготовката на иницијативи, анализи и истражувања, во секојдневна комуникација со компаниите-членки. Во меѓувреме докторираше, положи правосуден испит, објавуваше стручни трудови и публикации...Паралелено со се ова, некаде од средината на 2017 година, Тања се вклучи во активностите на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, асоцијација која ја формиравме заеднички шесте стопански комори од регионот, како резултат на Берлинскиот процес, со цел да биде заеднички глас на стопанството од регионот во борбата за надминување на бариерите, подобрување на бизнис климата и условите за работење во целиот регион.Од март оваа година, Тања е генерален секретар на КИФ, асоцијација која се покажа како клучна за давањето на нов импулс во регионалната соработка, во време на најголемите предизвици со кои бизнисмените се соочиле во последниве децении. Заеднички со Тања во изминатите месеци направивме многу – КИФ беше координатор на заедничката акција за вакцинација на бизнисмените од регионот во Србија во март, во време кога вакцините се уште не беа достапни; се покрена Бизнис советот на КИФ, кој во јуни имаше средба со комесарот Вархеји; организиравме регионална конференција за градежништво и инфраструктура во септември, на која фокус беше ставен на практиките за циркуларна економија во градежништвото, како иднина кон која треба да се движи регионот, како и Б2Б средби на кои учествуваа 79 компании (вклучувајќи и 17 македонски); спроведовме програма за 30 мали ИТ компании од регионот (по 6 од секоја држава од регионот) за време на Дигиталниот Самит за Западен Балкан во октомври; го завршуваме мапирањето на добавувачите од регионот, во рамки на програмата за вмрежување на компаниите од регионот во регионалните ланци на снабдување и нивно вклучување во глобалните ланци; организиравме десетици обуки и тренинзи за компаниите; за 23 конзорциуми од средни стручни училишта и компании одобрени се грантови во висина од 9,68 милиони евра преку Регионалниот фонд за предизвици за унапредување на системите за дуално образование и учење преку работа (меѓу кои се и 5 македонски конзорциуми во кои се вклучени 20 македонски компании, за кои се одобрени 2,45 милиони евра).Уште една заедничка активност во рамките на КИФ не очекува неделава, каде за првпат ќе имаме заеднички штанд на за компаниите од целиот регион на Саемот во Тирана, со делегација која брои 31 компанија од прехранбената индустрија и 6 водечки дистрибутери/ланци на супермаркети од шесте држави од Западен Балкан. Планирани се директни состаноци за воспоставување на соработка меѓу производителите од секторот прехранбена индустрија и дистрибутерите/ланци на супермаркети од шесте држави, со цел да им се помогне на компаниите полесно да ги пласираат своите производи на регионалните пазари, но и директни Б2Б средби со сите учесници и изложувачи на Саемот (повеќе од 500). КИФ се покажа како витална алка за надминувањето на бариерите (политички, технички, но пред се, мисловни), во годината која по многу нешта се покажува како најпредизвикувачка за иднината на регионот, кога речиси во сите 6 држави од регионот има по некоја „кризна состојба". Како платформа, признаена од Европската Унија и сите меѓународни чинители, мора да продолжи во спроведувањето на заедничкиот регионален пазар и интегрирањето на економиите од регионот во ЕУ, без оглед на прогресот на некои билатерални или трилатерални иницијативи кои се појавуваат – истите проблеми го мачат бизнисот од Нови Сад до Бар и Саранда, од Неум до Дојран...и на нив мора да одговориме заеднички.

26.12.2021

**ПОРАКИ ЗА 2022 ГОДИНА... ШТО НИ СЕ СЛУЧУВА?**

Капитал ексклузивно прв ја објави веста на мојата нова книга на својата насловна страница во новогодишниот број. По тој повод ме замоли да направам едно свое видување со пораки до чинителите и креатори на економската политика во државата што би требало и како да направат во 2022 година да можеме да направиме разлика во позитивна смисла.Јас го направив тоа и сакам да го споделам со Вас. Кога на 27 март 2020 година објавив колумна за „Фокус", со наслов „Што ни се случува", ни на крај памет не ми паѓаше дека после 18 месеци ќе издадам книга под истиот наслов. А што всушност ни се случуваше? Во младоста, читавме стрипови каде за да се опише централната личност се употребуваше една секвенца на „дојде тивко и влезе во легендите". Е тоа ни се случуваше во март месец таа година, кога тивко и незабележливо ни се инволвираше еден вирус за кој не можевме ни да претпоставиме дека ќе не смени и нас, и светот, и се што е околу нас. Првите информации дојдоа од Италија, па тивко се спуштија на границата со Хрватска, па алармот на нашите компании дека немаат суровини, па активирање на мрежата за одблокирање на границата која живот ни значеше, па одма од лево преоѓање на десно, на другиот крај во Европа, во Турција и одеднаш СТОП! Не ни знаевме премиерот Заев, генералниот директор на Алкалоид Живко Мукаетов и јас додека 24 часа работевме на одблокирање на суровините, дека вирусот почна да ги загрозува и човечките животи. Одеднаш, на мојот телефон стигнаа две пораки од различни страни на светот, од двајца мои добри пријатели дека ни се случува пандемија која ќе потрае, ќе однесе милиони човечки животи, ќе ги запре економските активности...Тоа што го прочитав некако ми беше логично и се осмелив да го објавам. Денес можам да констатирам дека се што беше напишано беше 100 постотно точно, и констатациите, и решението и времетраењето. Никогаш не сум се чувствувал дека сум баба Ванѓа, но ова е просто неверојатно, дека некој можел да предвиди се до детал. Затоа оваа сторија е многу интересна и ја пишувам во функција на поуки до определени субјекти врз кои можам да имам влијание и со тоа да помогнам и на сопствената држава, и на институцијата што ја предводам и на компаниите, кои ме поддржуваат и на јавноста која суди. Да одиме по ред. До државатаКонечно, новите структури во Комората ги сублимираа главните приоритети. Како конструктивна движечка сила, редовно предлагаме конкретни решенија за економско заздравување и излез од кризата. Редно време е во 2022 година да се разрешат барем дел од четирите врвни приоритети кои треба да бидат во фокусот на државата, бидејќи нивната реализација ќе поттикне зголемена економска активност на приватниот сектор во наредниот период. БОРБА СО СИВАТА ЕКОНОМИЈА И СО КОРУПЦИЈАТА, БРЗА ГАСИФИКАЦИЈА, ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ И БРЗИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ ОД БИЗНИСОТ.Целта на приоритетните потези што ги наведов е создавање можности и амбиент што ќе поттикнат зголемена економска активност на приватниот сектор. До коморатаДа се биде во чекор со промените несомнено бара голем ангажман, визионерско размислување, како и соодветни технички и кадровски капацитети, за да се одговори на барањата и на потребите на компаниите членки, кои од ден на ден се менуваат, во зависност од нивните приоритети и од моменталните барања на пазарот. Во такви услови на дејствување, Комората ги препознава тие сигнали и навремено презема активности кои водат кон трансформација на внатрешните процеси, за да се понуди една нова, подинамична и современа комора, ориентирана кон иднината. Концептот „Комора на иднината" претставува одговор на потребите на бизнис-заедницата да има силен партнер, кој со своето знаење и со експертизата ги рефлектира современите трендови и практики на дејствување во брзо и во динамично општество.Берза на трудот, Институт за извоз, консултантски услуги и лобирање, Школа за бизнис-лидери, Суд на честа, Постојаниот избран суд - Арбитража итн. Правиме конкретни чекори и имаме конкретни придобивки. Годишна конференција за напредни технологии, Денови на отворена врата, вмрежување на домашните и

на странските компании, едукативни програми.Значи, мојата визија е да имаме Стопанска комора на Северна Македонија, која има приоритетни цели да остане лидер во коморскиот систем, да се приближи до членките, да анимира што поголем број компании во своите редови и да ја оправда целта на своето постоење.Што ни се случува? Според мене, отрезнување и едно големо чистилиште од кое ќе излезе нова генерација која ќе биде способна да се носи со предизвиците. За жал, некои тоа отрезнување и тоа чистилиште ќе го платат со живот, некои со пропаст на нивните бизниси и лични стандарди, но тоа што ќе излезе ќе биде ослободено од сите претходни баласти и на пропаста на бившата држава и на лошата транзиција и на лошо менаџираните интеграциони процеси. До компаниитеВо изминатиов период сведоци бевме на една тешка борба со пандемијата, во која се испреплете сѐ: непредвидливоста, неискуството, неподготвеноста, неверувањето и што ли уште не. Има ли вирус, нема ли вирус? Вештачки е произведен или природата ни враќа? Треба да се преземат заеднички мерки или поединечни мерки на ниво на држава и регион? Додека се дискутираше тоа, пандемијата се проширувaше со огромна брзина.Сега е време кога треба да си помогнеме сите заедно, па веројатно на крајот ќе дојде време кога бизнисот ќе и помогне на државата.Значи, Комората мора да успее во намерата да го промени односот на државната администрација кон компаниите, чувствувајќи ги како партнери, на кои мора да им се помогне, да се едуцираат и надградуваат, а не како досега да се „чекаат на кривина" и да се казнуваат. До јавностаКако признание на активностите на комората во спроведување на процесите на дигитализација и во сопственото работење, Комората е добитник на награда „Дигитален шампион за 2021 година", што на министерската конференција во Женева и ја доделија трите реномирани институции Светската Трговска Организација (WTO), Меѓународната стопанска комора (ICC) И Меѓународниот центар за трговија (ITC) за проектот „Платформа за дигитализација на процесите и издавање е-документи" што им се потребни на компаниите во надворешно-трговското работење. Оваа награда е силна порака до нашата јавност да се престане со сатанизирање на сѐ и секого во нашата држава и да побегнеме од синдромот кој егзистира векови, дека секој ќе го признае твојот напредок освен тие што треба, а тоа сме самите ние. На Балканот, со долготрајна финансиска и економска криза, со пандемија од светски размер, со енергетска криза во најава, со нерешени прашања во опкружувањето, со малтретирање и копање по историјата, да постигнеш каква таква одржливост и да размислуваш за некаков развој е невозможна мисија. Но, реално, ние тоа го имаме. Ако некој на 27 март 2020 година беше запрашан и му беа наброени сите можни проблеми, тој иднината после 18 месеци ќе ја гледаше како катастрофа и пустош. Ама не е така. Ние не се справуваме со кризите ни најдобро, ни средно. Имаме големи пропусти што ги плаќаме, ама пред да се кажува секој ден и секоја минута дека ништо не функционира, дека ни се случува катастрофа од невидени размери, мислам дека не е точно. Редовната фото репортажа во која се прави ретроспектива на активностите во 2021 година ќе биде објавена во вторник наутро.

***27.12.2021***

## АРГИР ВО ЉУБЉАНА, ВРВНО ЕДУЦИРАНА ТРОЈКА ЌЕ ГО ПРЕДВОДИ УПРАВНИОТ ОДБОР, А ТОП ПЕТОРКА КОМОРАТА

*Аргир во Љубљана, Блажевска, Илиоски и Мартиновски во Управниот одбор, а Мукаетов, Јосифовски, Костов, Гечев и Анѓушев во Клубот 100*

Секогаш сум тврдел дека зградите се ништо без личностите. И секогаш сум тврдел дека институциите ги чинат луѓето, а не објектите. На крајот на оваа 2021 година, сакам да истакнам десетина личности, кои, се надевам, ќе остават значаен белег во 2022 година.По шестгодишното успешно управување со НЛБ Банка АД Скопје, м-р Антоно Аргир, нашиот потпретседател преминува со работа во Љубљана, како извршен помошник на Управниот одбор на НЛБ Д.Д., одговорен за управубање со НЛБ Групацијата. Неговата улога на новата позиција е да се подобри

соработката меѓу членките во Групацијата и да го поддржи понатамошниот раст и развој во регионот. Ова е за прв пат еден кредитен референт да се искачи на едно од највисоките менаџерски позиции што е големо признание и за него и за НЛБ Банката во Скопје.Ова е прв пат во историјата на НЛБ Групацијата колега од една од банките членки да го трасира својот пат од кредитен референт до една од највисоките менаџерски позиции во групацијата, што не е само признание за високо професионалната работа на Антонио Аргир, туку и за успехот на НЛБ Банка Скопје. Но, за нас позначајно е што неговата нова позиција се поклопува со нашите регионални активности, преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ), коишто територијално се истоветни со земјите на Западен Балкан, што гарантира заедничка соработка во наредниот период. Нека му е со среќа новата позиција којашто овој скромен човек во својата четириесет и шеста година од животот го носи на врвот од банкарскиот сектор во регионот. Така, СКСМ ќе има уште еден свој човек на врвна позиција во регионот. Денес, исто така, сакам да им посакам добредојде на тројца личности во врвот на Управниот одбор на СКСМ. Станува збор за д-р Анита Блажевска, м-р Борче Илиоски и м-р Зоран Мартиновски. Тие од минатата недела преземаат значајни позиции, но и одговорности во три сегменти од нашето работење, кои досега не беа покриени.Анита ќе го предводи 74-члениот експертски тим на Комората што и ќе има задача да учествува во концепирањето и креирањето на законските решенија и да направи пресврт на досегашната практика, наместо да чекаме да се изјаснуваме преку ЕНЕР, да се вклучиме во разговорите при концепирањето на законските решенија, бидејќи мислиме дека така ќе бидеме поефикасни во нашата работа. Таа зад себе има силна референца во проектот на менаџирање на усогласувањето на царинските стапки со оние на Европската Унија. Вработена е во Филип Морис, а работела и во Министерството за финансии. Во образовната надградба од особено значење е нејзината магистерска диплома од Judge Business School во рамки на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија во областа на стратегии и иновации со посебен фокус на странските директни инвестиции, двомесечниот студиски престој за применета економија на Заедничкиот Институт на ММФ, Светска Банка, ОЕЦД и СТО во Виена, Австрија каде се стекнува со сертификат за извонредност како највисоко признание на Институтот за активно учество и исклучителен придонес во дискусиите за применета економија со меѓународните институции и учество и учеството на семинар во Виена организиран од ММФ за политики и мерки за зголемување на приливот на странски директни инвестиции во земјите од Западен Балкан.Борче ќе биде задолжен за поддршка на фирмите за корпоративни финансии и инвестиции и со своето искуство ќе помага на компаниите во оваа значајна област. Од „Нексcом" преку „Т-мобиле", „Еуромакс ресорсес" до „М6", а сега и главен извршен директор на „Шато де Гордон", села во рајнскиот регион, Болен, Франција, го има градено своето искуство само на овие прашања работејќи на длабински финансиски и инвестициски анализи. Своето образование и академско искуство Илиоски го стекнува на престижни светски училишта и универзитети меѓу кои и во училиштето за менаџмент „Келог" при универзитетот „Нортвестерн", Чикаго, САД, Програма за извршно образование; Универзитетот на Шефилд, Обединето кралство Извршен МБА по финансии, со специјализација во проектни финансии и Универзитетот „Јорк" – центар за извршно образование „Шулих", Торонто, Канада.Зоран ќе биде задолжен за поддршка на компаниите во релациите со меѓународните финансиски институции и регионалните проекти. Со искуство од 25 години, меѓу кои и позицијата шеф на канцеларија на ИФЦ за Северна Македонија и Црна Гора, изгради реноме на човек кој помогна на многу компании, учествувајќи во проекти вредни преку 300 милиони долари, и со тоа сметам дека може да одговори на оваа позиција. Стипендист на Рон Браун и алумнист на училиштето Кенеди при Харвард, и дополнителни обуки за извршно раководење во САД, Канада, Јапонија и Италија, како и технички и лидерски обуки во рамки на ИФЦ, можат да бидат само од корист за нашето работење. Сакам да им посакам успех во извршувањето на нивните должности и стекнатите искуства на меѓународните универзитети и

корпорации на едноставен начин да ги пренесат и во нашето работење кое е усмерено во еден правец - да им се помогне на нашите членки во секојдневното работење.Клубот 100 - најрепрезентативниот претставник на приватниот сектор во нашата држава, ја има водечката улога во менаџирањето на Комората. Тие ја имаат улогата на преговарачки тим, како во домашните, така и во меѓународните релации и со своето портфолио претставуваат тим за почит. Компаниите на членовите на Клубот 100 заедно остваруваат годишен обрт од над една милијарда евра, имаат над 5300 вработени и прават годишен профит од преку 100 милиони евра и со години наназад се во листата на најуспешните компании кај нас. Клубот 100 е формиран на 8.6.2021 година и го носи обележјето на стоте години од СКСМ. М-р Живко Мукаетов, Андреја Јосифовски, Хари Костов, Илија Гечев и проф. д-р Кочо Анѓушев се негови први членови и можам да кажам дека со неговото конституирање ја презедоа лидерската позиција во Комората во еден исклучително значаен момент, исполнет со тешки предизвици, предизвикани од енергетската, здравствената и економската криза во која се наоѓаме. Нивната лојалност кон Комората е пример и за сегашните и за идните генерации, како треба да се однесуваат како општествено одговорни и носечки субјекти на економскиот развој. Со ова сакам да им оддадам јавно признание за нивниот придонес во спроведување на концептот Комора на иднината.

# КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ)

***04.2.2021***

**КОМОРИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ГИ ПОВИКАА СВОИТЕ ВЛАДИ И ЕУ: УКИНЕТЕ ГИ ВИЗИТЕ, ДАЈТЕ НИ ИДНИНА!**



Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (WB6 CIF), асоцијација на шесте стопански комори од Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Косово и Србија, одржаа состанок во Стопанската комора на Србија, во Белград, од каде испратија итно заедничко барање до своите влади и политичките структури во регионот, да направат напори деловните операции да се вршат на наједноставен можен начин и да се свртат кон иднината и регионална соработка. Претставниците на бизнис заедницата бараат итно отстранување на сите бариери за деловно работење и нормализирање на односите во корист на сите граѓани во регионот. Од Босна и Херцеговина е побарано укинување на визите и сите други ограничувања за слободно движење на граѓаните на Косово, со кои ќе бидат исполнети условите за меѓусебно укинување на сегашните бариери од двете страни. Покрај тоа, побарано е, и признавање на регистарските таблички, осигурување на моторните возила и сите други документи, што ќе овозможи целосна слобода на движење. Спречувањето на слободното патување на граѓаните и бизнисмените е во директна спротивност со основните вредности на ЕУ. Заеднички беше оценето дека иницијативата за укинување на ПЦР тестот за патување на граѓаните во земјите во регионот, што беше донесена на иницијатива на стопанските комори, има големо влијание врз деловното работење на компаниите.

***19.2.2021***

**КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ АПЕЛИРА: НЕПРЕЧЕНИОТ ТРАНСПОРТ МОРА ДА ОСТАНЕ ПРИОРИТЕТ**



Бизнис-заедницата од регионот на Западен Балкан, изразува загриженост поради последните мерки воведени од Република Германија, кои се однесуваат на сите лица кои влегуваат во Германија, а кои престојувале или поминале низ Република Словачка, Чешка и низ делови од Австрија во последните 10 дена, за кои се воведува обврска за регистрација и за приложување негативен PCR-тест за COVID 19, а во некои случаи и упатување во карантин, почнувајќи од 14.2.2021 година. - Транспортот на стоки, како крвоток на секоја економија, не смее да запре и мора да се одвива во сите услови. Сликите на границите, кои ги гледаме деновиве, каде што се формирани редици од повеќе од сто возачи кои стојат со часови на екстремно лошо време чекајќи тестирање се навистина загрижувачки – укажува Бранко Азески, потпретседател на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан и претседател на Стопанската комора на Македонија. На овој начин, тие се изложени на поголем ризик од заразување отколку кога би биле во кабините од своите камиони. КИФ апелира до германските власти да се разгледаат сите опции за елиминирање на застојот во транспортот на стоки преку Германија и во неа и професионалните возачи да бидат изземени од примената на воведените мерки, така што би се примениле препораките на Советот на ЕУ кои се

однесуваат на иземањето на транспортните работници од обврските за карантин и за приложување негативен PCR-тест, ако се приложи како доказ негативен брз антиген тест.

***20.3.2021***

**Д-Р ТАТЈАНА ШТЕРЈОВА ДУШКОВСКА НОВ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ СО СЕДИШТЕ ВО ТРСТ**



На седницата на Управниот одбор на КИФ, асоцијација на шесте национални комори од регионот на Западен Балкан, одржана вчера во Подгорица, едногласно за нов генерален секретар е избрана претставничката на Стопанската комора на Северна Македонија. Коморскиот инвестициски форум, со седиште во Трст и канцеларија во Подгорица, е институција основана во 2015 година во рамките на Берлинскиот процес иницирран од канцеларката Ангела Меркел, за време на вториот самит во Виена и претставува глас на приватниот сектор, застапувајќи 350.000 компании од подрачјето на Западен Балкан. Фокусот на активностите на оваа асоцијација во следниот период ќе биде насочен кон имплементација на Акцискиот план за Заеднички регионален пазар, кој треба да придонесе за обезбедување на слободниот проток на стоки и услуги, лица и капитал во регионот, но и зајакнување на соработката на полето на дигитализацијата, индустријата и иновациите. Во изминатите четири години најголемиот фокус на нејзиниот ангажман беше во областа регионалната економска соработка и беше активно вклучена во работењето на КИФ како национален координатор.Со изборот на претставник на Стопанската комора на Северна Македонија како генерален секретар на една од трите најзначајна регионални институции, нашата Комора добива огромно признание за сите свои активности на регионален план, во пресрет на 100-та годишнина од своето постоење.

***21.4.2021***

**РАБОТЕН СОСТАНОК НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И КОМПАНИИТЕ ОД ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА ВО РАМКИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ ПРОТИВ УВОЗ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД ЧЕЛИК**

Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ ЗБ6) организираше онлајн консултативна средба помеѓу претставници на Европската комисија и компании од челичната индустрија од регионот. Со Регулативата за спроведување (Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2019/159 од 31 јануари 2019 година со која се воведуваат дефинитивни заштитни мерки против увоз на одредени производи од челик), Комисијата утврди дека мерките треба да се применуваат за период од три години (вклучувајќи го и периодот на имплементирање на привремените мерки), а истиот истекува на 30 јуни 2021 година. Мерката што моментално е во сила, се состои од тарифна квота ('TRQ'), заснована врз претходен увоз, што се применува за увоз во Унијата на секоја од 26-те категории на производи што го сочинуваат предметниот производ. Во случај кога релевантната тарифна квота ќе се исцрпи, дополнителна се плаќаат 25% на нето- цената при влез на производите во Унијата.Во моментот, Европската Комисија ги разгледува можностите за



продолжување на заштитните мерки што се применуваат при увоз на одредени производи од челик. Според податоците, производителите на железо и челик значително учествуваат во БДП на националните економии на ЗБ и тие вработуваат повеќе од 10.000 работници во регионот. Покрај тоа, 67% од вкупниот извоз на железо и челик од економиите на Западен Балкан 6 е насочен кон пазарот на Европската унија. Во дискусијата, компаниите го посочија следново:
- Оваа индустрија е од витално значење за националните економии од сите 6 земји на Западен Балкан, со оглед на нивното учество во националниот БДП и во националниот извоз, со што ограничувањата за нивниот пристап до пазарите на ЕУ создаваат сериозни негативни ефекти за националните економии;
- За повеќето компании што се засегнати со заштитните мерки, пазарите на ЕУ се примарна дестинација, а воведените заштитни мерки предизвикаа намалување на нивниот обем на продажба во ЕУ и до 30%;
- Националните пазари за овие производи се практично непостоечки, со што не се во можност да ги апсорбираат преостанатите количини.

***07.5.2021***

## ПРЕВОЗНИЦИТЕ НА ОСНОВНИ ДОБРА ЌЕ ИМААТ КОРИСТ ОД ПРИОРИТЕТНИТЕ ПРЕМИНИ НИЗ ЗАПАДЕН БАЛКАН




Една година по покренувањето на иницијативата, Зелените коридори / ленти се проширија на сите премини во земјите членки на ЦЕФТА. Ова значи дека трговците што носат основни добра ќе имаат приоритетен премин низ целиот Западен Балкан. Проширениот концепт ќе придонесе за намалување на времето на чекање на граничните премини и ќе резултира со намалување на трошоците за транспорт и трговија за сите деловни активности. Обезбедена е електронска размена на информации пред пристигнувањето на граничните премини преку ЦЕФТА СЕЕД (Систематска размена на електронски податоци) за основни добра, помеѓу царинските управи и другите агенции вклучени во царинењето на стоки, што овозможува најавување на пратките однапред.Овој систем им овозможува на царинските и фитосанитарните, ветеринарните и инспекциите за храната да ги испланираат своите ресурси на граничните премини, да извршат документарни проверки однапред и да им дадат приоритет на минување на камиони кои пренесуваат основни добра.„ Зелените коридори / ленти во рамките на Западен Балкан се воспоставени на почетокот на епидемијата на КОВИД-19 за да се спречи недостиг на основна стока и медицинска опрема. На Самитот во Софија одржан во ноември 2020 година, лидерите изразија поддршка за проширување на Зелените коридори/ ленти на сите гранични премини во Западен Балкан и со соседните земји-членки на ЕУ.

***10.5.2021***

**ПОДДРШКА ЗА ДОБАВУВАЧИТЕ ОД РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРЕКУ КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ, ЗА НИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛОБАЛНИТЕ ЛАНЦИ НА СНАБДУВАЊЕ**

Коморскиот инвестициски форум, како асоцијација на шесте национални комори од Западен Балкан, претставува повеќе од 350.000 компании од регионот, претежно мали и средни претпријатија, настојувајќи да отвори нови можности за посилно вмрежување на деловните заедници во регионот преку отстранување на преостанатите пречки за развој на регионалната економска соработка и подобрување на деловната и инвестициската клима на пазарите во целиот регион, посочи д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на КИФ на прес конференцијата одржана во Стопанската комора на Северна Македонија на 10.05.2021 година. Главниот фокус на активностите на Коморскиот инвестициски форум е тесно поврзан со имплементацијата на Акцискиот план за Заедничкиот регионален пазар. Како прв чекор, започнува мапирањето на добавувачите од регионот во посебна датабаза која ја изработува КИФ, а која ќе содржи релевантни податоци за потенцијалните добавувачи и инвеститорите во три клучни сектори: лесната индустрија (вклучувајќи електрични и електронски системи и елементи на електронски и електрични системи); автомобилска индустрија (вклучувајќи уреди и компоненти за автомобилска индустрија-пластика, гума, машини / опрема); прехранбената индустрија. Во датабазата ќе бидат вклучени и компании од циркуларната економија, пристап кој е од хоризонтален карактер, и може да опфати компании од различните сектори и дејности кои активно придонесуваат на полето на циркуларната економија. Се работи на развој на бази на податоци за пристап до пазарот, која ќе вклучува точни информации за потенцијалните пазари, ќе овозможува пребарување на партнери и размена на податоци помеѓу компаниите. На компаниите кои ќе бидат вклучени во Програмата, ќе им биде обезбедена техничка помош за дигитализација и за пристап до финансии. Конечно, за компаниите ќе бидат организирани и различни активности за вмрежување - B2B средби, саеми, деловни настани, и инвестициски конференции, за поддршка на активностите за вмрежување помеѓу добавувачи и инвеститори.




***17.6.2021***

**ИНИЦИЈАТИВЕН СОСТАНОК НА „БИЗНИС ПЛАТФОРМАТА КИФ-ЕУ"**

Европската комисија и Коморскиот инвестициски форум, на онлајн состанокот кој се одржа на 16.06.2021 година, официјално ја основаа „Бизнис платформата КИФ-ЕУ", форум кој обединува претставници на деловната заедница од Западен Балкан и Европската комисија, за да разговараат за предизвиците и можностите за приватниот сектор во регионот. Таквиот дијалог ќе и помогне на деловната заедница подобро да ги разбере Европската унија, нејзините закони и политики, и ќе им помогне на компаниите од регионот подобро да се подготват за интеграција на



единствениот пазар на ЕУ.Комесарот за соседство и проширување Оливер Вархеји посочи:„Силно ја поддржуваме оваа иницијатива, која е важна за зајакнување на нашата стратешка соработка и ангажман со деловната заедница од Западен Балкан. Јас сметам на ваков редовен јавен приватен дијалог за да ги зголемиме позитивните ефекти кои Економскиот и инвестицискиот план ги носи за компаниите од регионот.‟Претседателот на КИФ, Марко Чадеж посочи -„Ги повикуваме владите на Западен Балкан да ги забрзаат реформите и да се посветат на спроведувањето на Акцискиот план за заеднички регионален пазар, и уште еднаш ја потенцираме важноста и понатаму да се зајакнува дијалогот помеѓу деловната заедница од регионот и ЕУ. Со воспоставување на заедничка платформа за континуиран дијалог помеѓу деловната заедница на Западен Балкан и институциите на ЕУ, ние поставуваме терен за ефикасно решавање на сите прашања што се важни за водење бизнис, за локалните компании од Западен Балкан, како и за компании од ЕУ кои работат или планира да инвестираат во регионот ‟. Деловната заедница од Западен Балкан во дискусија потенцираше колку е важно регионот да биде вклучен во спроведувањето на индустриската стратегија на ЕУ, како и стратегијата на ЕУ за МСП, за продлабочување на интеграцијата со синџирите на вредности на ЕУ.

***06.7.2021***

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД САМИТОТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО БЕРЛИН – ПОТВРДЕНА КЛУЧНАТА УЛОГА НА КИФ ЗА ЕКОНОМСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА РЕГИОНОТ

Western Balkans Summit Berlin 2021

Седум години по првиот Самит за Западен Балкан, одржан во Берлин во 2014 година, Самитот во рамките на Берлинскиот процес што се одржа на 5 јули 2021 година, ја призна важноста на приватниот сектор и на Коморскиот инвестициски форум како негов претставник за спроведувањето на целите на регоналната економска интеграција. На Самитот годинава се собраа шефовите на владите на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, како и шефовите на држави или влади на Австрија, Бугарија, Хрватска, Франција, Грција, Италија, Полска, Словенија и Велика Британија, како и претставници на Европската унија (ЕУ) и на меѓународни и регионални тела и организации.Во заклучоците од одржаниот Самит беше посочено и следното:„Учесниците ја поздравија важната улога што ја игра приватниот сектор во спроведувањето на Заедничкиот регионален пазар, кој треба да се развива натаму преку блиска соработка на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан и преку спроведување специфични мерки низ сите шест земји од Западен Балкан. Во процесот на воспоставување на Заедничкиот регионален пазар, Коморскиот инвестициски форум, како асоцијација на шесте стопански комори од регионот, со поддршка од Европската Унија, активно работиме на развојот на Регионалната програма за развој на добавувачи. Во завршна фаза на изработка се две важни датабази за компаниите од регионот, кои ги сумира клучните информации за условите неопходни за секоја компанија која сака да влезе со своите производи или услуги на некој пазар, но и нуди услуги за вмрежување на компаниите.

***16.9.2021***

## **АНКЕТА НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ) НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (ЗБ6) ЗА КЛУЧНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР**

КИФ ЗБ6 отпочна анкета за клучните показатели на успешност и спроведувањето на акцискиот план за заеднички регионален пазар.
Резултатите на анкетата ќе обезбедат поддршка за креаторите на политики на Западен Балкан за да се дефинираат точни мерки и да се забрзаат активностите во вистински правец, коешто пак треба да создаде подобра средина за водење бизнис во целиот регион.

***07.12.2021***

## **ЦЕФТА ГО ПРЕТСТАВИ ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ПРОТОКОЛ 6 ЗА ТРГОВИЈА СО УСЛУГИ ПРЕД МАКЕДОНСКИТЕ СТОПАНСТВЕНИЦИ**




Отстранување на ограничувањата за трговијата со услуги во Западен Балкан благодарение на Дополнителниот протокол 6 на ЦЕФТА
Секретаријатот на ЦЕФТА во соработка со Коморскиот инвестициски форум и Стопанската комора на Северна Македонија, организираа работилница за ЦЕФТА Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги , со акцент на тоа какви придобивки носи протоколот за македонската економија и за регионот и како може да придонесе за поуспешно создавање на заеднички регионален пазар на Западен Балкан. Дополнителниот протокол 6 обезбедува сеопфатна рамка за трговија со услуги во регионот и се заснова на Општиот договор за трговија со услуги (ГАТС). Протоколот особено се фокусира на ограничувањата за пристап до пазарот и ограничувањата поврзани со дискриминација на странски компании против домашни. Во повеќе од 100 различни сектори, страните на ЦЕФТА се обврзаа да не воведат, или доколку веќе постојат да ги отстранат, ограничувањата за пристап на пазарот, како и да обезбедат ист третман за домашните даватели на услуги и оние од другите страни потписнички на ЦЕФТА договорот. Покрај овие одредби, Протоколот обезбедува рамка за работа на понатамошно отстранување на бариерите, особено во чувствителните области на економијата како што се: лиценци, дозволи, професионални квалификации.Во оваа насока, Протоколот воведува обврска за отстранување на ограничувањата на трговијата со услуги и дава гаранција дека нема да се воведат ограничувања во иднина меѓу страните на договорот ЦЕФТА. Протоколот во принцип ги обврзува Страните да не наметнуваат ограничувања за пристапот на пазарот и да ги третираат компаниите од другите страни во договорот ЦЕФТА како домашни. Дополнително, Протоколот отвора можности за отстранување на конкретни бариери во иднина.

# ОБРАЗОВАНИЕ

***29.1.2021***
**ФУНКЦИОНАЛЕН ЗАКОН ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Се привршува со подготовката на првата драфт верзија на Законот за стручно образование и обука, во која системски е уреден моделот на дуалното образование, прецизирани видовите на стручно образование, согласно Националната рамка на квалификации, работењето на Регионалните центри за стручно образование и обука, улогата и одговорностите на бизнис заедницата и останати области кои не беа уредени со постоечкиот Закон што ја отежнуваа флексибилноста на стручното образование да ги следи потребите на бизнис заедницата и да креира квалитетен и стручен кадар.

***01.2.2021***
**ЗАПОЧНА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРУЧЕН КАДАР ПО МЕРКА НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР**

Недостигот на вештини и компетенции претставува клучен проблем за зголемување на продуктивноста и ликвидноста на компаниите и ограничувачки фактор за конкурентноста на компаниите на домашниот и меѓународниот пазар, на што укажуваше Стопанската комора на Македонија години наназад. Компаниите се погласно говорат за недостигот на стручен кадар и покрај високите стапки на невработеност. релевантни квалификации и паралелки во средните стручни училишта низ државата, од идната учебна година.

***03.2.2021***
**ЗАЈАКНАТА СОРАБОТКА РЕАЛЕН СЕКТОР-СТРУЧНИ УЧИЛИШТА**

Важноста на соработката помеѓу реалниот сектор, образовните институции и стручните училишта, како и зајакнувањето на квалитетот и релевантноста на стручното образование и обука со пазарот на трудот, беше темата на денешната виртуелна регионална панел дискусија на тема: „Соработката помеѓу компаниите и стручните училишта во земјите од Западен Балкан (ЗБ6) – сегашна состојба и следни чекори" организирана од Регионалниот фонд за предизвици со поддршка на Коморскиот инвестициски фонд, чија членка е Стопанската комора на Македонија.

***09.2.2021***
**ПРЕКУ СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНО НИВО - ДО ПОГОЛЕМА АТРАКТИВНОСТ НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во рамки на социјалниот дијалог насловен „Учи паметно, работи стручно" беа реализирани трибини во Струга и во Охрид, чија цел беше презентирање на резултатите од спроведените анализи за потребите од образовни програми на локално ниво, како и поттикнување на вклученоста на приватниот сектор во креирањето нови квалификациии согласно локалните потреби.

***11.2.2021***
**ШТО ЗНАЧИ КВАЛИТЕТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА?**

Стопанската комора на Македонија, како членка на Европската алијанса за практикантство, учествуваше на визуелната панел дискусија на тема: Што значи квалитетот во реализацијата на практичната обука?, со претставници на големи и мали компании, стручни училишта, ученици кои реализираат практична обука и креатори на политики. Фокусот на дискусијата, организирана од Европската алијанса за практикантство, а водена од Тамас Варнаи од секторот за политики во стручно образование и обука, практикантство и образование за возрасни при Европската комисија, беше ставен на придобивките од практичната обука на учениците во компаниите и исполнување на стандардите за квалитет во реализацијата на практичната обука, што е важен предуслов за привлекување на учениците да се запишуваат во стручното образование и обука.

***03.3.2021***
**СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА ДО ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР**

*„Витаминка" се вклучи во Проектот „Дуално образование"*

Со цел зајакнување на врските меѓу потребите на пазарот на трудот и вештините на младите, кои се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката меѓу работодавците и училиштата. Сѐ поголем е интересот на компаниите да обучат ученици, идни вработени, во согласност со своите потреби, а идните ученици да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на трудот и да најдат соодветно вработување во согласност со стручната подготовка.

***09.3.2021***
**СО ПАРТНЕРСКИ ОДНОС ДО РЕЛЕВАНТНА УПИСНА ПОЛИТИКА**

Со денешната трибина што се одржа во општина Илинден заврши кампањата ,,Учи паметно, работи стручно" организирана од Министерството за образование и наука со отворена поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија и нејзините членки за подигнување на свеста на компаниите за вклучување во стручното образование и обука и креирање квалификации кои ќе одговараат на барањата и потребите на реалниот сектор и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука за привлекување на ученици за упис во средните стручни училишта.

***15.3.2021***
**КВАЛИТЕТНА И ЕФЕКТИВНА ПРАКТИЧНА ОБУКА И ГЛОБАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРАКТИЧНАТА ОБУКА**

Стандардите за квалитет на реализацијата на практична обука за средношколците, но и за лицата вклучени во процесот на преквалификација и доквалификација беше тема на визуелната конференција „Практики за квалитетно и ефективно реализирање на практичната обука и глобални стандарди за учесниците во реализацијата на практичната обука„ на која учествуваше преставник од Стопанската комора на Северна Македонија. Конференција беше организирана од страна на Директоратот за работни места и социјални права при Европската комисија и Меѓународната организација на трудот.

***15.4.2021***
**ОБУКИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОРТАЛОТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧ**

Во чекор со новото време, дигитализацијата на процесите станува приоритет во делувањето на Комората. Во таа насока, за реализација на активностите во сегментот на образование, со поддршка на проектот „Образование за вработување" се изработи Портал за вмрежување на активните чинители во процесот на реализација на практичната обука кај работодавач кој ќе нуди танспарентност на процесот, создавање солидна база на податоци и ќе придонесе за афирмација на практичната обука на реално работно место за стекнување стручни и практични вештини кај учениците.

***27.4.2021***
**ПОДОБРУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА НА ВЕШТИНИ ПРЕКУ ПОГОЛЕМА ВКУЧЕНОСТ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ**

Во организација на Стопанската комора на Северна Македонија, а со поддршка на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија" - Е4Е@мк, се одржа „онлајн"-дебата на тема: „Образованието како фактор за забрзан регионален развој преку подобрување на усогласеноста на побарувачката и понудата на вештини". Економскиот раст и развој на државата зависи од усогласеноста на побарувачката и понудата на вештини на локално и на регионално ниво, што значи, ефикасно обезбедување кадар потребен на реалниот сектор кој поседува релевантни вештини и комптенции за одржување на продуктивноста на компаниите и за предвидувања во плановите за иден развој и инвестирање.

***29.4.2021***
**СО ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ДО ГРАДЕЊЕ КВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Предуслов за градење квалитетен стручен кадар кој одговара на барањата и потребите на реалниот сектор е соработката помеѓу активните чинители вклучени во креирањето на образовните политики. Стопанската комора на Северна Македонија во своите заложби на високо место ги позиционира прашањата кои се однесуваат на стручно образование и обука по мерка на бизнисот. Во таа насока денес беше реализиран работен состанок со новото раководство на Центарот за стручно образование и обука.

***13.5.2021***
**ПРЕКУ ЕВАЛУАЦИЈА ДО ПОДОБРУВАЊЕ НА ИМИЏОТ**

За подобрување на имиџот на една институција или компанија потребно е, најмалку на две години, да го прави процесот на евалуација, како процес на утврдување на вредноста, важноста или значењето со примена на поставени критериуми или норми. Тргнувајќи од определбата за континуирана проверка, оцена, обезбедување и подобрување на квалитетот во сите домени на своето дејствување и задржување на имиџот кој го носи со себе на Универзитетот „ Климент Охридски" од Битола, започна процесот на надворешна евалуација со експерти, номинирани од Европската асоцијација на универзитети.

***28.5.2021***
**ГЛАСОТ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА – ДЕБАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ И РАБОТОДАВАЧИТЕ**

Потребата од измени во Законот за стручно образование и обука кои беа иницирани во насока на отстранување на пречките за негова функционалност во решавање на предизвикот од несовпаѓањето на вештините со потребите на реалниот сектор, доведоа до креирање на ново законско решение кое ќе го регулира стручното образование и обука. За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, со поддршка на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“-Е4Е@мк, организира дебата на тема: „Гласот на бизнис заедницата за предлог законот за стручно образование и обука“ за презентирање на ставовите на бизнис заедницата како активен социјален партнер, кој во изминатиот период поинтензивно е вклучен во креирањето на образовните политики преку искажување на своите ставови и мислења по однос на предлог законот за стручно образование и обука.

***22.6.2021***

**НЕМА ТАБУ ТЕМИ ПОМЕЃУ БИЗНИСОТ И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Универзитетите да бидат синоним на реални и употребливи знаења и вештини кои ќе бидат мерливи со брзо вработување на студентите, а даноците што ги плаќа бизнис заедницата да не одат во институции кои продуцираат неквалитетни и неупотребливи кадри беше изнесено на денешната конференцијата на тема „Високото образование и бизнисот-заеднички предизвици и приоритети“ организирана од страна на Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола.

***06.7.2021***

**ПРЕКУ УСПЕШЕН ПАРТНЕРСКИ ОДНОС ДО КАДАР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИСОТ**

„Образованието не претставува подготовка за животот. Самото образование е животот.“ Џон Дјиу (John Dewey) американски филозоф, психолог и реформатор на образованието. Од која страна и да гледаме на образованието, клучен фактор за стекнување вештини и подготовка на младите за вклучување во работните процеси е обезбедувањето на квалитетно стручно образование, комбинирано со практична обука во реална работна средина.

***06.7.2021***

**УЧЕСТВО НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОМОРАТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА: „КОН РЕГИОНАЛНО БАЗИРАНИ СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА – TO REGOS“**

Соработката на регионално ниво претставува значаен аспект за трасирање на патот кој води до хармонизација на економиите во земјите во регионот, обезбедувајќи стандарди на занимања кои ги отсликуваат реалните потреби во сите земји од Западен Балкан. За постоењето на волја и подготвеност за регионална соработка говори проектот „Кон регионални стандарди на занимања - КОН РЕГОС“, финансиран од Австриската агенција за развој, а спроведуван од страна на институции за стручно образование и обука, Стопанската комора на Северна Македонија и синдикатите кој е насочен кон создавање на занимања според регионалните заеднички потреби на бизнис секторот од земјите во Западен Балкан.

***08.7.2021***

**СИНЕРГИЈА НА ПАРТНЕРИТЕ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПАЗАРНО - ОРИЕНТИРАНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

„Сакаме систем кој ќе биде современ, ефикасен, едноставен за имплементација, и пред сè, систем кој што ќе создаде млади луѓе кои што ќе се вклучат во процесот на работа, што е можно побрзо, дури и пред завршување на образованието“, со оваа констатација извршниот директор на

Стопанската комора на Северна Македонија м-р Антони Пешев ги поздрави присутните на конференцијата насловена како „Синергија на партнерите во обезбедување на пазарно – ориентирано стручно образование и обука“.

***26.8.2021***

**БЕЗ ПРИДОНЕС НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР НЕМА УСПЕШЕН МОДЕЛ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Во рамки на тридневната студиска посета на Берн, Тун и Цирих во Швајцарија, претставници од Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора на Северо-западна Македонија, Комората за информатичка технологија МАСИТ, Советот на странски инвеститори при СКСМ и Асоцијацијата на метална и електро индустрија – МАМЕИ, реализираа работни посети на повеќе институции и бизнис организации и компании. Целта на посетата беше да се согледа улогата на приватниот сектор во Швајцарија во стручното образование и обука и придонесот во креирање стручен и компетентен кадар за потребите на бизнисот што се одразува на вкупната економија во државата.

***02.9.2021***

**СЕ ОТВОРИ НОВА ФАРМАЦЕВТСКА ПАРАЛЕЛКА - ПО ИНИЦИЈАТИВА НА „АЛКАЛОИД“ ЌЕ СЕ УЧИ ДОДЕКА СЕ РАБОТИ ВО ФАБРИКАТА**

23 најдобри ученици од трета година влегоа во новата паралелка. Наставата ќе се одвива во училиштето и во „Алкалоид“ АД Скопје, а ќе ја водат стручни наставници и сертифицирани ментори

Паралелката Фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија е промовирана денеска во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје. Станува збор за ново занимање кое е прво во земјава и во регионот.– Министерството за образование (МОН) ја отпочна кампањата „Учи паметно, работи стручно“ како одговор на потребите на стопанството, а воедно и како резултат на дефицитот на стручни работници во компаниите во национални рамки.

***17.9.2021***

**ПРЕКУ РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ДО ПРОДУЦИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ КАДРИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД**

Основањето на регионалните центри за стручно образование и обука претставува решение кое во форма на јавно-приватно партнерство обезбедува соработка помеѓу реалниот сектор и образовните институции во насока на градење пазарно ориентиран квалификуван кадар кој одговара на барањата и потребите на реалниот сектор. Претставници на Стопанската комора на Северна Македонија во рамки на Проектот Образование за вработување во Северна Македонија - Е4Е@мк го посетија Регионалниот центар за стручно образование и обука за квалификации од угостителско-туристичкиот сектор "Ванчо Питошески" од Охрид, кој претставдува еден од трите регионални центри кои беа основани во 2021 година.

***17.9.2021***

**ПРЕКУ ОБУЧЕНИ ОБУЧУВАЧИ НА МЕНТОРИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО КОМПАНИИ ДО КВАЛИТЕНИ МЕНТОРИ ВО КОМПАНИИ**

Стручното образование значи синергија на теорија во училница и практична обука на реално работно место во компанија. Но реализацијата на практичната обука во компанија или фирма не е возможна доколку работодавачот во работната организација не обезбеди соодветни услови за

реализација на практичната обука, соодветна работна средина, опрема, алати и машини и лице-ментор кое ќе ги води учениците низ работниот процес во самата компанија.

***21.9.2021***

**РАСТ НА БИЗНИСОТ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

*Одржан вебинар како дел од Програмата LEARN2GHROW*

Во рамки на Програмата „LEARN2GHROW" која ќе се реализира во периодот октомври 2021 – јануари 2022 година, во рамки на Проектите „Образование за вработување во Северна Македонија"-Е4Е@мк и „Зголемување на пазарната вработливост" – ИМЕ, а со поддршка од Стопанската комора на Северна Македонија, денес беше одржан вебинар на тема: Раст на бизнисот преку развој на вработените. Вебинарот се фокусираше на областите коучинг и менторство за вовед на вработените на работното место, како клучен фактор за забрзано вклучување во работните процеси, задржување и зголемена продуктивност.

***08.10.2021***

**СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА – ДО ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР**

*МИК „Свети Николе„ ДОО Свети Николе верифицирана компанија за практична обука на ученици*

Со цел зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу училиштата. И работодавачите. Сѐ поголем е интересот на компаниите да обучат ученици-идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

***14.10.2021***

**ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ВЕШТИНИТЕ**

Системот за стручно образование и обука гради различни форми на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор со цел да се осигура дека младите луѓе и возрасните се стекнуваат со потребните вештини кои ги бара приватниот сектор за да бидат вработливи и да се намали јазот на понудата и побарувачката на пазарот на труд. За таа цел, во заедничка организација на Европската фондација за обука (ЕТФ) и Коморскиот инвестициски форум (КИФ), се одржа конференција на тема: „Јавно-приватните партнерства во поддршката на развојот на вештините во Југоисточна Европа и Турција" на која коморите од земјите на Западен Балкан, како и претставници од областа на стручното образование и доживотното учење ги презентираа своите искуства и добри практики на полето на јавното-приватно парнерство.

***10.11.2021***

**ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ВО КОМПАНИЈА – ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИФИКУВАЊЕ НА СТРУЧЕН КАДАР**

*- Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци придонесува за подобрување на квалитетот на стручното образование*

Во новата ера - ера на економијата на знаења, најважни од сите ресурси и основен покренувач на самата компанија се токму човечките ресурси - односно сите вработени во самата организација. Во економско развиена земја од голема важност е бизнисот и образованието да бидат во нераскинлива врска, со цел успешно градење на капацитетите на образованието и

продуцирање на соодветен стручен кадар. Еден од моделите за вклучување на бизнис заедницата во образованието е практичната обука во компанијата, што всушност преставува предуслов за квалификување на кадарот во компаниите.

***18.11.2021***

**СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО – ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР**

*- „ЛТХ Леарница“ Охрид континуирано вложува во својот кадар и придонесува за подобрување на квалитетот на стручното образование*

Веќе подолг период, значително е подигната свеста за важноста на човечките ресурси, како и вклучувањено на бизнис заедницата во образованието, преку овозможување на практична настава на учениците од средното и високо образование, што всушност преставува предуслов за квалификување на кадарот во компаниите. Квалитетен кадар, или поедноставено кажано – да се има прави луѓе на право работно место, секако е најзначаен клучен сегмент, како за задоволство на вработениот така и за самата продуктивност на организацијата.

***29.11.2021***

**ДИГИТАЛЕН САЕМ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, МОЖНОСТ ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ ДА ЈА ИЗБЕРАТ ВИСТИНСКАТА ПРОФЕСИЈА**

На 30 ноември и 1 декември оваа година, за првпат ќе се одржи Дигитален Саем за средно стручно образование. Клучната цел на овој уникатен настан е деветто-одделенците, кои за неколку месеци ќе излезат од клупите на основните училишта, заедно со нивните родители, подетално да се запознаат со можностите кои ги нудат средните стручни училишта во земјава за стекнување на стручни вештини и соодветно вработување по завршување на нивното средно образование.

***02.12.2021***

**РАЗМЕНАТА НА ИСКУСТВА – МОЖНОСТ ДА СЕ ВИДИ КАДЕ Е ПОЗИЦИОНИРАНО НАШЕТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во рамките на Проектот „Образование за вработување“, во текот на вчерашниот ден Стопанската комора на Северна Македонија оствари средба со делегацијата на Зеничко-добојскиот Кантон на Босна и Херцеговина за размена на искуства за новините и за реформите во делот на образовните процеси, како и за улогата на Комората и на приватниот сектор во образованието и во предвидувањата што ги прави за потребните вештини и квалификации во обезбедувањето стручен кадар за компаниите.

***15.12.2021***

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, УЧЕСНИК ВО РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (EQVET SEE)“**

Со поддршка на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) на 6-те земји од Западен Балкан, чии активности се насочени кон економска соработка, подобрување на бизнис климата и унапредување на конкурентноста на економиите од регионот, продолжија активностите започнати и во делот на образованието. Без развој на човечки ресурси нема развој на економијата, иновациите и конкурентност на пазарот.

***15.12.2021***
**ЗЕЛЕНА АГЕНДА, ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Зелената агенда, дигитализацијата и регионалната соработка во областа на образованието, како и важноста на стручното образование и обука за обезбедување на човечки капитал со релевантни вештини и компетенции беа тема на виртуелната конференција што ја организираше Регионалниот фонд за предизвици во рамките на Коморскиот инвестициски форум на 6-те земји од Западен Балкан.

***30.12.2021***
**ДИГИТАЛЕН САЕМ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ (РЕТРОСПЕКТИВА)**

„Првиот дигитален саем за средно стручно образование, одржан на 31 ноември и 1 декември годинава, за учениците од деветто одделение и кој се следеше во сите основни училишта низ државата ги надмина очекувањата", беше констатирано на состанокот на учесниците кои го организираа Саемот, врз основа на податоците добиени од истражувањето спроведено по завршување на Саемот. Целта беше да се поддржат младите деветтоодделеници и нивните родители во изборот на соодветна квалификација и занимање, како и да се промовира стручното образование и обука, и да се поддржат компаниите и стручните училишта во напорот да го привлечат вниманието на младите.

# ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

**Центарот за едукација во текот на 2021 година организираше 90 едукативни настани на кои учествуваа 1.630 посетители.** Истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор. Поради настанатата здравствено-економска криза предизвикана од Пандемијата Ковид-19, во насока на одржување на активностите кои ги спроведува Центарот за едукација, настана трансформација и најголемиот дел од активностите се спроведуваа он-лајн со користење на современи ИКТ решенија.

Истовремено, лицата од Центарот за едукација постојано ги следеа препораките од Владата на РСМ и по донесувањето на протоколите за одржување на едукативни настани започна со комбиниран систем на одржување на настани, односно дел се спроведуваа со физичко присуство со запазување на протоколите, додека останатите се спроведуваа он-лајн. Центарот за едукација активно ги следеше барањата кои произлегуваа од промените во Законската регулатива, како и барањата и потребите на компаниите во доменот на меки вештини и користење на ИКТ алатки.

Во директна комуникација со компаниите беа реализирани и неколку in-house обуки од областа на користење на **програмот Ексел за табеларно пресметување и графичко прикажување**.

Помеѓу останатите семинари кои беа од особен интерес за компаниите беа и оние кои се однесуваат на јавните набавки, канцелариско и архивско работење, управување со отпад, Законот за заштита на личните податоци, безбедност и заштита при работа, дигитален маркетинг, електронска продажба.

Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) преку Центарот за едукација и развој на човечки ресурси, а во соработка со Министерството за образование и наука и со поддршка на УНДП, во август го отпочна процесот на **сертифицирање на ментори во компаниите и верификација на институции**. За таа цел, Комората на 17.08.2021 година потпиша Договор

со УНДП бр. 77-2021 за обука на 221 ментор во компании за реализација на практичната обука на учениците во компаниите. Беа реализирани вкупно 7 обуки во периодот од август до декември. Во текот на седумте обуки беа обучени вкупно 178 ментори од компании.

**Одржани едукативни настани во 2021 година:**

*21.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПЛАНИРАЊЕ, АНАЛИЗА, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА, НА РАБОТЕЊЕТО ВО ПИСАРНИЦА, ПРЕКУ ОТВОРАЊЕ НОВИ БРОЕВИ (ПОПИС НА ДОКУМЕНТИ) ВО ДЕЛОВОДНИК (ПОЧЕТОК НА ГОДИНА), ПОВРЗУВАЊЕ НА БРОЕВИ ОД МИНАТА ГОДИНА СО НОВИ БРОЕВИ ВО ТЕКОВНА ГОДИНА

*22.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПОЗИЦИЈАТА НА ОФИЦЕРОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

*26.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСНИ МАТЕРИИ И СО ОПАСЕН ОТПАД, СОБИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ГОРЕЊЕ, КРИТИЧНИ ТОЧКИ И ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

*27.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

*28.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УСПЕШНО УЧЕСТВО НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО 2021 ГОДИНА

*29.01.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ДОГОВОР ЗА ГРАДЕЊЕ - ФОРМА, ПРАВА И ОБВРСКИ, ДОПОЛНИТЕЛНИ И НЕПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ, ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ ПРИ ГРАДБА, ОДГОВОРНОСТ НА ПРОЕКТАНТОТ И НАДЗОРОТ

*29.01.2021 година ,,ОНЛАЈН"семинар тема:* ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И МОЖНОСТ ЗА НЕГОВА ИЗМЕНА ВО ПОГЛЕД НА НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА, ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ОД ДОМА ВО ВРЕМЕ НА ПРОДОЛЖЕНО ВАЖЕЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЗАШИТА ОД ШИРЕЊЕ НА ВИРУСОТ, ОТСУСТВО НА БРЕМЕНИ РАБОТНИЧКИ ОД РАБОТА

*09.02.2021 година,, ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИНФЛУЕНСЕР СТРАТЕГИЈА – ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ СО ИНФЛУЕНСЕРИ

*10.02.2021 година,, ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРАВИЛНИК ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ - ЌЕ ПЛАНИРАМЕ ЛИ ПОБРЗО, ПОЛЕСНО, ПОХУМАНО?

*17.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

*18.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР, КОНКУРЕНТСКА КЛАУЗУЛА, КОНКУРЕНТСКА ЗАБРАНА, ДЕЛОВНА ТАЈНА И ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ ВО ВОНРЕДНИ ОКОЛНОСТИ И РАБОТА ОД ДОМА , ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

*23.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* КОВИД КАЛКУЛАТОР - УТВРДУВАЊЕ НА КОВИД-ВОЗРАСТ И РИЗИК ПРИ ЗАБОЛУВАЊЕ ОД КОРОНАВИРУСОТ

*23.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШОЦИ ВО ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И НИВНО ИЗБЕГНУВАЊЕ ПРИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР, ОДМОРИ, ВОВЕДУВАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА, ПРЕРАСПРЕДЕЛБА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

*24.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ И СОСТАВУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА НИШТЕЊЕ СОГЛАСНО ЗАКОНСКИОТ РОК

*24-25.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА

*26.02.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОБУКА ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ - MS EXCEL 2016

*03.03-17.4.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* АКАДЕМИЈА ЗА МЕНАЏЕРСКИ ВЕШТИНИ по Програма на D.R. Gilbert: ЕФИКАСЕН МЕНАЏЕР-ПАТОТ НА ТРАНСФОРМАЦИЈА И СТРАТЕГИСКА ПОДГОТОВКА

*17.03.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА

*18.03.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС

*30.03.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОСНОВИ ЗА ОТСУСТВО ОД РАБОТА СО И БЕЗ НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА

*31.03.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСКИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

*31.03.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* СТРАТЕГИИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ ТАЛЕНТИ

*06.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОБВРСКИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОПИСИТЕ ОД ОБЛАСТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ

*08-09.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИТ БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

*20.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИНТЕРНИ МЕРКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПОТЕШКОТИИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО ПОРАДИ ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА РАБОТНИОТ ПРОЦЕС

*21.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ - Правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP и консолидација

*21.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* MARKETING MIND GAMES – ПСИХОЛОГИЈАТА ВО МАРКЕТИНГОТ – СОВЕТИ И ТЕХНИКИ

*27.04.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

*05-07.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*06-07.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* РАБОТА СО ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ – законска основа, практични примери и придобивки

*12.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УПРАВУВАЊЕ НА МАГАЦИН

*17-19.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*18.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

*18-19.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* МОДЕЛИРАЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ И ВИЗУЕЛИЗИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ СО POWER BI

*19.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШОЦИ ВО ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И НИВНО ИЗБЕГНУВАЊЕ ПРИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

*26.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРИДОБИВКИ ОД ВКЛУЧЕНОСТ НА ПРЕТСТАВНИК НА ВРАБОТЕНИ ЗА БЗР ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРВАЈЕ ПРИ РАБОТА

*28.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА, НА РАБОТЕЊЕТО ВО ПИСАРНИЦАТА, УПРАВУВАЊЕ СО СПИСИТЕ И АКТИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПРИСТАП, СЕЛЕКЦИЈА, СКЛАДИРАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

*31.05.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

*01-03.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*08-10.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*10.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* КАКО ДА СЕ ИСКОРИСТАТ АЛАТКИТЕ ОД GOOGLE ПЛАТФОРМАТА ЗА ПОУСПЕШНО ОНЛАЈН ПРИСУСТВО И ПОДОБРО ОГЛАСУВАЊЕ

*15.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЕВИДЕНЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛНО-МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ

*22-23.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИТ БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

*24.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УПРАВУВАЊЕ СО РЕЗУЛТАТОТ-АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

*24.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

*28 и 30.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ

*24.06.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

*13.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* EMPLOYER BRANDING

*13.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР, КОНКУРЕНТСКА КЛАУЗУЛА И КОНКУРЕНТСКА ЗАБРАНА, ДЕЛОВНА ТАЈНА, ПАРИЧНА КАЗНА НАМЕСТО ОТКАЗ КАКО ОСНОВ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ИСПЛАЌАЊЕТО НА ПЛАТА

*14-15.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПОДОБРО И ПОБРЗО ОДЛУЧУВАЊЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА POWER BI

*21.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРИМЕНА НА ЗАКОН ЗА АРХИВСКО И КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ, ВОДЕЊЕ НА СОПСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА ВО РАМКИ НА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ

*22.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИНТЕРНИ АКТИ НА РАБОТОДАВАЧОТ - АЛАТКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ, ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО И ИЗБЕГНУВАЊЕ НА РАБОТНИ СПОРОВИ

*26.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

*29.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ - УКИНУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО НАПОЛНЕТИ 64 ГОДИНИ (СЛ. ВЕСНИК БР. 151/21 ОД 06.07.2021)

*04-06.07-09.07.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*31-02.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*03.09.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

*07.09.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ - УКИНУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО НАПОЛНЕТИ 64 ГОДИНИ (Сл. весник бр. 151/21 од 06.07.2021)

*14.09.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕН MICROSOFT POWER POINT ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ

*17.09.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

*21.90.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* МАГАЦИНСКОТО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗРАЗЕНО ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРИМЕНА НА МСС СТАНДАРДИТЕ

*23.09.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

*05-07.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*13.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

*18.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* КОРИСТИ НА ВРАБОТЕНИ СОГЛАСНО МСС 19

*19.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА-НАЧИН КАКО НАЈДОБРО ДА ГО ЗАШТИТИТЕ ВАШИОТ БИЗНИС

*20.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* DATA MINING

*21.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОТСУСТВО ОД РАБОТА СО НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА

*22.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* БЛАГАЈНИЧКО ДЕНАРСКО И ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

*25.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* МЕНАЏМЕНТ НА КАРИЕРА

*27.10.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА РАБОТА СО ГРАФИКОНИ

*13.10,24-25.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема: СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ*

*11.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЗАКОНСКИ ПРЕДВИДЕН РОК ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПЛАН И ЛИСТА НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ

*16.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ОСНОВИ НА EMPLOYEE ADVOCACY

*17.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНА ЕКСЕЛ АЛАТКА: POWER QUERY

*19.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ТАБЕЛАРНИ ПРЕСМЕТКИ

*22.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НОВ ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

*24.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА POWER PIVOT АНАЛИЗА

*30.11.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

*30.11-,1-2.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*07.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ХЕМИСКИ ШТЕТНОСТИ, ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗДРАВЈЕ И РИЗАЦИ НА РАБОТНО МЕСТО

*14-16.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

*14.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

*15.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА АНАЛИЗА НА ПРОДАЖБАТА

*16.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗАКЛУЧУВАЊЕ-ЗАТВАРАЊЕ НА ДЕЛОВОДНИК

*17.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* ПРАКТИЧЕН MS EXCEL 2016

*20.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* РАБОТА ОД ДОМА , ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, ПРАВИЛНА ПРЕСМЕТКА НА ДЕНОВИ ОД ГОДИШЕН ОДМОР, ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА, РАБОТА НОЌЕ, ИНСПЕКСИЦСКИ НАДЗОР

*22.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" семинар на тема:* НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ

*27-29.12.2021 година ,,ОНЛАЈН" обука на тема:* СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

# EXCELLENT SME

**Сертификатот за деловно работење Excellent-SME NORTH MACEDONIA** е сертификат го издава Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Основата за сертификацијата е кредитниот извештај и континуираниот мониторинг на COFACE - Хрватска. Истовремено, SafeSigned™ веб-сајт технологијата спречува печатот за квалитет Excellent SME MACEDONIA да биде копиран и користен на кој и да било друг веб-сајт.

Главната цел на сертификатот, која се совпаѓа со ЕУ-директивите, е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Исто така, тоа ќе им помогне на клиентите и бизнис-партнерите да го намалат финансискиот и другите ризици кога склучуваат деловни договори.

Сертификатот им овозможува на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет.

Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот и постојните партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.

Според податоците со кои располага Стопанската комора на Македонија Excellent-sme компании за 2021 се 46 компании.

Од особена  важност е и соработката меѓу компаниите носители на Excellent SME сертификатот од сите земји од регионот како одговор на глобализацијата на големите компании, а Стопанските комори имаат голема улога во развојот на овие релации помеѓу компаниите.

NORTH MACEDONIA
Excellent
Small & Medium Enterprises
Стопанска комора на Северна Македонија
Economic chamber of North Macedonia

# ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

И покрај продолжените ограничувања предизвикани од глобалната пандемија, Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите според утврдените работни и програмски задачи, ги реализира следниве активности во 2021 година:

*1) Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, се реализирани во една компанија;*

*2) Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015, се во тек во една компанија;*

*3) Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001:2018, се реализирани во две компании;*

*4) Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со безбедноста на храната согласно ISO 22000:2018, се реализирани во пет компании;*

*5) Обуки за интерни проверувачи согласно водичот за интерни проверки ISO 19011:2018 се извршени во сите девет горе наведени компании во кои се имплементирале менаџмент системи;*

*6) Активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на ИСРСМ:*

- *ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРСМ;*
- *ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРСМ;*
- *ТК 13 за безбедност на храна при ИСРСМ*

*7) Активно учество во процесот на ресертификација на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Северна Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на TUV NORD;*

*8)Активно учество во континуирано одржување и проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Северна Македонија, согласно ISO 9001:2015, како и ISO 19011:2018, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;*

*9)Активен допринос во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите;*

*10) Одржување на лиценцата за овластен Lead auditor во IRCA (International Register of Certified Auditors) во Лондон*

# ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во Вашата бизнис канцеларија се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за членство, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 989 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 6184 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 193 дигитални сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 893 дигитални сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 365 АТА-карнети;
- 1 потврда за ексклузивитет;
- 15 потврди за слободна продажба;
- / потврда за единствен производител
- 2 потврди за производител;
- 5 потврди за членство во Комората;
- 130 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 1 потврда за виша сила;
- 4 мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки;
- 31 мислења за исполнување на економските услови.

# ПРОЕКТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

***22.1.2021***

**ПРЕКУ ЕФИКАСНО И ПРОФЕСИОНАЛНО РАБОТЕЊЕ НА СИТЕ ЧИНИТЕЛИ ДО НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИС-СЕКТОРОТ**



Како дел од активностите на ЕУ проектот: „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис-сектор" на 22.1.2021 се одржа онлајн Завршна Конференција на тема: „Бизнис без корупција" со цел презентирање на воспоставениот превентивен механизам за намалување на корупцијата, преку подобрување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на државните претпријатија, како и зголеменото учеството на приватниот сектор во борбата против корупцијата. На настанот свое излагање на втората панел дискусија на тема: „Заложби на повеќе засегнати страни за бизнис интегритет: наследство и иднина " имаше д-р Елена Милевска Штрбевска, Главен советник на УО за правни прашања при Стопанската комора на Македонија. Проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис-сектор" го спроведува Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Конект и Здружението на даночни советници, а е финансиран од Европската унија.

***01.2.2021***

**ОДРЖАНИ ПРВИТЕ ДВЕ ФОКУС ГРУПИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

Како дел од процесот за изработка на Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија на 1-ви февруари 2021 година се одржаа две фокус групи: за ИКТ секторот и за Градежништво и одржливи материјали како едни од идентификуваните стратешки сектори на македонската економија. Целта на средбите беше со лидерите од бизнис секторот, со академијата и владините институции да се дискутираат прашања поврзани со економските, научните и иновациските потенцијали на двата сектора.

***02.2.2021***

**ОДРЖАНИ ФОКУС ГРУПИ ЗА КАПИТАЛНО ИНТЕНЗИВНИ ИНДУСТРИИ, HIGH-TECH И ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР**

Стопанската комора на Македонија како координатор при процесот на подготовка на Квалитативната анализа на 2.2.2021 година организираше две фокус групи за два сектори со најголема конкурентна предност во Северна Македонија: Капитално интензивни индустрии high-tech сектор метална, машинска, електро и автомобилска и Одржлив енергетски сектор. Главна цел на воведување и подготовка на стратегија за Паметна специјализација е да ја трансформира македонската економија во конкурентна економија, насочувајки ги сите потенцијали на поддршка и развој во приоритетните секторите кои се иновативни и со потенцијал за раст и развој.

***02.2.2021***

**БРАЗИЛСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**



На 2 февруари 2021 година, в.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, оствари работна средба со Н.Е. Марија Едилеуза Фонтанеле Реис, новоименувана вонредна и ополномоштена амбасадорка на Федеративна Република Бразил за Република Северна Македонија и Република Бугарија, со седиште во Софија. Целта на посетата беше унапредување и интензивирање на економската соработка меѓу двете држави во делот на билатералната трговска размена и идентификација на можностите за инвестирање, зајакнување на правната рамка со којашто се регулираат трговските односи, како и за можностите за соработка во областа на земјоделието и развојот на технологии.

***03.2.2021***

**ОДРЖАНА ПЕТАТА ФОКУС ГРУПА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА КАКО ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**



Како дел од процесот за изработка на Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија на 3-ти февруари 2021 година се одржа петата фокус група за Smart земјоделство и прехранбена индустрија како еден од идентификуваните стратешки сектори на македонската економија. Во наредниот период ќе се сумираат резултатите од одржаните фокус групи и во консултација со сите засегнати чинители ќе се дефинираат стратешките подсектори кои имаат најголем потенцијал за развој на претходно идентификуваните прелиминарни сектори.

***11.2.2021***

**ОДРЖАН ОНЛАЈН ИНФО ДЕН ЗА ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ ДОСТАПНИ ЗА КОМПАНИИТЕ**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, на 11.2.2021 година се одржа онлајн Инфо ден за новите седумгодишни Европски програми и ЕУ фондови достапни на македонските компании со посебен осврт на програмата „Хоризонт Европа". Во подготовка е новата програма на ЕУ наменета за бизнис секторот, креирана за период 2021-2027 година. Програмите кои се достапни за македонските компании се:Хоризонт Европа 2021-2027 со вкупен буџет од 100 милијарди евра, од кои 3.5 милијарди евра за Invest EU Fund финасиски инструмент; ИПА 3 програмата со вкупен буџет за сите ИПА земји е 12.7 милијарди евра за цел седумгодишен период, сеуште се преговара за поединечен буџет по земји, тука спаѓа и ИПА погранична соработка.

***24.2.2021***

**ИНСТРУМЕНТОТ ЗА КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА ЗАБРЗАН ЕКОНОМСКИ РАСТ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ**




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Фондот за иновации и за технолошки развој, на 24 февруари 2021 година организираше виртуелна презентација на Инструментот за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст.Целта на Инструментот е да обезбеди финансиска поддршка за микро-, мали и за средни претпријатија и за приватни здравствени установи (ПЗУ), за да создадат услови за надминување на последиците од економската криза, за да остварат забрзан раст и за да ја зголемат конкурентноста на меѓународните пазари и отпорноста спрема пандемските и климатските кризи, преку воведување нови, иновативни, напредни, „зелени“ и дигитални технологии за нивна трансформација. Рокот за аплицирање е до 6.4.2021 до 14 часот. Повеќе информации поврзани со јавниот повик се достапни на следниот линк: https://fitr.mk/zabrzan-ekonomski-rast/

***04.3.2021***

**ОСТВАРЕНА РАБОТНА СРЕДБА СО ПРВИОТ СЕКРЕТАР НА АМБАСАДАТА НА УКРАИНА ВО РСМ**




Потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, оствари работна средба со господинот Роман Буга, прв секретар, заменик на Амбасадорот на Република Украина во РСМ. Целта на посетата беше унапредување и интензивирање на економската соработка особено во секторите: металургија, фармацевска индустрија, земјоделие, градежништво, туризам и ИКТ. Од страна на господинот Буга беа иницирани неколку предлози и тоа: за организирање на он-лајн деловни средби меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји, Стопанската комора за трговија и индустрија на Украина и Платформата за јавно-приватен дијалог, составена од четирите стопански комори во РСМ во која Платформа е и Стопанската комора на СМ и потпишување на меморандум за заедничка соработка.

***05.4.2021***

**ОБЈАВЕН ПРВИОТ ПОВИК ЗА КОМПАНИИТЕ ВО РАМКИТЕ НА НОВАТА СЕДУМГОДИШНА ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ „ХОРИЗОНТ ЕВРОПА“**




Европската комисија започна со објавување повици за проекти во рамките на програмата за истражување и развој „Хоризонт Европа“, програма која е дефинирана за следниот седумгодишен период (2021 – 2027 година).Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на своите активности, редовно ќе ги информира компаниите за самите повици и ќе ги поддржува во подготовката на нивните апликации. Првиот повик е објавен минатата недела во

рамките на Европскиот иновациски совет, како дел од програмата „Хоризонт Европа", и е наменет за компаниите, истражувачките центри, универзитетите и за бизнис-асоцијациите, кои треба да соработуваат заедно за да ја постигнат целта на Европската Унија – да стане конкурентна и иновативна економија со зголемени капацитети за извоз и за интернационализација.Европскиот иновациски совет (ЕИС) е клучен новитет за програмата „Хоризонт Европа", претставувајќи клучна точка, каде што компаниите ќе добијат поддршка во реализацијата на своите иновативни проекти и преку Европскиот иновациски совет, како дел од програмата, би се реализирале потпрограмите наменети за компаниите.
https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/home

***07.4.2021***

**ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ, МЕЃУ РЕПУБЛИКА ГРУЗИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



На одржаната средба во Стопанската комора на Северна Македонија, помеѓу вонредниот и ополномоштен амбасадор на Грузија во Република Северна Македонија, со седиште во Софија, Тамуна Лилуашвили, г-дин Андов, кој е предложен за конзул на Република Грузија во нашата земја и претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија г-дин Пешев, пред се беше истакната потребата од воспоставување на економска соработка меѓу двете држави, посебно во делот на малите и средни бизниси. Се потенцираше потребата да се воспостават добри меѓусебни односи и помеѓу Стопанските комори на двете земји, кои поради наметнатата ситуација од пандемијата со коронавирусот, првично би се одвивале онлајн, со надеж дека во периодот кој следи ќе бидат воспоставени и директни средби, со цел поврзување и соработка меѓу бизнис секторите на двете земји.

***14.6.2021***

**ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ОСНОВАЊЕ НА ТУРСКО-МАКЕДОНСКИ ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКИ ФОРУМ**




Во насока на продлабочување и зајакнување на билатералната соработка меѓу Република С. Македонија и Република Турција, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и претседателот на Унијата на комори и стоковна размена на Турција, Рифат Хисарчиклиоглу, потпишаа Меморандум за соработка и основање на Турско-Македонски трговско-индустриски форум. На настанот којшто се одржа виртуелно, претседателот Азески истакна дека со потпишувањето на меморандумот, официјално се става во функција Форумот, којшто ќе претставува основа за интензивирање на досегашната соработката, но и создавање нови перспективи во насока на креирање позитивни услови за бизнис заедниците од двете земји и

зголемување на економската соработка во пост-ковид периодот што е пред нас. Претседателот Хисарчиклиоглу, истакна дека во наредниот период од голема важност ќе биде континуираната поддршка на компаниите од двете земји во насока на интензивирање на трговската размена како и поддршката во насока на одржување и зголемување на странските инвестиции, што ќе има позитивен импакт врз креирањето на економската стабилност на двете земји

***14.6.2021***
**ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ВОВЕДУВАЊЕ НА НАПРЕДНИ ВЕШТИНИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР**




Како дел од Европската програма за истражување и иновации „Хоризонт 2020", Стопанската комора на Северна Македонија од 1 јуни 2021 година започна со реализација на проектот: „ Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани – SEEtheSkills", кој се реализира во партнерство со 10 партнери од 5 земји: Северна Македонија, Словачка, Словенија, Шпанија и Холандија, а Стопанската комора на Северна Македонија е координатор на проектните активности.- Главен приоритет на Комората при реализацијата на проектите е подигнување на конкурентните предности на одредени сектори, како што е градежниот сектор во рамките на овој (SEEtheSkills) проект, преку кој активно ќе се работи на креирање дигитални алатки и кадар во градежниот сектор за градење енергетски ефикасни објекти, со цел македонските компаниите од овој сектор да можат да се развиваат на еднакво ниво како и другите европски компании, особено во делот на примената на параметрите за енергетска ефикасност и на воведувањето обновливи извори на енергија во новите градби – истакна м-р Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на С. Македонија. Од сите 5 земји заедно се планира да се вклучат околу 500 градежни професионалци, 2.000 работници, 1.200 станари или сопственици на објекти, над 50 професионални организации, 200 компании и слично.

***30.6.2021***
**МОЖНОСТ ЗА РАСТ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСКИОТ ОДНОС МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РОМАНИЈА**




Поголема соработка на ниво на целокупната економија со акцент на земјоделско-прехранбениот сектор, животната средина, туризмот и индустријата, вмрежување на компаниите од двете земји, користење на искуството на Романија за влез во Европската унија, „know-how" во користење на европските фондови за повисок степен на иновативност ,конкурентност и освојување на повеќе европски пазари, го одбележаа македонско-романскиот економски форум организиран од Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Амбасадата на Романија во Република Северна Македонија и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони. Денешниот настан како прв чекор кон продлабочување на соработката, претставува одлична можност за вмрежување на претставници

од компаниите од двете земји, а истовремено и можност за воспоставување соработка на полето на размена на искуствата од романските компании и нивната економија во пристапувањето на земјата кон Европската Унија, истакна во поздравното обраќање, извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Антони Пешев. Нашите заложби за во иднина се засноваат на продлабочување на соработката и иницирање на што поголем број на активности кои значително ќе придонесат за раст на надворешно-трговската размена и зајакнување на партнерскиот однос меѓу Северна Македонија и Романија.

***01.7.2021***
**ОДРЖАН ВТОРИОТ КОНЗОРЦИУМСКИ СОСТАНОК НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ SEETHESKILLS**




Како дел од редовните активности во рамките на ЕУ-проектот Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вредни – Sustainable Energy Skills in construction: Visible, Validated, Valuable (SEEtheSkills), на 30 јуни 2021 година се одржа вториот конзорциумски состанок на проектниот тим со г. Лука Анџелино, нов проектен советник од Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и животна средина (CINEA) при Европската комисија, со седиште во Брисел. Планот за работа е организиран во 7 работни пакети за времетраење од 36 месеци по следниот редослед:WP1 – менаџмент на проектот; WP2 – интеррегионално истражување (статус кво за постојните мерки за енергетска ефикасност); WP3 – креирање интегриран регистар на вештини за енергетска ефикасност (видливост на вештините); WP4 – развивање алатки за меѓусебно препознавање на вештините (вреднување на вештините); WP5 – стимулативни активности за подигнување на свесноста за вредноста на енергетските вештини во градби (изразувајќи ја вредноста на вештините); WP6 – примена на сите активности преку пилот-процесот 3В во интегрираната архива на вештини; WP7 – комуникација, дисеминација и експлоатација.

***19.7.2021***
**20-ТИНА БИЗНИСМЕНИ ОД КОСОВО И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАА БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ ВО ТРИ СЕКТОРИ ИКТ, ДРВНА ИНДУСТРИЈА И МЕБЕЛ ВО РАМКИ НА ЕЕН ПРОЕКТОТ, А ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИР ФОНДАЦИЈА И РЕА ПРИШТИНА, ВО ХОТЕЛ БЕЛВИ**



Стопанската Комора на Северна Македонија во соработка со Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Бизнис Асоцијацијата - РЕА од Косово во рамки на Европската мрежа на бизнис можности (Enterprise Europe Network) организираа билатерални средби на компании од Северна Македонија и Косово во хотел Белви. (19.7.2021).20-тина бизнисмени од Косово и Македонија одржаа билатерални средби во три клучни сектори  и тоа во информатичко комуникациска технологија (ИКТ), дрвна

индустрија и мебел, и пред потенцијалните претставници од компаниите ги претставија своите можности за идна можна деловна соработка и ширење на својот бизнис на македонскиот и на косовскиот пазар.Компаниите од двете страни имаа можност да се запознаат и со потенцијалните можности за инвестирање во Република Северна Македонија и Косово.

***31.8.2021***

**ПРЕКУ НОВ ТРИГОДИШЕН ПРОЕКТ ДО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО**



*Почнува проектот „Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани – SEEtheSkills“*

Конференцијата со наслов „Како до видливи, валидирани, вреднувани и до одржливи вештини за енергетска ефикасност во градежништвото?“, која се одржа во Хотелот „Александар Палас“, го означи почетокот на примената на европскиот проект „SEEtheSkills – одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани“, кој е дел од Европската програма за истражување и иновации „Хоризонт 2020. Заменик-министерот за образование и наука во Владата на РСМ, проф. Арафат Шабани, констатираше дека овој проект е сериозен обид да бидеме во чекор со Европа за остварување на енергетските цели и за реализација на активностите за надминување на климатските предизвици.Г. Лука Анџелино, претставник од Европската комисија, кој наедно е и проектен советник од Европската извршна агенција за клима, инфраструктура и за животна средина, накратко ја објасни улогата на проектот „SEEtheSkills“ во европската иницијатива „Build up skills“ и во агендата на Европскиот зелен договор. „Една од основните цели на Проектот е подигнување на капацитетите на работна сила во градежниот сектор.

***03.9.2021***

**СРЕДБА НА РАКОВОДСТВОТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО АМБАСАДОРОТ НА ФИНСКА**



Денес, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, извршниот директор на Комората м-р Антони Пешев, одржа состанок со претставници од амбасадата на Финска, и тоа со амбасадорот г-дин Кимо Лахдевирта и советникот за трговија – Балкански регион г-дин Јанне Сикко. На состанокот со виртуелна врска се вклучи и претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија г-дин Бранко Азески. На средбата се говореше за економската соработка помеѓу Северна Македонија и Финска, која што двете страни оценија дека има голем потенцијал, особено со нејзиното интензивирање во последните две години. Претседателот Азески истакна дека Стопанската комора на Северна Македонија, како најголема и најстара коморска организација во земјата, е подготвен и сигурен партнер за соработка во интензивирањето на соработката, особено преку учеството во Коморскиот Инвестициски Форум

и поддршката на економскиот развој на регионот, притоа создавајќи и поддржувајќи поволна бизнис клима која овозможува привлекување и одржување на развојни инвестиции.

***03.9.2021***

**ПОТРЕБНИ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДА СЕ СТИМУЛИРА ПОБАРУВАЧКАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ**

Јакнењето на капацитетите и конкурентноста на компаниите членки е една од основните заложби на Стопанската комора, како најстара и најбројна бизнис асоцијација во земјата. Во рамки на таквите заложби, имплементираме проекти кои се од интерес за бизнис заедницата со цел да овозможиме поддршка на конкретни економски сектори и на компаниите да ги унапредат работните процеси, да ги развиваат нивните технолошки и кадровски капацитети и да креираат иновативни производи и услуги кои се потребни и ги исполнуваат условите за пласман на европскиот пазар. Проектите како "SeetheSkills" кои го таргетираат градежниот сектор и кои имаат за цел да ја стимулира побарувачката за енергетски ефикасни вештини во секторот, придонесуваат за развојот на одржливо и конкурентно градежништво кое носи многу придобивки за стопанството, државата и општеството.

Според бизнис секторот, Законот за енергетска ефикасност треба да ја определи правната рамка и насоките на стратешко ниво, а во таа смисла треба да ги регулира и да наметнува обврски пред се́ на субјектите од јавниот сектор, субјектите кои произведуваат, дистрибуираат и снабдуваат со енергија, произведуваат или продаваат производи кои трошат енергија, пружаат услуги за зголемување на енергетската ефикасност, „големи претпријатија", независно од кој сектор се, бидејќи истите се смета дека имаат особена општествена одговорност вклучително и во штедењето и ефикасното користење на енергијата, како и на државните органи по однос на донесување на стратегии, документи, и мерки за стимулирање на енергетската ефикасност и контрола на нивното спроведување.

***10.9.2021***

**АМБАСАДОРОТ НА ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА ИРАН ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



На 10 септември 2021 година, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работен состанок меѓу Амбасадорот на Исламската Република Иран задолжен за Република Северна Македонија со седиште во Бугарија, Н.Е. Сајед Мохамад Џавад Расули и потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р. Јелисавета Георгиева-Јовевска. На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена помеѓу двете земји. Преку размена на информации и склучување партнерства меѓу бизнис заедниците од двете земји, ќе се креира можност за пробивање на македонските компании и пласман на нивните производи на нов пазар со голем потенцијал, додека пак Иран на Македонија може да и понуди нови технологии и "know-how", од коишто и двете страни ќе имаат бенефит- истакна потпретседателката Георгиева- Јовевска..

*21.9.2021*

**ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА: КО-ФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИИ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ**




Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше виртуелна презентација на Инструментот за ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации. Целта на инструментот е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните и научноистражувачките установи, како и останати форми на соработка за комерцијализација на иновации. Инструментот е наменет за претпријатијата кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност.

*21.10.2021*

**НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**

Во насока на зајакнување на бизнис релациите и отворање нови можности за поврзување и соработка на компаниите од Македонија и Турција, Стопанската комора на Северна Македонија информира дека во рамки на Унијата на стопански комори и берзи на Турција (ТОББ), е креирана нова виртуелна бизнис платформа. Македонските компании имаат можност бесплатно да се регистрираат на платформата, да креираат свој профил и да најдат информации во врска нивните идни потенцијални партнери, како што се: производи и услуги што ги нудат, детални спецификации за истите, контакт информации, информации за нивните деловни побарувања и понуди, како и можности за воспоставување на соработка со турски компании за заедничко инвестирање во проекти, здружување на капиталот, човечки ресурси и експертиза. Оваа дигитална алатка е достапна на следниот линк: https://tobb2b.org.tr.

*04.11.2021*

**НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ ОД ЕГИПЕТ**

Во насока на зајакнување на бизнис релациите и отворање нови можности за поврзување и соработка на компаниите од Северна Македонија и Арапска Република Египет, Стопанската комора на Северна Македонија ве информира дека Управата на Зоната на Суецкиот канал (SCZONE) назначила одговорни лица (focal points) задолжени да одговорат на различни прашања во врска со можностите за инвестирање и стимулации што ги нуди SCZONE во различни сектори

*08.11.2021*

**СРЕДБА ПЕШЕВ - ГАЛОВЕЈ**



Денес, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, извршниот директор на Комората м-р Антони Пешев, се сретна со г-ѓа Рејчел Геловеј, Британски Амбасадор во Република Северна Македонија, г-дин Никола Стојановски и Снешка Илиќ претставници на Британската амбасада во Северна Македонија. Разговорот се водеше околу неколку централни теми, најнапред за енергетската криза во земјата и активностите на Комората

во насока на надминување на истата. Исто така се разговараше и за последиците од пандемијата, како и ставот на бизнис секторот околу мерките и имунизацијата на населението.

***02.12.2021***

**ПОСЕТА НА УКРАИНСКА БИЗНИС ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



Бизнис делегација на Лавовскиот регион предводена од заменик началникот на Лавовската државна управа, г-дин В.А Загајниј ја посети Стопанската комора на Северна Македонија и оствари средба со раководството на комората. Двете земји имаат пријателски односи без отворени прашања, истакна во поздравниот говор извршниот директор на комората Антони Пешев. Извезуваме воглавно земјоделски производи, додека најмногу увезуваме производи од метална и електро индустрија. Минатата година се состана македонско-украинската економска комисија и беа потпишани голем број на договори за помеѓу двете земји. Со тоа се отвора можност за зголемена соработка особено во агросекторот и туризмот-два сектори кои имаат најголем потенцијал, истакна амбасадорката на Украина во РСМ.. За вториот ден од престојот во земјата е предвидена посета од страна на украинската делегација на две винарии, Сопот и Стоби, каде што ќе се сретнат со првите луѓе на компаниите.

***28.12.2021***

**ОДРЖАНА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОДАВНИОТ ОДБОР ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТ „ОДРЖЛИВИ ЕНЕРГЕТСКИ ВЕШТИНИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО: ВИДЛИВИ, ВАЛИДИРАНИ, ВРЕДНУВАНИ–SEETHESKILLS"**



Во рамките на проектот: Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани–SEEtheSkills" координиран од Стопанската комора на Северна Македонија, во хотелот Александар Палас се одржа Конститутивна седница на Советодавниот одбор на национално ниво .На Конститутивната седница на Советодавниот одбор во рамките на проектот беа избрани претседател и заменик претседател на Одборот.За претседател се избра д-р Ристо Јаневски од компанијата „ОКТА" АД Скопје, а за заменик претседател, проф.д-р Христина Спасевска, проректор за настава при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

# ОРГАНИЗАЦИОНА ЦЕЛИНА ЗА РАЗВОЈ, ИНОВАЦИИ И ЗНАЕЊЕ

## СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКАТА

***08.7.2021***

**СО ОДРЖУВАЊЕ НА ПРВАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКИТЕ ПРАКТИЧНО ЗАПОЧНА РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА ИДНИНАТА**



Стопанската комора на Северна Македонија деновиве ја заокружи својата реорганизација и избор на органите и телата. Со одржување на Првата конститутивна седница на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките практично и започна работата на Вториот столб. Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките при Стопанската комора на Северна Македонија се формираше заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор, во насока на унапредување на квалитетот на неформалното образование и обезбедување кадар со 2, 3 и 4 ниво на квалификации во согласност со потребите на бизнисот. Всушност, неговата работа ќе биде насочена кон унапредување на квалитетот на неформалното образование, вклучително и образованието на возрасни и поврзување на понудата и побарувачката на работна сила со квалификации, вештини и практично искуство согласно на потребите на работодавачите.

## СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА

***17.9.2021***

**КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Преку менторство и едукативни програми за иновација на знаењата на високобразовните кадри на Школата за бизнис лидери до формирање на Институт за извоз



Денес (17.09.2021 година), во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија се конституираше Советот за унапредување на високото образование. Со тоа Комората продолжува да ги реализира зацртаните активности за компаниите во рамките на Вториот столб за развој, иновации и знаење кој таргетира развој на постојните и воведување на нови услуги од интерес за сите компании (не само за членките на Комората) во нашата држава. Советот за унапредување на високото образование кој денес во Стопанската комора на Северна Македонија отпочна со својата работа има три приоритетни цели, кои се состојат во развивање и унапредување на три прогами: Програма „Скопје“ – која нуди едукативни и други настани кои се реализираат преку

Клубот на менаџери- претприемачи во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија, Програма „Охрид" – која нуди едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери преку програми на менторство и Програма „Дојран" – која нуди едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз.

***29.9.2021***

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОГРАМИТЕ ВО РАМКИТЕ НА НОВОФОРМИРАНИОТ СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

*Комората дава придонес за развој на најбитниот фактор за раст и успешна работа на компаниите-човечкиот фактор, иновациите и новите технологии*




По повод 100 годишниот јубилеј на Стопанската комора на Северна Македонија денес го имаме задоволството да ја презентираме Програмата за унапредување на високото образование.Таа се потпира на три столба:Школа на бизнис лидери, Менторски пристап за развој на мали, средни и старт-ап бизниси и Институт за извоз. Оваа структура на модел на образование ги отсликува клучните фактори преку кои треба да се динамизира македонската економија: извозот, агилно менаџирање, пропулзивни мали, средни и старт-ап бизниси кои ќе бидат вклучени во извозната верига на големите компании. Преку споделување на искуствата на домашните и странските претприемачи ќе се оспособува кадарот во македонските компании за предизвиците што ги носи глобалната конкурeција и новите технологии.

***12.11.2021***

**ПОЧНУВААТ ОБУКИТЕ ЗА ШЕСТ МЕСЕЧНИТЕ ПРОГРАМИ НА КЛУБОТ НА МЕНАЏЕРИ-ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСТВО И НА КЛУБОТ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ – ПРИЈАВЕТЕ СЕ!**




Заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија од неодамна функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три програми: Клуб на менаџери- претприемништво и лидерство- со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери, Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси и Институт за извоз - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз.

***25.11.2021***

**ШТО СЀ ТРЕБА ДА ЗНАЕ ЕДЕН МЕНАЏЕР? Поуки за младите бизнисмени од менторот Ристо Јаневски-Пренесено интервју на Ристо Јаневски за плусинфо.мк**




Во интервјуто за Плусинфо.мк, Ристо Јаневски зборува за она што ќе го добијат слушателите на предавањата во рамки на Програмата за развој на мали и средни бизниси што ја организира Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања кој е еден од четирите совети неодамна формирани од Стопанската комора на Северна Македонија. Целта на овие нови коморски тела е да се отворат перспективи за иновации, знаења и развој на нови услуги и институции кои се од директна корист за компаниите. Школата за развој на мали и средни бизниси започнува на 9 декември а ќе трае до почетокот на јуни 2022 година. Предавачи се 30-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научната фела кои ќе пренесат практични искуства.

***26.11.2021***

**ПРЕКУ НОВИТЕ СОВЕТИ СКСМ ЌЕ ЈА ЈАКНЕ КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ**

*Пренесено интервју на д-р Јелисавета Георгиева Јовевска за Фокус.мк*



Со конституирањето на четири нови совети завршува процесот на суштинска трансформација на Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) наречен „Комора на иднината" во пресрет на 100 - годишнината од нејзиното постоење. Д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија и проектен менаџер за развој на Советите за „Фокус" појаснува дека се анимирале неколку 100-тини нови бизнисмени и научни работници коишто ја прифатиле понудата да се придружат кон овие совети и на тој начин да помогнат на сите, на компаниите на Комората, и на Државата во градење на иднината.  Георгиева Јовевска вели дека реализирање на зацртаните заложби и афирмација на новите вредности имаат една цел-да се креираат нови услуги согласно потребите на компаниите.-Во рамките на Советот за високо образование и стратешки истражувања, креиравме неколку Програми од кои со две стартуваме на 9 и 10 декември оваа година, со Програмата за страрт ап бизниси стартуваме од крајот на јануари 2022 година а со Школата за извоз започнуваме од месец ноември 2022 година, појаснува за „Фокус", Георгиева Јовевска. Напорно работевме со претседателот на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања, д-р Глигор Бишев и со претставници од бизнис секторот, претставници од универзитетите и другите институции да ги направиме овие Програми.

***30.11.2021***

**ВО ВРЕМЕ НА ПРОМЕНИ И КРИЗИ ДА СЕ СЛУШНЕ ЗНАЕЊЕТО И ВЕШТИНИТЕ НА ЧЕЛНИТЕ ЛУЃЕ ОД ДОКАЖАНИТЕ И УСПЕШНИ КОМПАНИИ ВО ЗЕМЈАВА**

*Интервју на м-р Глигор Цветанов, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија за Фактор.мк*




Во интервјуто за Фактор.мк, м-р Цветанов истакнува три клучни и потребни работи кои треба да ги знае еден добар менаџер: прво да се биде сам свој консултант и да се запраша што може да стори за лично подобрување, но и во компанијата што ја води, второ да изгради односи со вработените, купувачите и добавувачите базина на взаемна доверба и взаемно почитување и трето, да има визија, да посакува и да сонува на големо. Како предавач во Програмата за клуб на менаџери-претприемништво и лидерство, која е дел од Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Цветанов очекува дека токму ваквите програми ќе допринесат менаџерите да ги зајакнат своите капацитети на менаџирање на компаниите, а тоа ќе води кон раст и развој на нивните компании, што пак обезбедува и раст на економијата на државата во целина.

***01.12.2021***

**МЕНАЏЕРОТ ПРВО ТРЕБА ДА БИДЕ ЧОВЕК – И НА НАЈДОБРИОТ ЛИДЕР МУ ТРЕБА ВОЈСКА ШТО ЌЕ ГО ПОДДРЖИ**

*Интервју на Ирена Јакимовска, заменик-претседател на Советот за странски инвеститори (ФИЦ) за Плусинфо.мк*



Преку своето искуство од работа во странство, до основање на приватен бизнис, Ирена Јакимовска, заменик претседател на Советот за странски инвеститори во Стопанската комора на Северна Македонија, говори за процесот на градење на сопствен бизнис и развивање на менаџерски и лидерски вештини кои водат до раст и развој на бизнисот. Во интервју за Плус инфо, Јакимовска посочува дека за еден менаџер да биде лидер, пред се, треба да е човек, особина надоградена со искреност, чесност, храброст, иницијативност, одржливост, одговорност, прилагодливост и отвореност за промени и континуирано надоградување на сопственото знаење.

***02.12.2021***

**УСПЕШНИОТ ЛИДЕР ЗНАЕ ДЕКА ВО ТИМОТ СЕКОЈ Е ВАЖЕН**



Во интервјуто за Фокус, Иван Петровски говори за процесот на суштинска трансформација на Стопанската комора на Северна Македонија преку концептот на „Комора на иднината", во пресрет на 100-годишнината од постоењето на Комората. Еден сегмент од таа трансформација е формирањето на Советот за високо образование и стратешки истражувања, каде Петровски е еден од предавачите на модулот Практични аспекти на работењето на малите и средни бизниси која е дел од Програмата за развој на мали и средни бизниси што започнува на 9 декември 2021 година. Главната порака што ја испраќа до младите лидери е дека во тимот секој е важен, а без стручен тим, тим од доверба, не може да се оди напред.

***03.12.2021***

**ОБРАЗОВАНИЕТО НИ ДАВА ДОВЕРБА, СИГУРНОСТ, НО САМО ПРАКСАТА МОЖЕ ДА НЕ НАПРАВИ УСПЕШНИ**

*Интервју на д-р Драгана Чифлиганец, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија за Фактор.мк*



Во интервјуто за Фактор.мк, д-р Драгана Чифлиганец, извршен директор на „Адора инженеринг" потпреседател на Стопанската комора на Северна Македонија вели дека за успех не е доволно да се заврши школо и да се има добра идеја, бидејќи патот до успехот е долг и има многу препреки. А се што работиш, мора да е со љубов ако сакаш да успееш. Во таа насока д-р Чифлиганец се вклучува како предавач на Програмата за клуб на менаџери – претприемништво и лидерство при Комората, која започнува на 9 декември, а ќе трае до крајот на мај 2022 година. Мојата потајна желба е на оваа Програма за претприемништво и лидерство, што ја организира Стопанската комора и која започнува за една недела, да се пријават што повеќе жени со цел да го зголемиме капацитетот, можностите за што поголема вклученост и напредок на жените, а особено нивно позиционирање на што повисоки функции во компаниите во кои работат.

***08.12.2021***

**НИКОГАШ НЕМОЈТЕ ДА ПРЕСТАНЕТЕ ДА УЧИТЕ, СТЕКНУВАТЕ ВЕШТИНИ И ДА СЕ НАДОГРАДУВАТЕ**



*Интервју за Фокус на м-р Антонета Манова Ставреска, експерт во Стопанската комора на Северна Македонија*

Современтите општества се развиваат со се поголема динамика. Последните години сме сведоци на трендови кои како резултат на иновациите значат големи промени во работењето на компаниите во насока на примена на напредни техники и технологии, како што се: дигитализација, е-трговија, итн. Во светот кој се менува со голема динамика, знаењето,

компетенциите, меките вештини и умеењето прават голема разлика. Стопанската комора ги следи новите трендови и постојано е во функција на поддршка на бизнисите на своите членки. Советот е замислен како “продолжена рака” на образовниот систем во Македонија, каде слушателите на програмите преку интерактивни предавања ќе стекнуваат практични вештини од признати професионалци во својата област. Еден од најгорливите проблеми за македонските стопанственици е недостаток на квалификувана работна сила со специфични знаења и вештини.

***09.12.2021***

### ОТПОЧНАА СО ПРЕДАВАЊА ПРВИТЕ ШЕСТ МЕСЕЧНИ ОБУКИ ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ КОМПАНИИ

*- 50 претставници од компании од сите големини и сите сектори, од декември 2021 до јуни 2022 година, ќе ги зголемуваат своите вештини, ќе се стекнуваат со практични знаење и ќе градат мрежа на развој-*




На 09.12.2021 година, Советот за високо образование и официјално започна со реализација на зацртаната агенда, односно започна со првите шест месечни обуки за Бизнис лидери и за Развој на мали и средни бизниси. На Првата шестмесечна обука за Бизнис лидери учесници се 33 претставници од среден менаџмент на големи и средно големи компании од сите сектори. На нив ќе им предаваат 50 реномирани предавачи од бизнисот, науката и академијата распределени во 7 модули со над 60 теми. Претседателот Азески беше прв говорник во Модулот за Бизнис лидери и со учесниците ја сподели својата професионална и лична приказна на патот кон успехот. Присутните учесници на двете програми ги поздрави и заменик претседателот на Владата за економски прашања, Фатмир Битиќи кој пред сите ја повтори поддршката која Владата ја дава во насока на развој на клучните фактори за поголема конкурентност на компаниите, во конкретниот случај на развој на човечкиот фатор.

## СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ИЗВОЗОТ

***28.9.2021***

### КОНСТИТУИРАН СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ИЗВОЗОТ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Развој и поддршка на извозот и индустриските капацитети во соработка со домашните и меѓународните институции*




Со конституирање на Советот за унапредување на индустриското производство и извозот практично се заокружи и целосно се стави во функција Вториот столб кој ја исполнува задачата за пружање нови услуги од интерес на бизнисот и сите компании. Приоритетни цели на Советот за унапредување на индустриското производство и извоз се: да изгради стратегија и методологија за развој и поддршка на извозот и индустриските капацититети во соработка со

Владата на Република Северна Македонија и сите меѓународни институции кои можат да го помогнат тој процес,да помогне на домашните компании да склучат договори со странските инвеститори во земјава, во согласност со пазарните услови и меѓународните стандарди,Советот ја презема целокупната обврска околу учеството на Комората на специјализираните меѓународни саеми и настани како партнер на Министерството за економија во Владата на РСМ иСоветот ја унапредува и насочува работата на Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија.

## СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

***20.1.2021***
**СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ СО РАКОВОДСТВАТА НА КОМПАНИИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА „МЛАДИ МЕНАЏЕРИ И БИЗНИС-ЛИДЕРИ“**



Во рамки на имплементација на проектот на Советот на странски инвеститори, а под покровителство на Кабинет,от на претседателот, „Млади менаџери и бизнис-лидери“, претседателот Стево Пендаровски денеска оствари средба со раководствата на компаниите коишто учествуваат во проектот. Истакнувајќи дека програмата ќе им овозможи на младите луѓе да стекнат конкурентни вештини и знаења коишто ќе ги одведат во нови професионални предизвици, претседателот Пендаровски на средбата ја реафирмираше поддршката за овој и за сите следни заеднички проекти коишто ќе придонесат за доусовршување на младите луѓе и коишто ќе ги мотивираат да останат во нашата земја. Во проектот се вклучија 8 компании – членки на Советот на странски инвеститори: ЕВН Македонија АД, Комфи Ангел, Ван Хоол Македонија, Кемет Електроникс Македонија, ЕОС Матрикс Македонија, Филип Морис ТКП, Рамстор Македонија и Макстил АД Скопје.

***25.1.2021***
**ПОЧНУВА ПРОГРАМАТА „МЛАДИ МЕНАЏЕРИ И БИЗНИС-ЛИДЕРИ“ - ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ: „КРАЈНА ЦЕЛ Е ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ ДА ГИ ЗАДРЖИМЕ ТУКА“**



Претседателот Стево Пендаровски преку видео – врска се обрати пред учесниците на програмата „Млади менаџери и бизнис-лидери“, која официјално почнува денеска, а се одржува под негово покровителство Претседателот Пендаровски порача дека се работи за млади луѓе кои ја заслужуваат и ќе ја оправдаат довербата, а на државата останува обврската да им овозможат услови на овие млади луѓе кои сакаат да останат во државата, да ја добијат првата шанса тука. „ Интересот што сите вие го покажавте е доказ дека вашата желба за лично надградување е посилна од пандемијата со која се соочуваме“–порача претседателот Пендаровски.

***05.3.2021***

## АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО ПРИ СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ОДРЖА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ Д-Р ФАТМИР БЕСИМИ



Денес, во министерството за финансии се одржа работна средба на министерот д-р Фатмир Бесими и неговиот тим со претставници на компаниите членки на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство при Советот на странски инвеститори, предводена од Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата.На средбата беа разгледани клучните иницијативи и предлози на странските инвеститори во земјава од даночната и царинската област, кои се од значење за унапредување на работењето на компаниите со технолошки напредно производство, а во функција на зголемување на продуктивноста, конкурентноста, но и атрактивноста на земјава за задржување на постојните и привлекување нови инвеститори.Конструктивниот пристап во разгледувањето на суштинските прашања, врз основа на доставените 22 иницијативи и предлози за кои Асоцијацијата даде образложенија за доуредување, прецизирање или измена, даде и конкретни резултати.

***18.3.2021***

## ПРЕМИЕРОТ ЗАЕВ НА СОСТАНОК СО АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ: РЕШАВАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОВОЛЕН ДЕЛОВЕН АМБИЕНТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ И ЗА НОВИ ИНВЕСТИЦИИ

Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство во рамките на




Советот на странски инвестори при Комората продолжува со праксата за одржување работни средби со највисокиот државен врв на кои се отвораат клучни прашања и проблеми за нивно системско решавање, со целоцсна отвореност на Владата за потребите и согледувањата на извозите компании од слободните економски зони.На онлајн состанокот одржан на 17.3.2021 година со Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев и владиниот економски тим се дискутираше за заклучоците по однос на прироритетните прашања презентирани од Асоцијацијата на состанокот одржан во декември 2020 година.Приоритетите се во неколку клучни области во делот на царински стапки за увоз, инфраструктура, даночни политики, инвестициски трошоци, подобрување на законска регулатива, работни односи, движење и престој на странци  како и останати прашања во насока на унапредување на секојдневното работење на компаниите.

***28.4.2021***

**ШТЕФАН ПЕТЕР ЌЕ ГО ПРЕДВОДИ СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И ВО НАРЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ**

*ИЗБРАН НОВ СОСТАВ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ*




На онлајн седница на Собранието на Советот на странски инвеститори, одржана на 28.04.2021 година, г-дин Штефан Петер, претседател на Управниот одбор на „ЕВН Македонија“, е реизбран за претседател на Советот во наредниот мандатен период од 2 години.Во насока на поефикасно претставување и застапување на странските инвеститори во земјава, организирани во Советот на странски инвеститори, согласно Правилата за работа и организација на Советот, е избран и нов состав на Управниот одбор.

***14.5.2021***

**ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОГРАМАТА „МЛАДИ МЕНАЏЕРИ И БИЗНИС ЛИДЕРИ“ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА**




Во Кабинетот на претседателот денеска беа доделени сертификатите на учесниците во програмата „Млади менаџери и бизнис лидери“ кои што во изминатиов период успешно ја завршија обуката во осумте компании – членки на Советот на странски инвеститори: ЕВН Македонија АД, Комфи Ангел, Ван Хоол Македонија, Кемет Електроникс Македонија, ЕОС Матрикс Македонија, Филип Морис ТКП, Рамстор Македонија и Макстил АД Скопје.Претседателот Пендаровски изразувајќи благодарност до овие општествено одговорни компании кои ги ставија на располагање своите капацитети, овозможувајќи им стручно усовршување на младите менаџери и бизнис-лидери, истакна дека преку оваа програма, се мотивираат младите професионалци да останат и да се реализираат тука, во Северна Македонија.

***09.6.2021***

**АКТУЕЛНИ ТЕМИ НА ДНЕВЕН РЕД НА СЕДНИЦАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**



На 8 јуни 2021 година Управниот одбор на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија одржа редовна седница на којашто се дискутираше за повеќе точки на дневниот ред.Еугенио Омонеску, проектен менаџер во Меѓународната Финансиска Организација - ИФЦ ги презентираше клучните поенти од новиот проект за развивање на производствените синџири за

снабдување во Западен Балкан, чија цел е да се унапреди интеграцијата на локалните компании во интра-регионалните и европски синџири на снабдување. Ова ќе се постигне преку унапредување на соработката на локалните производствени добавувачи со странските инвеститори лоцирани во регионот и во еврозоната преку интегрирана платформа за поврзување, подобрување на бизнис климата и регионалната соработка.

***16.6.2021***

**ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА ДО КРЕИРАЊЕ ЈАСНИ ПРАВИЛА НА ИГРА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА ДОВЕРБА И ПОТТИКНУВАЊЕ НОВИ ИНВЕСТИЦИИ**



Дирекцијата за ТИРЗ во партнерство со Советот за странски инвеститори и Асоцијацијата на странски компании со напредно технолошко производство, со денешната панел дискусијата на тема: „Јасни правила и дефиниции за подобни инвестициски трошоци и поефикасен систем за исплата и следење на државната помош", започнува серијата дебати со бизнис заедницата чија цел е унапредување на услугите и деловната клима за инвестирање во С.Македонија.

***28.6.2021***

**ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ И СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**



Денес во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот се оствари средба помеѓу директорот на Агенцијата Дејан Павлески и Претседателот на Советот на странски инвеститори, Штефан Петер, со соработниците потпретседателот на Стопанската комора д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска и експертот и ISO координатор во Комората Емилија Тодоровска. На средбата беа разгледани трендовите во економијата, согледувањата на странските инвеститори за условите за водење на бизнис и улогата и значењето на Агенцијата во помагање на постоечките и привлекување на нови инвеститори.Заеднички беше констатирано дека е од особена важност да се продлабочи соработката со локалните добавувачи, со универзитетите, поттикнувањето на активностите за истражување и развој, како и континуирано подобрување на услугите кон инвеститорите во постинвестициониот период.

***30.6.2021***

**ОДРЖАНА РЕДОВНАТА КВАРТАЛНА СРЕДБА МЕЃУ АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА БИТИЌИ СО ЕКОНОМСКИ ТИМ НА ВЛАДАТА**

-Сумирање на барањата од претходната квартална средба и договарање на рокови за реализација, преку конструктивна соработка и континуирана поддршка од Владата-

На 30.06.2021 година Стопанската комора на Северна Македонија, се одржа редовната



квартална средба на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство при Советот на странски инвеститори во Комората, предводена од Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата, со Потпретседателот на Владата задолжен за економски прашања Фатмир Битиќи.На средбата присуствуваа и директорот на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, Јован Деспотовски, директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Дејан Павлески, како и претставници од други министерства и владини агенции и дирекции кои третираат и работат на теми поврзани со странските инвестиции.

***15.7.2021***

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОДЗАКОНСКИ АКТ СО ЦЕЛ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КОНТИНУИТЕТ НА РАБОТАТА КАЈ КОМПАНИИТЕ НА ОНИЕ РАБОТНИ ПРОЦЕСИ КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРЕКИНАТ ПОРАДИ СПЕЦИФИКАТА НА НИВНИОТ ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС**



Денес во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работна средба на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство, и претставници од организационата целина за претставување на членките и вмрежување при Стопанската комора на Северна Македонија со претставници на Министерството за труд и социјална политика и Кабинетот на потпретседателот за економски прашања при Владата на Република Северна Македонија. Оваа средба беше реализирана како заклучок од редовната квартална средба на Асоцијацијата со потпретседателот на Владата за економски прашања г.Битиќи и економскиот тим, а кој подразбираше формирање на работна група со цел олеснување на подготовката на подзаконскиот акт, произлезен од измените на Законот за работни односи во делот на воведување на денот Недела како неработен ден, а со кој би се дефинирале дејностите и работите кои не би можеле да бидат прекинати заради непречено обавување на дејноста на компаниите.

***23.9.2021***

**СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ - ДЕФИНИРАНИ НИЗА АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**



Управниот одбор на Советот на странски инвеститори одржа редовна онлајн седница на 22.09.2021 година, на којашто се дискутираше за повеќе актуелни теми и економски состојби во земјата, врз основа на што ќе се предлагаат мерки и препораки за подобрување на на климата за водење на бизнис и инвестирање во земјата.На состанокот беа разгледани измените на Законот за финансиска поддршка на инвестиции кое Собранието на РСМ ги усвои на 04.08.2021 година со кои се релаксираат условите за аплицирање, се влијае на рамномерниот регионален развој, но за забрзување на процедурите за исплата на средства.

***16.12.2021***

**АКТУЕЛНИ ТЕМИ НА ДНЕВЕН РЕД НА СЕДНИЦАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ – ДЕФИНИРАНИ ИДНИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ**




Управниот одбор на Советот на странски инвеститори одржа редовна онлајн седница на 15.12.2021 година, на којашто се дискутираше за повеќе актуелни теми и економски состојби врз основа на што се дефинираа клучните програмски активности на Советот за следната година.Фрек Јанмат, шеф на одделот за економија, градење на институциите и прекугранична соработка, ги презентираше клучните поенти од последниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјава, со посебен акцент на економските критериуми и перформанси на земјата во изминатиот период.

***23.12.2021***

**ВИЦЕПРЕМИЕРОТ БИТИЌИ НА СРЕДБА СО АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО – ПРЕКУ ОТВОРЕНА ДИСКУСИЈА И СОРАБОТКА СЕ ОТВОРААТ И РЕШАВААТ ДОЛГОГОДИШНИ ПРОБЛЕМИ**



Одржана редовната квартална средба на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи со Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство, која е дел од Советот на странски инвеститори во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија, а на која присуствуваше и директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Јован

Деспотовски, претставници на други државни институции и претставници на 25 компании, членки на Асоцијацијата.На состанокот од страна на потпретседателите на комората м-р Виктор Мизо, кој е и претседател на Асоцијацијата и д-р Јелисавета Георгиева Јовевска беа презентирани прашања и теми кои ги интересираат членките на асоцијацијата.

***29.12.2021***

**И ПОКРАЈ НАМАЛЕНИОТ ОБЕМ НА РАБОТА ОД ПЛАНИРАНОТО ЗА 2021 ГОДИНА ПОРАДИ ГЛОБАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА, СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ГО ЗАДРЖАА БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ И ПОКАЖАА ГОЛЕМА ОПШТЕСТВЕНА КОРПОРАТИВНА ОДГОВОРНОСТ**

Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство при Советот на




странски инвеститори во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија ја презентираше анкетата за странските директни инвестиции во земјава со посебен осврт на актуелните состојби, остварените резултати и очекувањата за идната година.Анкетата ја презентираа Виктор Мизо, претседател и Боријан Борозанов, потпретседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство.Анкетата која е спроведена во првата половина на месец ноември годинава вклучува одговори на 72% од анкетираните производствени компании кои се лоцирани во и вон ТИРЗ-овите во сите плански региони од државата.

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2021 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија (во понатамошниот текст: Арбитража), продолжи со активностите за афирмација на арбитражата како најефикасен алтернативен метод за решавање на споровите преку стручно постапување во арбитражните предмети, како и нормативни активности, активности за промоција и развој Арбитражата на домашен и меѓународен план.




Во насока на следење на современите трендови и практики, на 29.04.2021 година, Собранието на Комората, на предлог на претседателството на Арбиртражата донесе нови Арбитражни правила Постојаниот избран суд – Арбитража (Скопски арбитражни правила, во кој се содржани новини во насока на забрзување и модернизација на арбитражните постапки согласно новите трендови и потреби за дигитализација и афирмација на арбитражата. Арбитражата традиционално и минатата година ја организираше дводневната меѓународна конференција со поддршка од Централно– европската иницијатива (ЦЕИ) на тема „Бизнисот и арбитражата во ерата на дигитализацијата – предизвици и перспективи, што се одржа на 11 и 12.05.2021 година, на која учество земаа реномирани домашни и странски експерти со практично искуство во оваа област.

Управниот одбор на Комората, на 31.08.2021 година за претседател на Арбитражата ја




именуваше д-р Елена Милевска Штрбевска, а именувани беа и нови членови на претседатлството, поради истекот на мандатите на претходниот претседател и членови на претседателството. Арбитражата во текот на 2021 година презема активности и во делот на промоцијата на арбитражата како алтернативен метод за решавање на споровите меѓу деловните субјекти и тоа преку прес конференции и други промотивни активности, учество на вебинари-правни советувања, преку директни деловни средби со компаниите и пред органите и телата на Комората. Се отпочнаа и активности околу ревидирање на трошоците во постапката пред Арбитражата, со цел истата да се направи подостапна до компаниите и да се овозможи нејзина поголема примена во практиката, наместо решавање на споровите од страна на редовните судови.

# СУД НА ЧЕСТА

На 24.12.2021 година Собранието на Комората го донесе Правилникот на судот на честа при



Стопанската комора на Северна Македонија со што се презема чекор кон воспоставување на ова тело во практиката. Судот на честа во натамошниот период, по заокружување на сите нормативни акти и персонални решенија за да се овозможи неговото функционирање, ќе се грижи за развивање, остварување и почитување на добрите деловни обичаи и јакнење на деловниот морал.

# САП СИСТЕМИТЕ – ИДНИНА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС

САП е број еден во светски рамки во индустријата на деловен софтвер и еден од лидерите во индустријата за дигитализацијата. Нивниот концепт “Интелегентно претпријатие” (Intelligent Enterprise) е решение кое ги следи најновите трендови на компаниите од сите дејности и е светилник во ерата на дигиталната трансформација. Придобивките од користењето на САП системите силно се одразуваат на продуктивноста, на зголемување на ефикасноста и ефективноста во бизнисот.

Завршувајќи ги активностите за создавање на Комора на иднината не можевме да добиеме подобра аналогија на тој слоган него потпишувањето на Меморандумот за стратешко партнерство, а потоа и Договор за стратешко партнерство при имплементацијата на САП системите, кои претставуваат “НАСА” во ИТ технологијата. На тој начин, како само по себе да дојде верификувањето на нашата основна поента целосно да се свртиме кон компаниите, помагајќи им во зголемување на нивната конкурентност. Уште позначајно е придружувањето кон тој проект на Владата на РСМ и на Хелветас Швајцарска Интеркооперација со Подружница во Скопје, со што сме во можност да го субвенционираме во одреден процент имплементирањето на САП системите во македонските компании и ќе ја поттикнеме неговата масовна примена кај членките на СКСМ. Првичната промоција на САП системите започна на Четвртата седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 19.5.2021 година. Потоа, на 10 јуни 2021 година се потпиша Меморандум за стратешка соработка со кој ќе се прецизира нашата улога како промотор и поттикнувач на оваа активност, која е од врвен интерес за развој на компаниите, а во декември 2021 година се потпиша Договорот за стратешка соработка. За оперативна реализација на оваа заедничка акција на Комората, на Владата на РСМ и на Хелветас Швајцарска Интеркооперација со Подружница во Скопје издвоија финансиски средства за финансиска поддршка, а Стопанската комора на последната седница на Управниот одбор во 2021 година ја формираше Комисија за финасиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите во рамки на Комората. Комисијата е тело составено од три члена, по еден од трите партнери, а е задолжено за организацијата на целокупната активност во процесот на финансиската поддршка за дигитализацијата на процесите во компаниите. Во 2022 година планирано е Комисијата да отпочне со својата активност во утврдување на критериумите за апликација и распишување на јавен повик, а секако и промоција на почетокот на проектот, со која ќе презентираме дека одиме во правилна насока, остварувајќи заеднички посакувана цел - конкурентна македонска економија.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

## „ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС"

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2021 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството.

Сето тоа резултираше со обнова на договорите за покровителство со Стопанската комора на Северна Македонија каде го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2021 година:**

- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- обновени се договори за Премиум Покровителство со сите досегашни компании;
- обновени се договори за Стандард Покровителство со сите досегашни компании;
- обновени се договори за Силвер Покровителство со сите досегашни компании
- воведен уште еден тип на покровителство-Стандард плус покровителство
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите) за промоција, на барање на покровителите;
- целосно се исполнети одредбите од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на ТВ екрани на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат и на 5- ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО" на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, 5-ти кат сала 4 и во лифтот во Комората;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT
IGM trade
Mermeren Kombinat
МЕПСО
ECM
Gulf
Пекабеско
euro Nickel Industries
nextsense
VERO сè на едно место
Кожувчанка

## СТАНДАРД Покровители

МакПрогрес
ComfyAngel
OKTA
Раде Кончар - Сервис
Rade Končar-TEP
A1
seavus
Zan Mitrev Clinic
Цемос
Croatia Osiguranje
Halkbank
Стопанска банка АД - Скопје
scalefocus
cargo-partner
Schneider Electric
Smelt-Ing

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
Sparkasse Bank
Vezešharri
Socotab
Swisslion